**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА – СКОПЈЕ**

# БАРИЕРИ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

**- истражувачка студија -**

**Раководител на проектот**
**Доц. д-р Иван Блажевски**

**Скопје, 2021**

**Автори:**
Доц. д-р Иван Блажевски
Проф. д-р Мирјана Борота Поповска
Проф. д-р Ружица Цацаноска
Проф. д-р Петар Атанасов
Проф. д-р Славејко Сасајковски
Проф. д-р Панде Лазаревски
Проф. д-р Драгор Заревски
Вонр. проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ
Проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска
Асс. д-р Јован Близнаковски
Асс. м-р Блаже Јосифовски

**Рецензенти:**
Проф. д-р Јорде Јаќимовски
Проф. д-р Горан Јанев

**Издавач:**
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Јазична редакција:**
Теа Конеска-Василевска

**Компјутерска подготовка и печат:**
Студентски Сервис, Скопје

**Тираж:**
70 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
304(497.7)(062)
338(497.7)(062)
БАРИЕРИ на општествениот развој: истражувачка студија / раководител на проектот Иван Блажевски. - Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2021. - 206 стр.: илустр.; 24 см
Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите
ISBN 978-9989-633-56-0
а) Општествен развој - Македонија - Зборници б) Економски развој - Македонија - Зборници
COBISS.MK-ID 54094853

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........................................................................................ 5

**Проф. д-р Славејко Сасајковски**
ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 И ПРЕДИЗВИКОТ НА КАЛКУЛИРАНИОТ РИЗИК ........................................................................ 11

**Проф. д-р Мирјана Борота Поповска**
**Вонр. проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ**
**Вонр. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска**
**Асс. м-р Блаже Јосифовски**
АНАЛИЗА НА БАРИЕРИТЕ ЗА РАСТ И РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА.......................................................................... 45

**Проф. д-р Мирјана Борота Поповска**
АНАЛИЗА НА БАРИЕРИТЕ НА ПАЗАРНОТО, КОНКУРЕНТСКОТО И ФИНАНСИСКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ ............................................................................. 49

**Вон. проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ**
АНАЛИЗА НА ВНАТРЕШНИТЕ БАРИЕРИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ .............................................................. 65

**Вон. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска**
СОЦИЈАЛНИ БАРИЕРИ ЗА РАСТ И РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА.................................................................. 73

**Асс. м-р Блаже Јосифовски**
УТВРДУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ БАРИЕРИ СО КОИШТО СЕ СООЧУВААТ МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ ............................................................................. 87

**Проф. д-р Петар Атанасов**
**Проф. д-р Драгор Заревски**
ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ФУНКЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ –БАРИЕРИ И ПРЕДИЗВИЦИ .......................................................... 97

**Проф. д-р Ружица Цацаноска**
**Доц. д-р Иван Блажевски**
МИГРАЦИСКИТЕ ТРЕНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕДИЗВИК ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ........ 131

**Асс. д-р Јован Близнаковски**
ПОЛИТИЧКИОТ КЛИЕНТЕЛИЗАМ КАКО БАРИЕРА
ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 177

**Проф. д-р Панде Лазаревски**
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА (КОНТРОВЕРЗИИ НА
ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ) ................................................................ 197

## ПРЕДГОВОР

Концептот на развојот е неизбежна тема во современиот општествен дискурс. И покрај тоа што првичното поимање на развојот потекнува од полето на економијата, во понатамошниот развој на ваквиот концепт било согледано дека економијата не е единствениот аспект што го детерминира развојот на одредена земја. Поаѓајќи од ваквото согледување, во рамките на концептот на развојот, покрај квантитативните промени иницирани од економскиот раст, беа вклучени и квалитативните промени што произлегуваат од повеќе општествени сфери. Ваквото поимање на развојот ја истакна општествената наспроти економската димензија на развојот. Општествениот развој означува одреден вид на општествени промени што се одвиваат во насока што претпоставува нагорна линија на движење. Притоа, се мисли на квалитативно подобрување на условите за живеење во една земја или во еден регион. И покрај големиот број на активности и развојни стратегии имплементирани во изминатиот период, Република Северна Македонија, сепак, не успева да го постигне очекуваниот општествен развој. Оттука и идејата за еден ваков вид истражување, во коешто, поаѓајќи од научната област во којашто припаѓа секој од авторите, се обединети анализи на сегменти што имаат суштинско значење за општествениот развој.

Сосема е јасен впечатокот дека не постои едноставно решение, имајќи ги предвид комплексноста и мултидимензионалноста на општествениот развој. Најчесто анализираните економските индикатори не се единствениот извор врз основа на којшто би можела да се претстави состојбата со општествен развој. Од страна на многубројни меѓународни организации и извештаи е констатирано дека е потребна нова концепција за економски и општествен напредок, што би ги инкорпорирала подлабокото разбирање на односот помеѓу растот, човечката благосостојба, намалувањето на нееднаквостите и одржливоста на животната средина[1]. Најзначаен обид за претставување на состојбата со општествениот развој е Индексот на човечкиот развој[2] (Human Development Index), што од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) се применува како алтернативна мерка за одредување на општествениот напредок при изготвувањето на Извештајот за човечкиот развој (Human Development Report). Притоа, според овој извештај, во којшто се анализираат три димензии на човечкиот развој: очекуван животен век, ниво на знаење (мерено со стапката на писменост на возрасни во комбинација со бруто-стапките на запишување на ученици во основно, средно и високо образование) и пристап до образование и животен стандард (изразен преку природен логаритам од домашниот бруто-

---

[1] OECD (2020) "Beyond Growth: Towards a New Economic Approach, New Approaches to Economic Challenges". Paris: OECD Publishing. https://doi.org/10.1787/33a25ba3-en.

[2] Индексот беше развиен во 1990 година од страна на индискиот добитник на Нобеловата награда Амартија Сен и пакистанскиот економист Махбуб ул Хак, со помош на Густав Ранис од Универзитетот „Јејл“ и лордот Мегнад Десаи од Лондонската школа за економија.

производ), Република Северна Македонија се наоѓа на 82. место од вкупно 189 земји и територии[3].

Креирањето визија за општествениот развој, што би резултирала со создавање на нови, подобрени услови за живот, преку трансформација на економските, политичките и социокултурните услови, подразбира и добро осмислена стратегија за нејзино реализирање. Добро осмислената стратегија за општествен развој, покрај тоа што треба да ги идентификува целите што одредено општество сака да ги постигне, ги идентификува и пречките со коишто се соочува тоа општество при реализирањето на посакуваните цели. Според досегашните искуства, остварувањето на посакуваниот општествен развој на Република Северна Македонија е обременет со многубројни бариери, кои тешко се надминуваат, особено што комплексната структура на општествениот развој го отежнува согледувањето на нивната позиционираност и релевантност. Испреплетеноста на економските, социјалните, политичките и другите фактори, што влијаат врз општествениот развој, дополнително го отежнува детектирањето на ваквите бариери. Поаѓајќи од ова сознание, потребно е да се издиференцираат одредени општествени појави и состојби во различни сфери на општественото живеење, кои имаат негативно влијание врз општествениот развој. Затоа, и оваа студија е конципирана во пет тематски дела, односно авторски текстови од членовите на истражувачкиот тим. Притоа, овие трудови обработуваат различни сегменти од општествениот развој, истакнувајќи ги влијанијата, процесите и појавите што го оневозможуваат достигнувањето на посакуваниот степен на општествен развој на нашата земја. Оттука, сосема јасно се наметна потребата од согледување на долгорочните општествени последици од миграциите, особено надворешните миграции во коишто е сè понагласено учество на млади лица со високо образование. Уште еден незаобиколив фактор што има особено значајно влијание врз општествениот развој е образованието, особено анализата на квалитетот на образованието и последиците по општествениот развој што произлегуваат од него. Економскиот развој не е единствениот индикатор на општествениот развој, но, секако, е еден од суштествените чинители. Притоа, согледувањето на можностите за раст и развој на малите и средните претпријатија и претпријатијата од странските директни инвестиции во Република Северна Македонија претставува значаен индикатор за негативните влијанија врз таквиот развој. Внатрешните, надворешните, институционалните и финансиските бариери со коишто се соочуваат ваквите претпријатија даваат приказ на состојбите во еден значаен сегмент на општествениот развој. Додека, пак, изборното однесување е репрезентативен претставник на политичките фактори на општествениот развој, односно согледувањето на негативните влијанија што го оневозможуваат програмското гласање.

Имајќи ја предвид комплексната структура на општествениот развој, оваа студија нема за цел да ги детектира сите фактори што имаат негативно влијание врз општествениот развој, односно да даде одговори на прашањата

---

[3] UNDP (2020) "Human Development Report 2020: The next frontier". <http://hdr.undp.org/sites/default/files/hdr2020.pdf> (19.12.2020).

за спречување на влијанието на тие фактори. Оттука, и дискусиите и заклучоците презентирани во Студијата имаат функција на насоки и препораки за иницирање на понатамошни посеопфатни истражувања и анализи, кои би понудиле решенија за надминување на детектираните недостатоци што го оневозможуваат посакуваниот општествен развој на Република Северна Македонија.

Од авторите на
Студијата

# ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 И ПРЕДИЗВИКОТ НА КАЛКУЛИРАНИОТ РИЗИК

УДК 338]:616.98:578.834}.01(100)

*Проф. д-р Славејко Сасајковски*

# ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 И ПРЕДИЗВИКОТ НА КАЛКУЛИРАНИОТ РИЗИК

## Вовед

Пандемијата со КОВИД-19 предизвика целосен пресврт на глобалниот општествен живот. Можеби строго математички и статистички гледајќи, навистина е мал бројот/процентот на заболени од вкупниот број на планетарното население, мал е бројот на тешко заболени, мал е бројот на починати. Но, секој од тие заболени, и особено секој од тие починати, сепак, е или бил во животот личност, бил човек, кој општествувал со одреден поголем или помал број луѓе со коишто создал, со коишто оформил непрегледен комплекс на линии, врски, структури, форми и содржини на емоционалност, емпатичност, солидарност... Но, факт е дека тогаш кога починатите/жртвите ќе бидат деперсонализирани, тогаш кога нема да бидат конкретни луѓе со одредена своја комплексна општественост, посебно во однос на своите најблиски – семејството, роднините, другарите, пријателите... тогаш кога ќе бидат регистрирани и споменувани исклучиво само како бројка на починати, по правило, со исклучок само на некои т.н. јавни личности како жртви, тогаш навистина се води војна. Ваквата деперсонализација на починатите/жртвите е карактеристика на воените состојби, карактеристика на регистрацијата и броењето на воените жртви. Секако дека не може да се пренебрегне и важноста на факторот бројност. Зашто практиката, односно бројноста на починатите/жртвите детерминира дали постои реална можност сите жртви да бидат регистрирани и избројани како личности, а не само како голи обезличени бројки. Факт е и дека ова се случува и во ова време на пандемијата со КОВИД-19. Елементарниот заклучок што силно се наметнува е дека е ова време на војна, време на некој вид војна. Војна, некој вид војна што, сепак, не на човечки план, туку на планот на материјалниот општествен живот, по силата и диктатот на природата на причинителот на војната, барем (нај)непосредниот, (нај) директниот, механичкиот/линеарниот причинител, најголеми, најтешки и најпогубни последици предизвика и сè уште предизвикува на планот на економската општествена репродукција, на планот на создавањето на нова материјална општествена вредност, на планот на подигнувањето на нивото на вкупната општествена благосостојба. Друго е прашањето, што во рамките на оваа тема директно не се наметнува, иако во стварноста, фундаментално и суштествено тоа е првичното прашање, тоа е прашањето што е прашање на сите можни прашања во еден поширок, но и посуштествен контекст, тоа е пресвртното прашање, тоа е прашањето на нееднаквата распределба на новосоздадената вредност, прашањето на нееднаквата распределба на националното богатство, прашањето на продлабочувањето на јазот меѓу

нивото на богатството и нивото на сиромаштијата и на планетарно рамниште и на национални рамништа. Сето ова во некоја крајна линија и на еден сосема специфичен начин се опредметува, се проблематизира и ултимативно се наметнува во проблемот на воспоставување рамнотежа меѓу потребата и нужноста да се победи непријателот во војната и меѓу потребата да се зачува оптимумот на виталност и производен континуитет на создавањето/производството на нови економски добра, нови материјални добра. Тоа е калкулираниот ризик. Балансирањето меѓу здравствено-епидемиолошкиот/јавно-здравствениот ризик и економско-репродуктивниот ризик.[1]

## КОВИД-19 – економско влијание, први реакции

Пандемијата со КОВИД-19 во т.н. прв бран, веднаш по нејзиното појавување, предизвика изразито негативни последици по вкупниот планетарен општествен живот, вклучително и по линиите и процесите на економската репродукција и воопшто по вкупната планетарна социјално-економска состојба. Владите и централните банки реагираа преку активирање и употреба на сите механизми и инструменти со коишто располагаат за ублажување и премостување на последиците, се разбира, примарно преку контракризна и контрациклична употреба на капацитетите и потенцијалите на фискалната и на монетарната политика. Тоа беа навистина изнудени и речиси импулсивни реакции и политики во настанатата ургентна и ултимативна социјално-економска состојба. А социјално-економските последици од ударот на пандемијата со КОВИД-19, како компонента на секојдневниот вкупен планетарен општествен живот, се движеа и сѐ уште се движат по/низ целината на комплексот на социјално-економските национални системи (Roy, 2020). Тоа практично значи дека социјално-економските последици се искажаа (и) како високо ниво на брза и експлозивна депресијација на агрегатната понуда, на агрегатната потрошувачка, на вкупните приходи на населението и на сите видови на економски оператори и во сите индустриски гранки, на фискалната стабилност со создавање на многу сериозни фискални дубиози, на вработеноста, на разните државни фондови што се финансираат преку придонеси од каков било вид на економска и воопшто социјална дејност, на уривањето на очекувањата и довербата на пазарите (бихевиористичка економија) (Mckibbin, 2020). Иако, факт е дека, на пример, во одредени периоди некои берзи, односно нивните индекси, во САД растеа, очигледно (и) како резултат на искусното и етаблираното надевање дека социјално-економската бура брзо и успешно ќе помине, дека ќе биде надмината. Притоа, главен фактор на оптимизам и стимулирање беше неверојатно големата дарежливост на државниот интервенционизам преку олабавување и активирање на фискалната и на монетарната политика, при што некаде дури се посегна и по некој вид на т.н. хеликоптерски пари. Можност како крајна, неизбежна и „нуклеарна“ опција на неолибералниот/монетаристичкиот концепт на Милтон Фридман (Milton Friedman), за да се подигне нивото на агрегатната потрошувачка во услови на нејзин разорен

[1] Овој текст е пишуван во текот на втората половина на септември 2020 година.

пад и во услови на „страшно“ високи и незамисливи нивоа на дефлација. Владите и централните банки, преку спомenatите мерки на државниот интервенционизам, и по цена на големи фискални дубиози, сепак, успешно ја одржаа пазарната стабилност, во смисла на тоа дека не се појавија значајни ниту инфлаторни, ниту дефлаторни очекувања, импулси и бранови (Masciandaro, 2020).

Овој пасус, напишан и ставен токму на ова место во овој текст, на оваа тема и со овој наслов, е премногу нужен за да се направи сосема краток и елементарен преглед на силата, моќта и сеопфатноста на вкупните општествени, пред сè, социјално-економски, последици предизвикани од пандемијата со КОВИД-19. За да можеме потоа, некако тематски логично и природно, да преминеме на природата и карактерот на пандемијата, исто како и на вирусот што ја предизвика таа пандемија. И потоа, исто така, тематски логично и природно, да се свртиме кон елаборација на феноменот и предизвикот на калкулираниот ризик, односно како балансирање со ризици, како концепт, како модел(и) и како конкретни политики, здравствено-епидемиолошки и социјално-економски, за надминување на кризните и депресивните вкупни општествени односи и состојби. Значи, ударот на пандемијата беше толку многу силен, моќен, брз, општествено сеопфатен и неочекуван или, пак, можеби беше очекуван, и тоа како неизбежна последица на планетарната еколошка деструкција и деградација (Stoller, 2020), што тогаш не постоеше простор за да се размислува за фискалните и монетарните последици на презмените механизми, мерки, активности и политики на државниот интервенционизам. А за несаканите последици, очигледна беше определбата на државните авторитети, ќе се размислува и тие ќе бидат надминувани и решавани тогаш кога ќе се случат, и токму во однос на оние конкретни поединечни несакани последици што реално ќе се случат. Ова беше период (за темата на овој текст ова мора многу силно да се потенцира) кога не се имаше доволно јасна можност и потреба за балансирање со здравствено-епидемиолошкиот и со социјално-економскиот ризик. Напротив, тоа беше период на реакција на пандемијата кога еднострано и асиметрично политиките се поставија на страната и во корист на здравствено-епидемиолошкиот ризик, со маргинализација и ефемеризација на социјално-економскиот ризик. Односно, со јасна определба тој социјално-економски ризик да се жртвува, да се жртвува неговата (слободно)пазарна поставеност и функционалност и да се надоместува преку концепти и политики на државен интервенционизам, без оглед на тоа колку ќе чини и какви несакани последици ќе предизвика тој и таков државен интервенционизам (Cheng, 2020).

## SARS-CoV-2 и COVID-19

И сега тематски логично и природно доаѓаме до елаборирање на спомнатите природа и карактер на пандемијата и на вирусот што ја предизвика. Практично, овде за момент го прекинуваме текот на првичната примарно економско-социолошка компонента на текстот и го почнуваме

текот на неговата примарно медицинско-социолошка компонента, за на крајот во, условно кажано, третиот дел од овој текст, овие две посебно-социолошки компоненти, и посебни социологии, на одреден начин да ги интегрираме и да ги испреплетеме во еден тек.

Всушност, целиот проблем што се случи со појавата на овој нов вирус, SARS-CoV-2 (Severe acute respiratory syndrome coronavirus 2), со болеста што тој ја предизвикува, COVID-19 (Coronavirus disease 2019), и енормно силниот шок врз глобалната социјално-економска состојба со којшто се соочува човештвото, е содржан во фактот што болеста е заразна и што таа се манифестира и се рашири како епидемија на национално и како пандемија на глобално ниво. Таа има животинско потекло – таа е зооноза, но се пренесува на луѓе и тие понатаму ја пренесуваат на други луѓе (Zheng, 2020). Со тоа болеста станува проблем на јавното здравје. Таа станува проблем на државата, проблем на институциите, органите и телата на државата што се надлежни за промоција, превенција и заштита на јавното здравје. Квалитетот на јавното здравје секако дека е еден од фундаменталните и клучните фактори што пресудно влијаат врз квалитетот на функционирањето на целокупната општествена заедница. Институциите, органите и телата на државата надлежни и задолжени за квалитетот на јавното здравје, значи државниот интервенционизам во оваа област и во оваа дејност, секогаш се активираат во третманот и во лекувањето на овие болести што би се рекло „по службена должност“, се активираат и дејствуваат по силата на своите надлежности редовно дефинирани, уредени и регулирани на законско ниво. Овој државен интервенционизам не чека заболените поединци, покрај тоа што ќе побараат лекарска помош, односно лекарски третман, да побараат и негово активирање (Binns, 2020).

Воедно, овој вирус и оваа болест, како заразна болест што се пренесува преку пулсациите на секојдневниот и базичниот општествен живот, болест што се пренесува преку меѓучовечките односи и контакти, а овие односи се онтологијата на човековата општественост и на општествената заедница во рамките на којашто се остваруваат човековите интерперсонални општествени односи, односи без коишто не може да се замисли постоење на елементарна човечност, постоење на елементарна општественост како однос и како структура, беа нов вирус и нова болест за коишто не постоеја и сè уште не постојат целосни знаења. Во оваа смисла, мора да се потенцира дека генотипот на вирусот, односно неговите специфичните сегменти или секвенции, беше откриен и идентификуван мошне рано, уште во Кина, уште на почетокот на тамошната епидемија, и поради тоа беше можна брзата изработка на тестовите за негова детекција и идентификација. Но, исто така, мора еднакво силно да се потенцира дека глобалната наука сè уште не ја има целосно откриено специфичната патогенеза на болеста. Затоа сè уште нема посериозни движења, посериозни поместувања и посериозни успеси на планот на откривањето на специфичен лек за оваа болест. И затоа при нејзиното лекување вообичаено се користат комбинации на досега познати и во овој момент достапни антивирусни лекови. Во оваа смисла, кога ќе се знаат овие факти, станува сосема јасно зошто е поголем напредокот на планот на откривање вакцина против вирусот, отколку откривање на специфичен

антивирусен лек против оваа болест. Плус, при ова мора да се истакне дека за разлика од бактериите, кои се многу посложени организми во однос на вирусите и е полесно да се најде лек за нив, и навистина постои мошне богата палета на антибиотици, затоа што со лекови може да се дејствува од различни страни на секвенциите на нивните генотипи, вирусите, пак, како изразито попрости и поедноставни организми имаат и поедноставен генотип, кој нема посебно голем број секвенции на коишто може од поголем број на различни страни да се дејствува антивирусно со лекови. Навистина, овој вирус не е прв познат коронавирус, но е коронавирус од групата на бета-коронавируси, кои се понови коронавируси и се помалку истражени и запознаени. Здравственото и вкупното општествено искуство и знаење со неговиот претходник, SARS-CoV-1, е особено охрабрувачко, во смисла на тоа што тој речиси одеднаш и некако необјасниво самиот се повлече, самиот се изгуби. Навистина имаше контекстуално многу повисоко ниво на смртност, но отпорноста и животот на вирусот не траеја премногу долго време (Mason, 2020).

**Калкулација со здравствено-епидемиолошкиот ризик**

Фактот што се работи за нов вирус, досега неистражуван и непознат вирус, дејствуваше како квалитетно отежнувачки фактор при неговиот повеќестран општествен третман. Се разбира дека во вакви околности хумано е да се преземаат вкупни општествени мерки, тргнувајќи од најпесимистичката и најлошата можна ситуација и алтернатива по човековото здравје. И се преземаа токму такви мерки што тргнуваа од факторот здравствено-епидемиолошки ризик, со негово приоретизирање и со негово најнегативно и најпесимистичко димензионирање. Тогаш не доаѓаше предвид опцијата позната како калкулиран ризик, сфатена и применета во стварноста како балансирање со ризици. Веројатно и поради тоа што се сметаше на факторот краткотрајно, два-три-четиримесечно траење на епидемијата, односно пандемијата, по аналогија со искуствата и знаењата што се имаа добиено и се поседуваа во однос на другите вируси. Што значи, најискуствено како вирусни респираторни епидемии, како сезонски епидемии. Во овој случај, очигледно беше конкретно калкулирано со фактот дека овој вирус, сепак, е нов и непознат вирус, дека е неистражен и неизучен вирус. Ова е многу важно место во оваа елаборација, место што кажува како калкулацијата со претпоставката изведена по аналогија дека овој вирус ќе биде сезонски вирус ја отстрани можната калкулација со другите ризици, пред сè, со социјално-економскиот ризик, давајќи му целосен примат на здравствено-епидемиолошкиот ризик (Bulut, 2020). Всушност, во таа фаза и не постоеше, не се применуваше концептот на калкулиран ризик како балансирање со ризици. И дури тогаш кога стана јасно дека овој нов вирус не е сезонски респираторен вирус, како другите познати респираторни вируси, тогаш кога се видоа можните огромни негативни социјално-економски последици од непостоење на концептот на калкулиран ризик, како балансирање со ризици, дојде моментот кога стана

неизбежно да се премине на позицијата на калкулиран ризик, всушност, како балансирање со ризици. Тоа значи дека нема само здравствено-епидемиолошки да се штити населението, односно вкупното општество, туку ќе се штити и социјално-економски.

Оваа кратка елаборација на овој концепт на калкулиран ризик како балансирање со ризици, односно на неговото прелиминарно отсуство од политиките на здравствено-епидемиолошките и вкупните државни власти, на ова место во текстот ни беше потребна за да дојдеме до проблемот на нивото на смртност како општочовечки најкрупен етички/етичко-медицински предизвик за здравствено-епидемиолошките власти и, воопшто, за државната власт, секогаш кога ќе се појави нов патоген организам, првенствено вирус. Секако дека примарна задача на властите е да се фокусираат на намалување на смртноста. И кога ќе се соочат со патоген организам кој предизвикува смрт со некое сериозно ниво на смртност и уште повеќе кога тој е непознат, неистражен и неизучен, тогаш јасно е дека властите мораат да креираат и да спроведуваат соодветни јавни политики, вклучително и здравствено-епидемиолошки, фокусно и суштински насочени кон спасување на човечките животи. Тоа значи дека смртоносниот потенцијал на патогениот организам, во крајна линија како одредена претпоставка поради неговото непознавање, неминовно беше поставен во центарот на здравствено-епидемиолошките јавни политики на државните власти. И сите други фактори и параметри на настанатата здравствено-епидемиолошка и вкупна општествена состојба на одреден специфичен и во секој случај суштествен начин и ниво се спојуваа, се вкрстуваа и се опредметуваа токму во точката на медицинско-здравствениот третман на граѓаните. И овој факт и овој приоритет, заедно со сите други претходно спомнати факти и приоритети, одигра многу силна, можеби и решавачка и пресудна улога, во определбата на вкупните државни власти во нивните соодветни јавни политики да дадат ексклузивно и доминантно место на оваа нужност, нужноста од заштита и спасување на човечките животи, односно да ги постават доминацијата и ексклузивноста во тие јавни политики на здравствено-епидемиолошкиот ризик (McIntosh, 2020).

## Заразните болести како болести на т.н. неразвиени општества

И од медицинско-социолошки аспект (медицинската социологија како посебна социологија во однос на општата социологија), исто како и од аспект на други професионални, стручни и научни профилации и позиции, треба во овој текст да се изнесат и уште неколку забелешки што се од многу сериозна важност за темата на овој текст.

Така, треба да се знае и многу сериозно да се има предвид третманот на инфективните болести како генерално искоренети болести во т.н. развиен (западен) свет. Односно, нивниот третман како инцидентен вид болести во тој т.н. развиен свет (развиен преку индикатори и мерила примарно од социјално-економски природа и карактер). Болести со ниска инциденца (број на новозаразени или новозаболени најчесто во однос на еден милион

население во одреден временски период) и со ниска преваленција (вкупен број заболени од одредена болест без оглед кога болеста се појавила во некоја популација во даден временски момент во однос на целата популација) во вкупниот комплекс на болести. Согласно ова гледиште, инфективните болести се болести на т.н. неразвиени (незападни) општества. Преовладува ставот дека епидемии секако се појавуваат и во т.н. развиени општества, но се ретки, краткотрајни или се со не многу сериозни здравствено-епидемиолошки и вкупни општествени последици. Или оние што почесто се појавуваат имаат главно сезонски карактер (разни видови инфлуенци) и ним не им се придава посериозно општествено внимание, затоа што за нив има вакцини и има лекови, има и прецизно и детално разработени протоколи за лекување, тие се и детално истражени и изучени.

И сосема нормално и согласно ваквиот третман на епидемиите и на инфективните болести во т.н. развиени (западни) општества се сместува и третманот на епидемиологијата и на инфектологијата, како и на микробиологијата заедно со вирусологијата и од страна и на државните власти како целина и од страна на јавно-здравствените власти и од страна на медицинската професија, струка и наука. Можеби по малку грубо кажано, но карактеристичен дискурс на овој третман е ставот дека во т.н. развиени (западни) општества нема потреба од сериозни разновидни инвестиции во областите на епидемиологијата и на инфектологијата (кадровски, финансиски, образовни, научно-истражувачки, техничко-технолошки...) и оние медицинари кои сакаат да се занимаваат со епидемиологија и инфектологија ако сакаат да се докажат и да се потврдат како професионалци (вклучително и медицински/етичко-медицински/деонтолошки) треба да одат да работат во т.н. неразвиени општества и земји. Практично, таму за нив има вистинска стручна и научна работа. И понатаму, во конотативен континуитет со ваквите гледишта се наметнуваше и гледиштето дури и дека во овие т.н. развиени (западни) општества просто нема потреба од постоење на инфектолошки клиники, затоа што тие клиники во стварноста и немале доволно работа, немале доволно пациенти, особено не пациенти со тешки клинички слики. И во оваа смисла, сосема оптимално било да се формираат (не многу големи) инфектолошки оддели во рамките на соодветните други клиники. На пример, оддел за респираторни инфекции во рамките на пулмолошките клиники, оддел за мозочни инфекции во рамките на невролошките клиники, оддел за дигестивни инфекции во рамките на гастроентеролошките клиники (Saker, 2004).

Во овој тематски контекст, исто така, од аспект на медицинската социологија, соодветствува и релевантноста на поодделното прашање на третманот на епидемиологијата и инфектологијата како една претклиничка и една клиничка медицинска област од страна на клиничките медицински области, од страна на јавно-здравствените власти и од страна на вкупните државни власти. Факт е дека оваа пандемија претклиничките области, примарно, се разбира, зборуваме за епидемиологијата, ја дочекаа во услови кога во рамките на медицинската професија, струка и наука беа третирани како инфериорни во однос на клиничките области генерално. Во смисла дека вистинските медицински знаење, компетентност и способност се

покажуваат и се докажуваат работејќи на клиники, лекувајќи пациенти, а претклиничките медицински области притоа служат само како одредена поддршка и помош на клиничките медицински област и дејности. Во секој случај, тоа се секундарни и инфериорни медицински области и дејности во однос на клиничките медицински дејности. Исто така, и инфектологијата како клиничка медицинска област и дејност беше третирана од страна на клиничките медицински дејности (на пример, од интернистичките и хируршките медицински дејности и, уште поконкретно зборувајќи, на пример, од страна на кардиологијата, неврологијата, кардиохирургијата, неврохирургијата...) како секундарна и инфериорна по важност.

## Заразните болести и системите на јавно здравје

Воедно, државните системи задолжени за грижа и заштита на јавното здравје, на пример, институтите за јавно здравје, беа во одредена смисла, особено во т.н. развиени (западни) општества и држави, третирани како установи/институти на коишто и не треба да им се даваат примарни внимание и важност. И тоа во секој поглед – кадровски, финансиски, техничко-технолошки... согласно третманот на заразните болести како болести што реално во тие општества и држави не биле болести со високи инциденца и преваленција. Во оваа смисла, факт е дека поранешните социјалистички држави од поранешна СФРЈ, Источна и Средна Европа, во основата, сепак, ги зачуваа ресурсите, капацитетите и функционалноста на системите, органите и телата што се грижат за зачувување и унапредување на јавното здравје. Овој факт беше еден од централните факти на коишто се засноваа објаснувањата и елаборациите, на прв поглед можеби неочекувани, чудни и неразбирливи, зошто овие држави подобро се снајдоа и имаа подобри резултати во справувањето со пандемијата, барем во т.н. прва фаза од пандемијата.

И понатаму, во истиот овој контекст, многу е интересно, индикативно и важно поврзувањето на овие резултати во справувањето со пандемијата со фактот дека во поранешните социјалистички земји не беше укината вакцинацијата на децата против туберкулоза со арогантното и потценувачко образложение, како што го направија тоа т.н. развиени (западни) земји, дека просто нема потреба од такво вакцинирање, затоа што едноставно туберкулозата е една од искоренетите заразни болести во овие т.н. развиени (западни) земји. Тоа е болест што е/што била неспоива со степенот на социјално-економскиот развој и благосостојбата на овие т.н. развиени (западни) општества, исто како впрочем и другите заразни болести, како болести на суштествено (по)ниско ниво на социјално-економски развој и благосостојба (Zakus, 2015).

Воедно, кога се зборува за третманот на јавното здравје, мора да се апострофира уште еден аспект на современиот тренд на негово гледање и третирање. Тоа е неговото ставање во рамките на либералниот идеолошки пресинг насочен кон опфаќање на сите делови на системот на општествената статика и динамика. Кога ова го констатираме, мислиме првенствено на

ставањето на системите на јавното здравје во контекстот на т.н. зелени идеологии, т.н. зелени транзиции, т.н. зелени општествени програми, планови и акции. Сосема е јасно и нормално ова пренасочување на дејствувањето на системите на јавното здравје да се надоврзува на тврдењата и постулатите за надминувањето и искоренувањето на заразните болести како основно и примарно поле на ангажман на овие системи на јавно здравје и токму затоа мора нивниот примарен ангажман да се пренасочи кон оној природен и општествен феномен што претставува основа, главна и тежишна закана за јавното здравје. А тоа е проблемот на деградацијата на животната средина, опасностите со коишто таа се соочува и нужноста од нивно надминување преку т.н. зелена општествена транзиција, т.н. зелен/одржлив развој, т.н. зелена/одржлива економија... Вака дефинираниот и поставен проблем пред вкупната општествена заедница на т.н. зелена транзиција, транзиција кон т.н. зелено општество, им наметна на системите на јавното здравје во стварноста да играат улога на многу силна и моќна, меѓу другото и пропагандна, алатка на идеолошко профилирање на целокупната општествена заедница и нејзината (општествена) свест. Системите на јавното здравје добија централна задача, преку својата секојдневна дејност, перманентно да даваат и да наметнуваат комплекси на поддршка, аргументирање и документирање на цивилизациската и прогресивната исправност на таквата т.н. зелена/одржлива вкупна општествена ориентација. Оваа идеологизација на јавното здравје и на државните системи на јавно здравје, и воопшто на медицината, на здравјето, на болеста, на здравствената грижа, е тема од интерес не само на медицинската социологија туку и на политичката социологија, исто како посебна социологија во однос на општата социологија. Сигурно е дека е интерес и на политикологијата како посебна општествена наука – има особено голем број на стручни и научни текстови на тема политика и здравје (Hancock, 2015).

Но, овде се наметнува и потребата во овој тематски контекст да се укаже на насочувањето на системите на јавното здравје во овие услови на пандемија во една друга изразито неповолна крајност, на што укажува и СЗО (WHO), без оглед на тоа колкаво е нивото на нејзината актуелна (не)доверба во светски рамки. Патем кажано, првичната ударна определба и насоченост на политиките на националните влади соочени со актуелната пандемија кон калкулирањето единствено со здравствено-епидемиолошкиот ризик за сметка на социјално-економскиот ризик, може да се постави во корелација со променливоста и несигурноста на ставовите на СЗО. Оправдувањето е, се разбира, универзално – оправдување што го потегнуваат сите оние организациски-институционални субјекти кои се задолжени за грижа и заштита на јавното здравје: се работи за вирус и болест што се нови, непознати, неистражени, неизучени... Значи, крајноста на особено изразеното занемарување на другите заштитно-епидемиолошки задачи и активности на системите за јавно здравје, а коишто се несакана и негативна реалност, и се заради насочувањето на сите ресурси и капацитети кон справувањето со опасноста од пандемијата. На пример, појавите на пропуштање на вакцинирањето на децата, на пример, против сипаници и други болести против коишто досега редовно се вакцинираа, а вакцините

заедно со антибиотиците уживаат (медицинско-сциентистички) статус на најголеми медицински достигнувања на планот на грижата и зачувувањето на јавното здравје.[2]

### Неуспех на калкулацијата само со здравствено-епидемиолошкиот ризик

Сега, ако треба некако овој дел од текстот да го заокружуваме и заклучуваме, мораме многу силно да потенцираме, како темелна и суштествена констатација, дека неминовно и ултимативно беше, поради соочeноста со сите овие фактори и под нивно силно дејство, дека здравствено-епидемиолошките/јавно-здравствените и вкупните државни власти беа принудени да креираат и да спроведуваат соодветни јавни политики со коишто и преку коишто примарно ќе ја контролираат и ќе ја намалат на најмала можна мерка смртноста на населението. Се разбира, да повториме, со централна калкулација на очекувањето вирусот и болеста, и покрај тоа што се работеше за нови, непознати и неистражени вирус и болест, сепак, да имаат сезонски карактер. Практично, до мај, кога ќе се зголемат температурите и, воедно, вкупните општествени штети, вклучително или, пред сѐ, социјално-економските штети, да бидат умерени, подносливи, релативно лесно надоместливи и генерално општествено прифатливи и рационални. Природата на болеста, како заразна болест што се пренесува преку социјални и физички контакти, ја одигра улогата на челичен фактор и детерминанта што форсирано ги наметна мерките на максимално можно редуцирање на социјалните контакти, мерки на максимално можна редукција на редовната, вообичаената и нормалната општественост, општественост цврсто етаблирана како нормална општественост низ целиот тек на досегашниот историско-цивилизациски развој. Значи, мерки на максимално можно редуцирање на интерперсоналните односи и контакти. И, во крајна линија, таа природа на болеста го наметна преземањето на комплекс мерки што значеа свесно жртвување на социјално-економскиот ризик, негово исфрлање како примарен ризик по важност од вкупната калкулација со можни ризици. Тоа, пак, значеше прифаќање и давање примат на здравствено-епидемиолошкиот ризик. Тогаш се калкулираше практично единствено само со здравствено-епидемиолошкиот ризик, тогаш не постоеше балансирањето со двата ризика. Но, факторот на долготрајност на епидемиите на национални нивоа и на пандемијата на планетарно ниво, факторот на нерационално и општествено неприфатливата тежина и големина на социјално-економските штети ги натераа владите да преминат на концептот на балансирање со ризици, практично на балансирање

2 Raste strah od boginja – nema vakcinacije dok traje pandemija korona virusa, https://www.bbc.com/serbian/lat/svet-52283144; At least 80 million children under one at risk of diseases such as diphtheria, measles and polio as COVID-19 disrupts routine vaccination efforts, warn Gavi, WHO and UNICEF, https://www.who.int/news-room/detail/22-05-2020-at-least-80-million-children-under-one-at-risk-of-diseases-such-as-diphtheria-measles-and-polio-as-covid-19-disrupts-routine-vaccination-efforts-warn-gavi-who-and-unicef.

со здравствено-епидемиолошкиот и со социјално-економскиот ризик, односно со калкулирање не само со здравствено-епидемиолошкиот туку и со социјално-економскиот ризик: калкулирање што ќе го респектира и ќе го земе предвид не само здравствено-епидемиолошкиот туку и социјално-економскиот ризик.

## Нема индивидуална болест, функционализам, Талкот Парсонс

На оваа точка во елаборацијата на темата на овој текст, фактички доаѓаме до централната научно-теориска точка. Доаѓаме до потребата и неминовноста, се разбира, во медицинско-социолошки контекст, да го дефинираме, и тоа сосема елементарно, поимот на болеста. Ова е потребно, посебно во контекстот на темата на овој текст, како и во контекст на неговата економско-социолошка и медицинско-социолошка определеност и поставеност, за да станат појасни и поосновани определбите и мерките на државните власти. Да станат јасни и определбата, функцијата и општествената задача на системите на јавното здравје.

За да дојдеме конкретно до точката кога поблиску ќе биде определен поимот на болеста, мора нужно да се воспостави соодветна и специфична тематска рамка. Рамка што повторно се навраќа на смислата на постоење и на функцијата на системите на јавно здравје. Едноставно, се разбира сега зборуваме/елаборираме особено елементарно, овие системи на јавно здравје примарно се осмислени, формирани и внесени во секојдневна функција затоа што постојат болести што се епидемиски болести. Болести што не можат, на одреден изнасилен начин, да се сведат на индивидуални, на лични болести, болести што се однесуваат исклучиво само на една личност, болести што навистина на одреден, секако, многу непријатен начин ја дисторзираат исклучиво само таа една личност. И болести што никако не претставуваат закана за здравјето на другите луѓе со коишто социјално комуницира низ секојдневниот живот поединецот кој веќе е заболен. Системите на јавното здравје оригинерно се осмислени, формирани и континуирано во практиката функционализирани, за да ги надминуваат опасностите што доаѓаат од потенцијалната или латентната опасност од болести што не можат условно да се наречат и да се третираат како строго индивидуални, поединечни и лични болести. И, во крајна линија, системи што треба да креираат и да спроведуваат политики, мерки и активности за надминување, тогаш кога ќе се појават, болести што не се индивидуални, поединечни и лични. Значи, болести што претставуваат опасност во однос на здравјето на целата популација (Groseclose, 2016).

Но, оваа поделба на индивидуални, поединечни и лични болести и на болести што се болести на јавното здравје, е крајно условна и финално неоснована. Овде, во овој текст, ја спомуенуваме само за да направиме колку што е можно појасна, поочигледна и попластична претстава/слика за нужностите и ултимативностите со коишто се соочија вкупните државни власти кога се определија за конкретните политики, мерки и активности соочени со предизвикот на вирусот SARS-CoV-2 и болеста COVID-19.

Значи, потенцираме дека се соочија со заразна болест што, по првите информации што доаѓаа примарно од Кина и од Италија, е високозаразна, брзо се шири и секако дека е смртоносна. И сите тие првични информации егзистираа само како сосема мали снопови на светлина во длабоката темнина на неистраженост и непознавање на вирусот и на болеста, како нов вирус и како нова болест.

Заразната болест затоа не може да има третман на индивидуална болест, поединечна болест и лична болест, макар што, во крајна линија, и која било друга болест, болест што не е заразна, не може да биде индивидуална и лична работа, односно индивидуална и лична. Во оваа смисла, поединецот не може да каже дека одлуката дали ќе се лекува или нема да се лекува е негова лична работа и грижа. И во таа смисла, не може основано да се тврди дека пошироката општествена заедница, односно државата, нема/не смее да има ингеренции во однос на лекувањето на секој вид болест. И болестите што не се заразни во никој случај не можат да се сведат на индивидуални, поединечни и лични болести, затоа што тие во суштината се пошироки општествени болести, болести на определени сегменти од вкупната општествена структури, во прва инстанца, но сигурно и болести на целокупната структура на општествената статика и динамика, како втора и конечна инстанца. Заклучок што произлегува од самиот факт што човекот, вклучително, многу јасно, природно и нормално и болниот човек, е општествено битие. Значи, строго и темелно социолошки погледнато и разбрано, човекот живее во општествена заедница, живее во некои општествени групи, значи живее во постојана и секојдневна изразито комплексна општествена комуникација/релација со голем број поединци, исто така и тие неизбежно општествени битија. Болеста на човекот неминовно доведува до некој вид попречување на нормалното и вообичаеното функционирање на воспоставените и етаблираните видови на општествени односи и општествени групи во коишто е вклучен и на коишто им припаѓа болниот човек. Во оваа смисла, пустиножителството или „робинсонкрусовштината“ и други, реални или уметнички креирани примери на целосна/„тврда“ изолација од општествениот живот, во никој случај, како поединечни примери, не се примери што го уриваат концептот на општественост и на човекот како општествено битие. Во овој контекст на елаборација, мора да се подвлече дека и другите видови болести, освен заразните болести, епидемиолошките болести детерминирани во некоја потесна смисла како заразни болести, практично сите болести се предмет на интерес и третман на официјалните/државните системи на јавното здравје, се разбира, особено тогаш кога нивната инциденца и нивната преваленција ќе добијат помасовни димензии, кога ќе добијат епидемиолошки размери (Shigayeva, 2010).

Оваа елаборација, сосема јасно и очигледно, во основата и рамковно, односно теориско-социолошки, е функционалистички втемелена. На ова место нема да се задржуваме на елаборација на функционализмот како еден од мноштвото на теориски правци во социологијата, вклучително и во медицинската социологија како посебна социологија, исто како и во други општествени науки, туку го споменуваме затоа што на одреден начин ни е

потребен како своевиден вовед во дефинирањето на поимот на болеста од страна на Талкот Парсонс (Talcott Parsons). Сепак, постои одреден, мошне цврст, консензус во рамките на медицинската социологија, дека токму тој со десеттата глава на своето капитално социолошко дело „The Social System“, всушност, ги постави темелите на медицинската социологија. Не дека не се изложени голем број на критички осврти врз неговите определби и ставови, не дека нема дури и сериозни алтернативни позиции, но, во основата, неговото дело најчесто им служи на медицинските социолози како стручна и научна инспирација, како теориска и емпириска појдовна основа и како генерална интелектуална/интелектуално-социолошка рамка за научно-теориско и научно-емпириско социолошко/медицинско-социолошко работење.

Парсонс тргнува од констатацијата за енормното значење на (под)системот на здравствена заштита и на медицината воопшто, за функционирањето на модерното општество и за неговиот систем. Парсонс болеста како поим, всушност, ја дефинира преку потенцирањето на важноста на улогата на болниот човек за функционирањето на општествената заедница. Болеста, сепак, не е слободен избор на човекот, човекот по силата и детерминантата на својата природа не сака да биде болен и не се напрегнува да се разболи, болеста не е негова намера. Но, болеста не е само физичка болест, не е само биомедицински феномен и состојба, туку е и општествен феномен и состојба, затоа што болеста подразбира и вклучува општествено однесување што не е втемелено и не е во согласност со етаблираните општествени норми. Главна карактеристика на болеста и на болниот човек е што тој не е во состојба да се грижи самиот за себе и така да ја надмине својата болест, туку за да се постигне тоа потребна е стручна/медицинска помош и интервенција. Парсонс во оваа смисла го дефинира и односот меѓу лекарот и пациентот и, уште повеќе и позначајно, тој однос го става во основата на определбата на поимите на здравјето и на болеста. Тој под здравје ја подразбира способноста на поединците нормално да ги извршуваат улогите и задачите што ги добиле од општествената заедница, а во корист на нејзиното нормално/оптимално функционирање и, во крајна линија, за нејзин опстанок. Се разбира дека под болест се подразбира опонентната определба на определбата на здравјето. Болеста и болниот човек се општествено непродуктивни состојби, дури и девијантни состојби. Болниот човек, на основа на својата болест, добива нова општествена улога со соодветни права, но добива и нови општествени задачи и обврски во корист на остварување/зачувување/обезбедување на потребното ниво на функционалност на општествената заедница и нејзиниот опстанок. Така, болниот човек има право да биде ослободен од извршувањето на нормалните и вообичаените социјални улоги, тој не презема одговорност затоа што се разболел и има право на соодветна здравствена грижа. Но, од друга страна, тој има задачи и обврски да се обиде да оздрави и да побара лекарска помош и целосно да соработува со лекарот за време на лекувањето.

Како надополнување на оваа медицинско-социолошка теорија на Парсонс на ова место, без посебно елаборирање, само ќе ја нотираме и ќе ја пренесеме дефиницијата на СЗО, што е, во основата и рамковно

универзално прифатена дефиниција. И покрај тоа што таа има определени и лесно забележливи општи, дури и „лаконски“ природа и карактер. Таа не е операционализирана и не дава продуктивен простор и материјал како дефиниција што може необработена и неразвиена, значи некако механички и линеарно, да се преземе при научно-теориско и научно-емпириско осмислување и поставување на медицинско-социолошко или какво било друго научно истражување. Според СЗО: „Здравје е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци“. Оваа дефиниција е содржана во основачките акти на СЗО од 1946 година, односно во Преамбулата на нејзиниот устав.[3] Сосема е очигледна биопсихосоцијалната теориска определба на поимот на здравјето, како опонентна теориска определба на биомедицинската дефиниција на поимот на болеста. Поимот здравје, согласно оваа определба, нема само медицинска компонента и медицинско значење туку има и психолошка и социолошка компонента и соодветно значење. Со оваа определба (и) СЗО, и тоа уште во 1946 година, ја надмина биомедицинската определба на поимите на здравјето и на болеста, а во корист на биопсихосоцијалната определба.

## КОВИД-19, „струка“ и „политика“

Кога се разговара и се анализира на оваа тема, сигурно дека неодминливо е и прашањето на вистинските креатори и носители на јавно-здравствените одлуки и јавните политики во овие услови на епидемија и пандемија, вклучително и во Македонија. Ова прашање, всушност, егзистира како прашање што го проблематизира односот помеѓу јавно-здравствените стручни и научни знаења и политичката/дневнополитичката прагма. Тоа прашање посебно се изострува поради многу силно политичко-пропагандниот пресинг во овие услови, поставен на позицијата дека треба да се слуша „струката“ (Brown, 2010). На ова место нема да анализираме, кога станува збор за Македонија, на пример, поодделните случаи кога „политиката“ во Македонија не ги прифати ставовите и предлозите на „струката“, ниту да навлегуваме во квантитативна анализа за тоа колку пати „политиката“ ги прифаќала, а колку пати не ги прифаќала предлозите на „струката“. Туку прашањето ќе го проблематизираме од една друга, медицинско-социолошки, многу порелевантна страна. Тоа е страната на стручната, наставно-научната и научно-истражувачката структура на членовите на надлежното тело што во овој конкретен случај преставува институционална и персонална конкретизација на „струката“. Едноставно, кој ја претставува „струката“ во Македонија и, уште поедноставено и поконкретно, колку во тоа тело на „струката“ се застапени наставниците/истражувачите од Медицинскиот факултет на УКИМ. Во Македонија, тоа специфично и соодветно тело е Комисијата за заразни болести, која ја формира министерот за здравство строго како негово советодавно тело. Одлуките конечно ги носи политичко тело, Главен координативен кризен

[3] www.who.int/bulletin/archives/80(12)981.pdf – *WHO definition of Health*.

штаб, составено од носители на политички функции, со претседателот на Владата, како негов претседател. Воедно, врз основа на јавно достапните податоци и информации, ќе се обидеме да дознаеме дали министерот за здравство или, пак, можеби Владата, имаат формирано некое советодавно стручно-научно тело што би било составено од стручни и научни работници кои по својот потесен медицински профил се специфични во однос на природата и карактерот на вирусот и болеста. Или, дали можеби на состаноците на Комисијата се повикуваат по потреба и наставници/истражувачи од Медицинскиот факултет на УКИМ, со потесни медицински профили што се специфични на природата и карактерот на епидемијата и пандемијата. Интервјуата со соодветните личности од коишто можат да се добијат вистинити податоци и информации, како одговори на овие прашања, реално не можеме да ги реализираме во овој момент. Тоа останува како многу атрактивна, дури и иритантна задача за некое друго (многу поголемо) согледување/истражување на истата оваа тема или на тема слична на оваа, што во некоја рака би претставувало продолжение и надградување на ова прелиминарно (мини)согледување или, поточно кажано, првично аналитичко согледување на дадената тема.

Членови на Комисијата се: „проф. д-р Миле Босилковски, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, д-р Зоран Стојановски, Министерство за здравство, прим. д-р Сузана Маневска, Министерство за здравство, прим. д-р Жарко Караџовски, ЈЗУ Институт за јавно здравје, д-р Владимир Микиќ, ЈЗУ Институт за јавно здравје, д-р Милена Стевановиќ, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, д-р Илир Демири, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, д-р Наташа Најдановска-Алуловска, ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, д-р Виктор Исјановски, директор на ЈЗУ Здравствен дом – Скопје, проф. д-р Милена Петровска, Институт за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет – Скопје, прим. д-р Александар Стојанов, ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје, д-р Иринка Сотирова Бухова, претседателка на Државен здравствен и санитарен инспекторат, д-р Лилјана Деспотовска Ристовска, Државен здравствен и санитарен инспекторат, Ванчо Новоселски, Агенција за храна и ветеринарство, Грета Николовска, Агенција за храна и ветеринарство, м-р Марија Милкова, Центар за управување со кризи, д-р Кристина Ставридис, ЈЗУ Институт за јавно здравје, член и секретар на Комисијата, како надворешен член на Комисијата е одредена Арта Кули од Канцеларијата на Светската здравствена организација – Скопје“.[4]

Прво што се забележува е дека податокот за претседателот на Комисијата очигледно дека не е точен. Целата македонска јавност знае дека како претседател на Комисијата се јавува друг нејзин член. Дури и на официјалната електронска страница на Владата стои информација на официјалната државна агенција МИА, од којашто недвосмислено произлегува дека претседателот е сменет и дека тој податок не е внесен на

4 https://koronavirus.gov.mk/komisija-zarazni-bolesti

официјалната страница на Владата, таму каде што е наведен составот на Комисијата: „Претседателот на Комисијата за заразни болести, д-р Жарко Караџовски, во изјава за ТВ21 информираше...“[5] Можеби, дури и веројатно, и други членови на Комисијата во меѓувреме се сменети, сеедно поради кои причини.

Членовите на Комисијата не се сите лекари, што можеби/веројатно има некое оправдување и има соодветна логика со членувањето во Комисијата на членови, на пример, од Агенцијата за храна и ветеринарство и од ЦУК. Во Комисијата има само еден единствен наставник/истражувач од Медицинскиот факултет на УКИМ, наставник по микробиологија и паразитологија. Уште само еден член на Комисијата има докторат од областа на медицинските науки, но е психијатар, Исјановски, и не е вработен на Медицинскиот факултет на УКИМ или на Универзитетската клиника за психијатрија. Во Комисијата има фактички само двајца инфектолози (без Босилковски) од Универзитетската клиника за инфективни болести и ниту еден од нив не е професор. Епидемиолозите кои се членови на Комисијата немаат докторати од областа на медицинските науки и не се професори на МФ на УКИМ. Значи, од катедрата по епидемиологија и од Институтот за епидемиологија на МФ на УКИМ нема ниту еден член на Комисијата. Во Комисијата нема членови од катедрите и од институтите на МФ на УКИМ, со исклучок на Петровска, кои се специфични во однос на природата и карактерот на епидемијата и пандемијата. На пример, од Институтот за епидемиологија, од Институтот за микробиологија, од Институтот за имунологија, од Институтот за хумана генетика, од Институтот за фармакологија... Нема ниту молекуларни биолози, на пример, од Институтот за биологија при ПМФ на УКИМ. Оваа констатација е многу важна и индикативна затоа што во светски рамки, природата и карактерот на епидемијата и пандемијата изразито силно, покрај строго медицинските профили, во прв план ги исфрлија молекуларните биолози, како научно-истражувачки профил можеби од пресудно значење за добивање на потребните и нужните знаења корисни и употребливи за надминување на епидемиолошката и пандемиската состојба (Das, 2020). Оваа констатација ќе ја конкретизираме и ќе ја документираме на хрватскиот пример. Не се објавуваат соопштенија од состаноците на Комисијата и не може да се види кои членови на Комисијата учествувале во нејзината работа и дали можеби на состаноците се повикуваат да присуствуваат наставници/истражувачи од МФ на УКИМ, согласно нивниот потесен медицински профил, специфичен во однос на конкретните теми и прашања за коишто Комисијата расправа(ла) и кристализира(ла) предлози. Особено е забележливо членувањето во Комисијата на директори на здравствени установи кои ги поставува министерот за здравство. Овој податок е многу интересен и индикативен од гледна точка на фактот дека во Македонија со секоја промена на власта практично целосно, со чесни исклучоци (како „исклучоци што го потврдуваат правилото“), се/ги менуваат директорите на здравствените установи, вклучително и на универзитетските клиники, се разбира, врз основа на нивната политичко-партиска припадност или

5 https://vlada.mk/node/22156

барем блискост. Од друга страна, овој податок треба да се стави во контекст со податокот дека министерот за здравство не ги поставува шефовите на катедрите и директорите на институтите на МФ. Исто како и деканот и продеканите на факултетот.

На ова место многу е важно и индикативно да се добие податок за тоа колку од институтите на МФ на УКИМ, кои по дефиниција се/треба да се носители на научно-истражувачката работа во областа на медицинските науки, од страна на државата имаат добиено научно-истражувачки проекти што треба да го помогнат надминувањето на епидемијата. Од електронската страница на МФ, од неколкуте електронски страници на институтите и од пребарувачот „Гугл", такви податоци не можат да се добијат.

Воедно, може (само) да се најде податок дека МАНУ работи на проекти поврзани со епидемијата: „(1) биомедицински истражувања (со посебен осврт на секвенционирањето на целиот геном на селектирана група вируси, изолирани од различни пациенти заради утврдување на различните поттипови присутни во нашата популација); (2) економски истражувања (со посебен осврт на монетарните политики и на осигурувањето на стабилноста на македонскиот финансиски систем и на фискалните политики во времето на глобалната пандемија и нејзините влијанија во Македонија); (3) истражување во врска со ширењето на вирусот КОВИД-19 и влијанието на нефармацевтските интервенции во Македонија; (4) истражување поврзано со геополитичките, општествените и економските последици од пандемијата со КОВИД-19".[6] Но, нема податок кои се членови на научно-истражувачките тимови, дали се ангажирани наставници/истражувачи од МФ на УКИМ и дали во финансирањето на овие проекти учествува државата.

Особено е важно тоа што не може да се најде податок дали е формирано посебно тело, како советодавно ад хок тело, на министерот за здравство, или можеби на Владата, составено од припадници на македонската научно-истражувачка заедница со потесни медицински профили специфични и соодветни во однос на природата и карактерот на вирусот и на болеста. Тоа значи, епидемиолози, микробиолози, вирусолози, имунолози, хумани генетичари, фармаколози и други, исто како и биолози, односно молекуларни биолози. Се разбира дека членови на едно вакво тело, и без нивно физичко присуство во Македонија, можат да бидат истражувачи по потекло од Македонија, кои работат во истакнати научно-истражувачки институти или на респектабилни клиники и се имаат стекнато со завидна научно-истражувачка репутација.

Во овој контекст, останувајќи на просторот на нашето пошироко соседство, односно на просторот на некогашната заедничка држава, многу е забележителен, веројатно и поучен, примерот на Хрватска. Односно, формирањето на посебно научно тело за епидемијата и, уште повеќе, составот на тоа тело – стручните и научните перформанси на неговите членови, посебно на оние многубројни членови кои имаат изразито респектабилна интернационална кариера. Ова тело, колку што може да се заклучи од јавно достапните податоци, нема некаков строго формален состав. Впрочем, само

[6] http://manu.edu.mk/...

еден дел од членовите се постојано присутни во државата. Но, барем има јавно достапни податоци за тоа со кои сè високо респектабилни стручни и научни авторитети се спроведуваат консултации. Од состаноците на Советот се објавуваат мошне опширни и детални соопштенија, дури и со прецизирање на тоа што поодделни присутни предлагале и кои биле нивните ставови. Воедно, од овие состаноци се објавуваат и фотографии од коишто може да се види и да се утврди кој сè бил (физички) присутен на состаноците. Навистина, и таму постои едно политичко тело, Штаб на цивилна заштита, со коешто по функција раководи министерот за внатрешни работи. Споменатото научно тело има формално име – Научен совет за КОВИД-19 на Владата на Република Хрватска. Мора да се каже дека работата на овој научен совет, но исклучиво само административно, ја координираат раководителот на Кабинетот на претседателот на Владата и еден од помошниците на министерот за внатрешни работи (оној што е задолжен за цивилна заштита).

Еве кои се личностите, односно научните авторитети, за коишто со голема сигурност може да се каже дека се сосема блиско и директно консултирани при креирањето политики, мерки и активности насочени кон надминувањето на епидемијата во Хрватска: академик проф. д-р Мирослав Радман (Miroslav Radman), молекуларен биолог на Универзитетот „Харвард“ како постдокторски истражувач, професор по молекуларна биологија на Слободниот универзитет во Брисел, истражувачки директор на Францускиот центар за научни истражувања на Универзитетот Париз 7, професор по цитологија на Факултетот за медицина во Некер, Универзитетот Париз 5, постојан член на Француската академија на науките, академик проф. д-р Игор Рудан (Igor Rudan), епидемиолог, Универзитетот во Единбург, проф. д-р Ненад Бан (Nenad Ban), молекуларен биолог, ЕТХ Цирих, проф. д-р Озрен Полашек (Ozren Polašek), епидемиолог, Медицински факултет во Сплит, проф. д-р Алемка Маркотиќ (Alemka Markotić), инфектолог, Клиника за инфективни болести „Фран Михаљевиќ“, проф. д-р Драган Приморац (Dragan Primorac), генетичар, добитник на титулата глобален амбасадор на Државниот универзитет во Пенсилванија, шеф на Комитетот за меѓународни работи на Американската академија за форензички науки, професор на Колеџот за наука „Еберли“, Државниот универзитет во Пенсилванија и Колеџот за криминална правда и форензички науки „Хенри Ч. Ли“, Универзитетот на Њу Хејвен во САД, визитинг-професор на Колеџот за медицина и форензика, Универзитетот „Ѓаотунг“ во Сијан, Кина, проф. д-р Гордан Лауц (Gordan Lauc), молекуларен биолог, Завод за биохемија и молекуларна биологија – Фармациско-биохемиски факултет, постдокторска практика на Институтот за медицинска физика и биофизика во Минстер и на Универзитетот „Џонс Хопкинс“ во Балтимор, визитинг-професор на Универзитетот „Џонс Хопкинс“, вонр. проф. д-р Јосип Цар (Josip Car), експерт за здравствени системи, Империјалниот колеџ во Лондон и НТУ Сингапур, вонр. проф. д-р Бранко Колариќ (Branko Kolarić), епидемиолог, Наставен завод за јавно здравство „Андрија Штампар“ и Медицински факултет во Риека, доц. д-р Круноослав Цапак (Krunoslav Capak), епидемиолог, Хрватски завод за јавно здравје, доц. д-р Петра

Клепац (Petra Klepac), епидемиолог, Школа за хигиена и тропска медицина во Лондон, научен советник, д-р Андреја Амбриовиќ Ристов (Andreja Ambriović Ristov), виролог, Институт „Руѓер Бошковиќ", проф. д-р Игор Штагљар (Igor Stagljar), молекуларен биолог, професор по молекуларна генетика и биохемија во Центарот „Донели" на Медицинската школа на Универзитетот во Торонто, проф. д-р Иван Џикиќ (Ivan Djikic), молекуларен биолог, директор на Институтот за биохемија II на Универзитетот „Гете" во Франкфурт, академик проф. д-р Звонко Кусиќ (Zvonko Kusić), претседател на ХАЗУ, онкологија и нуклеарна медицина.7 Напоменуваме дека се извадени и презентирани податоци за само неколку од меѓународно афирмираните членови на овој научен совет.

Се гледа дека има (само) двајца директори на државни здравствени установи, Цапак и Маркотиќ, но и тие се универзитетски наставници. Сите членови на Советот се афирмирани универзитетски наставници и истражувачи од области и не строго медицински, кои се најспецифично изложени кон природата и карактерот на вирусот и болеста. Тоа значи, епидемиолози, хумани генетичари и инфектолози. Но, она што претставува особено значајно и индикативно сознание е големиот број на биолози, односно молекуларни биолози. Ова можеби е и сосема оправдано и разбирливо од гледна точка на неистраженоста и непознавањето на новиот коронавирус. Може да се изведе заклучок и дека при екипирањето на Советот се сметало дека проблемот со новиот вирус и болеста што ја предизвикува еднакво е проблем на превентивната медицина, на претклиничките медицински области и најмногу можеби на молекуларната биологија, исто како на клиничките медицински области, најмногу, нормално, на инфектологијата во овој конкретен случај. Епидемијата и пандемијата по својата природа и по својот карактер примарно се проблеми и на превенирање и на лекување. Единствен член на Советот кој не припаѓа на овие медицински области и на областа на молекуларната биологија е Кусиќ, чие членство во овој совет можеме да го погледнеме и да го протолкуваме, во добра мера, како протоколарно и како давање на дополнителна медицинска и научна тежина на Советот со оглед на тоа што станува збор за академик и за претседател на ХАЗУ.

### Персонализирана медицина

Оваа промоција на молекуларната биологија, пред сè, како научна област, „благодарение" на природата и карактерот на пандемијата, во стварноста се надоврзува со есенцијалното нејзино значење за

[7] https://net.hr/danas/hrvatska/tko-zapravo-donosi-mjere-i-kreira-nase-zivote-plenkovic-je-okupio-znanstvenike-oni-tvrde-da-su-nezavisni-ali-glavnu-rijec-vodi-netko-drugi/;
https://www.jutarnji.hr/vijesti/hrvatska/vlada-okupila-znanstveni-savjet-za-borbu-protiv-pandemije-ideja-je-objediniti-sve-relevantne-podatke-i-analize-vezane-uz-koronavirus-10134001;
https://www.journals.elsevier.com/biochemical-and-biophysical-research-communications/editorial-board/igor-stagljar; http://www.biochem2.com/people/dikic-ivan;
http://www.nasonline.org/member-directory/members/20044066.html; http://lauc.pharma.hr/; https://www.draganprimorac.com/biography/

персонализиранаата медицина, како крупен предизвикувачки тек и развој за медицинската наука и за медицинската практика. Имено, вообичаено беше за доскорешниот развој на медицинската наука сите пациенти дијагностицирани со иста клиничка дијагноза да го примаат истиот лек. Но, овој универзален доскорешен пристап на лекување, притоа може да го има посакуваниот ефект кај некои пациенти, а кај други пациенти да не го дава посакуваниот ефект. Тоа во основата значи применетата клиничка терапија или да не го даде воопшто саканиот ефект или да даде паралелни значајни несакани клинички ефекти. Овој клиничко-терапевтски ефект може да се надмине само со проучување и утврдување на генетските и другите молекуларни специфичности на секој пациент поодделно и приспособувањето на клиничко-терапевтскиот третман за секој пациент исто така поодделно. Значи, не постојат релативно хомогени групи на пациенти кај коишто може да се примени иста или многу слична клиничка терапија, туку секој пациент е поединечен и уште повеќе единствен случај. Затоа, за секој пациент поодделно и единствено треба да се определува и применува посебна и единствена само за него клиничка терапија. За да се оствари тоа, нужна е примена на специфични молекуларни тестови за дијагностицирање и за утврдување на реакцијата на секој пациент како единствен случај на можната терапија што евентуално би се применила. И природата и карактерот на вирусот и на болеста што тој ја предизвикува, го наметнаа значењето на молекуларната биологија и на хуманата генетика и при проучувањето на вирусот и при дијагностицирањето и лекувањето на болеста. Впрочем, и вирусот е молекул и неговото изучување е молекуларно-биолошко истражување. Овие сознанија на модерната медицина и на блиските до неа научни области, пред сè, на биологијата/молекуларната биологија, речиси на крајно драстичен начин се изразени преку научниот профил на значаен број членови на Научниот совет за КОВИД-19 на Владата на РХ (Meiliana, 2016).

### Балансирање со ризици

И кога вирусот не е сезонски, кога е од оној тип вируси што се особено високозаразни, но истовремено не се со многу висока стапка на смртност, кога очигледно мора да се живее заедно со него, кога етаблираниот општествен живот неминовно ја исклучува можноста од спроведување на епидемиолошки идеален тип на карантин, кога калкулирањето со здравствено-епидемиолошкиот ризик доведе до несогледливи негативни социјално-економски последици, кога стана целосно јасно дека вкупниот општествен живот мора да продолжи да пулсира со одредено ниво на оптималност и рационалност, особено кога стана премногу јасно дека економските активности просто мораат да бидат обновени, тогаш глобалното општество се најде исправено пред предизвикот да мора да калкулира со двата ризика – и со здравствено-епидемиолошкиот и со социјално-економскиот. Балансирањето со овие два ризика недвосмислено се наметна како единствената рационална формула на продолжување на

нужните форми и содржини на елементарна општественост. Општеството постепено, но неминовно ќе се отвори, секојдневниот општествен живот ќе се обнови и ќе продолжи да се одвива и покрај реалноста на комплексот на новосоздадени епидемиолошки и пандемични околности.

Балансирањето со двата ризика, калкулирањето со двата ризика, е неминовноста што едноставно живот претставува и живот значи. Без него нема живот, нема општествен живот, нема елементарна општественост, без рестартирањето на економските активности просто се губи материјалната основа на општественото живеење или, поточно кажано, на елементарно преживување, без рестартирањето се откочува спиралата на целосната општествено-цивилизациска катастрофа и катаклизма (Noy, 2020).

Како се постигнува балансирањето, како се решава предизвикот и проблемот на балансирањето: здравствено-епидемиолошките протоколи, како некакво волшебно стапче, се издигнуваат на пиедесталот на (сè) моќта, (сè)ефикасноста и (сè)креативноста. Нивното почитување очекувано ќе ја намали продуктивноста, ќе ги намали и приходноста и профитноста на економската активност. Но, компензацијата може и мора да се бара на некои други страни: на пример, подигнување на техничко-технолошкото ниво, осовременување на организациската поставеност, рационализирање на трошоците, повеќестрано стимулирање на креативноста на вработените, продуктивен социјален дијалог меѓу инвеститорите и вработените и подигнување на нивото на солидарност и емпатија меѓу нив... Плус, на сето тоа може да се надоврзе поддршката на државниот интервенционизам, колку и да е таа привремена, парцијална и палијативна. Зашто, нели, во секој случај мораат на оптимално ниво да се ослободат и да проработат темелните функции и законитостите на пазарот/слободниот пазар. Оваа доктрина, ако воопшто е вистинска доктрина, претпоставува и сугерира дека не постои, речиси теориски не постои, општествена/животна ситуација за којашто не можат да се смислат ефикасни и функционални протоколи. И со примена на такви протоколи да продолжи да тече општествениот живот, на ниво на оптималност што го налага функционалноста на општествената заедница, како целина, и на поодделните нејзини сегменти/(под)системи. Но, што е веројатно/сигурно најважно, општественото пулсирање не смее целосно да запре, да се затвори (Clark, 2020).

Балансирањето, за да биде успешно, барем на елементарно ниво на успешност, нужно подразбира воспоставување заемност меѓу државата и разновидните субјекти на најшироко дефинираното општество, вклучително и граѓаните, економските субјекти, јавните установи... Бара фокусно градење и воспоставување на елементарно ниво на доверба помеѓу нив. Нивна должност е да покажат, да аргументираат и да докажат, исто така, елементарно потребно ниво на влегување и работење во целиот тој проект со добра волја и со респектирање на интересите на сите други општествени субјекти инволвирани во проектот. А тоа, во крајна линија, значи знаење и умеење да се детектира, да се идентификува и да се аплицира вкупниот општествен интерес. Интерес во којшто се влеваат и се „топат“ сите други посебни или поединечни интереси. Зашто тие надвор од општиот интерес и без општиот интерес не постојат како интереси, како општествени интереси.

Прво треба да постои општество, функционално, за да може, барем на ниво на елементарност, да го задоволи општиот општествен интерес, како предуслов да можат да постојат и општествени интереси со пониско ниво на општост. Само тогаш општествената заедница е функционална и ги исполнува смислата, суштината, целта и задачата на своето постоење.

## Синтеза на протоколите на државата и на личната одговорност

Задачата на државата е/би била, тоа е нејзина (доктринарна) концепциска и јавно-политичка позиција и аргументација, просто да изготви и да донесе протоколи, да едуцира и да пропагира за нив, да едуцира и да пропагира за конкретната општествена состојба што нужно налага донесување и примена токму на такви протоколи, задача на државата е и донекаде да го контролира и дури и да го санкционира нивното (не)почитување. Понатаму, во истиот контекст, таа сама ништо вистински не може да направи – тоа е главната линија на пропагандно-маркетиншко дејствување на нејзиниот пропаганден и маркетиншки апарат. Да, точно е дека таа самата ништо не може да направи ако се обиде својот интерес „тврдо“, посебно наметнат како примарно политички/ политичко-партиски, исклучиво себично да го наметне врз целокупната општествена заедница, односно врз другите недржавни и неполитички субјекти на таа општествена заедница. Точно е дека е потребна соработка на целата општествена заедница, на сите нејзини субјекти, како на државниот систем, така и на сите други недржавни системи, вклучително и граѓаните, и како поединци и како членови на општествени групи (примарни и/или секундарни). Точно е и тоа дека во вакви околности државата преку својот пропагандно-маркетиншки апарат по правило нема да пропушти вината за евентуалниот неуспех на своите политики, односно на незадоволувањето на општиот општествен интерес, (доктринарно) да го префрли врз несвесноста, несовесноста и несоработката на другите општествени субјекти, чија соработка органски е потребна за успех на нејзините политики, односно на општествениот проект што треба да се спроведе. Во оваа смисла и во овој контекст, времето ќе покаже дали државата преку волшебното стапче на протоколите и особено преку тврдењето, реалното или набеденото, за нивно непочитување и нивно неспроведување од другите општествени субјекти, вклучително и од граѓаните, се обидува да се избори за алиби и да наметне алиби (можеби) за своите неквалитетни и неуспешни определби и политики (Khachfe, 2020). Што би значело (доктринарно) дека државата, односно политиката, го направила тоа што единствено можела и требала да го направи, но другите општествени субјекти, вклучително и граѓаните, не го направиле тоа што нужно морале да го направат: државата да донесе протоколи, токму такви какви што се, а по мислење и наметнување од страна на државата тие се/ тие мораат да бидат недвосмислено квалитетни и во секој поглед исправни, а сите други се должни дисциплинирано, детално и систематски да ги почитуваат и да ги спроведуваат. Ако целта не биде постигната, тогаш

државата (доктринарно) не е/не би била виновна. Виновни се/би биле сите други поради непочитување, реално или набедено, на државните протоколи. Без оглед на тоа дали тие протоколи се навистина квалитетни или дали се навистина спроведливи. Токму во оваа смисла реално и објективно е лоцирана „бомбастичната " изјава на германскиот министер за здравство Јенс Шпан (Jens Spahn), според којшто во оваа сегашна фаза на пандемијата, иницијалната максима на СЗО од првата фаза на пандемијата „Тестирај, тестирај, тестирај", треба/мора да биде заменета со максимата „Лична одговорност, лична одговорност, лична одговорност".[8] На ова место, многу силно и најдиректно можно, се актуализираат определбата и дефиницијата на Парсонс: да, државата има задача и има обврска да се грижи за здравјето на своето граѓанство, и како превентива и како куратива, но и граѓаните/болните, покрај тоа што имаат право да бидат лекувани, имаат и еднакво толку силна обврска да бидат дисциплинирани и да бидат одговорни, и во однос на превентивата од болести и во однос на лекувањето кога веќе настапила некоја болест (Gianicolo, 2020).

На ова место и во овој контекст дури може и да биде изнесена теза за тоа дека што и да се случи на здравствено-епидемиолошки план, колку и да се тешки последиците, практично луѓе да умираат по улици и да бидат погребувани во масовни гробници, нема да се примени мерката на (целосно, практично целосно) затворање на економските активности, како што се случи пролетоска, односно дека нема да има (целосни) карантински мерки. Јасно, (можеби) би имало во основата само алиби-затворања, парцијални и палијативни затворања, значи не целосни затворања – само намалувања на работното време, проследени со „волшебните" протоколи, на помалку важни економски активности (кафеани, кафетерии...), на јавни установи (културни, уметнички...), можеби воведување на умерен и ограничен полициски час, од подоцна навечер до рано наутро, со дозволи за движење на вработените практично во сите посуштински економски субјекти... Секако дека нема да има воведување на барем малку посериозни карантински мерки и сигурно дека релативно благите мерки на затворање на општествениот живот максимално можно ќе бидат целно насочени кон поодделни градови или региони каде што ќе има најголем број заразени, заболени и починати. Речиси сигурно дека мерките нема да се однесуваат на целата територија на државата. Се разбира, ако е тоа можно, ако постои значајна асиметричност во територијалната дисперзија на епидемијата. Во овој контекст, во контекст на балансирањето со двата ризика, не треба да се испушти од вид особено широкото отворање на туристичката индустрија во земји во коишто таа индустрија со висок процент учествува во создавањето на БДП, и тоа со потполна свест на вкупните државни власти дека здравствено-епидемиолошкиот ризик е мошне голем и дека, секако, ќе има значаен раст на инфицираните и болните. Во овој контекст, треба да се анализираат, на пример, случаите на Хрватска, на Црна Гора...

Можеби постои тематско оправдување сега само да се спомене дека доктринарната „волшебност" на протоколите, пред сè, политички

8 Coronavirus: Can European Countries Avoid a Second Lockdown?, https://www.dw.com/en/coronavirus-can-european-countries-avoid-a-second-lockdown/a-54997364.

индуцирана и, воопшто, концептот на калкулиран ризик и балансирање со ризици беа применети и во однос на политичкиот живот, неговото отворање и неговото практично нормално одвивање. Вклучително или, пред сè, во однос на рационализацијата на можноста и потребата од одржување избори, седно дали редовни или вонредни, се разбира во време најпогодно за политичко-партиската структура на власт. Тогаш отворањето на општеството, отворањето на секојдневниот живот беше пропагандно-маркетиншки наметнувано како оправдано од гледна точка на реално и објективно постигнатото суштинско и темелно редуцирање на здравствено-епидемиолошкиот ризик. Или американскиот пример, каде што претседателот Трамп се залагаше за отворање на економијата по секоја цена поради тешките социјално-економски последици во пресрет на претседателските избори. Америка, имено, во епидемиолошката состојба влезе со практично целосна вработеност, односно само со техничка невработеност. Трамп, притоа, имаше поддршка од речиси сите републикански гувернери на федералните држави, а наспроти нив, првенците на демократите, заедно со демократските гувернери, се залагаа за натамошно и максимално можно затворање на економските активности и економскиот живот (Rutledge, 2020). Ова, предизвикот на калкулираниот ризик на политичко/дневнополитичко рамниште, е тема за цел еден нов текст.

### Шведскиот концепт на одговор на епидемијата

Мора на ова место, исто така, на сосема елементарно ниво, да се осветли и феноменот на шведскиот концепт и шведското искуство во справувањето со проблемот на епидемијата/пандемијата. Шведска воведе само изразито парцијални, палијативни и благи мерки на задолжително затворање на вкупниот општествен живот. Шведска на епидемијата примарно ѝ се спротивстави преку незадолжителни препораки до граѓанството, сосема очигледно калкулирајќи со високите нивоа на лична одговорност на граѓаните, на граѓански респект и доверба кон институциите на државата, вклучително и кон јавно-здравствените институции, што би требало да гарантира почитување на јавно-здравствените протоколи, на капацитетноста, во секој поглед капацитетност, на вкупниот здравствен систем на државата успешно здравствено-медицински да ги згрижи сите пациенти во текот на епидемијата, значи не само пациентите со КОВИД-19, со нужноста за колку што е можно пократко време да се оформи колективен имунитет, нужно по природен пат (како „колективен имунитет на стадо") во услови кога нема вакцина, за да се оформи колективен имунитет (и) по вештачки пат, затоа што токму колективниот имунитет е вистинската брана пред натамошното ширење на епидемијата... Се разбира дека шведските власти тоа нема да го признаат, но беше јасно и како времето поминува и сознанијата се множат, сè повеќе станува јасно дека тие, помеѓу другите јавно-здравствени и здравствено-епидемиолошки постулати, некако по методот на аналогија, тргнаа и од постулатот, вкоренет во досегашните

искуства со природата и карактерот на коронавирусите и на болестите што тие ги предизвикуваат, дека е неминовно, какви сѐ видови мерки да се преземаат, со какви сѐ нивни ригорозности, на крајот, недвосмислено ќе се инфицира конкретен процент од граѓанството, од тој процент некој друг конкретен процент неизбежно ќе се разболи, од тој процент на болни неминовно некој конкретен процент тешко ќе се разболи и конечно од тој процент на тешко болни некој процент сигурно дека ќе почине. Значи, сето ова ќе се случи речиси без оглед какви мерки на спротивставување на епидемијата ќе бидат преземени. И подобро е сето ова да се случи во колку што е можно пократок временски период, затоа што така влијанието врз севкупниот општествен живот на епидемијата, вклучително и врз економската активност, ќе биде пократко, и со помали вкупни општествени штети, вклучително и социјално-економски. И притоа, со калкулација дека шведскиот систем на јавно здравје сето тоа ќе го издржи, нема да се распадне, сите пациенти редовно и соодветно здравствено/медицински ќе бидат згрижени. Најгенерално зборувајќи, резултатот е повеќекратно поголема смртност отколку во другите скандинавски држави со коишто Шведска е на генерално исто социјално-економско и вкупно општествено рамниште на развој, просперитет и благосостојба. Смртноста е поголема дури и во однос на САД и В. Британија. Посебно поразителен факт за Шведска е тоа што не профункционира клучната заштитна мерка. Тие не успеаја ефикасно да ги заштитат најранливите категории на граѓани, примарно старите граѓани. Шведскиот модел практично се урна на влезот на вирусот во домовите за стари лица и на многу високата смртност на штитениците во тие домови. Истото она што се случи и во Ломбардија. Сега, поради повисокото ниво на колективен имунитет во Шведска значително е опаднат бројот на заразени и болни во однос на бројките во другите скандинавски држави, но ни оддалеку не е реално да се очекува, поради комплекс на фактори и околности, во овие други скандинавски држави во периодот што претстои до крајот на епидемијата бројките на заразени, болни и починати сериозно да се приближат до шведските бројки (Kamerlin, 2020).

Да, секако дека пандемијата ќе има крај, но вирусот можно е, или веројатно е, да остане да циркулира како некој вид на сезонски вирус, поради природното и/или вештачкото јакнење на колективниот имунитет или можеби целосно ќе се изгуби, како што се изгуби SARS-CoV-1.[9] Погореспомнатиот академик Мирослав Радман, врз основа на движењето на епидемиолошката крива во Франција и врз основа на неговото молекуларно-биолошко и генетичарско знаење и искуство, доаѓа до заклучок и тврди дека „во вториот бран вирусот станува импотентен, се зголемува неговата заразност, но се намалува смртноста што ја предизвикува“. Тврди и дека „вирусот самиот ќе се уништи преку неговите мутации, а мора да мутира за да ги избегне браните на имунитетот, и потребно е генетичарите „однадвор“

[9] Lack of Lockdown Increased COVID-19 Deaths in Sweden, https://newsroom.uvahealth.com/2020/07/03/covid-19-deaths-in-sweden/.

да му „помогнат“ колку што е можно повеќе да мутира, затоа што поради тие мутации тој и сега се наоѓа на работ на својата пропаст“.[10]

И, што е, исто така, од особена важност, падот на шведската економија во основата е на нивото, слична е на нивото на падот на економиите на другите скандинавски држави, а стапката на невработеност е највисока во однос на истата таа стапка во другите скандинавски земји. За утеха на Швеѓаните може да им остане фактот дека шведската економија, сепак, нема да влезе во рецесија, но и другите скандинавски економии ќе ја избегнат рецесијата, што значи дека во вториот последователен квартал, сепак, ќе имаат некаков сосема минимален раст, речиси безначаен раст, ама сепак раст – Шведска од 0,1%. Гледано строго на социјално-економски план, Шведска во секој случај помина добро, но во споредба, на пример, со Италија, Шпанија, В. Британија...[11] Но, по која цена и со која стапка на смртност... Шведска, намерно или не, не калкулираше со здравствено-епидемиолошкиот ризик на сметка на социјално-економскиот ризик. Дали Шведска балансираше, дали навистина се обиде да балансира или можеби свесно калкулираше со социјално-економскиот ризик за сметка на здравствено-епидемиолошкиот ризик, овие се дилеми и прашања што, всушност, премногу силно и директно се наметнуваат како тема/предмет/проблем за научно-теориски и научно-методолошки најсериозни и најквалитетни мултидисциплинарни истражувања.

Може овде само да се нотира дека природата и карактерот на пандемијата, на вирусот и на болеста се поврзуваат и со теориите на социјалдарвинизмот и на малтузијанизмот. И тоа поради глобалното искуство, а не само поради шведското или ломбардиското. Колку и да е тоа далеку од хуманоста и колку и да е тоа морбидно, сепак, пандемијата почна да се гледа и да се става во контекст на старите и болните луѓе, луѓето со хронични болести како придружни болести, врз основа на фактот дека примарно тешко се разболуваат и умираат стари луѓе и болни луѓе со придружни болести (коморбидитет). Па тоа да се поврзува со тврдењата дека се намалуваат разновидните оптоварувања на здравствените системи, на фондовите за здравствено и пензиско осигурување, што е примарно важно во државите каде што тие се државни фондови и каде што, уште повеќе, се буџетски поддржувани, дека се намалува нивото на сегментот на болните луѓе како општествен сегмент на (т.н.) болно општество, дека во таа смисла општеството станува поздраво и помладо, дека се намалува бројот на луѓе на планетата и дека ќе има повеќе храна за оние што ќе ја преживеат пандемијата – помладите и поздравите, дека токму за нив ќе се зголемат изгледите да живеат на повисоко ниво на социјална благосостојба и подолго... Иако, за среќа во целата несреќа со пандемијата, бројот на починати од пандемијата (колку и да не се уедначени критериумите и мерилата за починати од КОВИД-19) сепак, ќе биде помал од бројот на

---

10 Емисија „Nedjeljom u 2“, HTV, 21.09.2020, 15-21 минута, https://www.youtube.com/watch?v=8sL7HEjqSmM.

11 Coronavirus: Sweden’s economy hit less hard by pandemic, https://www.bbc.com/news/business-53664354.

починати во истиот тој период од некои други, исто така, тешки болести (Le Couteur, 2020).

### Пандемијата и иднината на „зелената“ економија

И, на крајот, постои потреба да се укаже дека падот на економските активности и сериозните штетни социјално-економски последици веќе се користат и во иднина сѐ повеќе и сѐ поинтензивно ќе се користат за нивно ставање во еден изразит либерален идеолошки/идеолошко-политички контекст. Тоа значи социјално-економските мерки, активности и политики за надминување на штетните социјално-економски последици, ургентно и многу тврдо да се поврзуваат или, поточно кажано, првенствено да се идентификуваат со социјално-економски реформи и приспособувања на теориските, идејните и идеолошко-политичките позиции на (т.н.) зелена економија и воопшто на (т.н.) зелено општество. Позиции идентификувани и промовирани како позиции на одржливи економии и одржлив економски развој. И тоа според примерот на Новиот зелен план (The Green New Deal) на Александрија Окасио-Кортес (Alexandria Ocasio-Cortez) и на Ед Марки (Ed Markey) или според примерот на Европскиот зелен план (A European Green Deal) на Европската комисија. Но, може да се изнесе и теза дека владите и инвеститорите, сепак, ќе се поведат по оригинерната логика на економскиот рационализам и прагматизам. Тоа теориски значи дека тие ќе се определат за концептите и моделите на економски најевтиното и најконкурентното излегување од социјално-економската состојба предизвикана од пандемијата. Сосема конкретизирано на полето на енергијата, односно на полето на (т.н.) зелена енергија, тоа практично значи дека владините и инвеститорските одлуки сигурно дека ќе бидат насочени кон оној вид енергија што е најевтин. Тоа нужно значи дека зелените/алтернативните енергии мораат да бидат поевтини од класичните енергии, посебно од гасот, кој е некаков вид на класична енергија, но ни оддалеку не е толку валкана енергија колку што се карбонските енергии. Како ќе се постигне намалувањето на цените на зелените енергии треба да се истражува, да се анализира, да се носат основани одлуки и да се креираат и да се спроведуваат рационални јавни политики – преку иновирање и осовременување на производната технологија, преку зголемување на потрошувачката на зелената енергија и делот на нејзиното учество во вкупната потрошувачка на енергија, преку разни видови субвенционирања преку механизмите, мерките и политиките на државниот интервенционизам... Трамп во оваа смисла е совршено јасен и, ако победи на изборите, ќе води социјално-економски, вклучително и енергетски политики, кои ќе бидат во корист на максимално можното подигнување на нивото на конкурентноста на американската економија, односно политики што максимално можно ќе го подигнат нивото на приходи и на профитност на американската економија (Barbier, 2020; Rijsberman, 2020).

## Заклучок

Нужно е враќање на самиот почеток, на воведот, во којшто со еден мошне т.н. есеистички „лежерен“ стил се актуализира проблемот на смртта во воени услови, во услови кога загубениот човечки живот се деперсонализира, кога станува само бројка на загинати. Тоа е една од најсуштествените социолошки (секако, и филозофски) карактеристики на војната. Бројот на загинати ќе стане толку голем, што не е можно да биде презентиран персонализирано преку разновидните средства за јавно информирање – и класичните и новите/мрежите на социјално поврзување/вмрежување. Освен тогаш кога се информира за загубите на т.н. јавни личности, примарно политичари – носители на високи државни функции. Оваа констатација важи и за човечките загуби предизвикани од болеста КОВИД-19. Значи, општествениот комплекс на епидемиите на национални нивоа и пандемијата на планетарно ниво ја содржи и ја зрачи и оваа многу важна димензија на феноменот на војната. Пандемијата со КОВИД-19 е вид војна што есенцијално подразбира и човечки жртви со бројност што како факт и податок изнесен пред најшироката јавност, изнесен пред општествената заедница, нив ги сведува на голи, студени, деперсонализирани бројки. Ова значи (и) дека жртвите од војната против вирусот и болеста што тој ја предизвикува, како типична болест на јавното здравје, затоа што е високозаразна болест, навистина и со не многу голема смртност, и којашто се пренесува преку секојдневните интерперсонални контакти, всушност се калкулирани жртви. Впрочем, и како жртвите во секој вид војна, кој по силата на својата природа предизвикува човечки жртви. Токму калкулацијата со здравствено-епидемиолошкиот ризик на почетокот на пандемијата, а на сметка на социјално-економскиот ризик, покажа дека цената социјално-економски ќе биде превисока, ќе биде социјално-економски нерационална, ќе биде неподнослива од гледна точка на вкупниот општествен интерес, неприфатлива од гледна точка на нивото на цивилизациска благосостојба на општествената заедница. И дека мора да се калкулира и со социјално-економскиот ризик. Едноставно, да се балансира со овие два ризика. Како и во секој друг вид војна што претпочита и човечки жртви. Свесно, вклучително и како политичка одлука што сигурно влијае врз политичкиот рејтинг меѓу електоратот, да се прифати ризикот со човечките жртви и да се калкулира со нив. Неминовно, се доаѓа до заклучокот, колку и да е тој нехуман и морбиден, дека современото општество, современото ниво на историско-цивилизациски/културно-цивилизациски развој, дознава/знае дека човечкиот живот (сепак, „и покрај сè“ и „на крајот на сите краеви“) има цена. Дека тој не е бесценет и дека во неговото зачувување не смеат да се вложат и да се потрошат ама „баш“ сите општествени ресурси, сили и богатства. Се разбира дека жртвите не се хомогена категорија. Особено не тогаш кога се делат по линијата на мои и наши жртви и твои и ваши жртви или нивни жртви. И секогаш изборот на т.н. нужни жртви е детерминиран врз основа на социјално-економската, социјално-стратумската, класната/социјално-класната поларизација, антагонизација, спротивставеност и конфликтност. Во суштината, тоа е најфундаменталниот и најзначајниот

проблем на современото општество, како општествено ткиво пронижано со „црвениот конец“ на капиталната/капитал-однос репродукција.

## Референции

Barbier, E. B. (2020) *A green post-COVID-19 recovery thinking must start now about the kind of sustainable economic recovery needed after the pandemic*. https://www.globallandscapesforum.org/wp-content/uploads/2020/09/054-056-C2020-Barbier.pdf.

Binns, C., Low, W. Y., Kyung, L. M. (2020) "The COVID-19 Pandemic: Public Health and Epidemiology". In *Asia-Pacific Journal of Public Health* 32(4):101053952092922, May 2020. DOI: 10.1177/101053952092922 3,https://www.researchgate.net/publication/341511847_The_COVID-19_Pandemic_Public_Health_and_Epidemiology.

Brown, L. D. (2010) *The Political Face of Public Health, Public Health Reviews*. Vol. 32, No. 1, 155-173. https://publichealthreviews.biomedcentral.com/track/pdf/10.1007/BF03391596.

Bulut, C., Kato, Y. (2020) "Epidemiology of Covid-19". *Turkish Journal of Medical Sciences* 50(SI-1), April 2020. DOI: 10.3906/sag-2004-172, https://www.researchgate.net/publication/340741289_Epidemiology_of_covid-19.

Cheng, C., Barcelo, J., Hartnett, A. S., Kubinec, R., Messerschmidt, L. (2020) "COVID-19 Government Response Event Dataset (CoronaNet v.1.0)". *Nature Human Behaviour*, Volume **4**, pages 756-768 (2020). https://www.nature.com/articles/s41562-020-0909-7.

Clark, A., Jit, M., Warren-Gash, C., Guthrie, B. (2020) "Global, regional, and national estimates of the population at increased risk of severe COVID-19 due to underlying health conditions in 2020: a modelling study". *THE LANCET, Global Health*, Volume 8, Issue 8, 2020. https://www.thelancet.com/journals/langlo/article/PIIS2214-109X(20)30264-3/fulltext.

Gianicolo, E., Riccetti, N., Blettner, M., Karch, A. (2020) "Epidemiological Measures in the Context of the COVID-19 Pandemic". Dtsch Arztebl Int 2020; 117: 336-42. DOI: 10.3238/arztebl.2020.0336, https://www.aerzteblatt.de/int/archive/article/213746/Epidemiological-measures-in-the-context-of-the-COVID-19-pandemic.

Groseclose, S. L., Buckeridge, D. L. (2017) "Public Health Surveillance Systems: Recent Advances in Their Use and Evaluation". *Annual Review of Public Health*, Volume 38, 2017, Groseclose, pp. 57-79. https://www.annualreviews.org/doi/10.1146/annurev-publhealth-031816-044348.

Hancock, T., Spady, D. W., Soskolne, C. L. (2015) "Global Change and Public Health: Addressing the Ecological Determinants of Health". *Canadian Public*

*Health Association*. https://www.cpha.ca/sites/default/files/assets/policy/edh-brief.pdf.

Kamerlin, S., Kasson, P. M. (2020) *Managing COVID-19 spread with voluntary public-health measures: Sweden as a case study for pandemic control*. https://www.researchgate.net/publication/342640013_Managing_COVID-19_spread_with_voluntary_public-health_measures_Sweden_as_a_case_study_for_pandemic_control.

Khachfe, H. H., Chahrour, M., Sammouri, J., Salhab, H. A. (2020) *An Epidemiological Study on COVID-19: A Rapidly Spreading Disease*. https://www.researchgate.net/publication/340005687_An_Epidemiological_Study_on_COVID-19_A_Rapidly_Spreading_Disease.

Le Couteur, D. G., Anderson, R. M., Newman, A. B. (2020) "COVID-19 is a disease of older people". The Journals of Gerontology Series A Biological Sciences and Medical Sciences 75(9), March 2020. DOI: 10.1093/gerona/glaa077, https://www.researchgate.net/publication/340263380_COVID-19_is_a_disease_of_older_people.

Masciandaro, D. (2020) COVID-19 Helicopter Money, "Monetary Policy and Central Bank Independence: Economics and Politics". *BAFFI CAREFIN Centre Research Paper No. 2020-137*. https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=3583466.

Mason, R. J. (2020) "Pathogenesis of COVID-19 from a cell biology perspective". *European Respiratory Journal 2020*, 55: 2000607. DOI: 10.1183/13993003.00607-2020, https://erj.ersjournals.com/content/55/4/2000607.

Meiliana, A., Dewi, N. M. (2016) "Personalized Medicine: The Future of Health Care". *The Indonesian Biomedical Journal* 8(3). https://www.researchgate.net/publication/312250815_Personalized_Medicine_The_Future_of_Health_Care.

McIntosh, K. (2020) *Coronavirus disease 2019 (COVID-19): Epidemiology, virology, and prevention*. https://www.uptodate.com/contents/coronavirus-disease-2019-covid-19-epidemiology-virology-and-prevention.

Mckibbin, W., Fernando, R. (2020) "The economic impact of COVID-19". In *Economics in the Time of COVID-19* (pp. 45-51). Publisher: Centre for Economic Policy Research, Project: Global Macroeconomic Impacts of COVID-19. https://www.researchgate.net/publication/339780440_The_economic_impact_of_COVID-19.

Noy, I., Doan, N., Ferrarini, B., Park, D. (2020) "Measuring the Economic Risk of COVID-19". *Wiley Online Library*. https://onlinelibrary.wiley.com/doi/full/10.1111/1758-5899.12851.

Parsons, T. (1951) *The Social System*. First published in England 1951 by Routledge & Kegan Paul Ltd. https://voidnetwork.gr/wp-content/uploads/2016/10/The-Social-System-by-Talcott-Parsons.pdf.

Rijsberman, F., Acosta, L., Bhardwaj, N., Dickinson, C. (2020) *Achieving Green Growth and Climate Action Post-COVID-19*. https://www.researchgate.net/publication/343107138_Achieving_Green_Growth_and_Climate_Action_Post-COVID-19.

Roy, S. (2020) Economic impact of COVID-19 pandemic. https://www.researchgate.net/publication/343222400_ECONOMIC_IMPACT_OF_COVID-19_PANDEMIC.

Rutledge, P. E. (2020) "Trump, COVID-19, and the War on Expertise". *American Review of Public Administration 2020*, Vol. 50(6-7) 505-511 © The Author(s) 2020 Article reuse guidelines: sagepub.com/journals-permissions. DOI: 10.1177/0275074020941683 journals.sagepub.com/home/arp, https://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/0275074020941683.

Saker, L., Lee, K., Cannito, B., Gilmore, A., Campbell-Lendrum (2004) *Infectious diseases in the world, WHO*. www.who.int › tdr › publications › documents › seb_topic3.

Stoller, L. (2020) *COVID-19: Ecology Big and Small*. Project: COVID-19, infection and ecology. https://www.researchgate.net/publication/342589448_12 COVID-19_Ecology_Big_and_Small.

Shigayeva, A., Atun, R., Mckee, M., Coker, R. J. (2010) "Health systems, communicable diseases and integration". *Health Policy and Planning* 25 Suppl 1(Suppl. 1):i4-20, November 2010. DOI: 10.1093/heapol/czq060, https://www.researchgate.net/publication/47542661_Health_systems_communicable_diseases_and_integration.

Zakus, D., Bhattacharyya, O. (2015) *Health Systems Management and Organization in Global Health*. https://www.researchgate.net/publication/271377739_Health_Systems_Management_and_Organization_in_Global_Health.

Zheng, J. (2020) "SARS-CoV-2: an Emerging Coronavirus that Causes a Global Threat". *International Journal of Biological Sciences 2020*; 16(10): 1678-1685. doi: 10.7150/ijbs.45053, https://www.ijbs.com/v16p1678.pdf.

# АНАЛИЗА НА БАРИЕРИТЕ ЗА РАСТ И РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

УДК 334.72.012.63/.64-026.23-022.334(497.7)"2020"

*Проф. д-р Мирјана Борота Поповска*
*Вонр. проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ*
*Вонр. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска*
*Асс. м-р Блаже Јосифовски*

# АНАЛИЗА НА БАРИЕРИТЕ ЗА РАСТ И РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## Вовед

Преку терминот општествен развој сакаме да ги означиме општествените промени што се одвиваат во насока на подобрување на условите за живеење во една земја. Економскиот развој не е единствениот индикатор на општествениот развој, но, секако, е еден од најважните.

Затоа, развојот на националната економија е сериозен предизвик за креаторите на економските политики во државата. Нашата земја, како мала економија во развој, сè уште ја карактеризираат неповолни макроекономски услови, незадоволително ниво на продуктивност, ниска конкурентност, слаби институции и забавен раст на секторот на мали и средни претпријатија (МСП). Поттикнувањето на економскиот развој претпоставува донесување политики и мерки во градење на институционално-базиран систем на поддршка на МСП и стимулативното деловно опкружување, кои се важни чинители на одржливоста и растот на претпријатијата.

Притоа, земајќи ги предвид можностите за раст и развој на малите и средните претпријатија во Република С. Македонија, сакаме да ги означиме како важен индикатор за потенцијалните влијанија врз економскиот развој. Внатрешните, надворешните, институционалните и финансиските бариери, со коишто се соочуваат ваквите претпријатија, даваат приказ на состојбите во економскиот сегмент на општествениот развој.

## Методолошки пристап

Според научната цел, истражувањето е експлоративно и дескриптивно, односно настојува првенствено да ги идентификува случаите што се предмет на анализа и потоа да ги опише нивните карактеристики и својства, согласно формулираните истражувачки цели следејќи го дедуктивниот метод. Истражувачката стратегија е квалитативна, при што како истражувачка техника за собирање на податоците се користи длабинско, полуструктурирано интервју, наменски креирано за потребите на истражуваната тема.

За Студијата беше спроведена и анализа на содржина, на релевантна национална/официјална документација, анализа на секундарни податоци/истражувачки извештаи, како и преглед на литература.

За истражувањето беше дизајниран намерен примерок, при што главни критериуми за идентификација и селекција на потенцијалните испитаници беа следните:

- менаџери или сопственици во/на микро, мали и средни претпријатија,
- од различни дејности,
- кои функционираат во рамките на Република Северна Македонија.

Податоците се собрани преку креирано полуструктурирано интервју, како истражувачка техника, кое во ворд-формат и по електронски пат е дистрибуирано до припадниците на определената таргет-популација (соодветно на условите предизвикани од пандемијата со КОВИД-19, кои го отежнуваат интервјуто лице-в-лице).

Водичот за интервјуто беше директно (на лична е-адреса) проследен до 20 (дваесет) селектирани потенцијални испитаници, во периодот од 20 октомври до 15 ноември 2020 година. Верзија од истражувачкиот инструмент, преведена на англиски јазик, беше проследена и до официјалните претставници на германската и американската стопанска комора во земјата, со молба за споделување со членовите/организациите од нивните бази. Во определениот рок, повратно беа добиени вкупно N = 11 валидно пополнети интервјуа.

Анализата на податоците е тематска и наративна, за илустрација на ставовите и мислењата/примерите искажани од страна на испитаниците, претставени се и цитати од добиените одговори.

## Истражувачки цели

- Идентификување на бариерите за раст и развој на малите и средните претпријатија во Република Северна Македонија;
- Утврдување и анализа на институционалните бариери (законодавна рамка; степен на корупција и мито);
- Утврдување и анализа на надворешните бариери (секторот во којшто претпријатието остварува економска активност; пазарно опкружување; степен на конкуренција и стратешко однесување на конкурентските претпријатија; опсегот на мрежи и сојузи за поддршка на растот);
- Утврдување и анализа на внатрешните бариери (недостиг на внатрешни ресурси и ограничен капацитет; бариери за раст поврзани со целиот проблем на управување со човечките ресурси и услови за вработување и отпуштање на работници; недостиг на квалификувани менаџери; отсуство на деловни вештини во областа на маркетинг и бизнис-развој);
- Утврдување и анализа на финансиските бариери (способноста на локалниот финансиски систем; начини на финансирање на бизнисот; достапност и цена на капиталот и финансиите);

- Утврдување и анализа на социјалните бариери (социјален капитал, доверба и вмрежување помеѓу претприемачите; степен на поддршка или недостиг од локални актери и агенции).

## Опис на примерокот

Во табелата се опишани некои од позначајните карактеристики на испитаниците за потребите на истражувањето.

Табела 1. Опис на примерокот

| Шифра на испитаник | Дејност | Големина на претпријатие | Образование | Стаж | Пол |
|---|---|---|---|---|---|
| #1 | Продажба и дистрибуција на храна | Средно | Високо | 2,5 год. | Машки |
| #2 | Трговија на големо и на мало | Микро | Вишо | 10 год. | Машки |
| #3 | Трговија | Мало | Високо | 25 год. | Машки |
| #4 | Услуги | Микро | Средно | 10 год. | Женски |
| #5 | Маркетинг | Микро | Високо | 22 год. | Машки |
| #6 | Земјоделство | Мало | Магистратура | 5 год. | Машки |
| #7 | Конзервна индустрија | Средно | Средно | 30 год. | Машки |
| #8 | Графичка дејност | Средно | Високо | 43 год. | Машки |
| #9 | Производство на храна | Мало | Високо | 12 год. | Женски |
| #10 | Графичка индустрија | Средно | Вишо | 23 год. | Машки |
| #11 | Производство и трговија | Мало | Високо | 8 год. | Машки |

УДК 334.72.012.63/.64-026.23-022.334]:005.52:005.33(497.7)
334.72.012.63/.64-026.23-022.334]:005.52:005.33}.01

*Проф. д-р Мирјана Борота Поповска*

# АНАЛИЗА НА БАРИЕРИТЕ НА ПАЗАРНОТО, КОНКУРЕНТСКОТО И ФИНАНСИСКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ

Предизвиците и можностите во бизнис-опкружувањето со коишто се соочуваат организациите од сите големини, рапидно се менуваат, како според брзината на настанувањето, така и според структурата и обемот на промените. Сведоци сме на глобализација што се карактеризира со зголемена културна и економска размена, неочекувани политички промени и економски пресврти. Зголемениот проток на информации со употреба на новата технологија и интернетот, зголемената мобилност заради унапредување на транспортните можности на глобално ниво, доведе до брза трансформација на бизнисот и општеството во целост. Се отворија нови пазарни можности, но исто така, се зголеми и конкуренцијата.

Менаџерите/сопствениците мораат да разберат како се менува околината и какво е влијанието на тие промени врз бизнисот. Потребно е да се носат добро осмислени стратешки одлуки без разлика на големината на организацијата и видот на бизнисот што го водат, бидејќи од овие одлуки ќе зависи и нивниот опстанок.

Потребен е систематски и ефективен приод за развивање на јасен и делотворен стратешки план што ќе ѝ овозможи на организацијата да ја задржи или да се здобие со конкурентска предност на пазарот. Карактеристика на стратешкото размислување е способноста да се направи солидна анализа на внатрешните ресурси на организацијата и да ја спои со главните индикатори што ќе произлезат од анализата на надворешното опкружување на организацијата. Од ваквата анализа се очекува да произлезе стратегиска одлука што ќе ги одреди идниот правец и конкурентската позиција на организацијата на подолг рок.

Внатрешните јаки страни и внатрешните слабости се сето она што организацијата го има или го прави и тие можат да се издвојат како слабост или предност во однос на конкуренцијата. Предмет на анализа се менаџментот, маркетингот, финансиите/сметководството, производството/операциите, истражувањето и развојот и во активностите во управување со информатичките системи на еден бизнис. Идентификацијата и евалуацијата на организациските силни страни и слабости во функционалните области на бизнисот се суштинска активност на стратешкиот менаџмент.

Надворешното опкружување се состои од микро- и макро-опкружување. Надворешните можности и надворешните закани се однесуваат на економските, социјалните, културните, демографските, еколошките, политичките, правните, владините, технолошките и конкурентските трендови и настани што можат значително да ѝ користат или да ѝ наштетат

на една организација во иднина. Можностите и заканите се во голем степен надвор од контролата на една поединечна организација – оттаму и зборот надворешни.[1]

Микроопкружувањето, уште наречено и индустрија во којашто субјектот дејствува, се состои од клиенти/комитенти, партнери, конкуренција, снабдувачи, сојузи, синдикати, асоцијации, кредитори.

## Алатки за скенирање на бизнис-опкружувањето

Основната доктрина на стратешкиот менаџмент е дека фирмите мораат да формулираат стратегии за да ја искористат предноста од надворешните можности и да го избегнат или да го намалат влијанието од надворешните закани. Од таа причина, идентификувањето, следењето и евалуацијата на надворешните можности и закани се суштествени за успехот. Овој процес на спроведување истражувања и прибирање и асимилирање на надворешни информации, понекогаш се нарекува скенирање на опкружувањето или индустриска анализа.

ПЕСТ-анализата е креација на харвардскиот професор Френсис Џ. Агилар (Francis J. Aguilar)[2] во 1967 година и претставува алатка што се користи за анализа и следење на факторите на макроопкружувањето што можат да имаат големо влијание врз перформансите на една организација. Оваа алатка е особено корисна кога се почнува нов бизнис или при влез на странски пазар. Често се користи во соработка со други аналитички деловни алатки, како што се SWOT-анализата и Портеровите пет сили за анализа на конкуренцијата, за да се даде јасно разбирање на ситуацијата и поврзаноста на внатрешните и надворешните фактори.

Слика 1. ПЕСТЕЛ-анализа




Извор: David F. R. *Strategic Management Concept and Cases*. Prentice Hall: Boston, 2011.

1 David F. R. *Strategic Management Concept and Cases.* Prentice Hall: Boston, 2011.

2 Aguilar F. J. *Scanning the Business Environment*. Macmillan: New York [1967].

За да биде потполна ПЕСТ-анализата, додадени се уште факторите на природната средина и правните фактори што влијаат врз организацијата во макроолината и во поново време е позната како ПЕСТЕЛ-анализа, составена од факторите: политички, економски, социјални, технолошки, природна средина и правни.

Политичкото опкружување ги вклучува сите закони, владини агенции и групи кои влијаат врз или ограничуваат други организации и индивидуи во рамките на едно општество и коишто ја сочинуваат политичката стабилност на една земја. Важно е за стратезите да бидат свесни за овие ограничувања, бидејќи тие можат да бидат комплексни.

Значаен аспект на макроопкружувањето е економското опкружување. Ова се однесува на куповната моќ на потенцијалните клиенти и начините на коишто луѓето ги трошат своите пари, стапката на инфлација, динамиката на економскиот развој на земјата и пазарниот развој.

Друг аспект на макроопкружувањето е социјалното опкружување, што се состои од институции и основни вредности и верувања на заедницата. Овие вредности, исто така, можат да се категоризираат во основни верувања, кои се пренесуваат од генерација на генерација и многу тешко се менуваат.

Технолошкото опкружување е можеби еден од најбрзо менливите фактори во макроопкружувањето. Ова ги вклучува сите случувања, од антибиотици и хирургија до нуклеарни ракети и хемиско оружје и до автомобили и кредитни картички. Бизнисите мораат да бидат информирани за трендовите за да можат да бидат дел од следниот голем бизнис-потфат, наместо да станат застарени и да трпат финансиски последици. Особено треба да се земат предвид и развојот на дигиталната технологија и нејзиниот ефект врз растот на пазарот и вработувањето.

Природната средина е уште еден важен фактор на макроопкружувањето. Ова ги вклучува природните ресурси што ги користи компанијата како влез. Горливи теми во оваа област се зголеменото загадување, недостигот на суровини и зголемената владина интервенција.

Правната средина е од особено значење, бидејќи законите и регулативите често се менуваат, тие создаваат бариери што можат многу да влијаат врз начинот на којшто компаниите можат да ги пласираат своите деловни активности, особено низ дигиталната заедница.

**SWOT-анализата** (позната и како SWOT-матрица) е рамка што помага да се процени широк спектар на фактори што можат да имаат големо влијание врз перформансите на бизнисот. Овие фактори можат да бидат внатрешни/ организациски или надворешни. Понатаму, овие фактори се поставуваат во четири квадранти: јаки страни, слаби страни, можности и закани. Со комбинирање на внатрешните и надворешните димензии се генерираат стратегии на организацијата: стратегија за слаби страни – можности; стратегија за слаби страни – закани; стратегија за јаки страни – можности и стратегија за јаки страни – закани. Инаку, SWOT-матрицата е креирана на крајот на шеесеттите години од страна на Алберт С. Хамфри (Albert S. Humphrey)[3], кој магистрирал на Универзитетот „Харвард“, а потоа долги години работел како консултант во Истражувачкиот институт на „Стенфорд“ (SRI International).

[3] Humphrey A. S. *SWOT Analysis for Management Consulting.* SRI International, 2005.

Слика 2. SWOT-анализа




Извор: Humphrey A. S. *SWOT Analysis for Management Consulting.* SRI International, 2005.

Портеровите пет сили за анализа на конкуренцијата[4] е рамка што помага да се анализира нивото на конкуренција во одредена индустрија. Особено е корисно кога се почнува нов бизнис или кога бизнисот сака да се прошири во нов индустриски сектор. Според оваа рамка, конкурентноста не доаѓа само од конкурентите. Наместо тоа, состојбата на конкуренција во индустријата зависи од пет основни сили: закана од нови влезови, моќта за преговарање на снабдувачите, моќта за преговарање на купувачите, закана од заменски производи или услуги и постојно ривалство во индустријата. Моќта на овие сили го одредува потенцијалот за профит на една индустрија, а со тоа и нејзината привлечност. Ако петте сили се интензивни, тогаш ниту една компанија во индустријата не заработува многу од инвестициите. Доколку силите се благи, има простор за поголема заработувачка.[5]

Слика 3. Петте сили на Портеровата анализа на конкуренција




Извор: Porter M. E. “The Five Competitive Forces That Shape Strategy”. Special Issue on HBS Centennial. *Harvard Business Review 86*, No. 1 (January 2008): 78-93.

[4] Porter M. E. “The Five Competitive Forces That Shape Strategy”. Special Issue on HBS Centennial. *Harvard Business Review 86*, no. 1 (January 2008): 78-93.

[5] Porter M. E. “How Competitive Forces Shape Strategy”. *Harvard Business Review*, May 1979 (Vol. 57, No. 2), pp. 137-145.

Мајкл Портер има изградено и модел за анализа на земјите или нациите како што е во насловот на неговата книга[6] и е наречен уште и модел на дијамант. Моделот на Мајкл Портер (познат и како Теорија на националната конкурентска предност на индустриите) е во форма на дијамант и се фокусира на објаснување зошто одредени индустрии во рамките на одредена земја се конкурентни на меѓународно ниво, додека други не. И зошто одредени компании во одредени земји се способни за постојана иновација, додека други не. Портер тврди дека способноста на која било компанија да се натпреварува во меѓународната арена се заснова главно на меѓусебно поврзана предност на локацијата што ја поседуваат одредени индустрии во различни земји, тоа се: стратегија на организацијата, структура и ривалство; фактори на средината; услови на побарувачката; и сродни индустрии и индустрии на поддршка. Доколку овие услови се поволни, тоа ги принудува домашните компании континуирано да иновираат и да се надградуваат. Конкурентноста што ќе произлезе од ова е корисна, па дури и неопходна за меѓународен настап и можност за борба со најголемите светски конкуренти.

Стратегија на организацијата, структурата и ривалството се зависни од националниот контекст во којшто работат компаниите. Тој во голема мера одредува како се создаваат, организираат и управуваат компаниите: тоа влијае врз нивната стратегија и како тие самите се структурираат. Покрај тоа, домашното ривалство е клучно за меѓународната конкурентност, бидејќи ги принудува компаниите да развиваат уникатни и одржливи сили и можности. Колку е поинтензивно домашното ривалство, толку повеќе компании се поттикнуваат да иновираат и да се подобруваат со цел да ја задржат својата конкурентска предност. На крајот, ова ќе им помогне на компаниите при влегување во меѓународната арена.

Факторите на средината во одредена земја се однесуваат на достапните природни, капитални и човечки ресурси. Некои земји се многу богати со природни ресурси како што е нафтата, на пример (Саудиска Арабија). Човечки ресурси подразбира услови како што се квалификувана работна сила, добра инфраструктура и научна база на знаења. Портер тврди дека особено овие „создадени“ услови на фактори се важни, наспроти „природните“ услови што се веќе присутни. Важно е овие создадени факторски услови да бидат постојано надградувани преку развој на вештини и создавање на нови знаења. Конкурентската предност произлегува од присуството на институции што создаваат специјализирани фактори, а потоа постојано работат на нивно надградување. Нациите на тој начин успеваат во индустриите каде што тие се особено добри во создавањето фактори.

Домашната побарувачка во голема мера влијае врз тоа колку се поволни индустриите во одредена нација. Поголемиот пазар значи повеќе предизвици, но, исто така, создава можности за раст и подобрување на компанијата. Присуството на зголемени услови на побарувачка од локалните клиенти ги турка компаниите да растат, да иновираат и да го подобруваат квалитетот. Настојувајќи да ги задоволи бараните домашни пазари, ги

---

[6] Porter M. E. *The Competitive Advantage of Nations.* Free Press: New York, 1990. (Republished with a new introduction, 1998.)

поттикнува компаниите да направат нови достигнувања и евентуално да добијат согледување за идните потреби на клиентите надвор од земјата. Нациите на тој начин добиваат конкурентска предност во индустриите каде што локалните клиенти им даваат на компаниите појасна слика за новонастанатите потреби на купувачите и побрзо да постигнат поодржливи конкурентски предности од нивните странски ривали.

Присуството на сродни индустрии и индустрии на поддршка ја обезбедуваат основата врз којашто една индустрија може да се истакне. Компаниите честопати зависат од сојузи и партнерства со други компании, со цел да создадат дополнителна вредност за клиентите и да станат поконкурентни. Особено снабдувачите се клучни за подобрување на иновациите преку поефикасни и поквалитетни влезови, навремени повратни информации и канали на комуникација. Компаниите на една нација имаат најголема корист кога самите овие снабдувачи се, всушност, глобални конкуренти. Честопати можат да бидат потребни години (па дури и децении) напорна работа и инвестиции за да се создаде силна поврзана индустрија и индустрија за поддршка што ќе им помага на домашните компании да станат глобални конкурентни. Сепак, штом овие фактори се воспоставени, целиот регион или целата нација можат да имаат корист.

***- Владата/државата***

Улогата на владата во Дијамантскиот модел на Портер е опишана и како „катализатор и предизвикувач". Портер не верува во слободен пазар каде што владата остава сè во економијата на „невидливата рака". Сепак, Портер не ја гледа владата ниту како суштински помагател и поддржувач на индустријата. Владите не можат да создаваат конкурентни индустрии; само компаниите можат да го сторат тоа. Наместо тоа, владите треба да ги охрабруваат и да ги туркаат компаниите да ги зголемат своите аспирации и да преминат на уште повисоки нивоа на конкурентност. Ова може да се направи со стимулирање на раната побарувачка за напредни производи (фактори на побарувачка); фокусирање на специјализирани креации на фактори, како што се инфраструктурата, образовниот систем и здравствениот сектор (факторски услови); промовирање на домашно ривалство со спроведување на закони против доверба; и охрабрувачки промени. Владата, на тој начин, може да помогне во развојот на четирите госпоменати фактори на начин што треба да им користи на индустриите во одредена земја.

***- Шанса***

Покрај тоа што Портер првично не пишува ништо за случајноста или среќата во неговите трудови, улогата на шансата честопати е вклучена во Дијамантскиот модел како веројатност произлезена од одредени надворешни настани, како што се војната и природните катастрофи, да влијаат негативно врз една земја или индустрија или позитивно кога, на пример, има фундаментални научни достигнувања. Овие настани се надвор од контрола на владата или на одделни компании. Случајните настани можат

да доведат до предности за едни и закана за други компании. Некои фирми можат да добијат конкурентни позиции, додека други можат да изгубат.

Слика 4. Дијамантскиот модел




Извор: Porter M. E. *The Competitive Advantage of Nations.* Free Press: New York, 1990. (Republished with a new introduction, 1998.)

## Бариери и предизвици на макроопкружувањето за малите и средните бизниси во Република Северна Македонија

Анализата на бариерите и предизвиците за развој на нашата земја е сублимирана во неколку документи. Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија и други документи на Министерството за економија и владини документи; Партнерската стратегија на земјата 2019-2023 на Светската банка[7]; Стратегија за развој вештини и надминување на јазот од УНДП.[8]

Општествениот и политичкиот контекст е детално опишан во документот Партнерска стратегија на земјата 2019-2023 од Светската банка.

Република Северна Македонија, иако е земја без излез на море, се наоѓа во срцето на Балканот и има предност бидејќи е транзитен регион што лежи на два паневропски коридора, Коридор VIII и X. Близината до

---

[7] International bank for reconstruction and development, international finance corporation, multilateral investment guarantee agency, country partnership framework for the Republic of North Macedonia for the period January 2019 – June 2023. Report No. 135030-MK, March 21, 2019. http://pubdocs.worldbank.org/en/705311555590000225/North-Macedonia-CPF-2019.pdf.

[8] Bridging the skills gap to create new and better jobs. https://www.mk.undp.org/content/north-macedonia/en/home/projects/Bridging-the-Skills-Gap-to-Create-New-and-Better-Jobs.html.

Европската унија (ЕУ) обезбедува пристап до голем извозен пазар со 650 милиони клиенти.

Според последниот попис од 2002 година, населението е приближно два милиона, од коишто 25% живеат во главниот град, Скопје, и 40% во руралните области.

Стареењето на населението и долгата традиција на емиграција претставуваат предизвик за продуктивноста. Не е направен попис на населението од 2002 година, па од анализите на пописните податоци на земјите во коишто емигрира македонското население (претежно западноевропски земји и Северна Америка), проценката на Светската банка е дека повеќе од 500.000 граѓани од Северна Македонија престојуваат во странство, процентуално една од најголемите дијаспори во светот од вкупното население. Имајќи ги предвид малата големина на работната сила и ниските стапки на наталитет, загубата дури и на мал број на квалификувани работници влијае врз целокупниот фонд на вештини во економијата.

Раната транзиција на земјата кон пазарно-ориентирана економија беше успешна. Северна Македонија во голема мера го избегнуваше насилството што ги напаѓаше другите републики на поранешна Југославија во годините што следуваа по прогласувањето независност во 1991 година. Решението на спорот со името, одлучноста за пристапување кон ЕУ и пристапувањето кон НАТО доведоа до политичка стабилност.

Светската банка оценува дека Северна Македонија има добар учинок во спроведувањето на макроекономските политики и реформи во деловното опкружување. Особено е истакната стабилноста на монетарната политика и управувањето на Народната банка со каматните стапки за да го поттикне растот на кредитот и да избегне повлекување на депозити.

Макроекономските изгледи се позитивни, со просечен годишен раст од 3,5 проценти во текот на 2019-2023 година. Одржувањето на претпазлива фискална политика е клучно за одржување на макроекономската стабилност и стимулирање на растот предводен од приватниот сектор.

Владата продолжува да биде посветена на реформите во деловното опкружување што се однесуваат на ригидноста на пазарот, производството и пазарот на трудот за да привлече странски директни инвестиции.

Постои јаз на нееднаквост во приходите според коефициентот Гини. Сиромаштијата е намалена, а сепак, нивото на платите е сè уште ниско за да обезбеди посакуван квалитет на живот.

Поддршката за развој на приватниот сектор е сè уште на незадоволително ниво: „Иако Северна Македонија направи значителен напредок кон создавање услови неопходни за динамичен приватен сектор, многу фирми и работници сè уште не можат да ги преведат овие услови во економски можности. Македонската економија сега е стабилна веќе две децении и стапките за деловното опкружување на земјата се високи на меѓународните рангирања (Северна Македонија е оценета како 11-та во извештајот 'Дуинг бизнис 2018'). Економијата е отворена за трговија, а властите веќе долго време имаат позитивен став кон СДИ. Сепак, овие политики не дадоа целосна структурна трансформација поради нецелосна реформска агенда и

забележливи празнини помеѓу законите и практиката. Покрај тоа, реформата е забавена од 2009 година, а растот на продуктивноста опадна“.[9]

Во извештајот понатаму се забележува дека има високи вложувања во капитални инвестиции, но со мал поврат и раст на економијата, што укажува дека се вложува во неатрактивни сектори. Во оваа насока е и бавното движење на трудот од земјоделството до попродуктивните сектори и секторската распределба на трудот генерално е малку сменета во текот на изминатата деценија. Погрешната распределба на трудот ги намалува можностите за вработување и предизвикува високи стапки на иселување и зголемување на баратели на социјална помош.

Лошата распределба на ресурсите се влошува со фактот дека локалните фирми имаат ограничени можности и не сакаат да прифатат нови технологии. Домашната економија е составена од голем удел на мали фирми што бавно се иновираат.

Има забавување на институционалните реформи и ерозија на државните институции, особено за време на политичката криза 2015-2017 година, што ја поткопа економијата и доведе до забавување во растот и во создавањето на работни места.

Споменати се и инфраструктурните недостатоци, високото ниво на загадување, опасноста од природни ризици и неподготвеноста да се одговори на нив, како и енергетската неефикасност.

Како неопходност се наведува потребата континуирано да се работи на унапредување на политичката стабилност, отчетност, владеење на правото и намалување на корупцијата.

Доколку земјата сака да излезе од групата на земји со среден приход и да постигне статус со високи примања, ќе мора да ги надмине клучните слабости: трговијата и транспортната поврзаност; интеграцијата на синџирот на вредности; недостатоците во политиката за конкуренција и инвестиции; недостатоците во деловната регулатива; пристапот до финансии; дигиталната поврзаност; недостигот на вештини за работна сила; намалувањето на корупцијата.

Ветени се стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020-24 година[10], а дел од нив се во насока на зајакнување и обезбедување на забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните; владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност; квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот; модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација, што обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните

---

9 International bank for reconstruction and development, international finance corporation, multilateral investment guarantee agency, country partnership framework for the Republic of North Macedonia for the period January 2019 – June 2023. Report No. 135030-MK, March 21, 2019. http://pubdocs.worldbank.org/en/705311555590000225/North-Macedonia-CPF-2019.pdf, str. 8.

10 Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 (пристапено на 21.10.2020 година, преземено од: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vlada-agenda2024-finalno_programa_1.pdf).

и деловните субјекти; заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени. Тие се во согласност со забелешките дадени од повеќе извештаи за земјата и упатуваат на активности за нивно надминување.

**Главни наоди од испитаниците за бариерите на малите и средните бизниси во Република Северна Македонија**

Испитаниците генерално ги издвоија истите бариери во бизнис-опкружувањето независно дали беа од микро, мали или средни бизниси и независно од секторот во којшто работат. Наодите можат да се групираат во неколку тематски целини: пазар, инфраструктура и транспорт, закони и регулативи за развој, за конкуренцијата на домашниот пазар, настап на странски пазари, мрежи, сојузи за поддршка.

***Бариери во релација со големината на пазарот, ниската куповна моќ на граѓаните, поддршка од државата за пазарен развој***

„Македонија е мал пазар, потрошувачите/граѓаните имаат ниска куповна моќ, што резултира со ниска заработувачка (маржа) за квалитетна стока поради формирање на попристапни цени и набавување на помали количества стока, додека трошоците (за увоз/транспорт, фирмарина и др.) се високи/исти.“

„Барањето производ со колку што е можно повиска цена, без приоритет на квалитетот, придонесува за неконкурентност на фирми што се решиле да вложат во обука на кадар, набавка на нова опрема и почитување стандарди во однос на ’гаражни работилници‘.“

„При инвестициски вложувања во овој сектор, земјите од регионот што се членки на ЕУ добиваат високи износи на грантови и до 70%, а остатокот од 30% се кредити со многу ниски камати, а во МК тоа не е можно“.

„Немаме капитал за да пробиваме нови пазари, државата да помогне со промоција и поддршка.“

„Недоволен број на поволни домашни и странски (ЕУ) кредитни линии со ниска каматна стапка за развивање на мали и средни претпријатија; недоволно информации како до овие пари; гломазна процедура за апликација за овие кредити; транспарентност во доделувањето средства; услови во коишто треба да се враќаат.“Бариери врзани со инфраструктурната поврзаност, состојбата и цената на транспортот

„Сто километри е патот од Градско до Битола, од Битола до Ќафасан патот е во очајна состојба. Ова од причина што над 50% од производството извезуваме,голем дел и во соседните земји, а за вакви патишта се плаќа и повисока цена на транспортот.“

„Нашето претпријатие својата економска активност, како дел од графичката индустрија, ја остварува како услужна дејност за потребите на кондиторските и фармацевтските претпријатија. Во таа рамка, на домашниот пазар често се соочуваме со нелојална конкуренција во однос на цената на

производите што ги произведуваме што, долгорочно гледано, ја намалува можноста за инвестирање во нови технологии, што, пак, од своја страна е неопходно за економската стабилност на претпријатието. Со оглед на фактот дека претпријатието е и извозно-ориентирано, тука се соочуваме со еден голем проблем, а тоа е цената на транспортот, што ја намалува нашата конкурентност на странските пазари.“

***Бариери во релација со недефинираност и спротивставеност на одредени закони и регулативи и барања што го забавуваат развојот на бизнисот во одредени сектори***

„Секторот во којшто работам се соочува со ограничувања во набавката на суровини од странство. Земјите од ЕУ без царини и други давачки си увезуваат суровини што им требаат за работа од други земји од ЕУ, а нас кога ни требаат, треба да платиме многу давачки, па сме принудени да купуваме од Македонија, а тоа значи некогаш да се плати повеќе и за полош квалитет на суровина.“

***Бариери од нелојална конкуренција меѓу бизнисите карактеризирана со нечесност, измама и недоверба***

„Честопати бизнисот се соочува со нелојална конкуренција и неетичко однесување на конкурентските претпријатија.“

„Нелојална конкуренција, практика да се заобиколат или да се прекршат некои стандарди, само да се добие производ со пониска цена.“

„Да, проблемот со наплата“.

„Јас работам со стока што е врзана со мода и постојано треба да ги следам трендовите и да набавувам нова стока. Имам резерви за уште два дуќана. Сега ја чувам и во последно време продавам преку интернет. Имав периоди кога ми се обраќаа луѓе да ми ја продаваат стоката, но пари од нив не добив никогаш. Затоа веќе никому не давам стока на големо, бидејќи немам начин како да се осигурам дека ќе платат. Плаќањето е еден од поголемите проблеми.“

***Недоверба меѓу комнинтентите како бариера***

„Нередовното сервисирање на долговите од страна на клиентите и немањето инструменти за осигурување на наплатата. Од друга страна, снабдувачите, особено странските, си бараат редовно плаќање на обврските, за да може да продолжи редовната испорака на добра и услуги. Како резултат на тоа, со парите од редовните плаќачи се поддржуваат нередовните и, наместо овие средства да се употребат кон проширување и растење на претпријатието, тоа одржува статус кво.“

***Недоволната подготвеност за настап на странски пазари и пласирање на производите/услугите надвор од земјата е истакнато како бариера***

„Значително се менува земјоделството во светот, се оди кон автоматизација, силен капитал за вложување во машини и друга механизација. А ние во тој дел сме слаби, тешко и скапо доаѓаме до капиталот што ни е потребен за да бидеме конкурентни со странство. Со банките има премногу администрација, а со државата да не си фатиш работа."

„Пазари има, но не сме конкурентни со странство, со поразвиените економии. Поевтини се, поефикасни, помалку администрација има кај нив."

„Немаме конкуренција во Македонија, за жал, имаме конкуренција во Шпанија, Италија и други земји, кои во речиси сè се подобри од нас. Сè потешко успеваме да се избориме со нив."

„Во однос на конкуренцијата, мојата девиза е дека кој се плаши од конкуренција не треба да раководи со фирма, но на конкуренцијата можеме да се спротивставиме само со постојано инвестирање во опрема и кадар, за што треба најмалку 60 до 70% од профитот да одат во инвестиции."

***Способноста на локалниот финансиски систем како бариера е издвоена повеќе кај микробизнисите и кај малите бизниси отколку кај средните бизниси***

„Бизнисот се финансира во најголема мера со сопствени средства и банкарски кредити/заеми." (мал бизнис)

„До кредити се доаѓа тешко. Имам постојано по некој кредит, но повторно позајмувам од пријатели за одржување на бизнисот. Потребни се линии на брзи кредити, без толку проверки и чекање. За мене некогаш е пресудна брзината на плаќање за да добијам солидна цена. Јас, како долгогодишен комитент на банката, би требало да имам некои повластици." (микро)

„Кредити настојувам да не земам и добро е тоа. Се плашам да заглавам со кредит. Дуќанот го отворив со лична заштеда и позајмени пари од роднини. За две години успеав да го вратам позајменото. Но, не успеав да заработам толку колку што сум вложила." (микро)

„Способноста на финансискиот систем е неспорно добра, начините и можностите за финансирање се сосема нешто друго (…) не постои финансирање на проект (идеја), финансирање на старт-ап (изземен фонд за иновации), капиталот, и во случај кога е достапен, сè уште е скап." (мал бизнис)

„Задолжени сме ептен со кредити, нема од каде дополнително да се најде капитал да се вложи. Колку можеме од тековното работење, се одвојуваат средства за обнова на машини и вложување во други делови од работењето. Каде што гори, пробуваме да покриеме. Варираат каматите, но мислам дека се многу високи за наши услови, не се стимулирачки воопшто". (среден бизнис)

„Имаме преголема понуда на кредити и со релативно ниска камата (под 2%) на годишно ниво, бидејќи категоризирани сме од банките во најдобрата категорија, додека лошостоечките фирми се задолжуваат со двојно повисоки каматни стапки." (среден бизнис)

***Нефункционалност и недостиг на сојузи, здруженија, институции, мрежи за поддршка и раст на бизнисите***

„Добро би било да има некој да нè советува за тоа што се барањата од законите и како да се постапи. Јас најмногу се советувам со сметководителката, но за некои работи и таа не знае, а јас не знам каде да се обратам. Моја среќа што имам добри муштерики, на добри позиции и некогаш тие ме упатуваат.“

„Порано имавме здруженија што нè информираа за многу новини во нашата бранша, бидејќи за нас е тоа битно, сега сè е сведено на бизнис и некој да заработи на наш грб.“

„Само собиранки без никаква можност за влијание или правење промени.“

„Сојузи треба да има каде што фирмите би имале поддршка, најмногу во однос на образовниот процес.“

„Потребна е поголема активност на сојузите на стопански комори во однос на презентација на домашните капацитети во странство и наоѓање на нови пазари за пласман. Исто така, потребна е поактивна вклученост на коморите во носењето закони и регулативи што би го поддржале растот на фирмите, а не законите да го ограничуваат и отежнуваат работењето на фирмите.“

**Заклучоци**

Сумирајќи ги приодите за анализа на опкружувањето од авторитетите во стратегискиот менаџмент, податоците добиени од секундарните извори за состојбите во македонското деловно опкружување и исказите на испитаниците од спроведените интервјуа, можат да се издвојат како битни следните наоди:

- Македонскиот пазар е мал и според население и според куповната моќ на населението, што резултира со намалување на цени и мала заработувачка. За да не заглавиме во земја со ниски приходи, неопходно е македонските бизниси да се ориентираат кон меѓународните пазари.
- Неопходна е поддршката на владата за унапредување на пазарниот развој, која би се состоела од подобрување на состојбата со инфраструктурата и транспортот, промена на закони и регулативи што би го олесниле водењето на бизнисот (увоз, гаранција на наплата...), помош, особено финансиска, со грантови и ниски камати и грејс-периоди за развој на нови производи, технологии, знаење, воопшто за развој.
- Како неопходност се наведува потребата континуирано да се работи на унапредување на политичката стабилност, отчетност, владеење на правото и намалување на корупцијата.
- Во деловното опкружување во Македонија има низок ривалитет меѓу конкурентите, што ги прави летаргични и комотни. Оваа

состојба најмногу се согледува во ниското ниво на иновативност и во воведувањето на нови технологии.

- Тоа ги прави деловните субјекти неконкурентни на пазарите надвор од земјата.
- Неразвиената конкуренција влијае врз забавување на развојот на земјата, што се рефлектира и во недостигот на сродни индустрии и индустрии на поддршка за да ја обезбедат основата врз којашто една индустрија може да се истакне.
- Иако ривалитетот е низок, како проблем е издвоена нелојалната конкуренција, проследена со чести случаи на нечесност, измама. Особено меѓу конкурентите, кога на сето ова ќе се додаде недовербата кон снабдувачи, коминтенти, дистрибутери, се доаѓа до заклучок дека каналите на комуникација меѓу конкуренцијата, клиентите, коминтентите се ограничени или воопшто ги нема.
- Главниот проблем на ваквата недоверба го лоцираат во неефективност на механизмот за гаранција на наплата, оценет како бавен и неефикасен, кој побарува дополнителни финансиски средства.
- Домашното ривалство е клучно за меѓународната конкурентност, бидејќи ги принудува компаниите да развиваат уникатни и одржливи јаки страни. Домашното ривалство ги поттикнува компаниите да иновираат и да се подобруваат, со цел да ја задржат својата конкурентска предност.
- Треба да се истакне дека компаниите честопати зависат од сојузи и партнерства со други компании, со цел да создадат дополнителна вредност за клиентите и да станат поконкурентни. Штом овие фактори се воспоставени, целиот регион или целата нација можат да имаат корист.
- Позитивно е што постои свест кај испитаниците дека заостануваат од конкуренцијата што е во странство и дека треба да се работи на сопствено техничко-технолошко подобрување и подобрување на знаењето.
- Поголем дел од приватниот сектор е оставен да се финансира од себе си и поддршката од државните институции ја оценува како недоволна, нетранспарентна, многу комплицирана и со нејасен исход. Бенефициите од државните институции за пазарен развој се оценети како ниски и недоволни. Главно финансиската поддршка ја добиваат од комерцијалните банки.
- Поради висината на каматите и строгите процедури, брзината на одобрување, особено малите бизниси и микробизнисите се решаваат да користат неформални извори на финансирање: сопствен капитал, заеми од роднини и пријатели.

**Референции**

Aguilar F. J. *Scanning the Business Environment.* Macmillan: New York,1967.

Bridging the skills gap to create new and better jobs (пристапено на 21.10.2020 година, преземено од: https://www.mk.undp.org/content/north-macedonia/en/home/projects/Bridging-the-Skills-Gap-to-Create-New-and-Better-Jobs.html).

David F. R. *Strategic Management Concept and Cases.* Prentice Hall: Boston, 2011.

Higgins J. & Vincze J. *Strategic management: text and cases*. 4th ed. Holt, Rinehart and Vinston, Inc.: USA, 1989.

Хит, Ајрланд, Хоскинсон. „Стратегиски менаџмент. „НАМПРЕС, : Скопје, 2012.

Humphrey S. A. *SWOT Analysis for Management Consulting.* SRI International, 2005.

International bank for reconstruction and development, international finance corporation, multilateral investment guarantee agency, country partnership framework for the republic Republic of north North Macedonia for the period january January 2019 – june June 2023. Report No. 135030-MK, march March 21, 2019. http://pubdocs.worldbank.org/en/705311555590000225/North-Macedonia-CPF-2019.pdf.

Извештај на Прибе. "The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on Systemic Rule of Law Issues Relating to the Communications Interception Revealed in Spring 2015" (пристапено на 21.10.2020 година, преземено од: https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf).

Kotler P. & Keller K. L. *Marketing Management.* 14th ed. Prentice Hall: Upper Saddle River NJ, 2012.

Leifer R. and Huber G. "Relations among perceived environmental uncertainty, organization structure, and boundary spanning behavior". *Administrative Science Quarterly 22*, 235-247. 24., 1997.

Porter M. E. "How Competitive Forces Shape Strategy". *Harvard Business Review*, May 1979 (Vol. 57, No. 2).

Porter M. E. "The Five Competitive Forces That Shape Strategy". Special Issue on HBS Centennial. *Harvard Business Review 86*, No. 1 (January 2008).

Porter, M. E. *The Competitive Advantage of Nations.* Free Press: New York, 1990. (Republished with a new introduction, 1998.)

Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 (пристапено на 21.10.2020 година, преземено од: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vlada-agenda2024-finalno_programa_1.pdf).

УДК 334.72.012.63/.64-026.23-022.334]:005.96

*Вон. проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ*

# АНАЛИЗА НА ВНАТРЕШНИТЕ БАРИЕРИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ

Внатрешните (ендогени) бариери во најголема мера се однесуваат на сите процеси и функции на менаџментот на човечките ресурси во организацијата (планирање на ЧР; регрутација; селекција; обука и развој; менаџмент на перформанси; системи за наградување; работни односи), како и на други аспекти тесно поврзани со менаџментот/управувањето и организацијата, како систем (раководење/менаџерски вештини, развој на брендот, организациски правила и политики; организациска комуникација, инвестициска политика, профитабилност, организациска технологија; организациска структура). Иако предизвиците за раст и развој на ММСП главно се лоцираат во факторите на надворешното опкружување, сепак, мораат да се имаат предвид и внатрешните бариери или факторите на внатрешното опкружување.

Менаџментот на човечки ресурси е директно поврзан со организациската ефективност и ефикасност, односно претставува дизајнирање системи за правилно управување со вработените како ресурс, заради остварување на организациските цели.

Иако постојат повеќе перспективи за МЧР во последните години, битно е да се направи разлика помеѓу т.н. „мек“ или хуманистички-развоен пристап (Storey, 1992) и „тврдиот“ или ситуациски-зависен пристап (Boxall, 1996). Оваа дистинкција е особено присутна во студиите на Лег (Legge, 1995a, p. 35; 1995b, pp. 66-7). Според него, „мекиот“ пристап е насочен кон мотивација на вработените, организациска посветеност и развој, првенствено преку креирање на работно опкружување што го поттикнува развојот на вработените, преку имплементација на соодветни практики за обука, партиципација и комуникација, со фокус кон иновативни, флексибилни и посветени вработени, како вредни организациски ресурси (Beer et al., 1984a; 1984b; Boxall, 1996; Guest, 1989; 1991; 1992; Noon, 1992; Walton, 1985). „Тврдиот“ МЧР-пристап е во поголема мера поврзан со бизнис-стратегијата на организацијата и поради тоа може да се каже дека станува збор за стратегиски менаџмент на човечки ресурси (Beer et al., 1984a; 1984b; Boxall, 1996; Dyer, 1984; Hendry and Pettigrew, 1990; 1992; Kamoche, 1994; Lundy, 1994; Miller, 1989; Purcell, 1995; Schuler, 1992; Tyson, 1995; Whipp, 1992). Поконкретно, овој пристап гледа на вработените како на ресурс што треба да се искористи рационално и повеќе зависи од мерките за минимизација на трошоците, отколку од вложувањето во развојот на човечките ресурси.

Според студијата на Здружението за менаџмент на човечки ресурси (SHRM, 2014), соодносот помеѓу ЧР-професионалците и вработените во

една организација треба да изнесува 2,57:100; додека, пак, според студијата на Блумберг (Bloomberg, 2018) овој сооднос треба да биде 1,5:100.

Во моментов, законска обврска за формирање единица за управување со човечки ресурси постои единствено за државната администрација (Влада на Република Северна Македонија, 2007, 2008), но не и за приватниот сектор.

Во таа смисла, согласно македонскиот национален и деловен контекст, како (посттранзициска) економија во развој, се очекуваат неколку внатрешни бариери како карактеристични за ММСП, а тоа се: непостоењето на сектор/одделение за ЧР и стратегија за ЧР (па, оттаму, и немање на соодветен МЧР-пристап), особено во микропретпријатијата и малите претпријатија; немање на квалификувани менаџери, односно недостиг на менаџерски вештини кај вработените на раководни позиции; отсуство на деловни вештини за маркетинг и бизнис-развој; ниска понуда на квалификувана работна сила на пазарот на трудот.

### Примери од добиените истражувачки податоци

Во продолжение се претставени ставовите/изјавите на испитаниците, илустрирани преку цитати.

#### *Недостиг на внатрешни ресурси и ограничен капацитет на претпријатието*

„Потреба од нови вработувања (особено во секторот за човечки ресурси).“ (#1)

„Неискусни вработени, необученост на персоналот, недостиг на понуда на соодветна работна сила во земјата.“ (#2)

„Не можам да најдам чесна продавачка. Сега работам сам и гледам колку ме краделе продавачките и колку сум бил наивен. Моја грешка, толку години работам, а не воспоставив систем на контрола.“ (#3)

„Во дуќанот работиме јас и мајка ми, таа е пред пензија. Би сакала да вработам уште едно девојче, но сега каква што е ситуацијата, кога ќе отиде таа во пензија нема да можам никого да вработам.“ (#4)

„Многу тешко наоѓаме работници, дел се избегани во странство, дел не сакаат да се занимаваат со земјоделство, младите масовно бегаат од земјоделство.“ (#6)

„Нема работници, тоа ни е главен проблем. И се плашам дека како тргнало да замира земјоделството, ќе останеме и без суровини.“ (#7)

„Дефицит на квалификуван работен кадар е најголемата бариера со којашто се соочува приватниот сектор во последните неколку години, особено е истакнато истото кај занаетчиите. Тоа придонесува за многу бавен или никаков раст на фирмите во приватниот сектор, конкретно во нашиот случај. Тие бариери би се надминале само со едукација,

едукативни програми и пренасочување во образовниот систем на дефицитарен кадар.“ (#9)

„Нашето претпријатие е производствено, па својата дејност је реализираме со користење на разни типови машини за коишто е неопходен обучен и искусен кадар и за чие менаџирање, исто така, е потребен обучен кадар.“ (#10)

„Првично, со прераспределба на обврските и задачите помеѓу постојните вработени, како и имплементација на нови процеси што би помогнале за поедноставување на работата; втор чекор, пронаоѓање на нови кадри кои би биле посоодветни за ограничените капацитети на претпријатието.“ (#11)

***Бариери за раст поврзани со целиот проблем на управување со човечките ресурси***

„Потреба од проширување на секторот за човечки ресурси.“ (#1)

„Генерално, и покрај големата невработеност кај нас, главни бариери се недостигот на квалитетен кадар и, секако, ограниченоста на пазарот за можен раст (мал ограничен пазар), не познавам компанија што има поголем раст, а да не е излезена надвор од рамките на земјата со бизнисот (изземени се оние поврзани со државата).“ (#5)

„Тоа што кажав, нема работници, старите во пензија, младите не сакаат на лента да работат, а ние пари за технологија и јака автоматизација немаме.“ (#7)

„Со оглед на спецификата на производствениот процес, потребно е навремено и селектирано одбирање кадар, со цел да се избегнат компликациите во процесот на производство, во поглед на нестручност и неадекватност на човечките ресурси.“ (#10)

„Кај МСП, честа појава е вршењето на повеќе работни обврски од страна на еден вработен. Причините за ова можат да бидат од финансиска или просторна природа или, едноставно, немање на доволно голем обем на работа за да оправда вработување на специјализиран кадар. Ова може да резултира со неоптимални процеси на работа – што со текот на времето можат да станат и навика. Како решение – ангажирање на надворешен консултант, кој би укажал на моменталните недостатоци и би поставил рамка во којашто треба да се движи претпријатието во иднина во поглед на ова прашање.“ (#11)

Услови за вработување и отпуштање работници

„Ако не работат, ги бркаме вработените, земјоделството бара силен физички напор и повеќечасовна работа. Сè повеќе работниците сакаат да лежат, а да им стигнуваат пари на сметка.“ (#6)

„Ги вработуваме по препорака и ги пробуваме да видиме какви работници се, ако не ’ги бива‘, ги отпуштаме.“ (#7)

„Подобри закони (услови) за вработување и отпуштање работници, во мојот работен век, не паметам.“ (#8)

„Условите за вработување и отпуштање работници се уредно спроведени со закон и истите, доколку се почитуваат обострано, се функционални.“ (#9)

### *Недостиг на квалификувани менаџери*

„Сум размислувал да вработам менаџер, а јас да бидам слободен, но не сум сигурен дека би нашол човек од доверба. Се плашам дека некој ќе дојде и ќе ме испокраде преку ноќ.“ (#3)

„Тешко се наоѓа ’асолен‘ човек кому можам да му препуштам да ги менаџира работниците или други работи, за да се посветам јас на нешто друго. Слаби менаџери сме, а посебно за земјоделство е катастрофа, не се наоѓаат луѓе со такви вештини.“ (#6)

„Тешко е човек од доверба да најдеш, добро да си работи, а да не направи некоја ’далавера‘ или друга глупост. На прсти се бројат луѓето од коишто сум бил задоволен, а ми биле менаџери.“ (#7)

„Квалификувани менаџери има, но добрите менаџери треба да се платат со минимална плата од 5.000 евра месечно, а за постигнатите резултати на крајот на годината треба да им се даде одреден процент од добивката, по изготвувањето на завршната сметка.“ (#8)

„Ова може да се надмине првично со согледување на потенцијалот на постојаните вработени и нивна доедукација во полето на менаџментот.“ (#11)

### *Отсуство на деловни вештини во областа на маркетинг и бизнис-развој*

„Сопствениците имаат знаење и искуство со маркетинг и менаџмент/ деловни вештини.“

„Кај мене наоѓам вина дека не го воспоставив бизнисот на здрави нозе, некако како да го крпев цело време, а не развивав. Никогаш не сум се едуцирал за бизнис и не сум посетувал таков вид тренинг, ниту, пак, сум добил некоја атрактивна понуда.“ (#3)

„Сѐ што е поврзано со маркетинг и продажба мора сами да си го бркаме, немаме пари за да платиме некој друг тоа да ни го прави. Колку знаеме, толку правиме.“ (#6)

„Јас главно го правам тоа, некогаш и други ми помагаат. Колку можеме, правиме.“ (#7)

„Не се соочуваме со такви проблеми, бидејќи посетуваме одредени предавања за деловни вештини, а и самиот интернет придонесува во одреден дел за самоедукација.“ (#8)

„Фактот што во денешно време глобалниот пазар нуди подостапни можности, има простор да се обрне повеќе внимание на обуки во поглед на менаџирањето и маркетингот.“ (#10)

„Ова може да се надмине првично со согледување на потенцијалот на постојаните вработени и нивна доедукација во полето бизнис и маркетинг.“ (#11)

**Дискусија и заклучок**

Во однос на анализата на добиените резултати, може да се заклучи дека во голем дел се потврдуваат претпоставките за потенцијалните внатрешни бариери за раст и развој на ММСП.

Како најголема внатрешна бариера се посочува недостигот на човечки ресурси, односно немање на вработени кои се квалификувани и/или компетентни, вработени кои немаат работно искуство, што се поврзува со ниската понуда на соодветна работна сила на моменталниот пазар на трудот, како и со континуираниот одлив на стручни и високообразовани кадри надвор од земјата. Меѓутоа, како додадена вредност на истражувањето, се добива сознание дека нема доволна понуда и за нискоквалификуваните профили на работници (на пример, особено потребни во трговија, земјоделство), за нив се вели дека или се заминати во странство или се незаинтересирани за работа, необучени, неизвршителни и непрофесионални.

Како што беше и очекувано, единици за менаџмент на човечки ресурси има единствено во претпријатијата со поголем број вработени, односно во средните претпријатија кои, сепак, се изјасниле дека чувствуваат потреба од нови вработувања или проширување на секторот или, пак, ја препознаваат потребата/можноста за ангажирање на надворешен консултант од областа на МЧР. Како причини за непостоење на единица за ЧР се посочуваат: финансиите, просторните капацитети и малиот обем на работа.

Во однос на условите за вработување и отпуштање на вработени, повеќето од испитаниците се изјасниле позитивно, односно дека моменталната законска рамка е соодветна и лесно применлива.

Речиси сите испитаници покажуваат свесност за недостигот од квалификувани менаџери, како и дека лично не ги поседуваат потребните менаџерски вештини, но мислењата се поделени: повеќето од нив немаат доверба дека некој друг „човек однадвор“ би можел целосно и чесно да се заложи себе си во интерес на бизнисот; дел сметаат дека тоа може да се надмине со препознавање на менаџерскиот потенцијал внатре во

организацијата и (до)едукација/обука; а некои сметаат дека ангажирањето на професионален менаџер чини премногу пари.

Половина од испитаниците потврдуваат отсуство на деловни вештини во областа на маркетинг и бизнис-развој, дел од нив се изјасниле дека се свесни за овој недостаток, но се трудат, во рамките на нивните можности, способности и знаења. Преостанатиот дел веруваат дека оваа бариера може да се надмине преку можностите што ги нуди неформалното и информалното учење (имајќи предвид обуки и интернет).

**Референции**


Beer, M., Spector, B. A., Lawrence, P. R., Mills, D. Q., & Walton, R. E. (1984) *Managing human assets*. Simon and Schuster.

Boxall, P. (1996) "The strategic HRM debate and the resource-based view of the firm". *Human resource management journal*, *6*(3), 59-75.

Dyer, L. (1984). "Studying human resource strategy: An approach and an agenda". *Industrial Relations: A Journal of Economy and Society*, *23*(2), 156-169.

Guest, D. (1989) "Personnel and HRM". *Personnel management*, *21*(1), 48-51.

Hendry, C., & Pettigrew, A. (1990) "Human resource management: an agenda for the 1990s". *International journal of human resource management*, *1*(1), 17-43.

Hendry, C., & Pettigrew, A. (1992) "Patterns of strategic change in the development of human resource management". *British Journal of Management*, *3*(3), 137-156.

Kamoche, K. (1994) "A critique and a proposed reformulation of strategic human resource management". *Human Resource Management Journal*, *4*(4), 29-43.

Legge, K. (1995) "What is human resource management?". In *Human resource management*. London: Palgrave; pp. 62-95.

Lundy, O. (1994) "From personnel management to strategic human resource management". *International Journal of Human Resource Management*, *5*(3), 687-720.

Miller, P. (1989) *Strategic HRM: What it is and what it isn't.*

Schuler, R. S. (1992) "Strategic human resources management: Linking the people with the strategic needs of the business". *Organizational dynamics*, *21*(1), 18-32.

Storey, J. (1992) *Developments in the management of human resources: an analytical review.* Blackwell.

Tyson, S. (1995) *Human resource strategy: Towards a general theory of human resource management.* Financial Times Management.

Walton, R. E. (1985) *From Control to Commitment in the Workplace: In factory after factory, there is a revolution under way in the management of work.* US Department of Labor, Bureau of Labor-Management Relations and Cooperative Programs.

Whipp, R. (1992) "Human resource management, competition and strategy: some productive tensions". *Reassessing Human Resource Management.* London: Sage Publications, 33-55.

https://www.shrm.org/ResourcesAndTools/businesssolutions/Documents/Organizational%20Staff%20Size.pdf

https://www.bloombergindustry.com/pr/hr-workforce-continues-to-grow-staffing-ratios-reach-all-time-high/

УДК 334.72.012.63/.64-026.23-022.334:316.472.4(497.7)

*Вон. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска*

# СОЦИЈАЛНИ БАРИЕРИ ЗА РАСТ И РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Малите и средните претпријатија (МСП) во Република Северна Македонија продолжуваат да се соочуваат со пречки што го отежнуваат нивниот развој. Досегашните истражувања покажуваат дека, покрај другите бариери (внатрешни/организациски и надворешни/институционални), социјалните бариери се важен предиктор на перформансите на МСП (Bateman, 1999; Zhu et al., 2012; Bartlett and Bukvič, 2001; Bartlett and Rus, 2001). Различни општествени претпоставки, меѓу коишто и социјалниот капитал, го креираат деловниот амбиент во државата и влијаат врз растот на претпријатието (Putnam, 1995). Но, освен соодветно дизајниран институционален систем на поддршка, позитивните ефекти што ги носат МСП во националната економија се условени и од успешноста на државата (на институционално ниво) и успешноста на менаџерите (на индивидуално ниво) да се справат и да ги отстранат бариерите што го попречуваат или го забавуваат растот.

Целта на истражувањето е да се утврдат социјалните бариери; ставовите и мислењата на менаџерите/сопствениците по однос на овие бариери и нивното рефлектирање на растот. Фокусот е на анализата и проценката на социјалните фактори врз коишто владините политики и менаџерите имаат влијание.

## Социјален капитал и социјални бариери

Развојот на секторот на МСП се поврзува со социјалниот капитал, кој се смета за важен двигател на претприемништвото, особено во економиите во развој. Во теоријата, концептот на социјалниот капитал се дефинира на различни начини. Според Светската банка (Word Bank, 1985), социјалниот капитал претставува збир на норми и општествени односи вградени во општествената структура што им овозможуваат на луѓето да го координираат своето дејствување заради постигнување на одредени цели. Патнам (Putnam, 1995) го дефинира социјалниот капитал како доверба, мрежна структура и норми што овозможуваат соработка на индивидуите за остварување на заемна корист во рамките на општеството. Индикатори на социјалниот капитал се формално членување во асоцијации, граѓанска партиципација, социјална доверба и алтруизам и смета дека овие индикатори се важни во проучувањето на економскиот раст. Фукујама (Fukuyama, 2000) објаснува дека довербата е основа на социјалниот капитал и таа е важна зашто има способност да поттикне соработка во мрежите на граѓанска партиципација. Генерално, при дефинирањето на социјалниот капитал се истакнуваат

димензиите на доверба, здружено дејствување, членство во асоцијации и мрежни структури и граѓански норми (Doh and Zolnik, 2009; Coleman, 1988).

Поврзаноста на социјалниот капитал со економскиот раст на претпријатијата може да се анализира на индивидуално и институционално ниво. Бартлет и Рас (Bartlett and Rus, 2001) тргнуваат од претпоставката дека постојат три нивоа на проучување на улогата на социјалниот капитал и социјалните бариери: првото ниво, меѓучовечките односи и соработка меѓу бизнис-партнерите; второто, повисоко ниво, односите внатре во бизнис-заедницата во целина, членството во бизнис-асоцијации; и третото, највисоко ниво, односите помеѓу економските актери и државата. На индивидуално ниво, добрите меѓучовечки релации на партнерите во бизнисот се основа за успешна соработка. Партиципирањето во бизнис-организации и здруженија овозможува социјална интеракција во рамките на бизнис-заедницата и пристап до информации, запознавање на нови бизнис-партнери и градење на заеднички норми и вредности. На институционално ниво, партнерскиот однос меѓу бизнис-заедницата и државата е поверојатно да резултира во успешно дизајнирање и имплементирање на економските политики. Разгледувајќи ги трите нивоа на економски релации, авторите заклучуваат дека довербата, како основен елемент на социјалниот капитал, базично се гради на првото и на второто ниво, во меѓучовечките бизнис-релации во облик на интерперсонална доверба и потоа се трансформира во системска (општа) доверба како карактеристика опсервабилна во општественото и економското опкружување.

### Довербата како основа на социјалниот капитал

Довербата е клучна вредност во социјалната интеракција и размена. Недостигот на доверба може да биде силна бариера во економското дејствување на претпријатијата. Довербата и чесноста овозможуваат намалување на трансакциските трошоци (Fukuyama, 2000), подобрување на искористеноста на организациските ресурси и потенцијалите за соработка. Повисок степен на недоверба укажува на недостиг на социјален капитал и се смета за социјална бариера што го обесхрабрува учеството на актерите во пазарната економија (Doh and Zolnik, 2009). Довербата меѓу деловните партнери има позитивен ефект на растот на претпријатието. Како димензија на социјалниот капитал, укажува на увереноста на претприемачите дека може со голема сигурност да се верува некому (Brunetto and Farr-Wharton, 2007). Довербата меѓу менаџерите се стекнува преку градење на тесни врски меѓу нив. Блискоста на деловната врска се однесува на меѓучовечката доверба на индивидуи кои се познаваат добро и работат заедно. Ваквиот вид доверба се стекнува преку отворена и непосредна интеракција во формални средби, на пример, при преговарање и потпишување договор за соработка, но и преку неформални дружења надвор од формалната соработка. Во испитувањето на односот меѓу довербата и компаниските перформанси, Бартлет и Рас (2001) сугерираат дека мора да се направи јасна дистинкција меѓу општата доверба, како мерка што е релевантна за земји, региони и

сл., и меѓучовечката доверба изразена како доверба во конкретен деловен партнер со кого се води бизнисот. Според нив, степенот на општа доверба во земјата нема предвидувачки ефект врз работните перформанси на ниво на претпријатие. Врз основа на истражувачки наоди, тие заклучуваат дека користењето на мерката на блискост на релациите меѓу менаџерите, како мерка на меѓучовечка доверба, е порелевантна и дека таа го објаснува растот на претпријатието, на начин што колку односите се поблиски, толку е посилен и растот. Освен тоа, тие нагласуваат дека високиот степен на доверба и релијабилност е неопходен услов за посебен вид соработка преку супконтракторски договори на МСП со големи компании. Односот на подизведувач значи одреден степен на зависност од големата компанија, но истовремено му овозможува на претпријатието да се вклучи во поголема мрежа на бизниси и својот раст да го врзе со растот на поголемата компанија.

Недостигот на доверба може да резултира со многу ограничена употреба на отворените деловни мрежи и избегнување соработка со релативно непознати деловни партнери. Особено во помалку развиените и малите економии, ваквата состојба често доведува до стеснување на социјалните контакти на помали семејни, пријателски или етнички групи, а деловната соработка се сведува на партнери со коишто постојат тесни лични контакти. Како консеквенца на ова, во општеството се создава поволен амбиент за појава на клиентелизам, патернализам и корупција (Bartlett and Rus, 2001).

## Членство во бизнис-здруженија и социјално вмрежување

Бизнис-здруженијата се институционални актери кои ги застапуваат интересите на претпријатијата. Иако во развиените земји се забележуваат и нови форми на застапување, како што е лобирањето, сепак, асоцијациите и организациите што ги претставуваат интересите на економските субјекти сè уште се доминантна форма на здружен активизам и социјално поврзување. Своето дејствување го остваруваат врз основа на заеднички потреби на членовите, а социјалните односи се хоризонтални, со социјален капитал изграден на база на доверба, споделени вредности, заемна поддршка и солидарност. Нивната улога е да бидат посредници меѓу државата и бизнис-секторот преку претставување и застапување на интересите на претпријатијата; да добиваат и дисеминираат информации и знаење; да поттикнуваат деловна соработка меѓу членството и да обезбедуваат други услуги на претпријатијата. Ваков вид на доброволно организирано дејствување се професионалните асоцијации, бизнис-федерации, стопански комори, комори на индустриски сектор.

Доброволното членување во формални бизнис-организации е уште еден индикатор на степенот на социјален капитал на менаџерите. Ваквите организации овозможуваат личен контакт, меѓусебно запознавање, интеракција на менаџерите преку размена на идеи и информации за решавање проблеми или разгледување можности за раст и експанзија. Истражувањата ја потврдуваат позитивната врска меѓу членувањето во доброволни бизнис-асоцијации и растот на претпријатието (Danis et al.,

2010; Bartlett and Rus, 2001). Слабиот интерес за членување во ваков тип организации ја намалува нивната моќ и ги намалува можностите за влијание врз креаторите на политиките. Пасивното членување или одбивањето да се партиципира укажува на ниска меѓучовечка доверба и социјален капитал.

Намалувањето на членството и моќта на овие организации е уште една важна социјална бариера на МСП. За разлика од големите компании, кои најчесто користат лобирање, МСП (особено новоформираните и растечките претпријатија) имаат поголема потреба од здружување поради ограниченост на внатрешните капацитети и ресурси за справување со предизвиците на одржливост или раст. Уште повеќе, наодите од истражувањето на Бартлет и Рас (2001) сугерираат дека членството во вакви организации за менаџерите е само делумно корисно во смисла на услугите што ги добиваат. За нив, членувањето е повеќе важно заради градење на социјалниот капитал преку вмрежување, а помалку важно заради добивање на одредени услуги.

Во слична насока, и социјалното вмрежување се смета за двигател на деловниот успех на претпријатијата и менаџерите (Brunetto and Farr-Wharton, 2007). Нискиот капацитет на социјално вмрежување е уште една можна социјална бариера за економскиот раст на секторот на МСП. Социјалните врски меѓу менаџерите и мрежите кои ги поврзуваат претпријатијата со индустриите и институциите претставуваат важен фактор на успешноста. Доколку социјалните врски се потпираат на меѓусебна доверба, тие можат да бидат поттикнувачи на социјалниот, човечкиот, па дури и финансискиот капитал на претпријатието и сигурен канал за размена на идеи, знаење и нови технологии. Способностите на претпријатието да остварува успешна соработка со други претпријатија, особено поврзување и соработка со странски партнери, се силен диференцијален фактор и предиктор на раст на бизнисот. Една емпириска студија, од понов датум, спроведена во Косово (Sahiti, 2018), потврдува дека претпријатијата што се извозно-ориентирани имаат до шест пати повеќе социјални врски и контакти со странски партнери за разлика од оние што не пријавиле извозни активности.

## Институционална инфраструктура за надминување на социјалните бариери на МСП во Република Северна Македонија

На национално ниво, државата прави напори преку повеќе стимулативни мерки да обезбеди развој на секторот на МСП и да ги отстрани можните бариери што го спречуваат неговиот раст[1].

Како придружен документ на првата Национална стратегија за развој на малите и средните претпријатија (2002-2013), беше донесена и Програма на мерки и активности за поддршка на развојот на претприемништвото и конкурентноста на МСП (2002-2006). Програмата ги утврдува приоритетите за подобрување на деловното опкружување и успешноста на секторот на МСП, фокусирајќи се на: создавање на институционална инфраструктура за унапредување на претприемништвото и конкурентноста; градење на поволно економско опкружување и подобрување на степенот на економската

[1] Во трудот не е предмет на анализа правната рамка што го регулира дејствувањето на МСП во РСМ.

слобода; промовирање на претприемништвото и нефинансиски форми за поддршка; обезбедување на финансиски форми на поддршка за развојот на претприемништвото; и спроведување програма за создавање конкурентност.

Последната Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023) на Министерството за економија на РСМ е донесена и усвоена во 2018 година. Општа цел на стратегијата е да дефинира рамка за соработка меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество, со цел поддршка на развојот на МСП, иновативност и зголемување на нивната конкурентност. Стратешките цели се дефинирани во три столба, кои содржат програмски насоки за дејствување. Стратегијата за МСП е усогласена со Актот за мали претпријатија (АМП) на Европската унија. Во однос на социјалниот капитал и вмрежувањето на претпријатијата, Стратегијата за МСП се очекува:

- да го подобри социјалниот дијалог (Програма 1.3), да го зајакне претставувањето на секторот на МСП (Програма 1.5) и да ги зголеми деловните услуги преку создавање на онлајн-портал за МСП (Програма 2.1);
- да им помогне на МСП подобро да ги искористат можностите што ги нуди единствениот пазар на ЕУ: стратегијата ќе ги зајакне врските со програмите на ЕУ за поддршка на МСП (Програма 2.1), истовремено подобрувајќи го пристапот на МСП до владините услуги за промовирање на извозот (Програма 2.3) и развивајќи ги стратешките индустриски вредносни синџири и кластери (Програма 2.4);
- да ја промовира надградбата на вештините во МСП и на сите облици на иновации: стратегијата ќе го вклучи претприемништвото во сите нивоа на образование и обука (Програма 3.1), ќе ги поддржи иновациите во секторот на МСП преку овозможување на создавањето на подобри мрежи меѓу академската заедница и индустријата, вклучувајќи поддршка за истражување и развој (Програма 3.2) и основање на нови научно-технолошки паркови и инкубатори за иновации (Програма 3.3).

Повеќе национални институции се вклучени во активности на поддршка на секторот: ресорни министерства, агенции за поддршка на малите и средните претпријатија, регионалните центри за развој, стопанските комори, јавните инвестициски фондови и др.

При Министерството за економија на РСМ е основана Агенција за поддршка на претприемништвото што, како национална институција, е задолжена за спроведување на националните политики и стратегии. Нејзината улога е да биде посредник помеѓу креаторите на јавните политики што се однесуваат на МСП и да остварува соработка со сите институции и организации што ги застапуваат интересите на МСП. Од Агенцијата се очекува поактивно дејствување, во смисла на советодавни и други сервиси, меѓу другото, и во надминување и на социјалните бариери за раст на претпријатијата.

Важен институционален актер за вмрежување и поттикнување на бизнис-соработка меѓу претпријатијата се и здруженијата и организациите што ги претставуваат работодавачите во државата. Генерално, тие се соочуваат со два важни предизвика: 1) ширењето на базата на своите членови и подобрување на социјалната интеракција меѓу нив и 2) зголемување на своите капацитети и способности за ефикасно поврзување со владата и влијание врз креирањето на економските политики на државата. Проширувањето на членството е отежнато првенствено поради недостиг на свест за предностите и придобивките што ги носи здруженото дејствување, но и поради индивидуалистичкиот пристап на одредени работодавачи. Ниската репрезентативност на некои здруженија сериозно ги ограничува нивната моќ и нивното влијание во дијалогот со владата (ILO, 2019). Најголеми организации што активно дејствуваат во моментов се Организацијата на работодавачи на Македонија (што е најрепрезентативна во земјата) и Бизнис конфедерацијата на Македонија.

Во државата претпријатијата се здружуваат и вмрежуваат и преку структурите на стопански комори. Коморите, како облик на организирање на деловните субјекти, придонесуваат за развојот на македонската економија преку стручното оспособување на кадрите, подобрувањето на квалитетот на производството, развојот и афирмацијата на стопанските потенцијали преку пропаганда, промотивна и претставничка функција. Постојат неколку стопански комори што дејствуваат независно, во национални и регионални рамки. Најголеми и највлијателни организации се Стопанската комора на Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија. Стопанската комора на Македонија (СКМ)[2] има 15.000 членови здружени на доброволна основа и, како деловно-стручна асоцијација, ги усогласува, ги застапува и ги штити интересите на своите членови. Сојузот на стопански комори на Македонија (ССКМ)[3] е водечка и независна деловна мрежа во РСМ што креира основа за меѓусебно вмрежување, соработка и размена на професионални искуства, со цел градење на стабилна и ефективна бизнис-мрежа. Комората овозможува пристап до информации, бази на податоци, едукација за претприемништво, правни совети; помага во пронаоѓањето на деловни партнери; известува за домашни и меѓународни тендери; овозможува настапи на саеми; обезбедува информации за извори на финансирање. За своите членови, Комората дава услуги на застапување; лобирање; вмрежување и остварување на нови деловни контакти преку Б2Б-средби; бизнис-информации за можности за соработка и за развој; промоција на компаниите.

На регионално и локално ниво постојат повеќе институции што во своето дејствување се ориентирани кон локалниот и регионалниот економски развој преку поддршка на МСП. Тоа се бизнис-инкубатори и бизнис-акцелератори, регионални бизнис-центри за развој, агенции за локален развој и др. Искуствата од развиените економии покажуваат дека ваквите форми за поддршка на секторот на МСП се од клучно значење.

[2] https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=31&lng=1

[3] https://www.chamber.mk/

Со цел зголемување на конкурентноста на планските региони, во рамките на секој од постојните осум центри за развој на планските региони, дополнително е формиран Регионален бизнис-центар со координатор за одржлив развој, поддршка и консултативни услуги за МСП (Забијакин Чатлеска, 2019).

## Некои досегашни истражувања за социјалниот капитал и вмрежувањето на МСП во РСМ

Со цел да се добие една општа слика и генерално да укаже на одредени детектирани состојби во изминатиот период, но и да направи хронолошко поврзување со актуелните прилики, во продолжение се презентираат наоди од неколку релевантни истражувачки студии спроведени во изминатите години, а коишто поконкретно ги анализираат социјалните бариери и социјалниот капитал на МСП во РСМ.

Емпириското истражување на Бартлет и Рас (2001)[4] е дизајнирано да открие до кој степен политиките на МСП во Босна, Македонија и Словенија успеале да се справат со пречките за раст со коишто се соочуваат МСП и да се утврдат главните видови бариери што продолжуваат да ги попречуваат транзицијата и развојот во Југоисточна Европа. Во посебен дел се анализирани социјалните бариери преку перцепцијата на испитаниците за степенот во којшто тие го забавуваат или го оневозможуваат растот на претпријатието. За најголем дел (40%) од респондентите (сопственици и менаџери на претпријатија) од Македонија, резултатите покажуваат дека недостигот од поддршка од државата е многу значајна социјална бариера за развој на претпријатието. Подетален приказ на резултатите од испитуваните социјални бариери е претставен во Табела 1.

Табела 2. Процент на претпријатија од примерокот од Македонија, во однос на различни димензии на социјалните бариери што ги сметаат за „многу важни бариери“

| Социјални бариери | „Многу важни бариери“ (%) |
|---|---|
| Недостиг на поддршка од државата | 40 |
| Недостиг на доверба во економијата | 29 |
| Недостиг на поддршка од локалната власт | 17 |
| Несоодветни сервиси за деловна поддршка | 15 |
| Несоодветни информации за финансирање | 17 |
| Недостиг на поддршка од стопанска комора | 18 |

4 Истражувањето опфаќа 700 мали и средни фирми во трите земји во сите сектори, освен земјоделството. Примерокот е случаен (со вклучени квоти) и ограничен на фирми со најмалку двајца вработени, но не повеќе од 250. Податоците се собрани од лични интервјуа со сопственици и менаџери на избрани фирми во 2000 година. Резултатите од истражувањето обезбедуваат единствена база на податоци за компаративна анализа на развојот на МСП во три од југословенските наследнички држави. [Bartlett, W., and Rus, A. (2001) “Barriers to SME Development in Bosnia, Macedonia, and Slovenia: Three country comparison”, PHARE ACE.]

| **Социјални бариери** | **„Многу важни бариери“ (%)** |
|---|---|
| Недостиг на поддршка од бизнис-асоцијации | 16 |
| Несоодветни информации за пазарите | 14 |
| Недостиг од поврзување со странски партнери | 18 |
| Потреба да се поткупуваат службеници | 8 |
| Недостиг од консултантски услуги | 9 |
| Недостиг на поддршка од пријатели и семејството | 8 |

Преземено и адаптирано според Bartlett, W., and Rus, A. (2001) “Barriers to SME Development in Bosnia, Macedonia, and Slovenia: Three country comparison”, PHARE ACE.

Во истото истражување се презентираат и наоди што се однесуваат на ефектот на бариерите врз растот на претпријатието. Според тоа дали претпријатието остварува или не остварува позитивен раст (мерен преку раст на продажба – дихотомна варијабла), резултатите откриваат дека растечките претпријатија значително се разликуваат од оние без забележан раст или со забележан негативен раст по однос на две социјални бариери. Имено, претпријатијата што бележат раст сметаат дека „Недостиг на поддршка од стопанска комора“ и „Несоодветни сервиси за деловна поддршка“ се од многу голема важност за растот.

По однос на интерперсоналните релации помеѓу бизнис-партнерите, истражувањето потврдува дека македонските претприемачи работеле во мошне нестабилно опкружување и не успеале да остварат долгорочен однос на доверба со постојните деловни партнери. Растечките претпријатија, во просек, имале поблиски врски со нивните деловни партнери отколку претпријатија што стагнираат во растот или се во опаѓање. За половината од македонските менаџери најважно е соработката да се базира на детални договори. Освен тоа, според наодите од 2001 година, во Македонија не постоела развиена свест за интересите на другите и за меѓузависноста во деловното работење, т.е. за сознанието дека меѓусебната зависност нужно упатува на потребата од поразвиена соработка.

Кога станува збор за членувањето во бизнис-асоцијации, податоците укажуваат дека 85,9% од македонските претпријатија во примерокот (N = 291) не биле членки на ниедно бизнис-здружение. Податоците од ова истражување, спроведено во 2000 година, покажуваат низок степен на социјален капитал и ниска доверба, што, пак, има последици врз економското однесување на актерите.

Социјалните бариери се анализирани и во уште едно истражување за младинското претприемништво во државата, со коешто се опфатија млади претприемачи, сопственици и управители на старт-ап претпријатија, формирани во последните три години (Забијакин-Чатлеска, Борота-Поповска и Топузовска-Латковиќ, 2016). Наодите укажуваат дека постои ниска

деловна култура за поддршка на малиот бизнис и на младите претприемачи; ниско ниво на доверба што како социјална бариера ги попречува соработката и вмрежувањето; слаба комуникација со стопанските комори, со владини институции за поддршка на мал бизнис, со локалната самоуправа, а само повремена комуникација со секторски здруженија и други здруженија што нудат помош за мали бизниси. Во однос на вмрежувањето и членувањето во организации што ги застапуваат нивните интереси, младите претприемачи изразиле потреба од организирано застапување, што е согледано како уште една социјална бариера. Тие гледаат придобивка од нивната партиципација во таков вид организација и сметаат дека можат да придонесат во креирањето на јавни политики преку предлагање на оригинални идеи и решенија по различни прашања што ги засегаат нив. Од друга страна, само делумно се подготвени активно да партиципираат во неа.

Кога станува збор за застапувањето, социјалниот дијалог и посредувањето, во национална анкета за МСП на МОТ (2016) е утврдено дека приближно една половина од вкупниот број на МСП се членови на некој вид на бизнис-асоцијација/бизнис-здружение или организација на работодавачи. Нивоата на членството се разликуваат во зависност од големината на претпријатието: 45,0% микропретпријатија, 58,0% мали претпријатија и 77,0% средни претпријатија. Најголемиот број членови на бизнис-организациите или на организациите на работодавачите се пасивни членови и пријавуваат мал директен ангажман во активностите на овие организации (во „Национална стратегија за мали и средни претпријатија на РСМ, 2018-2023“).

## Наоди од истражувачките податоци добиени од полуструктурираните интервјуа

Резултатите произлезени од емпириското истражување упатуваат на одредени сознанија што се однесуваат на развојот на социјалниот капитал и социјалните бариери, идентификувани како „градење доверба и вмрежување помеѓу претприемачите“ и „степен на поддршка или недостиг од локални актери и агенции“.

Од анализата на исказите на испитаниците се забележува дека довербата меѓу менаџерите на МСП е мошне ниска и често е резултат на непријатни деловни искуства или резултат на ниската доверба во општеството, генерално. Ваквата состојба има негативна рефлексија врз способноста за деловна соработка и вмрежување, но истовремено претставува силна бариера што создава несигурност во работењето, ја зголемува неизвесноста и создава нелојална конкуренција на пазарот.

Типични примери на искази:

- „Немало многу вакви искуства (се однесува на вмрежувањето), освен помагање од наша страна на неколку помали компании, со споделување искуства и обуки од организациска и софтверска/аналитичка природа.“ (#1)

- „Има обиди за соработка, но најчесто се неуспешни – со одредени исклучоци, односите ретко можат да се базираат на заемна доверба.“ (#2)
- „Сите ги познавам во овој бизнис, на прсти можам да издвојам луѓе кои се чесни и со добри намери. Има многу нечесни и такви кои мислат дека можат да се збогатат преку ноќ.“ (#3)
- „Не си помагаме меѓусебно, мене, на пример, газдарицата ми се налути кога ѝ кажав дека ќе отворам свој дуќан. Не сакаше ниту да ми посака среќа. Сѐ уште ми е лута. Потребно е да се здружиме, но нема иницијатива од никаде. Само некои измамници се во игра, затоа не одам на ниту еден собир.“ (#4)
- „Имам другари кои имаат бизниси и си правиме муабети, кој какви проблеми има, и си споделуваме искуство. Не одам по комори и други глупости таму, само времето ми го арчат.“ (#6)
- „Секој си гледа за себе и секој те гледа како конкуренција. Нема доверба меѓу луѓето, меѓу газдите на фирми, секој за себе“. (#7)
- „Сметам дека заемната доверба на претприемачите има простор да биде на повисоко ниво, што ќе резултира во една здрава конкуренција на пазарот, што понатаму ќе даде можност и за заеднички настап и соработка во поголеми проекти. Во нашата средина има и недостиг на посериозни контакти на претприемачите од различни сектори на коишто би се разменувале искуства за проблемите со коишто се соочуваат и би се барал начин за нивно надминување.“ (#10)
- „Дефинитивно, поле каде што има голем простор за подобрување, пред сѐ, поради несигурноста на фирмите за наплата на своите побарувања и нелојалната конкуренција. Исто така, многу од бизнисите се склучуваат на база на познанства, што за МСП често е пречка за создавање на нови партнерски односи.“ (#11)

Во однос на степенот на поддршка или недостигот од локални актери и агенции, испитаниците се на мислење дека недостигаат информации, помош и поддршка од здруженијата и од локалните агенции за развој, кои би биле сервиси на МСП. Од ваквите организации/институции се очекува поголемо ангажирање.

Исказите на испитаниците се следниве:

- „Во зависност од интересот, а сепак, мислам дека сѐ уште постојат организации што нудат помош од различен тип на оние што ја бараат, можеби имаме бариери во смисла на барање помош, информации како таа да се најде итн.“ (#5)
- „Слаба поддршка/недостиг.“ (#2)
- „Ништо не ги интересира, ако можат да лапнат нешто супер, ако не, да си подремат“. (#6)
- „Не ги бива“. (#7)
- „Стопанската комора треба да се консултира повеќе со приватниот сектор и да се одвои од секоја власт. Државните институции да се користат повеќе за едукација на приватниот сектор.“ (#9)

- „Во тој контекст, исто така, се среќаваме со недостиг од агенции преку коишто би можело да се има побрз пристап до одредени информации во насока на развој на претпријатијата. (#10)
- „Генерално, недоволен степен на поддршка и промоција на МСП како на пазарите, така и пред законодавните власти.“ (#11)

## Дискусија и заклучок

Согласно поставената истражувачка цел, во трудот се утврдија социјалните бариери што ги отежнуваат и ги забавуваат растот и развојот на МСП. Социјалните бариери се идентификуваа на институционално ниво, преку анализа на институционалните претпоставки и општото деловно опкружување и на индивидуално ниво, преку сознанија добиени од исказите на испитаниците.

Евидентен е силно изразен недостиг на доверба меѓу економските актери. Оваа појава е рефлексија на, генерално, ниската доверба во општеството, ниската доверба во институциите, но и ниската доверба во искрените намери на луѓето, ниската солидарност и ниското чувство за заедништво и соработка како основни елементи на социјалниот капитал.

Недовербата се поврзува со клиентелизмот, опортунизмот, нелојалната конкуренција и непочитувањето на пазарните принципи и законитости. Таа е резултат и на лошите искуства на менаџерите со институциите и организациите кои преку своите активности креираат недоверба во начинот на којшто функционира економскиот систем.

Недовербата изразена во интерперсоналните односи меѓу менаџерите генерира сомнежи во чесноста на деловните намери и ја спречува или ограничува отвореноста за соработка. Ниската доверба е социјална бариера што директно ги намалува можностите на претпријатието за вмрежување, заедничко дејствување и окрупнување. Тоа може да има импликации врз конкурентноста на претпријатието и капацитетот за продирање на регионалните пазари.

Наодите упатуваат на незаинтересираноста на менаџерите и на претприемачите да партиципираат во здруженија што би ги застапувале нивните интереси. Причините за слабиот интерес можат повторно да се лоцираат во проблемот на постоење доверба, но и уверувањето дека ваквиот начин на социјално вмрежување е некорисен. Подигнувањето на свеста на менаџерите за заедништво, солидарност и соработка претставува важен фактор за засилување на репрезентативноста и моќта на бизнис-асоцијациите и бизнис-здруженијата за нивно сериозно влијание во креирањето на економските политики.

Меѓу испитаниците преовладува мислењето дека недостигаат помош и поддршка од локалните актери и агенции изразена како помош во добивање информации во врска со: состојбите и тековите на националниот, регионалниот и глобалниот пазар; можностите за пронаоѓање, вмрежување и соработка со бизнис-партнери од земјата и од странство; можностите за соработка и поттикнување соработка со истражувачки институти и

универзитети за потреби од едукација и за помош во развој на технологии и иновации.

Потребно е да се изградат посилни регионални и локални институции и агенции и тие да добијат поголема улога во поттикнување на локалниот економски развој. За разлика од националните институции и организации, регионалните и локалните институции/агенции/здруженија можат да бидат поефикасни начини на поддршка и вмрежување бидејќи се лесно достапни локални структури. Тие се исклучително важни за развојот на секторот на МСП бидејќи регионалниот развој и неговата економска благосостојба не се можни без економски раст на претпријатијата што дејствуваат во даден регион. Особено микрофирмите и малите фирми, новите и растечките претпријатија, имаат потреба да бидат вклучени во локална институционална мрежа за поддршка за да можат полесно да се справат со бариерите за раст. Регионалните и локалните бизнис-организации и владини институции имаат клучна улога во обликувањето на мрежите и интерорганизациско вмрежување на МСП, кои се база за градење на локална доверба и за развивање на деловна соработка.

МСП дејствуваат во мошне неповолно социјално опкружување. Иако институциите вложуваат напори да воспостават поволен институционален амбиент компатибилен на оној што се практикува во развиените економии, најголемиот предизвик е во имплементацијата на утврдените политики и практики што треба да резултираат во намалување на социјалните бариери. Освен тоа, важно е да се подвлече дека институционалната поддршка, сама по себе, не може да генерира поголема доверба и социјална кохезија меѓу економските актери.

## Референции

Bartlett, W., and Bukvič, V. (2001) "Barriers to SME Growth in Slovenia". *MOCT-MOST*, 11: 177-195, *Economic Policy in Transitional Economies*, Vol. 11, No. 2, pp. 177-195.

Bartlett, W., and Rus, A. (2001) "Barriers to SME Development in Bosnia, Macedonia, and Slovenia: Three country comparison". PHARE ACE. https://www.academia.edu/20194644/Barriers_to_SME_Development_in_Bosnia_Macedonia_and_Slovenia.

Bateman, M. (1999) "Small Enterprise Policies in Transition Economies: Progress with the Wrong Model". *Zagreb International Review of Economics and Business*, Vol. 2, No. 1, 1-36.

Brunetto, A., and Farr-Wharton, R. (2007) "The Moderating Role of Trust in SME Owner/Managers' Decision-Making about Collaboration". *Journal of Small Business Management,* 45(3), pp. 362-387.

Coleman, J. S. (1988) "Social Capital in the Creation of Human Capital". *American Journal of Sociology*, 94, pp. 95-120.

Danis, W. W., et al. (2010) “The Impact of Managerial Networking Intensity and Market-based Strategies on Firm Growth during Institutional Upheaval: A Study of Small and Medium-sized Enterprises in a Transition Economy”. *Journal of International Business Studies*, 41, 287-307. DOI: 057/jibs.2009.45.

Doh, S., and Acs, Z. J. (2009) “Innovation and Social Capital: A Cross-country Investigation” (working paper). *Jena Economic Research Papers*, No. 2009,082.

Fukuyama, F. (2000) “Social Capital and Civil Society”. IMF Working paper, IMF Institute. https://www.imf.org/en/Publications/WP/Issues/2016/12/30/Social-Capital-and-Civil-Society-3547.

International Labour Organization (2019) “Decent work country programme 2019-2022: North Macedonia”. International Labour Organization Decent Work Technical Support Team and Country Office for Central and Eastern Europe. https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/genericdocument/wcms_676193.pdf.

Национална стратегија за мали и средни претпријатија на РСМ (2018-2023). http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20za%20MSP%20-%20finalna%20verzija%2003%2004%202018%20.pdf.

Putnam, R. D. (1995) “Bowling alone: America’s declining social capital”. *Journal of Democracy*, 6.1, 65-78.

Sahiti, F. (2018) “Do social conditions matter for emergence of innovative firms? The case of Kosovo”. *International Journal of Innovation and Regional Development*, 8(1):75. DOI: 10.1504/IJIRD.2018.090503.

Забијакин-Чатлеска, В., Борота-Поповска, М., и Топузовска-Латковиќ, М. (2016) „Мултиетничка истражувачка студија за младинско претприемништво“. Истражувачка студија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и Фондација за менаџмент и индустриско истражување – Скопје.

Забијакин Чатлеска, В. (2019) „Организациска поставеност и капацитетите на човечките ресурси во центрите за развој на планските региони“. Во „Институционална поддршка на регионалниот развој во Република Македонија“ (2019), група автори: истражувачка студија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје.

Zhu, Y., Wittmann, X., & Peng, M. W. (2012) “Institution-based barriers to innovation in SMEs in China”. *Asia Pacific Journal of Management*, 29: 1131-1142. doi.org/10.1007/s10490-011-9263-7.

World Bank (2002) “Understanding and Measuring Social Capital”. Grootaert, C., and Bastelaer, T. (Editors). https://openknowledge.worldbank.org/handle/10986/14098.

УДК 334.72.012.63/.64-026.23-022.334:343.352(497.7)

*Асс. м-р Блаже Јосифовски*

# УТВРДУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ БАРИЕРИ СО КОИШТО СЕ СООЧУВААТ МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ БИЗНИСИ

Малите и средните бизниси се исклучително важни во повеќето светски економии. Извештаите на Агенцијата за трговија на САД ја сместуваат С. Македонија во групата на држави чии економии се во развој[1], а придонесот што малите и средните бизниси го имаат во создавањето на работни места, иновации и зголемување на БДП е уште означаен за ваквиот тип економии.

На светско ниво, тие (МСП) сочинуваат повеќе од 90% од вкупниот број претпријатија и вработуваат повеќе од 50% од вработеното население. Овој тип претпријатија, според Светската банка, има 40% учество во БДП во економиите во развој[2]. Во 2017 година, според анализи изработени за Европската комисија, малите и средните претпријатија генерирале приближно три од секои четири работни места (74,2%) и речиси две третини (63,4%) од вкупната додадена вредност во Р. С. Македонија.[3]

Иако секаде се препознава значајната улога што ја имаат малите и средните бизниси во напредокот на економиите во развој, овој тип на деловни субјекти сè уште се соочува со значителни бариери во законодавната рамка, но и со висок степен на корупција и поткуп во нашата држава.

Корупцијата честопати се дефинира како злоупотреба на јавната функција за приватна корист.[4] Видови на коруптивни практики што се препознаваат се: злоупотреба на службената положба[5], проневера, изнуда, поткуп[6], системот на покровителство[7], непотизам и кронизам и др. Од друга страна, се препознаваат три типа на административна директна корупција: поткуп, подароци и т.н. плаќања за олеснување[8].[9]

[1] International Trade Association (2020) "Country commercial guides North Macedonia". https://www.trade.gov/country-commercial-guides/north-macedonia-market-overview, стр. 1-2.

[2] The World Bank (2020) "Small and Medium Enterprises Finance". https://www.worldbank.org/en/topic/smefinance.

[3] European Commission (2019) "SBA Fact Sheet North Macedonia", стр. 1.

[4] Светска банка. www.worldbank.org/publicsector/anticorrupt/corruptn/cor02.htm.

[5] Носителите на функции кои дејствуваат надвор од границите на законските надлежности што ги имаат.

[6] Во форма на замена за нелегална предност.

[7] Форма на функционирање, каде што политичките поддржувачи се наградуваат за нивната поддршка.

[8] Плаќањата за олеснувања најчесто се извршуваат од пониските нивоа во рамките на јавните институции, каде што служат за забрзување или за откочување на постапката и сл.

[9] Rune, A. Copenhagen Business School (2011) "Exploring the business case for western SMEs to counter involvement in administrative corruption in developing countries", стр. 14-16. https://research-api.cbs.dk/

Корупцијата директно се поврзува со факторот на намалување на растот на МСП. Мерењата покажуваат дека зголемувањето на само 1% на корупцијата влијае врз намален раст кај малите и средните бизниси дури за 36,12%. Дополнително, утврдено е дека постои негативна врска помеѓу отежнатата бирократија и растот на малите и средните претпријатија. Тука, анализите покажале дека 1% отежната бирократија (создавање на т.н. „тесни грла") доведува до 28,76% намален раст кај МСП.[10]

Констатацијата дека во С. Македонија има висок степен на корупција се потврдува, меѓу другото, и согласно мерењата што секоја година ги прави „Транспаренси интернешнел" на т.н. Индекс на корупција. Тука, С. Македонија на листата се наоѓа на 106-то место, односно е најлоша во регионот заедно со Р. Албанија и имаат еднаков број поени.[11]

Извештаите на граѓанските организации од нашата држава покажуваат дека корупцијата е широкораспространета кај нас, особено во судството, а почитувањето на договорите останува на ниско ниво. Констатираат дека реформата на судскиот систем е во тек, но останува високопроблематична и придонесува во С. Македонија да има отежнато деловно работење.[12] Европската комисија, во својот најнов извештај од октомври оваа година, оценува дека има подобрување во однос на борбата против корупцијата, но дека таа е присутна во многу области и влијае негативно. Во извештајот позитивно се гледа на работата што сега ја врши Антикорупциската комисија.[13]

Во однос на правното и регулаторно опкружување, еден од порелевантните извори на информации можат да ни бидат годишните извештаи што ги изготвува единицата на Светската банка „Дуинг бизнис" за вкупно 190 светски економии. Тие мерат 12 групи на прописи, што директно влијаат врз деловниот живот на компании, преку регулирање на: почнување бизнис, градежни дозволи, дозволи за електрична енергија, регистрирање имот, добивање кредит, заштита на малцинските инвеститори, плаќање даноци, меѓуграничната трговија, извршување договори, решавање на неликвидноста, вработување работници и склучување договори со владата.

Во нивниот најнов извештај за 2020 година[14], Р. С. Македонија се наоѓа на 17-тото место, што значи дека се сместува во првите 20 држави во светот по однос на леснотијата со којашто може да се води бизнис.

ws/portalfiles/portal/58443978/anders_rune.pdf.

10 Nyarku, K. M., & Oduro, S. (2017) "Examining the Effect of Corruption and Bureaucracy on SMEs Growth in the Kumasi Metropolis of Ghana". In *Universities, Entrepreneurship and Enterprise Development in Africa*, in: J. Munyoki & J. Bode, ed. *Universities, Entrepreneurship and Development in Africa* – Conference Proceedings 2017, стр. 154-173, German African University Partnership Platform for the Development of Entrepreneurs and Small/Medium Enterprises.

11 Corruption Perception Index 2019. https://www.transparency.org/en/cpi/2019/results/mkd (28.11.2020).

12 Транспарентност Македонија и НВО Инфоцентар (2018) „Мониторинг на корупцијата во Р. Македонија". Скопје, стр. 8-9.

13 European Commission (2020) "North Macedonia 2020 Report". Brussels, стр. 6-11. https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf.

14 World Bank Group (2020) "Doing Business 2020 – Comparing Business Regulation in 190 Economies".

Како позитивни работи во извештајот се наведуваат намалувањето на должината на т.н. пробен период при ново вработување (до четири месеци од шест), воведувањето на приоритетни правила во случаите со отпуштања од работа и зголемувањето на исплатите на отпремнина. Исто така, во извештајот како позитивен чекор се наведува олеснувањето при извршување на договорите преку поедноставување на пресметката на такси за извршување, како и општото поевтинување на целокупниот процес. Во делот на трудовите регулативи, се вели дека Р. С. Македонија ги има сменето работните регулативи во делот на определување на пробниот период, приоритетните правила за време на отпуштање од работа и повторна работа и повлекувањето на плаќањата.

Од друга страна, извештаите на Европската комисија за напредокот на нашата држава речиси секогаш наведуваат дека потребно е нашата држава да преземе мерки за создавање на попредвидливо правно и регулаторно опкружување, подобрување на регулативата во делот на работните односи, квалитетот и посебно интегритетот на инспекциските органи, извршувањето на договорите и други области многу важни за целокупното деловно опкружување. Сите извештаи ја нотираат важноста на борбата против корупцијата и даваат посебен осврт на проблемот на т.н. сива економија („неформална“), што создава нелојална конкуренција и влијае посебно негативно врз МСП.

Сепак, реалната состојба со законодавната рамка и проблемите со корупцијата најдобро се согледува директно од МСП. За да испитаме кои се согледувањата на самите сопственици или раководители во малите и средните бизниси, во однос на бариерите со коишто се соочуваат од административен и коруптивен карактер, ги интервјуиравме со полуструктурирани прашалници.

Нивните искажани мислења и констатации сакав да ги поделам во два дела, првиот со тие што се поврзани со законодавната рамка, а вториот со корупцијата, но тие се толку поврзани во изјавите на испитаниците, што најдобро е интегрално да се пренесат за да се доловат сите моменти што тие сакаат да ги прикажат.

**Примери на искази поврзани со законодавната рамка и корупцијата**

Во продолжение се прикажани цитати од добиените податоци:

◊ „Корупцијата е најголем проблем во нашата земја. Причината е непочитување на законите и привилегираност на оние што се блиски до власта. Дваесет и пет години имам дуќан во центарот на градот и секогаш кога ќе се смени власта има одмаздннички методи од секоја власт за тие што не биле со нив. Најмногу боли нелојалната конкуренција. Се отвораат дуќани во центарот на градот и работат на црно, немаат фискална каса, имаат непријавени

Washington. http://documents1.worldbank.org/curated/en/688761571934946384/pdf/Doing-Business-2020-Comparing-Business-Regulation-in-190-Economies.pdf.

работници, не плаќаат даноци и никому ништо затоа што се нечии луѓе или некому плаќаат поткуп. И тоа сите го гледаме и го знаеме и повторно никому ништо.“

◊ „Има премногу барања што го оптоваруваат работењето, фискална каса, фирмарина, инспекции, казни. Инспекторите кога ќе дојдат во дуќанот се знае дека ќе напишат казна. Тој проблем го имав особено првата година кога го отворив дуќанот (го отворила пред три години). Настапуваа непријателски и веднаш ме казнуваа. Мене тогаш најмногу ми требаа поддршка и совет. И парите ми беа најголем проблем бидејќи многу се задолжив за вложувањето во дуќанот. Искрено, бев изненадена дека толку грешам бидејќи го воспоставив истиот начин на работа како во фризерницата во којашто бев вработена претходно. Мислам дека газдарицата кај којашто работев немаше проблем со инспекција затоа што имаше добри познанства и релации со видни луѓе. Тоа не е добро. За сите треба да бидат исти правилата и законите.“

◊ „Законите се веројатно добри, нивната примена е сосема друга работа (…) во однос на корупцијата. Деведесет проценти од активностите почиваат на неа, за жал, во секакви форми, се разбира.“

◊ „Позитивно би влијаело доколку може некако правно да се ограничи рокот на извршување на документите на јавната администрација, односно да не може процедурите во Министерството за земјоделство да траат бесконечно. Во однос на корупција и поткуп, нема спас, тоа се едноставно непишани правила што мора да се следат, доколку сакам работите да се движат и да не заглават. И сега си има закони што треба да го попречат тоа, но луѓето ги прават законите, а кај нас луѓето се мотивирани да си ја вршат работата само ако им фрлиш нешто плус, да лапнат.“

◊ „Не е проблем уредувањето на законите, тие си се добри, проблем е што никој не ги следи и сè функционира како ќе договориш со некој, ќе фатиш некоја врска, ќе ’подмачкаш‘ некаде. Полесно и поевтино ќе ми биде ако си функционира сè според тоа како е законски пропишано во Македонија. Не мора постојано да се менуваат законите, дај да почнеме да ги следиме тие постојните, па потоа да менуваме што не функционира.“

◊ „Во моментов околу распишувањето на тендерите најголем проблем е што постојат две клаузули за коишто се добиваат речиси 90% од поените, а тоа се цената, што влече околу 60%, и ризикот на испорака, што влече околу 30%, а за квалитетно извршување на работите што, според мене, треба да влече најголем процент, се дава само 10%“. Претквалификацијата на тендер се злоупотребува максимално со ненормални барања за исполнувања услови, при што речиси сите учесници се елиминираат, а остануваат само еден или двајца со коишто е претходно договорена работата. Поткупот и корупцијата сè уште постојат, но во голема мера се намалени во однос од пред неколку години. Наведените проблеми можат да се

уредат само со заострување на законската регулатива и со силни казнени одредби.“

- „Нема заинтересираност од државните институции во однос на приватниот сектор, степенот на поткуп и корупција е присутен на секое поле, поврзано со државните институции. Стопанската комора треба да се консултира повеќе со приватниот сектор и да се одвои од секоја власт. Државните институции да се користат повеќе за едукација на приватниот сектор.“
- „Во рамките на работните обврски најчесто контактирам со Царинската управа, со оглед на фактот што основните суровини ги набавуваме од странство. Од досегашното искуство сметам дека има простор за подобрување и унапредување на законодавната рамка што ја уредува оваа област, со цел да се забрза протокот на добра. На тој начин би се избегнале или би се довеле до минимум застоите во производствениот процес, што ќе значи и навремено сервисирање на барањата на нашите клиенти.“
- „Генерално, законите и регулативите не го поддржуваат развивањето на малите и средните претпријатија бидејќи за нив важат истите регулативи како и за големите, т.е. сите се ставени во ист кош. МСП, кои според обем на промет, годишни количества, расположлив капитал, можност за вработување, не можат ни оддалеку да се приближат на големите, принудени се да го поминат истиот пат во однос на регистрации, дозволи, вработување на специјализирани кадри, кои и онака се ретки и често скапи. Сето ова МСП ги оттргнува од идејата да се обидат да го прошират полето на своето дејствување. Закон и регулативи, секако, мора да има, но би требало да бидат групирани и димензионирани според големината на претпријатието и обемот на промет што го вршат.“
- „Обемноста и, честопати, недореченоста на законите оставаат можност за двојни толкувања, што често резултира со недоследност во санкционирањето и создавање на нелојална конкуренција.“
- „Одредени регулативи се носат преку ноќ, без толеранција за одреден временски период, што особено негативно влијае врз процесот на увоз (што резултира со застој и дополнителни трошоци).“

## Дискусија и заклучок

Тоа што може да се заклучи од анализата на секундарни податоци и интервјуата со претставници од МСП е дека бирократски процедури во однос на издавањето дозволи, различните трговски ограничувања, најчесто поврзани со царината, јавните набавки и сл., директно можат да се поврзат со корупцијата. Односно, многу често се создаваат нефункционални регулаторни решенија, само за да се олесни или да се овозможи одредена коруптивна практика. Иако, во одредена мера, нефункционалната бирократија може да се поврзе со ниските капацитети на јавната

администрација, незаинтересираноста од страна на креаторите на јавни политики за воведување промени, недоволното влијание на стопанските комори и сл.

Квалитетната законодавна рамка, заедно со ниското ниво на корупција, е предуслов за раст на економската активност на МСП. Тоа што можеше да биде увидено од анализата на секундарни податоци погоре е дека е потребна брза и одлучна реакција од страна на сите три столба на власт во земјата: законодавната, извршната и судската, во насока на создавање на позитивно деловно опкружување за МСП.

Важно е извршната власт да има засилена борба против корупцијата на сите нивоа на управување, особено тие области што влијаат врз МСП. Владата треба да биде транспарентна, да ги држи одговорни јавните службеници кои се посочуваат како лоши администратори и да се заложи за ограничување на овластувањата што сега ги имаат одредени повисоки нивоа на јавни службеници, со посебен фокус на тие што доделуваат јавни набавки, издаваат дозволи и сл.

Создавањето на независно и ефикасно судство може да се смета за еден од столбовите за поволна бизнис-клима, што би се карактеризирала со стабилен и правичен пристап до правда за МСП. Ќе овозможи навремено да ги извршуваат договорите и да ги остваруваат своите права.

## Референции

Corruption Perception Index 2019. https://www.transparency.org/en/cpi/2019/results/mkd (28.11.2020).

European Commission (2019) “SBA Fact Sheet North Macedonia”, стр. 1.

European Commission (2020) “North Macedonia 2020 Report”. Brussels, стр. 6-11. https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf.

International Trade Association (2020) “Country commercial guides North Macedonia”. https://www.trade.gov/country-commercial-guides/north-macedonia-market-overview, стр. 1-2.

Nyarku, K. M., & Oduro, S. (2017) “Examining the Effect of Corruption and Bureaucracy on SMEs Growth in the Kumasi Metropolis of Ghana”. In *Universities, Entrepreneurship and Enterprise Development in Africa*, in: J. Munyoki & J. Bode, ed. *Universities, Entrepreneurship and Development in Africa – Conference Proceedings 2017*, стр. 154-173, German African University Partnership Platform for the Development of Entrepreneurs and Small/Medium Enterprises.

Rune, A. Copenhagen Business School (2011) “Exploring the business case for western SMEs to counter involvement in administrative corruption in developing countries”, стр. 14-16. https://research-api.cbs.dk/ws/portalfiles/portal/58443978/anders_rune.pdf.

Светска банка. www.worldbank.org/publicsector/anticorrupt/corruptn/cor02.htm.

The World Bank (2020) "Small and Medium Enterprises Finance". https://www.worldbank.org/en/topic/smefinance.

Транспарентност Македонија и НВО Инфоцентар (2018) „Мониторинг на корупцијата во Р. Македонија". Скопје, стр. 8-9.

World Bank Group (2020) "Doing Business 2020 – Comparing Business Regulation in 190 Economies". Washington, стр. 25 и 126. http://documents1.worldbank.org/curated/en/688761571934946384/pdf/Doing-Business-2020-Comparing-Business-Regulation-in-190-Economies.pdf.

# ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ФУНКЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ – БАРИЕРИ И ПРЕДИЗВИЦИ

УДК 37:304(497.7)"2009/2019"
37:338(497.7)"2009/2019"

*Проф. д-р Петар Атанасов*
*Проф. д-р Драгор Заревски*

# ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ФУНКЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ – БАРИЕРИ И ПРЕДИЗВИЦИ

Една од суштествените компоненти на одржливиот долгорочен развој на едно општество е функционалниот образован систем, кој овозможува интелектуално и културно оформување на граѓаните и воедно е усогласен со понудата и побарувачката на пазарот на трудот, со што самиот образовен систем станува активен чинител на економскиот развој и на севкупниот општествен напредок и просперитет. Притоа, слабостите на образовниот систем секогаш оставаат длабоки и долгорочни последици врз стабилноста и развојот на општеството и претставуваат бариера што го попречува социоекономскиот развој на заедницата. Современиот свет се соочува со исклучителен број предизвици што ја загрозуваат стабилноста и ја поткопуваат безбедноста на современите општества, притоа токму образовната дејност треба да биде еден од клучните актери во надминувањето на глобалните социоекономски и политички проблеми и предизвици и воедно, соодветно на тоа, треба да ја преземе улогата на адекватен демократски авторитет (види Gutmann, 1999: 7-14) што континуирано и методички артикулирано ќе влијае врз промовирањето на базичните вредности и принципи на граѓанското општество, личниот развој на секој поединец и социјалното вклучување во сите сфери на општествениот живот, изградбата на општество со еднакви можности за сите граѓани и зајакнувањето и поттикнувањето на социоекономската благосостојба. Двете главни општествени улоги на образованието – придонесот на општа социјална инклузија на граѓаните и обезбедувањето на стручен кадар за пазарот на трудот – се комплементарни функции врз коишто е втемелено влијанието на образованието во рамките на процесите за надминување на проблемите и предизвиците со коишто се соочува современото општество. Образованието претставува клучен инструмент на политиките за создавање и постигнување на одржлив раст и конкурентност и поттикнување на вработување и учество на пазарот на трудот. Иднината на благосостојбата на современите општества е условена од капацитетот на образовната дејност да овозможи изградба на соодветно образовани, креативни, висококвалификувани кадри, кои ќе бидат носители на социоекономскиот развој на општеството во дигиталната ера и во рамките на глобална економија базирана на знаење. Со развојот на технологиите, стопанските субјекти конципираат и имплементираат иновативни методи на производство, што, меѓудругото, овозможува ширење на пазарите и долгорочен и континуиран развој на општествата. Новите технологии овозможуваат поефикасно управување со дејноста и со работниот процес на стопанските субјекти. Општествената превенција од можните несакани

колатерални последици од технолошкиот и научниот развој најчесто се потпира врз потенцијалот образованието навремено да ги предвиди и да ги антиципира општествено-економските трендови и да ги усогласи своите перформанси, наставни планови и програми со културно-цивилизациските потреби на општеството на иднината, а пред сè со барањата за соодветни стручни профили, знаења и вештини на пазарот на трудот во периодот кога денешните основци, средношколци и студенти ќе бидат активни чинители на општествениот развој. Овој труд ќе се обиде да го отвори прашањето за досегашните трендови и потенцијалот на образовниот систем на Република Северна Македонија (понатаму Северна Македонија или РСМ) и да ги идентификува сопствените ограничувања и слабости, со цел да овозможи нови идеи за конципирање на образовни политики за надминувањето на постојните проблеми. Анализата ќе се насочи кон состојбата со работната сила и степените на образование и образовните профили што се стекнати во нашиот образовен систем, како и кон невработените лица пријавени во бироата за вработување во Северна Македонија, споредено со очекуваните вработувања класифицирани според образовните профили барани на пазарот на трудот. Идејата на овој текст е да ја прикаже неусогласеноста на образовниот систем и пазарот на трудот во државата како една од бариерите за стабилен развој на нашето општество, што негативно влијае врз нашиот одржлив развој. Но, најпрвин нешто повеќе за улогата и значењето на образовниот систем во државата и во општеството воопшто.

## Образовниот систем и општествениот развој

Современата општествено-политичка и, пред сè, економска реалност континуирано се обликува и се преобликува од процесите што не се секогаш лесно предвидливи и подложни на контрола, како што се процесите на глобализацијата, дигиталната трансформација и континуираниот научен и технолошки развој. Со развојот на глобализацијата и на дигиталната трансформација, сè повеќе во прв план како основен ресурс на заедницата избива и се позиционира човечкиот, односно, пред сè, интелектуалниот капитал на општеството. Глобализација има непосредно есенцијално влијание врз состојбите и врз развојот на економските системи на голем број држави во светот, при што државите, односно нивните раководства, настојуваат навремено да ги антиципираат глобализациските процеси и своето дејствување, своите политики и стратегии да ги приспособат на постојните глобални економско-општествени тенденции. Игнорирањето на влијанијата и на придобивките на економската глобализација темелно ја поткопува можноста за изградба на солиден функционален образец за ефикасно раководење со националната економија во рамките на современите општествено-економски услови (види Bell and Stevenson, 2006: 41). Исклучително значајно е националните раководства и експертите кои ги конципираат националните економски и образовни политики ниту во еден момент да не го испуштат од вид фактот дека актуелните глобални општествено-економски процеси и економската глобализација немаат

секогаш позитивни импликации врз националните економии. Доколку определена национална економија не е соодветно конкурентна, доколку не покажува адекватни перформанси, доколку на пазарот на трудот не постои понуда на адекватна стручна работна сила што поседува барани знаења и вештини согласно потребите на современите стопански субјекти и доколку образовниот систем не е подготвен да ја преземе одговорност и да стане двигател на економскиот и општествениот развој, во тој случај веројатно ќе дојде до забавување на економската активност на национално ниво, што ќе предизвика зголемување на сиромаштијата кај ранливите општествени слоеви, повлекување на крупниот капитал, масовно иселување на младото население кое поседува знаења и вештини што му овозможуваат вработување во странство, во некоја од економски и технолошки развиените држави.

Големиот американски економист и добитник на Нобелова награда за економија во 2001 година Џозеф Стиглиц, кој воедно е еден од водечките современи светски интелектуалци, истакнува дека доминантните чинители на глобалниот либерален светски општествено-економски и политички поредок, согласно структурата со којашто тој располага во актуелниот историски миг, вклучувајќи ги тука и Светската банка (СБ), Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Светската трговска организација (СТО), Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) и Организацијата на Обединетите нации (ООН), немаат адекватен потенцијал (финансиски, човечки, морален) адекватно да им помогнат на државите во развој, кои се со слаба економија и недоволно развиена инфраструктура, со цел да им се овозможи да фатат приклучок со развиениот свет, туку наспроти тоа економски моќните национални и наднационални општествено-економски структури се обидуваат да извлечат полза од постојната состојба и дополнително да профитираат од положбата во којашто се наоѓаат државите во развој (види Stiglitz, 2002: 62-63). Еден од најголемите современи етичари, австралискиот филозоф Питер Сингер, истакнува дека е морално погрешно што моќните и богатите нации не успеваат да изградат реален политички светоглед втемелен врз јасно дефинирани етички принципи и дека степенот на успешност со којшто човештвото ќе напредува во ерата на глобализацијата е условен од тоа како етички ќе одговориме на идејата дека живееме во еден свет (Singer, 2002: 13).

Класичните фактори на производство веќе не се клучни економски и општествени ресурси. Знаењето го презема приматот како клучен економски и општествен ресурс. Клучот за успешно извршување на определена деловна, економско-општествена или политичка активност лежи во квалитетот на човечкиот фактор. Квалитетот на човечкиот фактор непосредно произлегува од квалитетот на образованието, односно кога станува збор за едно определено општество, квалитетот на човечкиот фактор непосредно произлегува од квалитетот на образовниот систем што го поседува тоа општество. Важноста на образованието и есенцијалното значење на функционалноста на образовниот систем во рамките на современото општество детално ги апострофира Европската унија, како стратешки партнер на Северна Македонија и економска и политичка унија во којашто сака да се зачлени (поопширно види ФООМ, 2019: 3-4), настојувајќи да

одговори на постојните општествено-економски и образовни предизвици со коишто се соочува. ЕУ има објавено стратешки документ за одржлив развој насловен „Стратегија Европа 2020“, во којшто се промовираат концепции за спроведување на структурни реформи насочени кон примена на мерки за зголемување на растот неопходен за зајакнување на потенцијалите на европската економија за во иднина. Најприоритетна и најургентна задача детерминирана во рамките на „Стратегија Европа 2020“ е креирањето на нови работни места. Стратезите на ЕУ, свесни за тековните глобални општествено-економски тенденции, своите заложби ги насочуваат кон креирање на подобро платени работни места наменети за работна сила со специфични знаења и вештини, како и за висококвалификувани работници кои ќе можат соодветно да ги задоволат потребите на стопанските субјекти за специфичен стручен кадар во периодот на забрзување на економско-општествените глобализациски процеси и дигиталната трансформација. Европа тежнее да изгради развоен модел врз принципите на паметен, одржлив и инклузивен развој. „Стратегија Европа 2020“ настојува да овозможи создавање на инклузивно општество во коешто луѓе од различна полова, верска, етничка припадност и со различно социјално потекло ќе имаат можност да придонесат во напредокот на општеството, но воедно и лично ќе ги почувствуваат придобивките од општествениот напредок. Социјалниот и економскиот напредок треба да се реализира во рамките на процес што стриктно ќе се грижи за заштитата и зачувувањето на животната средина. Европската унија во рамките на „Стратегија Европа 2020“, која е во согласност со принципите и целите за одржлив развој на „Агендата 2030“ на Организацијата на Обединетите нации (ООН), сите свои цели ги поврзува со дејноста на образованието. Во рамките на Стратегијата јасно и недвосмислено се укажува на фактот дека образованието го обликува економскиот потенцијал на општеството во рамките на современото деловно опкружување, тоа има трансформациска улога во духовното и интелектуалното созревање на личноста која во рамките на современите демократски општества е препознаена и признаена како носител на суверенитетот, волјата и напредокот на општествената заедница. Есенцијалните цели наведени во Стратегијата се: вработување; иновации; социјална вклученост; зачувување на животната средина; и образование, при што во образованието посочени приоритети се: намалување на стапката на лицата кои рано го напуштаат училиштето под 10 отсто и зголемување на процентот на лицата на возраст 30-34 години со завршено високо образование на 40 отсто (ЕС, 2010: 9), додека „Агендата 2030“ како цел посочува дека до 2030 година треба да се обезбеди на сите девојчиња и момчиња да им биде достапно бесплатно и квалитетно основно и средно образование, да имаат пристап до квалитетен ран детски развој, грижа и предучилишно образование, да се обезбеди еднаков пристап на сите жени и мажи до квалитетно техничко, стручно и високо образование и значително да се зголеми бројот на млади и возрасни кои имаат релевантни вештини, барани на пазарот на трудот, кои можат да им обезбедат солидно платено вработување. Соодветно, до 2030 година треба да бидат елиминирани родовите разлики во образованието и да биде обезбеден еднаков пристап

до сите нивоа на образование и стручна обука за ранливите категории, вклучително и лица со попреченост (UN, 2015: 21). Ова е една навистина амбициозна програма со конкретни цели, но ја дава и визијата за промени во идните образовни модели на секоја држава.

Почетокот на третата декада на 21 век веројатно ќе претставува историски период во којшто забрзаните, но нестабилни и непредвидливи политичко-економски процеси на глобализација, рапидниот технолошки напредок и информатичката револуција, предизвиците во областа на одржливиот развој и зачувувањето на животната средина, обезбедувањето на социјалната инклузија и социјалната кохезија, демографските промени и политичките превирања ќе имаат силно влијание врз севкупниот општествен живот, врз идните економски, политички и севкупните општествени тенденции, каде што континуирано зајакнува растечкиот диспаритет помеѓу потенцијалот на глобалното информатичко општество наспроти постојната подвоеност помеѓу богатството и сиромаштијата (види Cohen, 2009: 58). Образованието треба да има непосредна улога во обезбедувањето на соодветно обучен и стручен кадар за пазарот на трудот, вработливоста, конкурентност и иновативност на работниците и стручниот кадар, при што треба да се истакне дека вложувањето во висококвалитетно образованието на сите нивоа на образованието (од претшколското воспитување и основното образование до високото образование и постдипломските и докторските студии) претставува исклучително рентабилен чекор (види Fasih, 2008: 3) во обезбедувањето на напредокот и изградбата на економската благосостојба и на поединецот и на нацијата. Образованието претставува клучен инструмент на политиките за конципирање и имплементација на одржлив раст и конкурентност и поттикнување на вработување и учество на пазарот на трудот.

Инвестирањето во компетенции треба да ги опфати сите фази од животот на учесниците во образованата дејност. Особено внимание треба да се посвети на зајакнување на компетенциите што во иднина ќе бидат релевантни на пазарот на трудот, како и на стратешкото финансирање за дигиталната трансформација и на поттикнувањето иновации, модернизирањето на образовната инфраструктура и подобрувањето на постојните педагошки пристапи. Образованието е суштествена дејност за обезбедување знаење, вештини и компетенции и за изградба на вредностите што се клучни за овозможување на социјална трансформација во насока на изградба на пофункционално и поправедно општество во коешто доследно ќе бидат почитувани принципите на социјална правда и ќе зајакне свеста за значењето на соодветното уважување на човечкото достоинство на секоја индивидуа. Токму од наведените причини треба да се тежнее кон промовирање развој на дигитални вештини и иновации во образованието со зголемување на пропусната моќ на системите за образование и обезбедување на инклузивни и иновативни пристапи и надминување на постојната нееднаквост во можностите за учење и напредување на различни категории граѓани, промовирајќи ги на тој начин низ конкретни постапки и дела принципите на социјална инклузија, социјална солидарност и социјална правда (види Fasih, 2008: 17-18). Суштествена карактеристика

на современите образовни политики треба да биде тенденцијата за имплементирање и континуираното унапредување на доживотното образование, согласно кое секој граѓанин би имал право на квалитетно и инклузивно образование, обука и доживотно учење, со цел да ги стекне и да ги унапредува вештините што ќе му овозможат целосно функционално учество во општествениот живот и успешно позиционирање на пазарот на трудот.

Образованието има клучна улога во рамките на пошироките општествени заложби за обезбедување на благосостојба и одржлив раст на општеството. Образовната сфера има релевантна и влијателна улога во обликувањето на политиките за дигитална трансформација, особено имајќи предвид дека патот и темпото на дигиталната трансформација на секоја институција, а особено патот и темпото на дигиталната трансформација во согласност со деловните можности и потреби на определен стопански субјект, се исклучително различни (види Westerman, Bonnet and McAfee, 2014: 180-181). Соодветното инвестирање во знаења, компетенции, вештини треба да претставува клучен сегмент за подобрување на конкурентноста и продуктивноста на општеството. Развојот на технологиите, тековната дигитална трансформација и особено развојот на вештачката интелигенција имаат значителен потенцијал за создавање на нови видови на економски активности, кои би издиференцирале потреба од нови стручни профили и нови работни места, би создале нови производи и услуги, при што низ развој на ефективни образовни политики би било неопходно да се обезбеди дека секој граѓанин ќе има пристап до квалитетно образование и стекнување со соодветни знаења, вештини и компетенции што ќе му овозможат да земе активно учество во рамките на постојната технолошка и дигитална трансформација. Технолошката и дигиталната трансформација на економијата, како и на општеството во целина, повеќекратно ги зголемува барањата за исклучително софистицирани вештини и компетенции на пазарот на трудот, а во исто време се намалува побарувачката за неквалификувана и полуквалификувана работна сила. Но, како што ќе биде прикажано во продолжение, во нашата економија и на пазарот на трудот сѐ уште доминира побарувачката за помалку образована работна сила, согласно постојната структура на нашата економија.

## Ефикасноста на нашиот образовен систем според ИЧК на Светската банка

Индексот на човечки капитал (ИЧК) на Светската банка претставува обид на релевантен меѓународен субјект со својот авторитет да застане зад систематско истражување што ќе помогне да се определат и да се спознаат клучните компоненти на грижата, заштитата и развојот на човечкиот капитал во различни земји на глобално ниво. Наведените истражувања се обидуваат да проценат што детето родено во моментот кога истражувањето се спроведува, во зависност од перформансите на својата социјална средина, може да постигне до својот 18-ти роденден во рамките на зачувувањето и

зајакнувањето на својот личен човечки потенцијал (поседување на знаење и вештини, оформен поглед на свет, зачувано здравје, заштита од болести и избегнување на трајните нарушувања на здравјето што можат да произлезат како последици од болеста), што непосредно ја определува продуктивноста на идната генерација работници (IBRD and World Bank, 2020: 2). Истражувањето ја потенцира важноста општествата, односно државите, непосредно, систематски и континуирано да инвестираат во човечкиот капитал на своите граѓани. Доколку определено општество располага со поголем човечки капитал, тоа непосредно придонесува за подобар стандард на граѓаните поради воспоставување на голем број на добро платени работни места, а соодветно на тоа и поголем приход за земјата и посилна кохезија во општествата.

Истражувањето на Индексот на човечкиот капитал, проценувајќи ги ефикасноста и функционалноста на образовниот и на здравствениот систем, ја определува очекуваната стапка на продуктивност на следната генерација работници во рамките на определено општество. Согласно показателите на Индексот на човечкиот капитал според истражувањето на Светската банка, дете родено во 2020 година во РСМ може да очекува да биде продуктивно 56% од она што би можело да биде кога ќе порасне согласно вродениот потенцијал, односно кога ќе наполни 18 години ќе биде продуктивно 56 отсто во однос на тоа што би можело да биде кога би имало оптимално образование и соодветна здравствена заштита. Резултатите и проценката на ИЧК за РСМ се пониски од просекот за регионот, пониски од просекот во Европа и пониски од просекот карактеристичен за земјите со средни и високи приходи (Табела 1).

Табела 1. Приказ на проценката на Индексот на човечки капитал во 2020 година (поопширно види IBRD and World Bank, 2020: 27)

| **Ред. бр.** | **Држава/ентитет/ економија** | **Долна граница** | **Вредност** | **Горна граница** |
|---|---|---|---|---|
| *Десет држави со најдобро оценет Индекс на човечки капитал во 2020 год.* | | | | |
| 1 | Сингапур | 0,87 | 0,88 | 0,89 |
| 2 | Хонгконг, Кина | 0,80 | 0,81 | 0,82 |
| 3 | Јапонија | 0,80 | 0,80 | 0,81 |
| 4 | Република Кореја (Јужна Кореја) | 0,79 | 0,80 | 0,81 |
| 5 | Канада | 0,79 | 0,80 | 0,81 |
| 6 | Финска | 0,79 | 0,80 | 0,80 |
| 7 | Макао, Кина | 0,79 | 0,80 | 0,80 |
| 8 | Шведска | 0,79 | 0,80 | 0,81 |
| 9 | Ирска | 0,78 | 0,79 | 0,80 |
| 10 | Холандија | 0,78 | 0,79 | 0,80 |

| **Ред. бр.** | **Држава/ентитет/ економија** | **Долна граница** | **Вредност** | **Горна граница** |
|---|---|---|---|---|
| *Приказ на проценката на Индексот на човечки капитал во 2020 год. на државите од регионот* | | | | |
| 14 | Словенија | 0,77 | 0,77 | 0,78 |
| 31 | Хрватска | 0,70 | 0,71 | 0,72 |
| 37 | Грција | 0,68 | 0,69 | 0,70 |
| 42 | Србија | 0,67 | 0,68 | 0,69 |
| 50 | Албанија | 0,62 | 0,63 | 0,64 |
| 51 | Црна Гора | 0,62 | 0,63 | 0,64 |
| 60 | Бугарија | 0,60 | 0,61 | 0,62 |
| 81 | Босна и Херцеговина | 0,57 | 0,58 | 0,59 |
| 86 | Косово | 0,56 | 0,57 | 0,57 |
| 89 | Северна Македонија | 0,55 | 0,56 | 0,56 |
| *Пет држави со најлошо оценет Индекс на човечки капитал во 2020 год.* | | | | |
| 170 | Мали | 0,31 | 0,32 | 0,33 |
| 171 | Нигер | 0,29 | 0,32 | 0,33 |
| 172 | Јужен Судан | 0,27 | 0,31 | 0,33 |
| 173 | Чад | 0,28 | 0,30 | 0,32 |
| 174 | Централноафриканска Република | 0,26 | 0,29 | 0,32 |

Според очекувани години на школување во Северна Македонија, во просек, децата почнуваат со училиште (вклучително предучилишно институционално образование) на четиригодишна возраст и до својот осумнаесетти роденден оформуваат единаесетгодишно институционално формално школување, што укажува дека голем број деца не оформуваат средно образование и веројатно определен број деца во државата не оформуваат ниту основно образование. Согласно резултатите на меѓународните стандардизирани и усогласени тестирања на знаењата и применливоста на знаењата стекнати во рамките на образовниот процес на скалата според којашто 625 поени претставува напредно постигнување, а 300 поени претставува минимално постигнување, учениците од Северна Македонија имаат резултат 414 поени (IBRD and World Bank, 2020: 3-5; 186). Доколку се земе предвид единствено она што децата навистина го научиле и можноста во секојдневниот живот да ги применат знаењата здобиени на училиште, нашите ученици имаат стекнато знаење еквивалентно на школување од само 7,3 години во рамките на беспрекорно ефикасен образовен систем (Табела 2).

Табела 2. Приказ на проценката на компонентите на Индексот на човечки капитал (ИЧК) во 2020 година (поопширно види IBRD and World Bank, 2020: 183-187)

| Држава/ентитет/економија | **Компоненти на Индексот на човечки капитал 2020** | | | | | | **Индекс на човечки капитал (ИЧК)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Удел на деца кои преживеале над петгодишна возраст во % | Очекувани години на школување до 18 години | Резултат од стандардизирани усогласени тестови | Однос: години школување според постигнатите резултати | Стапка на преживување кај возрасните | Стапки на деца под пет години без пречки во развојот во % | ИЧК 2020 | ИЧК 2018 (дополнителна проценка) | ИЧК 2010 | Позиција на рангирањето ИЧК 2020 |
| *Приказ на проценката на Индексот на човечки капитал во 2020 год. на државите од регионот* | | | | | | | | | | |
| Словенија | 1,00 | 13,6 | 521 | 11,4 | 0,93 | – | 0,77 | 0,79 | 0,75 | 14 |
| Хрватска | 1,00 | 13,4 | 488 | 10,4 | 0,92 | – | 0,71 | 0,73 | 0,69 | 31 |
| Грција | 1,00 | 13,3 | 469 | 10,0 | 0,93 | – | 0,69 | 0,69 | 0,71 | 37 |
| Србија | 0,99 | 13,3 | 457 | 9,8 | 0,89 | 0,94 | 0,68 | 0,76 | 0,65 | 42 |
| Албанија | 0,99 | 12,9 | 434 | 9,0 | 0,93 | 0,89 | 0,63 | 0,63 | 0,54 | 50 |
| Црна Гора | 1,00 | 12,8 | 436 | 8,9 | 0,91 | 0,91 | 0,63 | 0,62 | 0,59 | 51 |
| Бугарија | 0,99 | 12,3 | 441 | 8,7 | 0,87 | 0,93 | 0,61 | 0,67 | 0,64 | 60 |
| БиХ | 0,99 | 11,7 | 416 | 7,8 | 0,91 | 0,91 | 0,58 | 0,62 | – | 81 |
| Косово | 0,99 | 13,2 | 374 | 7,9 | 0,91 | – | 0,57 | 0,57 | – | 86 |
| Северна Македонија | 0,99 | 11,0 | 414 | 7,3 | 0,91 | 0,95 | 0,56 | 0,54 | 0,54 | 89 |

Северна Македонија поседува соодветен човечки и институционален потенцијал за забрзување на економскиот раст, за намалување на сиромаштијата и за подобрување на животниот стандард на своите граѓани. Зголемувањето на продуктивноста на економијата, зајакнувањето на образовниот систем и неговото адекватно хармонизирање со потребите на пазарот на трудот, како и зајакнувањето на фискална стабилност, би ѝ овозможиле на државата забрзување на евроинтеграцискиот процес и намалување на јазот меѓу неа и државите-членки на ЕУ во однос на функционалноста на економско-политичкиот систем. Зајакнувањето на економијата и зголемувањето на функционалноста на државната администрација би овозможиле поквалитетен живот за жителите на

државата и постапно востановување на поголем број на подобро платени работни места.

## Образовниот систем на Северна Македонија како базичен ресурс

Согласно проценката на населението за состојбата на 31.12.2019 година на Државниот завод за статистика, РСМ имала 2.076.255 жители, што е за 7.083 лица или за 0,3 отсто повеќе во однос на 2014 година, и 23.533 лица или 1,1 отсто повеќе во однос на 2009 година, согласно Државниот завод за статистика во РСМ (Државен завод за статистика, 2020: 12). Во однос на старосната структура, македонското население дефинитивно старее сè повеќе. Во периодот од 2009 до 2019 година, учеството на младото население (од 0 до 14 години) во однос на бројот на вкупното население е намалено од 17,7 на 16,2 отсто, а учеството на старото население (65 и повеќе години) е зголемено од 11,6 на 14,5 отсто. Полека влегуваме во групата земји со брзо стареење на населението. Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2009 година во РСМ, бројот на живородените деца изнесувал 23.684 деца, во 2014 забележани се: 23.596 живородени деца, додека во 2019 година во РСМ вкупниот број на живородени деца изнесува 19.845, при што, согласно наведените податоци, може да се забележи дека постои тенденција на континуиран пад на бројот на живородени деца во текот на последните десет години. Во периодот од 2009 до 2019 година, бројот на живородените деца е намален за 3.839 живородени деца или за 16,2 отсто. Статистички гледано, на 1.000 жители во 2009 години имало 11,5 живородени деца, во 2014 години имало 11,4 живородени деца, додека во 2019 година бројот се намалил на 9,6 живородени деца (Државен завод за статистика, 2020: 13). Од наведените податоци следува дека природниот прираст на населението во РСМ во 2019 година е негативен (Графикон 1). Истовремено, во периодот од 2009 до 2019 година, се забележува намалување и на бројот на склучените бракови за 7,4 отсто и зголемување на бројот на разводите за 54,6 отсто согласно постојниот тренд. Тоа значи дека сме сведоци на целосна трансформација на семејството, додека во општеството се јавуваат различни типови семејства.

Графикон 1. Однос меѓу бројот на живородени деца и бројот на починати лица во РМ/РСМ во периодот од 2009 до 2019 година



Согласно податоците на Државниот завод за статистика, во РСМ во учебната 2018/2019 година вкупно имало 189.236 ученици запишани во основното образование (Табела 3), и од тоа според родовата припадност 91.626 ученички и 97.610 ученици, во учебната 2018/2019 година во државата вкупно имало 72.123 ученици запишани во средното образование и од тоа според родовата припадност 34.281 ученичка и 37.842 ученици и во академската 2018/2019 година вкупно имало 53.677 запишани студенти во високото образование и од тоа според родовата припадност 30.352 студентки и 23.325 студенти (Државен завод за статистика, 2020: 21).

Табела 3. Основни податоци за образованието за учебните години 2008/2009, 2013/2014, 2018/2019 (поопширно види Државен завод за статистика, 2020: 21)

| **Основни податоци за образованието** | | | |
|---|---|---|---|
| | **2008/2009** | **2013/2014** | **2018/2019** |
| **Основно образование** *(Податокот се однесува на сите видови на основни училишта од I до IX одделение: редовни училишта, училишта за ученици со специјални потреби и училишта за возрасни)* | | | |
| Ученици во основното образование | 217.685 | 192.152 | 189.236 |
| Ученички | 105.014 | 92.837 | 91.626 |
| Ученици | 112.671 | 99.315 | 97.610 |
| **Средно образование** *(Податокот се однесува на сите видови на средни училишта: редовни училишта, училишта за ученици со специјални потреби и верски училишта)* | | | |
| Ученици во средното образование | 94.387 | 86.936 | 72.123 |
| Ученички | 44.676 | 41.272 | 34.281 |
| Ученици | 49.711 | 45.664 | 37.842 |
| **Високо образование** | | | |
| Запишани студенти | 63.437 | 57.746 | 53.677 |
| Жени | 33.593 | 31.450 | 30.352 |
| Мажи | 29.844 | 26.296 | 23.325 |

Според податоците на Државниот завод за статистика, во РСМ може да се забележи дека во периодот од учебната 2008/2009 година до учебната 2018/2019 година постои тенденција на континуирано намалување на бројот на ученици во основното и средното и на бројот на студентите во високото образование. Бројот на запишани ученици во основното образование во учебната 2018/2019 година е помал за 13,1 отсто во споредба со 2008/2009 година. Бројот на запишани ученици во средното образование во учебната

2018/2019 година, во споредба со 2008/2009 година е помал за 23,6 отсто. Бројот на запишани студенти во 2018/2019 година е намален за 15,4 отсто во споредба со 2008/2009 година (Графикон 2).

Графикон 2. Основните тенденции на односот меѓу бројот на ученици во основното, средното и високото образование во периодот од 2009 до 2019 година




Во редовните основни училишта во учебната 2018/2019 година се запишале 4.346 ученици помалку отколку во учебната 2017/2018 година. Во редовните основни училишта, во просек, во учебната 2018/2019 година има 17 ученици по одделение, додека едно основно училиште во просек има 191 ученик. Во редовните средни училишта во учебната 2018/2019 година се запишале 192 ученици повеќе отколку во учебната 2017/2018 година. Во средните стручни училишта се запишуваат 60 отсто од вкупниот број ученици во редовните средни училишта, при што најпопуларни струки се здравствената, со 25 отсто, економско-правната, со 21 отсто, електротехничката, со 14 отсто. Во 2018 година во РСМ дипломирале вкупно 9.826 студенти, од коишто согласно Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација, на студиските групи од научното подрачје на природно-математичките науки дипломирале вкупно 481 студент, на студиските групи од научното подрачје на техничко-технолошките науки дипломирале вкупно 1.682 студенти, на студиските групи од научното подрачје на медицинските науки дипломирале вкупно 1.192 студенти, на студиските групи од научното подрачје на биотехничките науки дипломирале вкупно 356 студенти (Табела 4), на студиските групи од научното подрачје на општествени науки дипломирале вкупно 4.955 студенти и на студиските групи од научното подрачје на хуманистички науки дипломирале вкупно 1.160 студенти (Државен завод за статистика, 2019: 12).

Табела 4. Број на дипломирани студенти (прв, втор и трет циклус) според научната област (извор: Државен завод за статистика, 2019: 12)

| **Број на дипломирани студенти (прв, втор и трет циклус) според научните подрачја** | | |
|---|---|---|
| | 2017 | 2018 |
| Природно-математички науки | 498 | 481 |
| Техничко-технолошки науки | 1.657 | 1.682 |
| Медицински науки | 900 | 1.192 |
| Биотехнички науки | 373 | 356 |
| Општествени науки | 5.971 | 4.955 |
| Хуманистички науки | 1.332 | 1.160 |
| **Вкупно** | **10.731** | **9.826** |

И тука постои тренд на намалување на дипломирани студенти на сите три циклуси, освен кај медицинските науки. Од вкупниот број на дипломирани студенти во 2018 година, 78 отсто (во прв, втор и трет циклус) се студенти кои дипломирале на додипломски студии. Согласно податоците на Државниот завод за статистика, вкупниот број на дипломирани студенти (во прв, втор и трет циклус) во 2018 е за 230 отсто поголем во однос на дипломираните студенти во 1993 година. Но, очигледно овој тренд не продолжил, туку во изминатите неколку години имаме постојано намалување на дипломираните студенти.

Сега од податоците за образование ќе се префрлиме на податоците за работната сила во државата. Согласно податоците на Државниот завод за статистика, во 2019 година, активното население во РСМ изнесува 964.014 лица, од коишто вработени се 797.651 лице, а 166.363 лица се невработени, стапката на активност во 2019 година изнесува 57,2, стапката на вработеност изнесува 47,3 (Табела 5), а стапката на невработеност изнесува 17,3 (Државен завод за статистика, 2020: 33).

Табела 5. Број на активно население, стапки на активност, вработеност и невработеност (извор: Државен завод за статистика, 2020: 33)

| **Активно население, стапки на активност, вработеност и невработеност** | | | |
|---|---|---|---|
| | **2009 год.** | **2014 год.** | **2019 год.** |
| **Активно население** | **928.775** | **958.998** | **964.014** |
| Мажи | 570.698 | 579.906 | 571.635 |
| Жени | 358.077 | 379.092 | 392.379 |
| **Стапка на активност** | **56,7** | **57,3** | **57,2** |
| Мажи | 69,6 | 69,3 | 67,8 |
| Жени | 43,7 | 45,3 | 46,6 |

| Активно население, стапки на активност, вработеност и невработеност | | | |
|---|---|---|---|
| | **2009 год.** | **2014 год.** | **2019 год.** |
| **Вработени** | **629.901** | **690.188** | **797.651** |
| Мажи | 389.332 | 419.589 | 477.437 |
| Жени | 240.569 | 270.599 | 320.214 |
| **Стапка на вработеност** | **38,4** | **41,2** | **47,3** |
| Мажи | 47,5 | 50,1 | 56,6 |
| Жени | 29,4 | 32,4 | 38,1 |
| Невработени | 298.873 | 268.809 | 166.363 |
| Мажи | 181.366 | 160.316 | 94.198 |
| Жени | 117.508 | 108.493 | 72.165 |
| **Стапка на невработеност** | **32,2** | **28,0** | **17,3** |
| Мажи | 31,8 | 27,6 | 16,5 |
| Жени | 32,8 | 28,6 | 18,4 |

Според податоците на Државниот завод за статистика во периодот од 2009 до 2019 година, стапките на активност, вработеност и невработеност бележат промени и тоа во континуитет се зголемува бројот на активното население и на вработените во државата, а воедно континуирано се намалува бројот на невработените (Графикон 3). Во 2019 година, стапката на активното население кај жените бележи пораст од 2,9 процентни поени во однос на 2009 година. Највисока стапка на вработеност, во последната декада, од 47,3 е забележана во 2019 година, додека најниска стапка на невработеност, во последната декада, од 17,3 е забележана исто така во 2019 година. Повисока стапка на вработеност во овој период се забележува кај мажите – 56,6, што се рефлектира со поголемо учество на мажите во вкупниот број вработени. Стапката на вработеност кај жените во текот на периодот бележи исто така зголемување од 8,7 процентни поени во однос на 2009 година.

Графикон 3. Основните тенденции на односот меѓу бројот на активното население, вработените и невработените во периодот од 2009 до 2019 година



Во вкупниот број на невработени лица, најголемо е учеството на невработени кои според должината на невработеност се категоризирани во долгорочно невработени лица, од коишто во 2009 година биле регистрирани дури 190.768 долгорочни невработени лица (Табела 6), додека во 2019 година нивниот број е намален и се регистрирани вкупно 78.388 долгорочни невработени лица (Државен завод за статистика, 2020: 36). На што се должи намалувањето на оваа бројка е прашање што може да даде објаснување во насока дали ова е резултат на нови вработувања или, пак, други причини, какви што се природните текови и стареењето на популацијата или постојаните емиграциски бранови.

Табела 6. Невработени според должината на невработеноста во 2009, 2014 и 2019 година (извор: Државен завод за статистика, 2020: 36)

| **Невработени според должината на невработеноста** | | | |
|---|---|---|---|
| | **2009** | **2014** | **2019** |
| До 1 месец | 10.004 | 8.845 | 10.277 |
| 2-5 месеци | 23.806 | 18.090 | 17.974 |
| 6-11 месеци | 20.431 | 17.754 | 11.762 |
| 12-17 месеци | 17.714 | 15.935 | 15.025 |
| 18-23 месеци | 12.227 | 14.389 | 15.661 |
| До 2 години | 2.000 | 2.389 | 5.594 |
| До 3 години | 21.922 | 22.752 | 11.681 |
| 4 и повеќе години | **190.768** | **168.655** | **78.388** |
| **Вкупно** | **298.873** | **268.809** | **166.363** |

Севкупно, погледнато низ официјалните податоци, постојат бројки според коишто може да се елаборира дека нашиот образовен модел произведува одреден потенцијал што се предава на општеството и дека работите се движат, но се чини дека постојат ненадминливи бариери и предизвици помеѓу квантитетот и квалитетот во нашиот образовен систем, а во оваа насока и меѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд. Ќе се обидеме според повеќе параметри да анализираме некои прашања околу дискрепанцата на она што се произведува во образованието, она што се нуди на пазарот на труд и она што реално се бара во стопанството и економијата.

## (Не)усогласеност на образовната понуда и реалната побарувачка во неколку градови во Северна Македонија

Во овој дел ќе прикажеме податоци за неколку градови во државата за понудата и побарувачката на работна сила, согласно податоците за слободни работни места и предвидувања за идните вработувања на Агенцијата за вработување. Сите податоци за работната сила презентирани во овој текст се

од Агенцијата за вработување на РСМ. За обработка ќе користиме секундарни извори на податоци (од Државниот завод за статистика и од Агенцијата за вработување), додека анализата ќе биде дескриптивна. Идејата на овој текст е да ја прикаже неусогласеноста на образовниот систем и пазарот на трудот во насока на понуда и побарувачка, како една од бариерите за стабилен развој на македонското општество. Ќе бидат презентирани податоци за Штип, Тетово, Струмица, Куманово, Прилеп и Битола. Во најголем дел од анализата за невработеноста и очекуваните вработувања, главна целна група на нашата анализа се младите до 29 години, како важна движечка сила на секое општество.

Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центарот за вработување Штип согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, 38% од вкупно 544 лица до 29 години биле регистрирани како невработени лица без образование или со основно образование, додека 27% од регистрираните невработени лица и други лица кои бараат работа се со завршено средно училиште и ист процент од регистрираните невработени лица и други лица кои бараат работа се со завршено високо образование (Графикон 4).

Графикон 4. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Штип, состојба на 28.02.2019 година




Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центарот за вработување Штип, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, што во основата укажуваат на основните тенденции и состојби со лица кои бараат работа од Источниот плански регион на РСМ, вкупно 544 лица до 29 години се регистрирани дека бараат работа, од коишто 293 лица се на возраст од 25 до 29 години (Табела 7).

Табела 7. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Штип, состојба на 28.02.2019 година, според возраста и полот

| **Училишна подготовка** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год.** | | **Од 20 до 24 год.** | | **Од 25 до 29 год.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сите** | **жени** | **сите** | **жени** | **сите** | **жени** | **сите** | **жени** |
| Без образование и со основно училиште | **207** | **97** | 35 | 20 | 78 | 35 | **94** | **42** |
| Непотполно средно училиште | 26 | 9 | 1 | 0 | 13 | 5 | 12 | 4 |
| Завршено средно училиште | **150** | **69** | 13 | 6 | 74 | 33 | **63** | **30** |
| Завршена виша школа | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 |
| Завршен факултет | **148** | **103** | 0 | 0 | 36 | 24 | **112** | **79** |
| Магистри на науки | 9 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 8 | 4 |
| Вкупно: | **544** | **284** | 49 | 26 | 202 | 97 | **293** | **161** |

Според очекуваните вработувања во текот на целата 2019 година во Источниот плански регион, согласно состојбата во февруари 2019 година, се очекува вкупно вработување на 2.525 лица кои се невработени или бараат работа, од коишто дури 63% се со завршено средно образование (Графикон 5).

Графикон 5. Очекувани вработувања во Источниот плански регион, состојба на 28.02.2019 година



Во рамките на очекуваните вработувања во Источниот плански регион, кој вклучува единаесет општини, согласно состојбата на 28.02.2019 година, најголем број вработувања се очекуваат токму за категоријата невработени лица и други лица кои бараат работа со завршено средно образование, вкупно 1.588, што во основата е компатибилно на постојната понуда на работна сила на пазарот на трудот во дадениот регион, каде што најголем број лица до 29 години кои се невработени или коишто бараат работа се токму од категоријата лица со завршено средно образование, вкупно 2.330 лица. За жал, веројатно поради структурата на стопанството, со високо образование се очекуваат само 57 новоотворени работни или испразнети места, а само во Штип до 29 години има 148 лица со завршено високо образование и 9 магистри на науки.

Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центарот за вработување Тетово, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, што во основата укажуваат на основните тенденции и состојби со лица кои бараат работа од Полошкиот плански регион на РСМ, 48% од вкупно 3.671 лице до 29 години регистрирани како невработени лица и други лица кои бараат работа биле со завршено средно образование, додека 31% регистрирани како невработени лица и други лица кои бараат работа биле без образование или со завршено основно образование, 18% регистрирани како невработени лица и други лица кои бараат работа биле со завршено високо образование (Графикон 6).

Графикон 6. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Тетово, состојба на 28.02.2019 година




Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центар за вработување Тетово, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, што во основата укажуваат на основните тенденции и состојби со лица кои бараат работа од Полошкиот плански регион на РСМ, вкупно 3.671 лице до 29 години биле регистрирани дека бараат работа, од коишто 1.964 лица биле на возраст од 25 до 29 години (Табела 8).

Табела 8. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Тетово, состојба на 28.02.2019 година, според возраста и полот

| **Училишна подготовка** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год.** | | **Од 20 до 24 год.** | | **Од 25 до 29 год.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** |
| Без образование и со основно училиште | 1.124 | 562 | 122 | 54 | 352 | 167 | 650 | 541 |
| Непотполно средно училиште | 49 | 5 | 13 | 2 | 20 | 0 | 16 | 3 |
| Завршено средно училиште | 1.767 | 753 | 179 | 62 | 838 | 376 | 750 | 315 |
| Завршена виша школа | 30 | 13 | 0 | 0 | 7 | 4 | 23 | 9 |
| Завршен факултет | **664** | **448** | 0 | 0 | 167 | 122 | **497** | **326** |
| Магистри на науки | 37 | 24 | 0 | 0 | 9 | 7 | 28 | 17 |
| Вкупно: | **3.671** | **1.805** | 314 | 118 | 1.393 | 676 | **1.964** | **1.011** |

Според очекуваните вработувања во Полошкиот плански регион согласно состојбата во февруари 2019 година, се очекува вкупно вработување на 429 лица кои се невработени или бараат работа, од коишто дури 62% да бидат со завршено средно образование, додека се очекува 31% од вработените да имаат завршено основно образование (Графикон 7).

Графикон 7. Очекувани вработувања во Полошкиот плански регион, состојба на 28.02.2019 година



Според очекуваните вработувања во Полошкиот плански регион согласно состојбата на 28.02.2019 година, најголем број вработувања се очекуваат токму за категоријата невработени лица и други лица кои бараат работа со завршено средно образование, вкупно 264, што во основата според образовниот профил е компатибилно со постојната понуда на работна сила на пазарот на трудот. Во дадениот регион на возраст до 29 години на Центарот за вработување Тетово, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, најголем број лица до 29 години кои се невработени или коишто бараат работа се токму од категоријата лица со завршено средно образование, вкупно 1.767 лица, но воедно очекуваната понуда на работни места за 429 лица не ќе може суштински да влијае врз намалувањето на бројот на невработени лица и други лица кои бараат работа, каде што согласно податоците актуелни во февруари 2019 година регистрирани се вкупно 3.671 лице. Како проекција за нови вработувања е самоискажаната потреба од 23 нови вработувања на лица со завршено високо образование, а постојат барем до 29-годишна возраст 664 лица со факултет и 37 магистри на науки. Тоа претставува целосен дисбаланс по неколку параметри.

Во рамките на прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центарот за вработување Струмица, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, што во основата укажуваат на основните тенденции и состојби со лица кои бараат работа од Југоисточниот плански регион на РСМ, вкупно 48% од невработените лица и други лица кои бараат работа имаат завршено основно образование, додека 33% од невработените лица имаат завршено средно образование (Графикон 8).

Графикон 8. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Струмица, состојба на 28.02.2019 година




Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна

подготовка, возрасна структура и пол во Центар за вработување Струмица, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, што во основата укажуваат на основните тенденции и состојби со лица кои бараат работа од Југоисточниот плански регион на РСМ, вкупно 2.444 лица до 29 години биле регистрирани дека бараат работа, од коишто 1.171 лице биле на возраст од 25 до 29 години (Табела 9).

Табела 9. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Струмица, состојба на 28.02.2019 година, според возраста и полот

| **Училишна подготовка** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год.** | | **Од 20 до 24 год.** | | **Од 25 до 29 год.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** |
| Без образование и со основно училиште | **1.173** | **568** | 128 | 67 | 445 | 227 | 600 | 274 |
| Непотполно средно училиште | 209 | 49 | 11 | 4 | 88 | 13 | 110 | 32 |
| Завршено средно училиште | **807** | **423** | 125 | 66 | 383 | 201 | 299 | 156 |
| Завршена виша школа | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Завршен факултет | **228** | **158** | 0 | 0 | 83 | 62 | 145 | 96 |
| Магистри на науки | 24 | 12 | 0 | 0 | 9 | 6 | 15 | 6 |
| Вкупно: | **2.444** | **1.212** | 264 | 137 | 1.008 | 509 | **1.171** | **566** |

Според очекуваните вработувања во Југоисточниот плански регион согласно состојбата во февруари 2019 година, се очекува вкупно 70% од нововработените лица да бидат со завршено средно образование, додека 22% од новите вработувања да бидат наменети за лица со завршено основно образование (Графикон 9).

Графикон 9. Очекувани вработувања во Југоисточниот плански регион, состојба на 28.02.2019 година




Според очекуваните вработувања во Југоисточниот плански регион согласно состојбата на 28.02.2019 година, најголем број вработувања се очекуваат токму за категоријата невработени лица и други лица кои бараат работа со завршено средно образование, вкупно 1.067 лица (Графикон 9), додека соодветно на актуелната понуда на работна сила на пазарот на трудот според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Струмица, согласно податоците актуелни на 28.02.2019 година, најголем број лица до 29 години кои се невработени или коишто бараат работа се од категоријата лица со завршено основно образование, вкупно 1.173 лица, додека според истиот преглед на невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Струмица, со завршено средно образование вкупно се регистрирани 807 лица.

Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центарот за вработување Прилеп, 49% од невработените лица и други лица кои бараат работа се со завршено средно образование, 27% од невработените лица и други лица кои бараат работа се без образование или со завршено основно образование, додека 19% од невработените лица кои бараат работа се со високо образование (Графикон 10).

Графикон 10. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Прилеп, состојба на 28.02.2019 година



Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центар за вработување Прилеп, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година (Табела 10), вкупно 2.332 лица до 29 години **биле регистрирани дека бараат работа**, **од коишто** 1.270 лица биле на возраст од 25 до 29 години.

Табела 10. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Прилеп, состојба на 28.02.2019 година, според возраста и полот

| **Училишна подготовка** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год.** | | **Од 20 до 24 год.** | | **Од 25 до 29 год.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** |
| Без образование и со основно училиште | **615** | **340** | 61 | 35 | 227 | 130 | 327 | 175 |
| Непотполно средно училиште | 74 | 27 | 4 | 0 | 23 | 11 | 47 | 16 |
| Завршено средно училиште | **1.139** | **468** | 97 | 35 | 522 | 204 | 520 | 229 |
| Завршена виша школа | 3 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 |
| Завршен факултет | **448** | **272** | 0 | 0 | 126 | 80 | 322 | 192 |
| Магистри на науки | 53 | 35 | 0 | 0 | 1 | 1 | 52 | 34 |
| Вкупно: | **2.332** | **1.143** | 162 | 70 | 900 | 426 | **1.270** | **647** |

Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центар за вработување Битола, 38% од невработените лица и други лица кои бараат работа се со завршено средно образование, 31% од невработените лица кои бараат работа се со завршено високо образование, додека 22% од невработените лица и други лица кои бараат работа се без образование или со завршено основно образование (Графикон 11).

Графикон 11. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Битола, состојба на 28.02.2019 година




Според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центар за вработување Битола, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, вкупно 2.332 лица до 29 години биле регистрирани дека бараат работа, од коишто 857 лица биле на возраст од 25 до 29 години (Табела 11).

Табела 11. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Битола, состојба на 28.02.2019 година, според возраста и полот

| **Училишна подготовка** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год.** | | **Од 20 до 24 год.** | | **Од 25 до 29 год.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сѐ** | **жени** | **сѐ** | **жени** | **сѐ** | **жени** | **сѐ** | **жени** |
| Без образование и со основно училиште | 312 | 161 | 33 | 15 | 99 | 56 | 180 | 90 |
| Непотполно средно училиште | 87 | 32 | 2 | 0 | 25 | 6 | 60 | 26 |
| Завршено средно училиште | 544 | 241 | 46 | 17 | 238 | 98 | 260 | 126 |
| Завршена виша школа | 3 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Завршен факултет | 450 | 303 | 0 | 0 | 130 | 90 | 320 | 213 |
| Магистри на науки | 43 | 26 | 0 | 0 | 7 | 5 | 36 | 21 |
| Вкупно: | **1.439** | **765** | 81 | 32 | 501 | 256 | **857** | **477** |

Според очекуваните вработувања во Пелагонискиот плански регион согласно состојбата на 28.02.2019 година, се очекува вкупно вработување на 2.810 лица кои се невработени или бараат работа, од коишто дури 55% од нововработените лица да бидат со завршено основно образование, додека 28% од новите вработувања да бидат наменети за лица со завршено средно образование (Графикон 12).

Графикон 12. Очекувани вработувања во Пелагонискиот плански регион, 28.02.2019 година




Според очекуваните вработувања во Пелагонискиот плански регион согласно состојбата на 28.02.2019 година, најголем број вработувања се очекуваат во рамките на категоријата невработени лица и други лица кои бараат работа со основно образование, вкупно 1.538, додека на пазарот на трудот во дадениот регион најголем број лица до 29 години кои се невработени или коишто бараат работа се од категоријата лица со завршено средно образование и тоа според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа на Центарот за вработување Прилеп, вкупно 1.139 лица, и според прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа на Центарот за вработување Битола, вкупно 544 лица. И овде наоѓаме голем дисбаланс по неколку параметри.

Во рамките на прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центар за вработување Куманово, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, што во основата укажуваат на основните тенденции и состојби со лица кои бараат работа од Североисточниот плански регион на РСМ, 57% од невработените лица и други лица кои бараат работа имаат завршено средно образование, 25% од невработените лица и други лица кои бараат работа се без образование или имаат завршено основно образование, додека 14% од невработените лица и други лица кои бараат работа имаат завршено високо образование (Графикон 13).

Графикон 13. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Куманово, состојба на 28.02.2019 година




Во рамките на прегледот на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, категоризирани според училишна подготовка, возрасна структура и пол во Центар за вработување Куманово, согласно податоците актуелни во февруари 2019 година, што во основата укажуваат на основните тенденции и состојби со лица кои бараат работа од Североисточниот плански регион на РСМ, вкупно 4.089 лица до 29 години биле регистрирани дека бараат работа, од коишто 2.087 лица биле на возраст од 25 до 29 години. Најголем број на невработени лица и други лица кои бараат работа, на возраст до 29 години, во Центарот за вработување Куманово, согласно податоците актуелни на 28.02.2019 година, се со завршено средно училиште, вкупно 2.330 лица, од коишто 1.180 лица се на возраст од 20 до 24 години, додека 933 лица се на возраст од 25 до 29 години (Табела 12).

Табела 12. Невработени лица и други лица кои бараат работа на возраст до 29 години во Центар за вработување Куманово, состојба на 28.02.2019 година, според возраста и полот

| **Училишна подготовка** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год.** | | **Од 20 до 24 год.** | | **Од 25 до 29 год.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** |
| Без образование и со основно училиште | **1.003** | **574** | 123 | 57 | 309 | 163 | 571 | 354 |
| Непотполно средно училиште | 131 | 27 | 17 | 3 | 40 | 12 | 74 | 12 |

| **Училишна подготовка** | **Вкупно** | | **Од 15 до 19 год.** | | **Од 20 до 24 год.** | | **Од 25 до 29 год.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** | **сè** | **жени** |
| Завршено средно училиште | **2.330** | **1.098** | 217 | 110 | 1.180 | 573 | 933 | 415 |
| Завршена виша школа | 6 | 5 | 1 | 0 | 1 | 1 | 4 | 4 |
| Завршен факултет | **587** | **384** | 0 | 0 | 110 | 85 | 477 | 299 |
| Магистри на науки | 38 | 21 | 0 | 0 | 6 | 4 | 32 | 17 |
| Вкупно: | **4.089** | **2.104** | 357 | 170 | 1.645 | 837 | **2.087** | **1.097** |

Според очекуваните вработувања во Североисточниот плански регион согласно состојбата во февруари 2019 година, се очекува вкупно вработување на 1.277 лица кои се невработени или бараат работа, од коишто дури 77% од новите вработувања ќе бидат наменети за невработени лица и други лица кои бараат работа со завршено средно образование, додека 15% од новите вработувања ќе бидат наменети за невработени лица и други лица кои бараат работа со завршено основно образование, додека се очекува само 3% од идните вработувања да бидат за лица со завршено високо образование (Графикон 14).

Графикон 14. Очекувани вработувања во Североисточниот плански регион, 28.02.2019 година




Според очекуваните вработувања во Североисточниот плански регион согласно состојбата на 28.02.2019 година, најголем број вработувања се очекуваат токму за категоријата невработени лица и други лица кои бараат работа со завршено средно образование, вкупно 988, што во основата е компатибилно на постојната понуда на работна сила на пазарот на трудот во дадениот регион, каде што најголем број лица до 29 години кои се

невработени или коишто бараат работа во Центар за вработување Куманово се токму од категоријата лица со завршено средно образование или вкупно 2.330 лица.

## Заклучок

Податоците што ги елабориравме во овој текст укажуваат на тоа дека постои основна усогласеност меѓу понудата и побарувачката за работна сила на пазарот на трудот во РСМ, барем според покажаните податоци за шест градови. Сепак, може да се констатира дека според побарувачката на пазарот на трудот, образовната дејност и образовниот систем во државата не се во функција или не претставуваат двигател на економскиот развој и дека во стопанството не се создаваат доволно нови работни места за високообразовани и специјализирани образовни кадри. Доколку тоа би било случај, тоа би значело дека квалитетот на образовниот систем, како и стручните кадри оформени во рамките на образовниот систем, влијае, директно или индиректно, врз привлекувањето на нов капитал, кој би ги препознал потенцијалите на Северна Македонија во однос на квалитетот на високата стручност, знаењата и вештините со коишто располагаме, при што идентификуваните знаења и вештини би биле исклучително посакувани и барани од домашните или, уште повеќе, од странските инвеститори. Податоците од Државниот завод за статистика и од Центрите за вработување во РСМ укажуваат на фактот дека постојат одредена поврзаност и усогласување на перформансите на образовниот систем со понудата и барањата на пазарот на трудот (пред сè, за пониско квалификуваната работна сила, но и за голем број на работни места со средно образование), што непосредно влијае, во содејство со другите државни и јавни политики, врз континуираното намалување на бројот на невработените во РСМ, особено во последната декада, што секако во дадениот период претставувало примарна политичка, социјална и економска цел, како на владата, така и на голем број на државни институции.

Исто така, постојат и извесни гапови во однос на невработените и нивниот степен на образованост според различни варијабли или демографски белези, како и дека според очекуваните вработувања се гледа и структурата на регионот, а тоа е главно побарувачка за нископлатена работна сила и претежно со основно или средно стручно образование. Така, постои разлика во родовата застапеност во посебните степени на образование, особено како споредба со можноста за вработување со оглед на очекуваните или проектираните потреби на пазарот на трудот. Особено ова второто се однесува на голем процент на невработени жени со завршено високо образование, за коишто речиси и да не постојат можности за вработување (како и за повеќемина невработени со високо образование). Зошто е тоа така треба да покаже една продлабочена анализа со различни параметри за поголемата вработеност на мажите според завршено високо образование. Можеби, пак, тоа е поради тоа што во анализата не е застапен градот Скопје, како место што апсорбира најголем дел од високообразованите

кадри во државата. Нашата идеја беше да покажеме каква е состојбата на овој план со градовите надвор од Скопје. За состојбата во овие градови да биде попрегледна, ќе прикажеме два графикона со вкрстени податоци за разликите во степените на образование и очекуваните вработувања според нивото на образование, но и посебно процентот на невработени жени со завршено високо образование, наспроти мажите. Ова ќе го прикажеме преку податоци за Битола и Штип, како градови во коишто има етаблирани јавни универзитети што секоја година произведуваат нови кадри за економијата и за општеството. Во првиот ред се дадени податоците за Битола, додека во вториот ред се податоците за Штип (Графикони 15. и 16. Битола и Графикони 17. и 18. Штип):

Графикон 15. Битола.
Невработени и очекувања




Графикон 16. Битола.
Невработени мажи и жени




Графикон 17. Штип.
Невработени и очекувања




Графикон 18. Штип.
Невработени мажи и жени




Ова се системски бариери со коишто мораат да се справат нашите креатори на политики ако сакаат побрз општествен развој. Инвестирањето во човечки капитал, особено креирањето на образовен систем што ќе им овозможи на учениците и на студентите стекнување на софистицирани знаења и вештини, претставува суштински интерес на секое општество. Доколку определено општество не најде во себе потенцијал континуирано да го менува образованиот систем согласно потребите и приоритетите што ги наметнува актуелниот миг, економијата на државата ќе се соочи со бариери и со забавен развој. Една од основните причини што државните раководства во многу земји не инвестираат секогаш соодветно во развојот на човечки

капитал е фактот дека процесот на зајакнување на образовниот систем е долготраен и неизвесен процес, без можност на краток рок да се постигнат сериозни видливи позитивни резултати, што ја намалува мотивираноста на политичките структури за промени. Но, добрите лидери многу добро знаат дека она што се случува во образовниот процес е од суштинско значење за иднината на општеството, тоа е вистинската причина зошто некои нации напредуваат, а некои назадуваат. Затоа уште на почетокот на текстот потенциравме дека политичките структури во Европската унија имаат стратешка визија и цели во насока на одржлив долгорочен развој врз принципите на паметен и инклузивен развој, во насока на креирање на нови и добро платени работни места и обезбедување на благосостојба и одржлив раст во секој дел на европскиот простор.

**Референции**

Bell, L., and Stevenson, H. (2006) *Education Policy: Process, Themes and Impact*Abingdon: Routledge.

Cohen, D. (2009) *Three Lectures on Post-Industrial Society.* Cambridge: MIT Press.

Државен завод за статистика (2019) МАКСТАТ избор, 2019. Скопје: Државен завод за статистика.

Државен завод за статистика (2020) Северна Македонија во бројки, 2020. Скопје: Државен завод за статистика.

European Commission (EC) (2010) *EUROPE 2020 – A European strategy for smart, sustainable and inclusive growth.* Brussels: European Commission Publications.

Fasih, T. (2008) *Linking Education Policy to Labor Market Outcomes.* Washington: International Bank for Reconstruction and Development (IBRD) and World Bank.

Фондација Отворено општество – Македонија (ФООМ) (2019) Пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ: Заслуги, придобивки и импликации. Скопје: Фондација Отворено општество – Македонија.

Gutmann, A. (1999) *Democratic Education.* Princeton: Princeton University Press.

International Bank for Reconstruction and Development (IBRD) and World Bank (2020) *The Human Capital Index 2020 UPDATE: Human Capital in the Time of COVID-19.* Washington: IBRD and World Bank.

Marginson, S. (2008) *Education, Science and Public Policy: Ideas for an Education Revolution.* Melbourne: Melbourne University.

Singer, P. (2002) *One world: The Ethics of Globalization.* New Haven: Yale University Press.

Stiglitz, J. E. (2002) *Globalization and Its Discontents.* New York: W. W. Norton & Company.

United Nations (UN) (2015) *Transforming Our World: The 2030 Agenda for Sustainable Development.* New York: United Nations.

Westerman, G., Bonnet, D., and McAfee, A. (2014) *Leading Digital: Turning Technology into Business Transformation.* Cambridge: Harvard Business Review Press.

# МИГРАЦИСКИТЕ ТРЕНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕДИЗВИК ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

УДК 314.151-026.48/.49:304}:303.62(497.7)"2000/2019"
314.151-026.48/.49:338}:303.62(497.7)"2000/2019"

*Проф. д-р Ружица Цацаноска*

*Доц. д-р Иван Блажевски*

# МИГРАЦИСКИТЕ ТРЕНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕДИЗВИК ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

## Вовед

Миграциите отсекогаш претставувале значаен сегмент од истражувањето на општествениот развој. Влијанието помеѓу миграциите и општествениот развој е обострано, колку што миграциите имаат влијание врз развојот, толку и миграциите се под влијание на развојот. Развојните контексти во коишто живеат и оние во местата каде што тежнеат да се преселат, имаат клучна улога во обликувањето на ресурсите, аспирациите, мотивациите и можностите на луѓето да мигрираат. Уште повеќе и фактот што со развојот на економиите, расте и миграцијата. Миграциите се нераздвоив дел од социјалниот и економскиот процес, што помага да се трансформира светот во последните децении – глобализацијата. Исто како што стоките и услугите се тргуваат слободно преку границите, сè повеќе и повеќе луѓе бараат да живеат и да работат во странство. И покрај тоа што нема значајни промени на слободата на движење, освен во некои економски зони како што е Европската унија, на национално ниво има зголемено признавање на улогата на миграцијата и на мигрантите во поттикнувањето на економскиот раст.[1]

Во овој труд, анализата на миграциските трендови во Р. С. Македонија ќе се темели врз примарни и секундарни податоци. Притоа, примарните извори, односно пригоден стратификуван примерок за потребите на истражувањето, беа собрани преку полуструктурирани интервјуа со лица од повеќе градови од Република Северна Македонија. Според истражувачките методи, ова претставува квалитативна студија со тематска анализа на одговорите од полуструктурирани интервјуа, како и анализа на секундарни бази на податоци, достапни од Заводот за статистика, и одредени европски и светски статистички извештаи. Дополнително, во трудот тематски се анализира и дел од медиумската покриеност на оваа проблематика, особено во последниве години, при што анализата не се изведува на репрезентативен примерок, туку станува збор за тематска анализа на пригоден примерок на текстови што директно се однесуваат на темата. Поради фактот што последниот попис на населението е од 2002 година, за оваа анализа ќе се користат и проценки на населението со коишто ќе се аргументира или ќе се поткрепи процесот на миграции. Податоците ќе се анализираат на национално, регионално и општинско ниво, бидејќи проценките се прават на тие нивоа.

---

[1] Keeley B. *International Migration: The human face of globalisation*. OECD publications, 2009.

Темата за миграциите се расчленува на внатрешни и надворешни миграции. **Внатрешните миграции** се однесуваат на промените на местото на живеење во рамките на Република Северна Македонија. **Надворешните миграции** го опфаќаат движењето на граѓаните на Република Северна Македонија, од Република Северна Македонија во друга држава и обратно, како и движењето на странците. **Салдото на миграции на населението** е, всушност, разликата помеѓу бројот на доселени и бројот на отселени лица на одредени подрачје или држава во одреден период.[2]

Според статистичките податоци, во Македонија во 2019 година имало вкупно 2.076.255 жители, што е за 0,3% повеќе во однос на 2014 година или 1,1% повеќе во однос на 2009 година. Според последниот попис на населението од 2002 година, Македонија имала вкупно 2.022.547 жители. Разликата изнесува 53.708 жители или за 2,65% населението на Македонија се зголемило во периодот од 2002 до 31.12.2019 година. Притоа, битно е да се наведе дека македонското население сè повеќе старее, што може да се види преку намалувањето на учеството на младото население (0-14 години) во вкупното население, кое во истиот период опаднало од 17,7 на 16,2%. Следствено на тоа, се зголемува стапката на старо население (65 и повеќе години) од 11,6 на 14,5%, за период од десет години[3].

## Дефинирање на миграциите

Миграциите, како една од клучните теми на демографијата, значајно ја условуваат големината на популацијата, како врз земјата од којашто се мигрира, исто така влијаат и врз популацијата во земјата во којашто се доселуваат. Преселувањето на едно лице од една во друга земја, со намера да остане, се опишува или како заминување – емиграција, или како доселување – имиграција[4]. Во голем број анализи и истражувања со поимите „меѓународна миграција“ или само „миграција“ се обединуваат феномените на емиграција и имиграција.[5]

И покрај многубројните анализи и истражувања на миграциите, не постои универзално прифатена дефиниција за поимот „миграција“ или „мигрант“, при што се издиференцирани два пристапа: инклузивистичкиот пристап, според којшто со терминот „мигрант“ се опфатени сите форми на движење, и резидуалистичкиот пристап, кој ги исклучува од изразот „мигрант“ оние што бегаат од војни или од прогонства.[6] Меѓународната

2 Државен завод за статистика, Клучни показатели. http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=2 (06.08.2020).

3 Државен завод за статистика, Северна Македонија во бројки, 2020, стр. 12.

4 Bruce S. and Yeardley S. *The Sage Dictionary of Sociology*. Sage Publications: London, 2006, стр. 197.

5 „Во општа смисла, миграцијата е процес на преместување од едно на друго место. Да мигрираш значи да се преселиш, без разлика дали е од рурална област во град, од една област или провинција во дадена земја во друга во истата земја или од една во друга земја“, International Organization for Migration – UN Migration “World Migration Report 2020”. https://publications.iom.int/system/files/pdf/wmr_2020.pdf.

6 Carling J. “What is the meaning of ‘migrants?”. https://meaningofmigrants.org/ (01.10.2020).

организација за миграција користи експлицитно инклузивистичка дефиниција, според којашто мигрант претставува „секое лице кое се движи или се преселило преку меѓународна граница или во рамките на држава подалеку од неговото/нејзиното вообичаено место на живеење, без оглед на (1) правниот статус на лицето; (2) дали движењето е доброволно или неволно; (3) кои се причините за движењето; или (4) колкава е должината на престојот“.[7] Една од најширокоприфатените дефиниции за мигрант, која е приспособена за целите на собирање податоци за миграциите, е дадена од страна на Секторот за економски и социјални работи на Обединетите нации во „Препораките за статистика на меѓународната миграција“ од 1998 година. Во овој документ се наведува дека *меѓународен мигрант* претставува секое лице кое ја сменило својата земја на вообичаен престој, при што земја на вообичаен престој на одредена личност е онаа во којашто живее, односно земја во којашто лицето има место за живеење, каде што тој или таа го поминува дневниот период за одмор. Притоа, се наведува и разликата помеѓу *краткорочни мигранти*, оние поединци кои од земјата на нивниот вообичаен престој се преселуваат во друга земја за период од најмалку три месеци, но помалку од една година, и *долгорочни мигранти*, оние поединци кои од земјата на нивниот вообичаен престој се преселуваат во друга земја за период од најмалку една година.[8]

### Миграциите и општествениот развој

И покрај тоа што и двата поима означуваат одреден вид промена, сепак, односот помеѓу нив е комплексен и не секогаш јасно одреден. Всушност, миграциите можат да бидат и резултат (последица), но и причина (двигател) на општествениот развој.

И покрај тоа што студиите за миграција, уште од нивното основање, се занимаваат со развој во најширока смисла, само кон крајот на деведесеттите години од минатиот век се разви дебатата за миграциите како феномен што може да се манипулира или да се „управува“ за да се промовира развојот[9]. На почетокот, дебатата беше опфатена со идејни тешкотии и недоразбирања, при што миграциите беа перципирани како „проблем“, за подоцна да бидат прифатени како процес што може да биде „управуван“ за да донесе одредени развојни цели. Во една од базичните и најзначајни анализи за врската помеѓу миграцијата и развојот[10], Соренсен, Ван Хер и Енгберг-Педерсен комплексот и меѓусебните врски помеѓу миграцијата и

7 International Organization for Migration – UN Migration “Migration and the 2030 Agenda”.

8 UN, DESA. “Recommendations on Statistics of International Migration: Revision 1”, New York, 1998. https://unstats.un.org/unsd/publication/SeriesM/SeriesM_58rev1E.pdf.

9 Skeldon R. “International migration as a tool in development policy: a passing phase?”. *Populationand Development Review, 34(1), 2008.*

10 Van Hear N. & Sørensen Nyberg N. “The Migration-Development Nexus”. United Nations and the International Organization for Migration, 2003. <https://publications.iom.int/system/files/pdf/migration_dev_nexus.pdf> (09.10.2020).

развојот ги претставуваат преку зборот „врска“, што ја пренесува идејата за „збир на комплексни меѓузависности“ и двонасочна каузалност, кои можат да имаат контрадикторни ефекти. Притоа, наведуваат дека привичниот заклучок за оваа врска укажува дека меѓународните миграции се јавуваат како последица на нерамнотежата во развојот помеѓу општествата што ги испраќаат и ги примаат мигрантите. Оттука, најосновната претпоставка е дека ако растот на материјалните ресурси не успее да биде во чекор со демографскиот раст, ќе се развијат силни миграциски притисоци. Но, според други автори, миграциите не се поттикнати единствено од разликите во приходите меѓу матичните и земјите на дестинација, при што значајна улога имаат и географската близина и историските врски, како што се заедничкиот јазик и колонијалните врски[11]. Во заклучокот на дебатата за врската помеѓу миграциите и развојот се издиференцирани три централни компоненти: паричните средства (дознаки) што мигрантите ги испраќаат во матичните земји, „флуктуирањето на мозоци“ и дијаспората. Истовремено, откако ги идентификуваат позитивните и негативните последици од миграциите, се истакнува и дека политиката може да ги промовира позитивните и да ги намали негативните аспекти на миграцијата.

По многубројните извештаи и анализи за врската помеѓу миграциите и развојот, општ е заклучокот дека миграциите имаат значајно влијание врз процесите на развој во земјите на дестинација, како и во земјите од коишто потекнуваат мигрантите. Во периодот до почетокот на дваесет и првиот век, авторите од областа на миграциите имаа посветено многу поголемо внимание на импликациите од миграциите во земјите на дестинација, отколку на причините и последиците од миграциите од перспектива на земјите на потекло. По воочувањето на брзото зголемување на дознаките испратени од мигрантите во нивните матични земји, кои во земјите со ниски и средни примања ја надминувале Службената развојна помош и се приближуваат до вредноста на странските директни инвестиции,[12] се посветува сè поголемо внимание на влијанието на миграциите врз земјите на потекло. И додека сите анализи укажувале дека миграциите ги стимулираат целокупниот раст и иновативноста во земјите на дестинација, останало отворено прашањето дали миграциите го поттикнуваат развојот на земјите на потекло или, напротив, го попречуваат таквиот развој. Во текот на изминатите неколку децении, ова прашање предизвика жестока дебата во политиката и истражувањето, во којашто кон ставот на „миграциските оптимисти“, кои тврдат дека миграцијата носи раст и просперитет во земјите на потекло, се спротивстави ставот на „миграциските песимисти“, кои тврдат дека миграциите го нарушуваат развојот на земјите на потекло, преку одливот на нивните човечки и финансиски ресурси. Оваа дебата е одраз на поширокото спротивставување помеѓу развојните парадигми и економските филозофии, но исто така, и помеѓу идеологиите. Притоа, од двете групи е прифатено становиштето дека за прецизно утврдување

---

11 Katseli L. T., Lucas R. E. B. & Xenogiani T. “Effects of Migration on Sending Countries: What do we know?”. Working Paper No. 250, OECD, June 2006.

12 Bastia T. & Skeldon R. *Routledge Handbook of Migration and Development*. Routledge, 2020.

на обемот на влијание на миграциите врз развојот на земјите на потекло, анализата треба да се врши на повеќе нивоа – мезо, микро и макро.

**Надворешни миграции**

Меѓународните миграции се една од клучните димензии на глобализацијата. Користејќи ги придобивките од подобрените транспорт и комуникации, а поттикнати од големите економски и социјални нееднаквости во светот, луѓето сè повеќе се движат преку националните граници во обид да ја подобрат нивната и семејната благосостојба. Во изминатите неколку децении, следејќи го зголемениот меѓународен проток на добра и капитал, значително се интензивираа и меѓународните движења на луѓето ширум светот. Меѓународните миграции веќе претставуваат светски феномен, вклучувајќи сè поголем број држави како земји на потекло, дестинација или транзит на мигранти. Сосема е извесно дека движечките сили на овие трендови нема да стагнираат или да се сменат во обратна насока, така што трендот на меѓународните миграции ќе продолжи и веројатно ќе расте и во иднина. Но, и покрај ваквите сознанија, податоците за меѓународните миграции даваат малку поинаква слика. Според Извештајот за меѓународни миграции на Обединетите нации во 2019 година, бројот на меѓународни мигранти во светот изнесувал околу 272 милиони луѓе. Оваа бројка на мигранти, споредено со 1990 година, кога имало околу 140 милиони мигранти во светот, претставува зголемување за околу 95 проценти. Но, споредено со светската популација, уделот на меѓународните мигранти во 2019 година изнесувал околу 3,5 проценти, додека во 1990 година изнесувал околу 2,9 проценти од вкупното население во светот[13], што не претставува значајна промена доколку се има предвид временскиот период. Притоа, за да се добие појасна слика за вистинските причини за вознемиреност од миграцијата, треба да се има предвид податокот дека во 2019 година, две третини од целокупниот број на меѓународни мигранти биле концентрирани во само 20 земји, а половината од вкупниот број мигранти живееле во само 10 земји, кои имале високи примања, недостиг на работна сила во одредени сектори и занимања и релативно либерални имиграциски политики. Најголемиот број мигранти, околу 19 проценти, се концентрирани во САД, потоа со околу 5 проценти се Германија и Саудиска Арабија, па Руската Федерација и Велика Британија.

Како и протокот на стоки, капитал, па дури и технологија преку националните граници, миграциите реагираат на низа фактори кои се поместени во две групи: притисни и повлечни фактори.[14] Притисните фактори се поврзани со земјата на емиграција, помеѓу нив се поместени:

[13] UN, DESA. "International Migration 2019: Report". https://www.un.org/en/development/desa/population/migration/publications/migrationreport/docs/InternationalMigration2019_Report.pdf (12.10.2020).

[14] Еден од најзастапените пристапи во истражувањата на миграциите е нивната анализа преку таканаречениот „модел на гравитација", според којшто, аналогно на Земјиното гравитациско поле, врз миграциите влијаат два вида фактори: притисни – што ги мотивираат луѓето да ја напуштат нивната земја на живеење и повлечни – што го поттикнуваат изборот на одредена земја како дестинација.

социјалната несигурност, војните, политичката нестабилност, високата стапка на невработеност, сиромаштијата и друго, при што овие фактори вршат одреден вид притисок врз населението во дадената земја за промена на средината на живеење, односно ја поттикнуваат одлуката за мигрирање од едно во друго место или од една во друга земја. Истовремено, врз изборот на местото, односно земјата во којашто би мигрирале, влијаат повлечните фактори како добрите економските услови, политичката стабилност, побарувачката на работна сила и друго. Емпириските докази идентификуваат неколку широки детерминанти во шемите на миграција. Потенцијалните мигранти ги мерат економските, социјалните и другите лични трошоци и придобивки при одлучувањето дали и каде да се преселат. Притоа, тие мигрираат од места со ниски примања на места со високи примања и ги привлекуваат пазарите на труд со подобри сегашни и идни можности за вработување.[15]

Надворешните миграции го покриваат прашањето на иселувањето на македонски граѓани од земјата, но и на странците кои во неа го регулирале својот престој. Македонското население има долга историја во однос на емиграцијата во странство. Најголемиот иселенички бран во поновата историја на македонската држава, кој почна по осамостојувањето и продолжи сè до денес, беше мотивиран од длабоката економска криза, кога стапките на сиромаштија драстично се зголемија и стапките на невработеност беа повисоки од 30 проценти. Притоа, емиграцијата се одвиваше во три облици: трајна семејна емиграција или обединување на семејствата, привремена или циркуларна емиграција поради економски причини и илегална или емиграција мотивирана поради бегство.[16] И во последните години, карактерот на емиграцијата не е значително сменет, но е надополнет со повеќе фактори. Во нив, првенствено се вбројува невработеноста, особено на младите, како и подобриот животен стандард на граѓаните во земјата во којашто се мигрира. Клучни предуслови „за интензивирање на интелектуалната емиграција се порастот на невработеноста на високообразованите кадри, непочитувањето на трудот, потценувањето на стручноста, ограничените можности за промоција на професијата; традицијата, формирањето на многубројни заедници на граѓаните на Република Македонија во странство и воспоставените миграциски врски (...) како и промените на пазарите на труд во земјите на прием и нивните имиграциски политики“.[17] Сите овие фактори значајно влијаат да се забрза процесот на „трајно иселување“ од земјата и со тоа да се услови создавање на поголем дисбаланс на македонскиот демографски контингент.

Од друга страна, ако имиграциските текови или бројот на странците кои престојуваат и работат во Македонија се релативно мали или имаат мало

---

15 World Bank Group. “Migration and Brain Drain: Europe and Central Asia Economic Update”, 2019.

16 Борнарова С. и Јанеска В. „Општественото влијание на емиграцијата и рурално-урбаната миграција во Централна и Источна Европа: Извршно резиме ПЈРМ“. European Commision, Directorate-General for Employment, social affairs and inclusion, 2012.

17 Резолуција за миграциската политика на Република Македонија, 2015-2020, стр. 16.

влијание врз развојот, тогаш, соодветно, фокусот се става на македонската емиграција.[18]

Во периодот од 2000 до 2019 година, од Македонија се иселиле вкупно 14.657 македонски граѓани и странци. При увидот во статистичките показатели за надворешните миграции на Македонија, за овој период се забележуваат значајни осцилации. Притоа, има периоди кога таа се движи над 1.000 иселеници, како во 2005, 2006, 2011 и 2012 година. Најмногу, или 1.330, македонски граѓани се иселиле од Македонија во 2012 година. Бројот на иселени странци во таа година изнесувал само 85. Во однос на половата структура, во првите четири анализирани години (2000-2003) бројот на жените е поголем, но од 2004 до 2019 година, бројот на машката популација во континуитет е поголем. Според возраста, најмногу македонски граѓани кои се иселиле од земјата, во последните три години (2017, 2018 и 2019), се на возраст помеѓу 20 и 44 години.




Извор на податоци: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/.

18 Ibid., стр. 16.




Извор на податоци: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/.

Во последните пет години, според македонските статистички податоци, од Македонија во други држави се отселиле вкупно 2.104 граѓани. Во однос на дистрибуцијата на отселените според општините, 25,8% (или 542 жители) од вкупниот број отселени во период од 2015 до 2019 година се од Охрид[19], 14,8% (311) од Тетово, 10,7% (225) од Делчево, 9,9% (209) од Гостивар, од Јегуновце 8% (168) и 6,2% (131 жител) од Теарце. Преостанатите 25,4% се од 32 општини. Во поголемиот дел од македонските општини не е администрирано никакво иселување од општината во странство. Интересно, најмногу во една година се иселиле во 2015 година од општина Охрид, 384 жители. Во 2019 година, најголем број иселеници од Македонија се од општина Делчево, 127 жители[20]. Во 2018 година, од вкупно 144 иселени жители на Македонија, само 80 жители, или 55,5%, се од општина Гостивар. Сепак, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија наведува само лица кои официјално известиле за својата преселба во странство, со што овие податоци не кореспондираат со реалната состојба.

Само за споредба, бројките на македонските граѓани кои заминуваат во европските земји, според Евростат, се многу повисоки. Според Евростат, бројот на македонски граѓани на коишто во земјите на ЕУ им биле издадени дозволи за престој во периодот 2015-2018 година се зголемил двојно. Во 2018 година, таа бројка изнесува 24.442 граѓани. Таа бројка, која се однесува само на четири години, е за речиси 10.000 поголема од вкупната бројка на иселени од Македонија во период од последниве 20 години.

Издадени дозволи за престој на македонски граѓани во земјите на ЕУ, според години

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 12.129 | 14.336 | 16.917 | 24.442 |

19 Во 2015 година, во Охрид имало вкупно 51.855 жители, а во 2019 година бројот се намалил на 51.434 жители.

20 Во проценките за 2019 година, во Делчево имало вкупно 15.821 жител.

Половина од македонските граѓани кои добиле дозвола за престој во европските земји побарале и добиле престој во Германија[21]. Како главна основа (мотив) за барање дозвола за престој во европските земји, македонските граѓани ги наведуваат семејните причини и вработувањето.

Во 2017 година 6.372 македонски граѓани добиле државјанство во една од земјите на ЕУ.[22]

Издадени државјанства на македонски граѓани во земјите на ЕУ, според години

| | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 7.569 | 9.235 | 6.372 |

Во „Економист“, анализата на мигрирањето од Македонија се аргументира „во најголем дел со економски причини, како резултат на лошите деловни можности и можностите за вработување во Македонија“.[23] Во анализата, исто така, се напоменува и можноста македонските граѓани да можат да ја напуштат земјата со бугарски пасош, што се поврзува со приемот на Бугарија во ЕУ во 2007 година. Но, во анализата се претпоставува и дека миграцијата од Македонија ќе продолжи, како резултат на политичката криза.

Поради тоа што податоците од македонската статистичка база за надворешните миграции не се совпаѓаат со базите од другите земји и меѓународните организации, во македонските стратешки документи, како и во повеќето анализи, се земаат за основа статистичките бази на меѓународните институции и организации. Иако „постојната територија на Република Северна Македонија е традиционално емиграциско подрачје од коешто преселничките движења во странство датираат од 19 век, а современата економска емиграција од средината на шеесеттите години на минатиот век“[24], не постои соодветна база на податоци што соодветно би ги опишала како минатата, исто така и сегашната состојба со истата. Непостоењето на релевантни податоци за постарата миграција и нивните потомци (втората и третата генерација), како и за оние што се вратиле во земјата, се должи, во основата, на фактот што и „во последните децении

21 Statistics on migration, residence permits, citizenship and asylum for the enlargement countries, 2020 edition. <https://ec.europa.eu/eurostat/documents/4031688/10361659/KS-03-20-002-EN-N.pdf/26f0dc16-4a08-2707-f8d5-8b1b84794169> (08.08.2020).

22 Ibid.

23 The Economist. Macedonian emigrants estimated at more than 30% of population, 28.02.2017. <http://country.eiu.com/article.aspx?articleid=285169212&Country=Maced> (08.08.2020).

24 Национална стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 година. <diaspora.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/StrategijaIOM_priprema_na_kniga_koregirana.pdf>.

само мал дел од граѓаните на Северна Македонија официјално го пријавиле својот престој во странство, поради што статистичките податоци од домашни извори за лицата кои привремено или трајно заминуваат од земјата се некомплетни.“[25]

Според индикаторите на Германското биро за статистика, кое ги евидентира македонските граѓани кои пристигнуваат во Германија, во 2018 година нивниот број изнесувал 18.478 македонски државјани. Од нив, престојот го продолжиле само 7.812, а другите се вратиле назад во Македонија. Претходно, 2015 година се именува како година на македонскиот доселенички „бум“ во Германија. Таа година во Германија пристигнале околу 25 илјади македонски државјани, но само половина од нив останале. Се претпоставува дека во Германија, бројот на македонските државјани ја поминал границата од 100.000.[26] Секоја година, илјадници луѓе од Македонија си заминуваат во Западна Европа, Северна Америка или Австралија. Загрижувачка е констатацијата дека, според податоците од Националниот младински совет, младите од Македонија за 60 проценти повеќе од светскиот просек мигрираат од земјата. И во тој контекст, неофицијално, на годишно ниво од Македонија си заминуваат од 5 до 10 илјади лица. А градот Охрид е вистински рекордер, бидејќи во 2012 година од него се отселиле 983 лица.[27] Евростат за периодот од 1998 до 2011 година евидентирал заминување на околу 230 илјади македонски граѓани.[28] Алармантната состојба со иселувањето од Македонија ја нотира и претседателот на Македонија, Стево Пендаровски, кој укажува дека сите политичари имаат вина за иселувањето и дека треба да му се извинат на македонскиот народ за лошите политики во овој дел. Но, исто така, смета и дека пописот во 2011 година бил прекинат затоа што се вмешала политика откако се увидело дека „малку луѓе се останати во државата“.[29]

Во Извештајот за миграции во светот – 2020 на Меѓународната организација за миграции, меѓу дваесетте земји во светот со највисока стапка на иселеници во 2019 година на 19-тото место е рангирана Македонија.[30] Светската банка во својот извештај од 2017 година наведува дека во Македонија стапката на иселеници се проценува на 30% од населението или помеѓу 450.000 и 630.000 лица. И покрај долгата традиција на миграција

---

25 Ibid.

26 „Иселувањето на Македонците во Германија се засилува“. „Дојче веле“, 16.07.2019, автор БГ. <dw.com/mk/иселувањето-на-македонците-во-германија-се-засилува/a-49604583> (05.08.2020).

27 „Охрид – неславен рекордер по иселени граѓани од Македонија“. „Дојче веле“, автор MJ. <dw.com/mk/> (05.08.2020).

28 Но, во периодот 2002-2008 година се издвојува дека има масовно одобрување на странски државјанства за македонски граѓани. Се споменува дека на околу 5.000 граѓани годишно во тој период им се издавани пасоши од други држави (најчесто бугарски). <dw.com/mk/> (05.08.2020).

29 „Да му се извиниме на народот за иселувањето“. „Дојче веле“, 25.11.2019, автор БГ. <https://p.dw.com/p/3ThM9> (05.08.2020).

30 World Migration Report 2020, International Organization for Migration. <https://publications.iom.int/system/files/pdf/wmr_2020.pdf>, стр. 27. Во оваа табела се вклучени земји од сите региони, освен од Северна Америка.

од Македонија, сепак проценките за македонското иселеништво главно се темелат врз пописните податоци од земјите на дестинација (претежно западноевропски земји и Северна Америка). Во нив се оперира со проценка што се движи на повеќе од 500.000 граѓани од Северна Македонија кои престојуваат во странство. Оваа бројка ја атрибуира Македонија како една од земјите со најголеми дијаспори во светот (сметано според бројот на вкупното население во земјата).[31]

## Влијанието на миграциите на висококвалификувани работници врз општествениот развој на земјите на потекло

Влијанието на миграциите врз земјите на потекло на мигрантите се рефлектира во различни сфери, при што конкретните последици зависат од обемот, составот и природата на миграциските текови, како и од специфичниот контекст од којшто потекнуваат мигрантите. Но, примарниот ефект од емиграцијата е намалувањето на бројот на работници во тие земји.[32] Притоа, негативните ефекти во понудата на работна сила се појавуваат во раните фази на миграцијата, кога голем број луѓе, претежно економски мигранти, одлучуваат да ја напуштат својата матична земја за да бараат вработување и подобри услови за живот на друго место. Во одредени случаи, миграцијата може дури да доведе до депопулација или, почесто, до масовно напуштање на одредени категории на работници со специфични видови знаења и вештини (на пример, медицински сестри, лекари, наставници), што дури и на краток рок може да има сериозни негативни ефекти врз човечкиот капитал. Ваквите промени во понудата на работна сила, предизвикани од миграцијата, го сочинуваат првиот канал преку којшто миграциите влијаат врз развојот[33]. Во рамките на оваа анализа, најзначајно место зазема согледувањето на ефектите од миграцијата на висококвалификуваните работници врз земјите на потекло.

Едно од централните прашања во дебатата за ефектите од миграцијата на висококвалификуваните работници е дефинирањето на поимот висококвалификуван работник. Во повеќето земји, под поимот висококвалификуван работник се подразбираат поединците кои имаат завршено терцијално образование[34]. Според Докие и Марфук[35],

31 World Bank, Country partnership framework for the Republic of North Macedonia for the period January 2019 – June 2023, March 21, 2019, стр. 1. <http://pubdocs.worldbank.org/en/705311555590000225/North-Macedonia-CPF-2019.pdf> (05.08.2020).

32 UN, DESA. "World Economic and Social Survey 2004: International Migration". UN Publications, 2004. https://www.un.org/en/development/desa/policy/wess/wess_archive/2004wess_part2_eng.pdf (05.10.2020).

33 Katseli L. T., Lucas R. E. B. & Xenogiani, T. "Effects of Migration on Sending Countries: What do we know?". Working Paper No. 250, OECD, June 2006.

34 Според Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), „висококвалификувани" поединци се оние што имаат завршено терцијално образование, што во повеќето земји одговара на универзитетска диплома.

35 Docquier F. & Marfouk A. "International migration by educational attainment (1990-2000)". Кај C. Ozden

висококвалификувани мигранти се оние поединци кои имаат 25 или повеќе години и поседуваат академска или професионална диплома за степен на образование по средно училиште. Но, во голем број анализи во категоријата на висококвалификувани работници се поместени и медицинските сестри, информатичарите и студентите, чии квалификации и професионални ангажмани не кореспондираат со критериумот наведен во ваквата дефиниција. Притоа, вклучувањето на студентите како посебен случај на квалификувани мигранти иницира голем број прашања. Студентите сè уште не се квалификувани професионалци и нивната емиграција не ја лишува земјата од којашто потекнуваат од конкретниот вид работници. Врската помеѓу миграцијата на студентите и „одливот на мозоци“ се заснова на претпоставката дека студентите претставуваат потенцијален човечки капитал за земјите од коишто потекнуваат.[36] Битно е да се напомене дека во повеќето анализи и извештаи за миграциите, авторите се фокусираат на значително намален број на „профитабилни“ или „вредни“ квалификации, како оние што ги поседуваат инженерите, здравствените професионалци или ИТ-професионалците. Ваквиот пристап произлегува од постојаната побарувачка на меѓународните пазари на трудот, па оттука и податоците и заклучоците во повеќето анализи се однесуваат на миграцијата на поединци со конкретните видови квалификации.

Терминот „одлив на мозоци“ е креација на британските медиуми на почетокот на шеесеттите години од минатиот век и се однесува на емиграцијата на британските научници во САД. Последователно, терминот беше прифатен и во академските списанија и се однесуваше на миграцијата на висококвалификувани работници од сиромашните региони кон западниот свет[37]. Во дебатата за миграциите и развојот, една од главните теми е токму влијанието на емиграцијата на висококвалификуваните работници врз земјите од каде што потекнуваат, односно последиците врз развојот на тие земји. Притоа, според многубројните извештаи и анализи, миграцијата на висококвалификувани работници станува доминантен модел на меѓународна миграција и главен аспект на глобализацијата.[38] Покрај веќе добро познатите причини за овој тренд на миграција, како лошите економски услови, желбата за поквалитетен живот, професионален развој и слично, особено значаен е степенот на ефикасно вработување на висококвалификувани работници во земјата на потекло. Овој тренд на миграција е најзастапен во земјите каде што високообразовниот систем се проширил до тој степен што е тешко да се апсорбираат дипломираните студенти на пазарот на трудот или постои несовпаѓање помеѓу областите на студии и побарувањата на економијата. Исто така, ваквата тенденција е директна последица и на селективната имиграциска политика во развиените

and M. Schi§ (eds). “International Migration, Remittances and Development”. Palgrave Macmillan, 2006.

36 Freitas A., Levatino A. & Pecoud A. “New Perspectives on Skilled Migration”, во *Diversities*, Vol. 14, No. 1, UNESCO 2012. <www.unesco.org/shs/diversities/vol14/issue1/art1> (15.09.2020).

37 Dumitri S. “Skilled Migration: Who Should Pay for What? A Critique of the Bhagwati Tax”. Во *Diversities*, Vol. 14, No. 1, UNESCO 2012. www.unesco.org/shs/diversities/vol14/issue1/art1 (15.09.2020).

38 Docquier F. & Rapoport H. “Globalization, Brain Drain and Development”. IZA, 2011.

земји, кои имаат добро организирани системи преку коишто се насочени кон привлекување на висококвалификувани мигранти од одредени професии[39]. Во основата на овој феномен се согледува и некохерентноста што ги карактеризира развојните и имиграциските политики во развиените земји. Развојната помош за земјите во развој најчесто е упатена кон сферите на образование, обука, здравство и напредни технологии, додека истовремено, имиграциските политики на развиените земји поттикнуваат емиграција на висококвалификувани поединци, особено оние што поседуваат одредени квалификации и образование, како што е, на пример, здравствениот персонал. Свесни за штетните ефекти од ваквата емиграција, некои развиени земји воведоа политики и мерки за намалување на внесувањето персонал чии вештини се потребни за развој на земјите од коишто потекнуваат[40]. Процесот на „одлив на мозоци" се смета за еден од најнегативните аспекти на меѓународната миграција, гледано од перспектива на развојот на матичната земја. Загубата на висококвалификувани поединци може да има различни ефекти врз земјите од коишто потекнуваат, при што првично се издвојува намалувањето на работна сила во одредени клучни сфери, што може да ја отежни испораката на критични социјални услуги. Ова може да се согледа при емиграцијата на непропорционално голем број на инженери или здравствени работници, со што се поткопува способноста на земјата да прифати нови технологии или да се справи со здравствени кризи[41]. Покрај промените во понудата на работна сила, миграциските процеси на висококвалификувани работници, на подолг рок, предизвикуваат промени и во продуктивноста. Ефектот од „одливот на мозоци" врз развојот е нагласен во „новата теорија на раст", според којашто знаењето, отелотворено во една личност, има позитивен ефект и врз продуктивноста на друго лице, чие знаење позитивно влијае врз продуктивноста на првото лице. Според ова, заминувањето на високообразованите работници не само што претставува губење на знаење за одредена земја туку, исто така, ја нарушува продуктивноста на оние што остануваат да живеат во таа земја што, како краен ефект, ја намалува продуктивноста на целата земја. Второ, во голем број земји, трошоците за високо образование се делумно или целосно субвенционирани од фискалните приходи. Притоа, емигрирањето на високообразованите кадри претставува извоз на човечки капитал во којшто инвестирала земјата од којашто потекнуваат тие кадри, но со емиграцијата на тие кадри се создава загуба на потенцијални даночни приходи преку коишто тие би го отплатиле „долгот" кон конкретната земја. Трето, фактот дека меѓународната миграција од земјите во развој во развиените земји станува сѐ повеќе од типот на „одлив на мозоци" е сериозен извор на

---

39 "Skilled Migrants Would Have It Easier to Move to EU If New Migration Pact Is Approved". https://www.schengenvisainfo.com/news/skilled-migrants-would-have-it-easier-to-move-to-eu-if-new-migration-pact-is-approved/ (19.10.2020).

40 UN, DESA. "World Economic and Social Survey 2004: International Migration". UN Publications, 2004.

41 „Миграцијата и недостатоците на работната сила исто така ги прават здравствените системи ранливи во услови на пандемија", World Bank Group, „Економско и социјално влијание од КОВИД 19: Здравствени системи", Редовен економски извештај за Западен Балкан бр. 17, 2020.

загриженост кај земјите во развој. Со ова, се зголемува технолошкиот јаз меѓу водечките и земјите во развој, бидејќи концентрацијата на човечки капитал во најнапредните економии придонесува за нивниот технолошки напредок.[42]

Во голем број истражувања и анализи за последиците од „одливот на мозоци" врз земјите на потекло се истакнува дека тие зависат од повеќе фактори. Дали една земја ќе добие или ќе изгуби од ваквата миграција, зависи од бројот на населението и географската локација, нивото и составот на миграцијата и нивото на развој на земјата, односно големината и стабилноста на економијата. Притоа, одредени автори[43] потенцираат дека, од гледна точка на земјата на потекло, не е важно колкав е бројот на поединци кои инвестираат во високо образование, туку колкав е бројот на високообразовани кадри кои остануваат во земјата. За решавање на ова прашање, тие вршат контрафактички симулации за да ги пресметаат нето-ефектите на „одливот на мозоци" за секоја земја и за секој регион. Во суштината, контрафактичкиот експеримент се состои во изедначување на стапката на емиграција на висококвалификувани работници со стапката на емиграција на нискоквалификувани работници. Добиените резултати од симулациите откриваат дека земјите што доживуваат позитивен нето-ефект („добитниците") генерално комбинираат ниски нивоа на човечки капитал (под 5%) и ниски стапки на емиграција на висококвалификувани работници (под 20%), додека оние што доживуваат негативен нето-ефект („губитниците") обично се карактеризираат со високи стапки на емиграција на висококвалификувани работници и/или високи стапки на запишување во високо образование. По извршената анализа на хипотетичките нивоа на човечки капитал што би се добиле во отсуство на „одлив на мозоци", во споредба со реалните нивоа, наодите укажуваат дека помеѓу земјите во развој има повеќе губитници наспрема добитници, при што „губитниците" имаат значителни загуби, а „победниците" имаат само мали добивки.[44] Сепак, поради недостигот на податоци и нивно соодветно структурирање, утврдувањето на обемот и видот на последиците од „одливот на мозоци" врз развојот на земјите од коишто потекнуваат, предизвикува контроверзии меѓу авторите. За надминување на овие недостатоци и за формирање на реална претстава за состојбите со „одливот на мозоци" во земјите на потекло, тие укажуваат дека е потребно да се подобрат податоците за меѓународната миграција во повеќе димензии, особено нејзината фреквенција, квалитетот на образованието и нивоата на образование во различни дисциплини. Исто така, потребно е да се обезбедат компаративни податоци за законите и политиките за миграција, особено нивната билатерална димензија (помеѓу матичните земји и земјите-домаќини). Според Докие, причините поради коишто една земја добива или губи од „одливот на мозоци" не се надвор од нејзината контрола. Во голема мера тие зависат од политиките што ги

---

42 Docquier F. "The brain drain from developing countries". IZA World of Labor, 2014.

43 Beine M., Docquier F. and Rapoport H. (2008): "Brain drain and human capital formation in developing countries: winners and losers". *Economic Journal*, 118.

44 Docquier F. "The brain drain from developing countries". IZA World of Labor, 2014.

донесува конкретната земја (образовна политика, квалитет на институциите) и од оние што се на сила во земјите на дестинација. Оттука, креаторите на политиките би требало да ги проценат трошоците и придобивките од „одливот на мозоци“ за да дизајнираат соодветни одговори на политиките.[45]

## Состојбите во Република Северна Македонија

Имајќи ги предвид статистичките податоци, односно малиот број странци кои престојуваат и работат во Република Северна Македонија, па оттука и незначителното влијание на имиграциските текови врз развојот, анализата на влијанието на миграциите врз општествениот развој ќе биде претставена од перспектива на земја од којашто потекнуваат мигрантите. Притоа, фокусот ќе биде ставен на анализата на состојбите и идните тенденции во миграцијата на висококвалификувани работници, односно „одливот на мозоци“.

Одредувањето на опсегот и интензитетот на миграција на висококвалификувани работници, односно „одливот на мозоци“ од нашата земја е проблематично прашање. Како што беше и претходно наведено, податоците од македонската статистичка база за надворешните миграции не се совпаѓаат со базите од другите земји и меѓународните организации. Исто така, не постојат сеопфатни податоци за демографијата на висококвалификувани мигранти од Северна Македонија, односно за обемот, полот и возраста на емигрантите, долговечноста на нивниот престој во странство и слично. Проблемот со податоците е дополнително комплициран и поради трендот на зголемување на студирањето на млади лица во странство кои потоа не се враќаат назад. Поради ова, ќе се користат сите достапни податоци и индикатори за „одливот на мозоци“ од меѓународните организации што имаат бази на податоци за меѓународната миграција.

Растечкиот тренд на „одлив на мозоци“ на глобално ниво се рефлектираше и во Северна Македонија. Според податоците на Светската банка, во периодот од 1995 до 2005 година, стапката на емиграција на високообразовани лица од нашата земја има континуирано висока стапка на зголемување.



Стапка на миграција според степенот на образование во 1995 и 2005 година

Извор на податоци: Docquier F., Lodigiani E., Rapoport H. and Schiff M. W. “Emigration and Democracy”. World Bank Policy Research Working Paper No. 5557, 2011, <http://ftp.iza.org/dp5496.pdf>.

45 Ibid.

Притоа, уште во 2000 година Македонија се наоѓаше на дваесеттото место помеѓу четириесетте земји во светот со најголема застапеност на нивната терцијално образована популација во земјите-членки на Европската унија познати како ЕУ 15[46]. Трендот на емиграција на високообразовани кадри, како последица на зголемената стапка на невработеност кај младите лица со високо образование, продолжува и во наредните години, при што ваквиот тренд опстојува еднакво и кај двата пола. Според базата на податоци на Институтот за истражување на пазарот на работната сила и професиите (IAB)[47], Северна Македонија до 2010 година изгубила 32% од високообразованото население на возраст од 25 и повеќе години. Исто така, во споредба со другите региони во светот, емиграцијата на високообразовани кадри од нашата земја во рамките на Западен Балкан во 2010 година била за шест пати поголема.

Стапката на емиграција според пол и степен на образование за 2010 (во %)




Извор на податоци: IAB Brain Drain Database [Brücker H., Capuano S. and Marfouk A. (2013). Education, gender and international migration: insights from a panel-dataset 1980-2010], <https://www.iab.de/en/daten/iab-brain-drain-data.aspx>.

Според податоците на Светската банка во 2017 година речиси 40 проценти од популацијата со завршено високо образование на возраст од 24 до 65 години живее надвор од границите на Република Северна Македонија[48]. Во периодот од 2015 до 2017 година, Центарот за истражување миграција на „Галуп“ спроведе истражување во коешто беа опфатени 152 земји ширум

46 Katseli L. T., Lucas R. E. B. & Xenogiani T. "Effects of Migration on Sending Countries: What do we know?". Working Paper No. 250, OECD, June 2006.

47 Базата на податоци за меѓународна миграција на Институтот за истражување на пазарот на работната сила и професиите е реализирана во рамките на проектот „TEMPO – TEmporary Migration, integration and the role of POlicies“ на Европската комисија, при што во неа се содржани податоци за меѓународната миграција за периодот од 1980 до 2010 година во 20 земји-членки на ОЕЦД како земји на дестинација. https://knowledge4policy.ec.europa.eu/dataset/ds00109_en (11.09.2020).

48 World Bank Group. "Migration and Brain Drain: Europe and Central Asia Economic Update". International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank, 2019.

светот[49]. Врз основа на интервјуата со околу половина милион испитаници, беше пресметан „индексот на нето-потенцијал од миграциите“, односно процентот на потенцијална нето-добивка или нето-загуба за секоја земја и нејзината популација, преку одвојување на оние поединци кои би сакале да се иселат од конкретната земја од оние поединци кои би сакале да се преселат во истата земја. Притоа, пресметан е и „индексот на потенцијалниот прилив на мозоци“, почнувајќи од –100% (што означува дека вкупната популација на високообразовани би заминале од земјата) до бесконечност (што го означува потенцијалниот прилив на оваа високообразована група, што е неограничен и зависи од бројот што сака да се пресели од целиот свет). Исто така, пресметан е и „индексот на потенцијалните миграции кај младите“ (се однесува на популацијата на возраст од 15 до 29 години). Според ова истражување, од Република Северна Македонија во наредните години би емигрирале 30 проценти од вкупното население, додека, пак, според „индексот на прилив на мозоци“, кој има негативен предзнак, 39 проценти од вкупното високообразовано население трајно би ја напуштиле нашата земја. Во рамките на „индексот на потенцијалните миграции кај младите“, 52 проценти од популацијата на возраст од 15 до 29 години трајно би емигрирале во некоја друга земја.

Предизвиците поврзани со иселувањето на млади и високообразовани поединци, иако не се веднаш воочливи, сè поизразено се рефлектираат на пазарот на трудот. Притоа, сè понагласена е нерамнотежата помеѓу побарувачката на работна сила и понудата на работна сила на пазарот на трудот. Претпријатијата сè повеќе се соочуваат со тешкотии при наоѓањето работници со соодветни квалификации, што на долг рок доведува до ограничување на капацитетите за понатамошно инвестирање или создавање на нови работни места. Според Глобалниот извештај за компетитивност на Светскиот економски форум за 2019 година[50], во којшто се опфатени 141 земја, Република Северна Македонија се наоѓа на 125-тото место според степенот на достапност на висококвалификувани работници. Ваквиот тренд е особено карактеристичен за високообразованите кадри од областа на техничките и информатичките науки, како и здравствениот сектор. Според податоците од Лекарската комора на Македонија, од 220 доктори колку што просечно секоја година дипломираат на Медицинскиот факултет во Скопје, околу 170 доктори поднесуваат барање за иселување во странство.[51] Дополнително, трендот на зголемување на емиграцијата на младите, според анализите на Светската банка[52], ќе го попречи и демографскиот развој, имајќи предвид дека од 1990 година, па наваму, падот на наталитетот,

---

49 Gallup's Migration Research Center „Potential Net Migration Index“. https://news.gallup.com/migration/interactive.aspx (07.10.2020).

50 K. Schwab, ed. "The Global Competitiveness Report 2019". World Economic Forum, 2019.

51 Здружение на приватни лекари на Република Македонија. „Докторите заминуваат, кој ќе нè лекува?“. https://www.zplrm.mk/?p=8912 (10.10.2020).

52 World Bank Group & Vienna Institute for International Economic Studies. "Western Balkans Labor Market Trends 2018". <http://documents1.worldbank.org/curated/en/565231521435487923/pdf/124354-Western-Balkans-Labor-market-trends-2018-final.pdf> (15.10.2020).

стареењето на населението, ниските, па дури и негативните стапки на раст и намалувањето на населението се карактеристични за нашата земја.

**Иницијативи, политики и стратешки документи за справување со миграциските предизвици**

Првичните согледувања за миграциските предизвици по македонското општество беа доведени во фокус дури во 2008 година, односно од страна на Собранието на РМ беше донесена Резолуција за миграциската политика на Република Македонија за периодот од 2009 до 2014 година. Во овој документ се нагласува дека „отсуството на миграциона политика во изминатиот четиридецениски период ги потенцираше негативните ефекти од емиграцијата“[53]. Притоа, беше истакнато дека емиграцијата на високостручни кадри имплицира промени во квалитетот на работната сила, а со тоа и негативни ефекти во областа на социоекономскиот развој на земјата, додека прашањето на „одливот на мозоци“, во ваквите услови на огромна потенцијална интелектуална емиграција, треба да се смета како загрижувачко. За остварување на целите на миграциската политика се предвидени повеќе мерки и активности, меѓу коишто и мапирање на дијаспората и креирање база на податоци за одделни категории на мигранти (научни работници, уметници и др.) каде што емигрантите доброволно би се регистрирале, како и креирање политика за намалување на интелектуалната емиграција („одлив на мозоци“), враќање на високообразованите лица од странство, како и ублажување на неповолните импликации од интелектуалната емиграција. Како главна одговорна институција за оваа активност е предвидено Министерството за труд и социјална политика.

Во 2015 година од страна на Собранието на РМ беше донесена нова Резолуција за миграциската политика на Република Македонија за периодот 2015-2020 година. Притоа, како прва стратешка цел на миграциската политика беше истакнато намалувањето на интензитетот на трајната емиграција, посебно на интелектуалната емиграција, преку континуирано адресирање на причините за изразените миграциски намери[54]. Но, во рамките на превенцијата на интелектуалната емиграција, фокусот е ставен на постојниот медицински и инженерски кадар, како и на студентите од областа на техничките, природните и медицинските науки.

Прв документ за јавни политики во којшто директно се адресира прашањето за „одливот на мозоци“ е Национална стратегија за вмрежување, соработка и спречување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013-2020. Во рамките на оваа стратегија, првично беа детектирани причините поради коишто младите одлучуваат да ја напуштат земјата, при што беа истакнати: ниските плати, економските нестабилност и неизвесност, ограничените можности за напредок во кариерата, врз основа на што

[53] Собрание на Република Македонија, Резолуцијата за миграциската политика на РМ за периодот од 2009 до 2014 година, декември 2008 година, достапно на: http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/REZOLUCIJA_MIGRACIONA_POLITIKA.doc.

[54] http://www.slvesnik.com.mk/Issues/a6a5102d81704eb39305182674122cb8.pdf#page=5

фокусот на мерките е ставен на подобрување на условите, организацијата и напредокот во кариерата. Притоа, дефинирани се четири приоритети: услови за изградба на национален систем за управување со движењето на високообразовани поединци од земјата и развојно активирање на потенцијалите на интелектуалната емиграција; намалување на „одливот на мозоци" со тоа што ќе се зголеми атрактивноста на Македонија како место за работа и за ангажман на млади високообразовани лица; премин од одлив кон прилив на мозоци преку зголемување на нивото и обемот на враќање на интелектуалната емиграција и зголемување на интелектуалната размена со странство преку поттикнување на соработката помеѓу образованите поединци со потекло од Македонија кои живеат и работат во странство и македонски научно-истражувачки институции и развојни компании. За реализација на овие приоритети понудени се повеќе мерки, како поддршка на приватниот сектор за ангажирање на млади со високо образование, зголемување на платите, инвестирање во нови производствени капацитети, професионално ангажирање на македонски емигранти во македонски институции, во коишто ќе донесат различен начин на размислување и работа, зголемување на повеќе атрактивни студии за сметка на помалку привлечните, реформи во процесите на вработување и отстранување на роднинско-пријателската или политичката страна, инвестиции во научно-истражувачката инфраструктура. Меѓутоа, за спроведувањето на оваа стратегија е донесен само еден акциски план во 2014 година.

Во наредниот период беа усвоени повеќе стратешки документи и политики во повеќе области што имаат влијание врз миграциските процеси. Под притисок на сѐ поизразените неповолни состојби на пазарот на трудот, како и стапката на младинска невработеност[55], беа усвоени стратешки документи во коишто директно беа третирани последиците од ваквите состојби. Од нив, според значењето, можат да се издвојат: Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020; Субвенционираното вработување на невработени млади лица до 29 години преку ослободување од придонеси – донесено во 2014 година; Националниот акциски план за вработување на млади лица 2016-2020 година; Националната стратегија за млади 2016-2025, како и Законот за младинско учество и младински политики од 2020 година. Но, покрај многубројните документи и политики, недостигаат анализи за нивното влијание врз „одливот на мозоци", особено во поглед на конкретните ефекти од овие документи. Ваквата состојба претставуваше и дополнителна причина за спроведување истражување за проценка на потенцијалот за мигрирање на оваа категорија на население.

55 „Северна Македонија има највисока стапка на младинска невработеност во Европа, дури 51%, и трета највисока во светот според проценките на МОТ и на Светската банка за 2017 година. Според Државниот завод за статистика, 47% од невработените лица во Република Македонија се млади луѓе. Во согласност со податоците на Државниот завод за статистика, во 2017 година највисока стапка на невработеност се забележува кај лицата на возраст од 15 до 24 години и изнесува 46,7%", во Спасов А. и Зафиров Т. „Како да се справиме со демографската криза во Република Македонија: краток нацрт-документ за јавна политика". Институт за социјална демократија „Прогрес", 2018.

## Внатрешни миграции

Сè поголемата застапеност на дебатата за меѓународните миграции, го одвлекува вниманието од фактот дека внатрешните миграции ги опфаќаат најголемиот дел од движењата на населението. Во минатиот век, бевме сведоци на една од најзначајните трансформации во човечкото општество: преминот од претежно рурални во сè поурбани општества во коишто внатрешните миграции имаа клучна улога.[56] Во една од најобемните анализи за глобалните обрасци и трендови на внатрешни миграции во земјите во светот[57] е наведено дека во 2005 година, 763 милиони луѓе, или 12 проценти од глобалното население, живееле надвор од регионот на нивното раѓање. Додека, во 2011-2012 година, според податоците на „Галуп“, 381 милион возрасни лица, или осум проценти од вкупното возрасно население во светот, се преселиле помеѓу регионите во претходните пет години[58]. Според податоците на Обединетите нации во 2018 година повеќе од 1,3 милијарди луѓе кои живеат во земјите во развој внатрешно мигрирале, помеѓу руралните и урбаните области.[59] Миграцијата од село до град е особено видлив феномен во земјите со ниски и средни приходи, што доведува до повисоки нивоа на урбанизација. Притоа, како еден од клучните фактори за внатрешните движења на населението е можноста за едукација. Повисоките нивоа на образование ги зголемуваат аспирациите за мигрирање од руралните кон ураните области. Истовремено, и образованието е цел на внатрешните миграциите, при што младите луѓе бараат вештини што можат да ги стекнат во урбаните центри. Ваквата состојба е потврдена и во истражувањето спроведено во 53 земји, при што е утврдено дека веројатноста за миграција е двојно поголема кај категоријата на население со основно образование, тројно поголема кај оние со средно и четирикратно кај оние со високо, во споредба со населението кое нема образование.[60]

Внатрешните миграции во Македонија се специфични и честопати го одразуваат мигрирањето од село во град, односно од другите делови на земјата кон главниот град, односно Скопскиот плански регион. Со тоа, бројот на населението во главниот град, односно во Скопскиот плански

56 Skeldon R. “Interlinkages between internal and international migration and development in the Asian region”. *Population, Space and Place*, 12 (1): 15-30, 2006, преземено од: https://onlinelibrary.wiley.com/doi/epdf/10.1002/psp.385 (23.10.2020).

57 Bell M. & Charles-Edwards E. “Cross-national comparisons of internal migration: An update of global patterns and trends”. United Nations Department of Economic and Social Affairs, 2013. https://www.un.org/en/development/desa/population/publications/pdf/technical/TP2013-1.pdf (11.09.2020).

58 UNESCO. “Migration, displacement and education: Building bridges, not walls”. Global Education Monitoring Report, 2019.

59 Food and Agriculture Organization of the United Nations. “The State of Food and Agriculture: Migration, agriculture, and rural development”, 2018.

60 Bernard A., Bell M. and Cooper J. “Internal Migration and Education: A Cross-National Comparison“, UNESCO, 2018. <https://www.researchgate.net/publication/329045421_Internal_Migration_and_Education_A_Cross-National_Comparison_Background_paper_for_The_UNESCO_Global_Education_Monitoring_Report_2019> (17.10.2020).

регион, се зголемува и во него живее околу една третина од населението во државата (31% или 633.273 жители).




Извор на податоци: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/.

Во однос на внатрешните миграции на национално ниво, во 2019 година се отселиле, а и се вселиле вкупно 3.241 жител. Според увидот во податоците за регионите[61], најмногу граѓани се отселиле од скопскиот регион. Во истиот регион се доселиле околу 50% од вкупно доселените граѓани. Покрај тоа што жители на скопскиот регион најмногу се отселиле во 2019 година, треба да се има предвид, гледано во апсолутни бројки, дека со забрзано темпо се отселувале и жителите од југозападниот, источниот и вардарскиот регион.




Извор на податоци: Државен завод за статистика, Внатрешни миграции, http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__VnatresniMigracii/175_Migr_reg_VMOts_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=8899343c-60f7-4267-8bc9-d26c2e46a5d8.

61 Територијата на Република Македонија административно е поделена и на осум (8) плански региони.




Извор на податоци: Државен завод за статистика, Внатрешни миграции, makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__VnatresniMigracii/125_Migr_reg_VnDos_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=8899343c-60f7-4267-8bc9-d26c2e46a5d8.

Во 2019 година, само Скопскиот плански регион бележи позитивно миграциско салдо, т.е. се доселиле повеќе жители отколку што се отселиле (953 жители). Источниот плански регион има највисоко негативно салдо, што изнесува -201 жител. Негативното миграциско салдо кај сите други региони, освен во скопскиот, варира со значителни отстапувања. Во следнава табела е даден преглед на последниве шест години, од 2014 заклучно со 2019 година.




| | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | -168 | -201 | -104 | -54 | -137 | -131 | -158 | 953 |
| 2018 | -119 | -188 | -83 | -82 | -207 | -84 | -162 | 925 |
| 2017 | -234 | -142 | -92 | -44 | -199 | -115 | -131 | 957 |
| 2016 | -211 | -206 | -80 | -101 | -169 | -157 | -272 | 1196 |
| 2015 | -181 | -232 | -142 | -105 | -138 | -135 | -116 | 1049 |
| 2014 | -95 | -200 | -115 | -51 | -159 | -86 | -145 | 851 |

Извор на податоци: Државен завод за статистика, Внатрешни миграции, http://www.stat.gov.mk/.

При анализата на бројките во однос на миграциите во регионите, треба да се има предвид и бројната состојба, според којашто во скопскиот регион

живее една третина од вкупното население во земјата. Во последната година, во скопскиот регион населението се зголемило за 0,15%.

Врз база на анализа на достапните статистички показатели за последниве десет години (2010-2019), внатрешните миграции ги карактеризира негативно миграциско салдо. Мигрирањето од одредени општини има значајни осцилации, но во 2012 година таа стапка е највисока и е близу илјада. Во 2017 и 2018 година, миграциското салдо е позитивно.

Табела Миграции во Република Македонија (2010/2019)

| **Република Македонија** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно доселени** | 7.579 | 7.961 | 8.730 | 8.405 | 8.525 | 8.309 | 9.170 | 9.266 | 8.515 | 8.767 | **85.227** |
| **Доселени од друга општина** | 5.961 | 6.048 | 6.830 | 6.475 | 6.591 | 6.266 | 6.869 | 6.704 | 6.132 | 6.143 | 64.019 |
| **Доселени од други населени места од истата општина** | 1.315 | 1.564 | 1.504 | 1.440 | 1.669 | 1.784 | 2.018 | 2.258 | 2.014 | 2.288 | 17.854 |
| **Доселени во Република Македонија од странство** | 303 | 349 | 396 | 490 | 265 | 259 | 283 | 304 | 369 | 336 | 3.354 |
| **Вкупно отселени** | 8.199 | 8.755 | 9.664 | 8.860 | 9.000 | 8.817 | 9.327 | 9.103 | 8.290 | 9.043 | **89.058** |
| **Отселени од друга општина** | 5.961 | 6.048 | 6.830 | 6.475 | 6.591 | 6.266 | 6.869 | 6.704 | 6.132 | 6.143 | 64.019 |
| **Отселени од други населени места во истата општина** | 1.315 | 1.564 | 1.504 | 1.440 | 1.669 | 1.784 | 2.018 | 2.258 | 2.014 | 2.288 | 17.854 |
| **Отселени од Република Македонија во странство** | 923 | 1.143 | 1.330 | 945 | 740 | 767 | 440 | 141 | 144 | 612 | 7.185 |
| **Миграциско салдо (вселени/ отселени)** | -620 | -794 | -934 | -455 | -475 | -508 | -157 | 163 | 225 | -276 | **-3.831** |

Извор на податоци: Државен завод за статистика, Внатрешни миграции, http://www.stat.gov.mk/.

На ниво на општини[62], миграциите се издвојуваат по тоа што има општини што имаат поголемо негативно миграциско салдо. Всушност, 7 општини од град Скопје и 12 општини од Македонија бележат позитивно миграциско салдо. Преостанатите 61 општина бележат негативно миграциско салдо. Од нив, Делчево во 2019 година евидентирало иселување на најголем број жители, 147, потоа Кичево со 91.

Внатрешните миграции во општините во Република Македонија во 2019 година

| | Вкупно доселени | Доселени од друга општина | Доселени од друго место во иста општина | Доселени граѓани во Република Македонија од други држави | Вкупно отселени | Отселени од друга општина | Отселени од друго место во иста општина | Отселени граѓани од Република Македонија во други држави | Миг. салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 1.972 | 1.954 | 17 | 1 | 1.006 | 989 | 17 | - | 966 |
| 1. Аеродром | 387 | 387 | - | - | 129 | 129 | - | - | 258 |
| 2. Бутел | 73 | 73 | - | - | 95 | 95 | - | - | -22 |
| 3. Гази Баба | 170 | 164 | 6 | - | 154 | 148 | 6 | - | 16 |
| 4. Ѓорче Петров | 173 | 170 | 2 | 1 | 71 | 69 | 2 | - | 102 |
| 5. Карпош | 367 | 366 | 1 | - | 112 | 111 | 1 | - | 255 |
| 6. Кисела Вода | 295 | 292 | 3 | - | 105 | 102 | 3 | - | 190 |
| 7. Сарај | 44 | 39 | 5 | - | 77 | 72 | 5 | - | -33 |
| 8. Центар | 298 | 298 | - | - | 99 | 99 | - | - | 199 |
| 9. Чаир | 117 | 117 | - | - | 149 | 149 | - | - | -32 |
| 10. Шуто Оризари | 48 | 48 | - | - | 15 | 15 | - | - | 33 |
| 11. Арачиново | 32 | 32 | - | - | 33 | 33 | - | - | -1 |
| 12. Берово | 61 | 34 | 26 | 1 | 112 | 86 | 26 | - | -51 |
| 13. Битола | 339 | 253 | 81 | 5 | 270 | 189 | 81 | - | 69 |
| 14. Богданци | 25 | 21 | 4 | - | 44 | 38 | 4 | 2 | -19 |
| 15. Боговиње | 87 | 61 | 26 | - | 116 | 87 | 26 | 3 | -29 |
| 16. Босилово | 118 | 86 | 25 | 7 | 122 | 66 | 25 | 31 | -4 |
| 17. Брвеница | 49 | 43 | 6 | - | 65 | 50 | 6 | 9 | -16 |
| 18. Валандово | 57 | 39 | 15 | 3 | 68 | 53 | 15 | - | -11 |
| 19. Василево | 83 | 69 | 10 | 4 | 112 | 81 | 10 | 21 | -29 |
| 20. Вевчани | 13 | 13 | - | - | 9 | 9 | - | - | 4 |
| 21. Велес | 172 | 138 | 31 | 3 | 212 | 181 | 31 | - | -40 |
| 22. Виница | 96 | 49 | 42 | 5 | 128 | 86 | 42 | - | -32 |

62 Според последната административна поделба, територијата на Македонија е поделена на 80 административни единици – општини. Десет општини го сочинуваат градот Скопје, кој претставува посебна единица на локалната самоуправа.

| | Вкупно доселени | Доселени од друга општина | Доселени од друго место во иста општина | Доселени граѓани во Република Македонија од други држави | Вкупно отселени | Отселени од друга општина | Отселени од друго место во иста општина | Отселени граѓани од Република Македонија во други држави | Миг. салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23. Врапчиште | 196 | 101 | 74 | 21 | 183 | 94 | 74 | 15 | 13 |
| 24. Гевгелија | 133 | 73 | 51 | 9 | 145 | 79 | 51 | 15 | -12 |
| 25. Гостивар | 540 | 202 | 281 | 57 | 579 | 218 | 281 | 80 | -39 |
| 26. Градско | 15 | 13 | 1 | 1 | 29 | 28 | 1 | - | -14 |
| 27. Дебар | 65 | 40 | 21 | 4 | 87 | 66 | 21 | - | -22 |
| 28. Дебарца | 36 | 32 | 4 | - | 44 | 38 | 4 | 2 | -8 |
| 29. Делчево | 109 | 38 | 68 | 3 | 256 | 61 | 68 | 127 | -147 |
| 30. Демир Капија | 17 | 16 | 1 | - | 35 | 34 | 1 | - | -18 |
| 31. Демир Хисар | 48 | 24 | 24 | - | 66 | 42 | 24 | - | -18 |
| 32. Дојран | 23 | 18 | 3 | 2 | 19 | 15 | 3 | 1 | -4 |
| 33. Долнени | 48 | 37 | 7 | 4 | 96 | 89 | 7 | - | -48 |
| 34. Желино | 95 | 70 | 25 | - | 105 | 76 | 25 | 4 | -10 |
| 35. Зелениково | 3 | 3 | - | - | 14 | 14 | - | - | -11 |
| 36. Зрновци | 9 | 9 | - | - | 29 | 29 | - | - | -20 |
| 37. Илинден | 40 | 37 | 2 | 1 | 24 | 22 | 2 | - | 16 |
| 38. Јегуновце | 27 | 26 | 1 | - | 47 | 39 | 1 | 7 | -20 |
| 39. Кавадарци | 179 | 112 | 62 | 5 | 190 | 128 | 62 | - | -11 |
| 40. Карбинци | 30 | 24 | 6 | - | 53 | 47 | 6 | - | -23 |
| 41. Кичево | 294 | 81 | 185 | 28 | 386 | 200 | 185 | 1 | -92 |
| 42. Конче | 6 | 6 | - | - | 15 | 15 | - | - | -9 |
| 43. Кочани | 182 | 122 | 60 | - | 191 | 131 | 60 | - | -11 |
| 44. Кратово | 32 | 21 | 10 | 1 | 83 | 73 | 10 | - | -51 |
| 45. Крива Паланка | 111 | 44 | 59 | 8 | 146 | 85 | 59 | 2 | -35 |
| 46. Кривогаш-тани | 23 | 19 | 1 | 3 | 19 | 18 | 1 | - | 4 |
| 47. Крушево | 33 | 33 | - | - | 49 | 49 | - | - | -16 |
| 48. Куманово | 346 | 227 | 119 | - | 341 | 222 | 119 | - | 5 |
| 49. Липково | 120 | 66 | 54 | - | 163 | 109 | 54 | - | -43 |
| 50. Лозово | 21 | 17 | 4 | - | 27 | 23 | 4 | - | -6 |
| 51. Маврово и Ростуша | 46 | 21 | 15 | 10 | 66 | 43 | 15 | 8 | -20 |
| 52. Македонска Каменица | 52 | 27 | 24 | 1 | 84 | 34 | 24 | 26 | -32 |
| 53. Македонски Брод | 50 | 17 | 22 | 11 | 63 | 41 | 22 | - | -13 |

| | Вкупно доселени | Доселени од друга општина | Доселени од друго место во иста општина | Доселени граѓани во Република Македонија од други држави | Вкупно отселени | Отселени од друга општина | Отселени од друго место во иста општина | Отселени граѓани од Република Македонија во други држави | Миг. салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 54. Могила | 20 | 16 | 4 | - | 32 | 28 | 4 | - | -12 |
| 55. Неготино | 122 | 86 | 36 | - | 130 | 94 | 36 | - | -8 |
| 56. Новаци | 9 | 9 | - | - | 20 | 20 | - | - | -11 |
| 57. Ново Село | 69 | 47 | 19 | 3 | 85 | 50 | 19 | 16 | -16 |
| 58. Охрид | 382 | 294 | 85 | 3 | 348 | 197 | 85 | 66 | 34 |
| 59. Петровец | 19 | 18 | - | 1 | 16 | 16 | - | - | 3 |
| 60. Пехчево | 23 | 19 | 4 | - | 34 | 30 | 4 | - | -11 |
| 61. Пласница | 40 | 20 | 17 | 3 | 30 | 13 | 17 | - | 10 |
| 62. Прилеп | 163 | 124 | 28 | 11 | 199 | 171 | 28 | - | -36 |
| 63. Пробиштип | 68 | 43 | 25 | - | 96 | 71 | 25 | - | -28 |
| 64. Радовиш | 96 | 96 | - | - | 165 | 128 | - | 37 | -69 |
| 65. Ранковце | 26 | 24 | 1 | 1 | 38 | 35 | 1 | 2 | -12 |
| 66. Ресен | 183 | 45 | 44 | 94 | 135 | 91 | 44 | - | 48 |
| 67. Росоман | 17 | 14 | 2 | 1 | 25 | 23 | 2 | - | -8 |
| 68. Свети Николе | 97 | 63 | 34 | - | 125 | 91 | 34 | - | -28 |
| 69. Сопиште | 18 | 18 | - | - | 10 | 10 | - | - | 18 |
| 70. Старо Нагоричане | 13 | 11 | 2 | - | 29 | 27 | 2 | - | -16 |
| 71. Струга | 407 | 135 | 272 | - | 437 | 165 | 272 | - | -30 |
| 72. Струмица | 281 | 195 | 72 | 14 | 340 | 179 | 72 | 89 | -59 |
| 73. Студени-чани | 18 | 16 | 2 | - | 21 | 19 | 2 | - | -3 |
| 74. Теарце | 62 | 45 | 17 | - | 93 | 62 | 17 | 14 | -31 |
| 75. Тетово | 274 | 193 | 81 | - | 339 | 224 | 81 | 34 | -65 |
| 76. Центар Жупа | 21 | 12 | 9 | - | 28 | 19 | 9 | - | -7 |
| 77. Чашка | 41 | 26 | 14 | 1 | 65 | 51 | 14 | - | -24 |
| 78. Чешиново-Облешево | 24 | 22 | 2 | - | 65 | 63 | 2 | - | -41 |
| 79. Чучер-Сандево | 5 | 5 | - | - | 27 | 27 | - | - | -22 |
| 80. Штип | 236 | 179 | 51 | 6 | 180 | 129 | 51 | - | 56 |
| **ВКУПНО/ 2019** | **8.767** | **6.143** | **2.288** | **336** | **9.043** | **6.143** | **2.288** | **612** | **-276** |

Извор на податоци: Државен завод за статистика, Внатрешни миграции, http://www.stat.gov.mk/.

Како мотиви или причини за внатрешна миграција, во Статистичкиот годишник на Државниот завод за статистика се детектираат: стапувањето во брак, семејните причини, вработувањето, школувањето и друго.[63]

Мигрирањето, посебно надворешните миграции, специфично се отсликуваат во образованието. Следено во апсолутни бројки, постепено опаѓа бројот на ученици како во основното, исто така и во средното образование. Но, она по што се издвојува македонското општество е одливот на млади образовани кадри, кој е, пред сè, јасно видлив во показателите на регионалните и, секако, светски статистики.Во однос на учениците во основно образование, се забележува намалување на бројот на учениците, односно 5.475 ученици помалку се запишани во последниве четири години.

Вкупно запишани ученици во основно образование

| | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019 | 2019/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 185.992 | 192.715 | 192.448 | 188.102 | 187.240 |

Извор на податоци: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/.

На регионално ниво, исто така се забележува опаѓање на бројот на ученици во основното образование, освен во скопскиот регион.

Вкупно запишани ученици во основно образование, според плански региони

| | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019 | 2019/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски регион | 13.046 | 13.378 | 13.206 | 13.109 | 12.961 |
| Источен регион | 13.449 | 13.644 | 13.227 | 13.059 | 12.827 |
| Југозападен регион | 18.279 | 18.491 | 18.384 | 17.860 | 17.447 |
| Југоисточен регион | 13.793 | 14.432 | 14.152 | 13.937 | 13.830 |
| Пелагониски регион | 19.674 | 19.871 | 19.946 | 19.913 | 19.738 |
| Полошки регион | 29.632 | 31.831 | 32.097 | 28.982 | 28.624 |
| Североисточен регион | 16.536 | 16.409 | 16.134 | 15.860 | 15.710 |
| Скопски регион | 61.583 | 64.659 | 65.302 | 65.382 | 66.103 |

Извор на податоци: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/.

На регионално ниво, намалувањето на бројот на запишани ученици во задолжително средно образование е значително поизразен. Во сите плански региони се бележи намалување на бројот на средношколци.

63 Државен завод за статистика, „Мапа-9: Доселени и отселени граѓани во рамките на Република Македонија 2018". Статистички годишник на Република Северна Македонија, 2019, стр. 126. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/SG2019/03-Naselenie-Population.pdf (07.08.2020).

| Средно - почеток на учебна запишани | 2013/ 2014 | 2014/ 2015 | 2015/ 2016 | 2016/ 2017 | 2017/ 2018 | 2018/ 2019 | 2019/ 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно | Вкупно |
| Република Северна Македонија | 86.418 | 83.522 | 80.295 | 76.394 | 71.458 | 71.650 | 69.980 |
| Вардарски регион | 5.782 | 5.589 | 5.350 | 4.856 | 4.684 | 4.483 | 4.340 |
| Источен регион | 6.667 | 6.435 | 6.197 | 5.939 | 5.653 | 5.462 | 5.283 |
| Југозападен регион | 8.946 | 8.199 | 7.785 | 7.035 | 6.621 | 6.789 | 6.573 |
| Југоисточен регион | 6.415 | 6.098 | 5.880 | 5.042 | 4.820 | 4.703 | 4.484 |
| Пелагониски регион | 9.379 | 8.976 | 8.756 | 8.112 | 8.052 | 7.933 | 7.830 |
| Полошки регион | 14.290 | 14.018 | 12.729 | 10.841 | 11.032 | 11.110 | 10.687 |
| Североисточен регион | 7.941 | 7.439 | 7.196 | 7.913 | 6.336 | 6.517 | 6.291 |
| Скопски регион | 26.998 | 26.768 | 26.402 | 26.656 | 24.260 | 24.653 | 24.492 |

Извор на податоци: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/.

На следниот графикон јасно се отсликува намалувањето на бројот на запишани средношколци, статистички следен во период од дваесет учебни години.




Извор на податоци: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/.

Бројот на запишани ученици во средните училишта во земјата, за периодот од учебната 2000/2001 до учебната 2019/2020 година се намалил за 25% или за 23.181 ученик. Резултатот на намалениот број на запишани средношколци е комплексен, како намалена стапка на наталитет, но и секако отселувањето или мигрирањето од Македонија.

Во Југоисточниот плански регион, бројот на запишани ученици во средно училиште се намалил за 34%, односно од 6.791 ученик во 2000/2001 се намалил на 4.484 ученици запишани во 2019/2020 година.

## Емпириско истражување

### *Методолошки приод*

Во однос на истражувачките методи, ова истражување претставува квалитативна студија со тематска анализа на одговорите од полу-структурирани интервјуа. Оправданоста и релевантноста на избраниот методолошки приод за оваа тема се потенцирани и од страна на Брајман, кој истакнува дека: „квалитативното истражување се обидува да го набљудува општествениот живот во смисла на процеси“[64]. Притоа, тој укажува дека постои сè поголема тенденција полуструктурираното, како и неструктурираното интервјуирање да се нарекуваат длабински или квалитативни интервјуа. Но, најзначајно е тоа што ваквиот вид испрашување им овозможува на интервјуистите да соберат податоци за начинот на којшто учесниците во истражувањето ја доживуваат општествената реалност. Тематската анализа, пак, според Браун и Кларк[65], претставува „метод за идентификување, анализа и известување на обрасци (теми) во рамките на податоците… Исто така, честопати оди подалеку од организирањето и опишувањето на податоците поставени во (богати) детали и ги толкува различните аспекти на темата на истражување“. Тие, исто така, забележуваат дека: „тематската анализа вклучува голем број избори што честопати не се експлицитно дадени, но коишто е потребно експлицитно да се разгледаат и да се дискутираат. Во практиката, овие прашања треба да бидат разгледани пред да се пристапи кон анализа...“ При идентификувањето на темите, може да се примени еден од двата основни начина на тематска анализа: индуктивен, или начин „оддолу нагоре“, или теоретски, односно дедуктивен, или начин „оддолу“. Индуктивниот пристап се однесува на пристапи што примарно користат детални отчитувања на сурови податоци за да се изведат концепти, теми или модел преку интерпретации направени од необработени податоци од проценувач или истражувач. Ова, според Томас, е во согласност со описот на Строс и Корбин: „Истражувачот почнува со област на студии и дозволува теоријата да произлезе од податоците“[66]. Додека, дедуктивниот начин се

[64] Брајман А. Методи на општественото истражување. УКЛО, 2015.

[65] Braun V. and Clarke V. “Using Thematic Analysis in Psychology”. *Qualitative Research in Psychology 3/2* (2006), 77-101.

[66] Strauss A. & Corbin J. *Basics of qualitative research*. 2nd ed. Sage: Newbury Park, CA, 1998.

однесува на анализа на податоци – сесии што се залагаат да тестираат дали податоците се во согласност со претходните претпоставки, теории или хипотези, идентификувани или конструирани од истражувачот[67].

Како што беше нагласено во воведот на оваа студија, примарните извори за потребите на истражувањето беа собрани преку полуструктурирани интервјуа со лица од повеќе градови од Република Северна Македонија. Притоа, интервјуто беше фокусирано на перцепциите поврзани со миграциите – внатрешна и надворешна, како и на потребата и причините за миграција. Во интервјуто се содржани десет прашања, поделени во два блока според прашањата од истражувањето. Првиот дел од прашањата се однесуваат на внатрешните миграции, односно тенденциите и мотивите за нив, додека вториот дел од прашањата се однесуваат на надворешните миграции – желбите и причините за напуштање на нашата земја. Поголемиот дел од прашалниците во оваа студија беа пополнети електронски[68], додека одреден број беа пополнети непосредно, при што податоците беа собирани во периодот од 20 септември до 30 октомври 2020 година. Примерокот е наменски раслоен и е составен од вкупно 57 испитаници, опфатени во пет старосни групи, при што најголем дел од испитаниците беа на возраст од 36 до 46 години (38,59% од интервјуираните), по што веднаш следуваа испитаниците на возраст од 23 до 35 години (35,09%). На возраст до 22 години беа 14,04% од интервјуираните, додека на возраст од 47 до 56 години беа 10,53% од интервјуираните, а од старосната група над 57 години добивме само еден одговор. Што се однесува до половата структура, примерокот вклучуваше 56,14% испитаници од женски пол и 43,86% испитаници од машки пол. Според степенот на образование, 12,3% од испитаниците беа со средно образование, 66,7% од испитаниците беа со високо образование, додека со магистратура беа 17,5%, а со степен доктор на науки беа 3,5% од испитаниците. Во примерокот беа вклучени испитаници од сите региони на нашата земја, со тоа што одредени региони беа застапени со значително помал број испитаници во споредба со други региони: скопски – 17,5%; пелагониски – 30%; вардарски – 9%; југоисточен – 10,5%; источен – 7%; полошки – 19,3%, додека од североисточниот и југозападниот регион имаше по двајца испитаници.

На почетокот на интервјуто беа наведени основните податоци за истражувањето. Исто така, на сите испитаници им е загарантирана анонимност, како и соодветна заштита на дадените информации и, секако, нивни чување, обработка и интерпретација, односно презентација. Со цел да се заштити анонимноста на испитаниците, сите интервјуа се нумерирани и сите понуди се дадени со број (во загради) на интервјуираниот.

Тематската анализа на базата на податоци, заснована врз полуструктурираните интервјуа, беше насочена кон генерирање теми за

67 Thomas D. "A General Inductive Approach for Qualitative Data Analysis". *American Journal of Evaluation*, June 2006, Vol. 27, No. 2.

68 „...ваквиот метод може да даде детални и обмислени одговори на какви што, всушност, и настојуваат истражувачите кои се занимаваат со квалитативни истражувања", Брајман А. Методи на општественото истражување. УКЛО, 2015.

податоци. Пристапот што се применуваше во анализата на податоците беше индуктивен, при што категориите и темите беа изведени од интервјуата. Од тематската анализа на податоците, дефинирани се следниве теми: тенденции кон внатрешни миграции; желба/потреба за мигрирање во друга земја; услови за мигрирање во друг град од нашата земја или во друга земја; поддршка за мигрирање на децата; и насоченост кон создавање на подобри услови за напредок и квалитет на живот во нашата земја.

Во однос на епистемологијата, треба да се нагласи дека ова истражување има за цел контекстуално разгледување и разбирање на актуелните општествени состојби, кои се рефлектирани во основните теми. Притоа, квалитативната анализа на собраната база на податоци се фокусираше кон интерпретирање на одговорите од интервјуираните. Дополнително, цитатите на испитаниците се користени како: доказ за нивните ставови, подобро разбирање на клучните поими, илустрација, при што тие се во функција на наодите и заклучоците на оваа студија. При тематската анализа на базата на податоци беше утврдено дека кај некои теми има заситеност, односно поголем степен на повторување, додека во други тоа е помалку изразено, што се воочува при истакнувањето на одговорите.

***Тенденции кон внатрешни миграции***

Оваа тема произлезе од анализата на првиот дел на прашања во интервјуата, при што кај поголемиот дел од испитаниците фокусот за мигрирањето во рамките на нашата земја е насочен кон Скопје: „ Доколку решам да мигрирам, би го избрала Скопје затоа што има подобри можности за професионален развој, како и за образование и слободни активности за деца“ (14); „...условите за професионален развој се многу подобри во споредба со кој било друг град, истото се однесува и за образованието, особено кога станува збор за ќерка ми“ (37). Доколку се имаат предвид и трендовите во внатрешните миграциски текови и од минатото, ваквите ставови се сосема очекувани. Предимензионираниот развој на главниот град можеби е и главниот проблем што предизвикува демографска депопулација на другите региони и нерамномерен регионален развој. Имајќи ја предвид ваквата состојба, испитаниците од Скопје, независно од возрасната група, не се заинтересирани за мигрирање во друг град од нашата земја. Но, мал дел од нив истакнуваат дека доколку другите градови од земјава би понудиле барем дел од можностите што ги нуди главниот град, тие без двоумење би мигрирале, пред сè поради порелаксирачкото животно темпо, сообраќајот, чистиот воздух и безбедноста: „Кога градовите во нашата земја би биле еднакво развиени, би било сеедно во кој град живееш, работиш, се школуваш, критериумите за избор на место на живеење би се смениле“ (21); „...битен фактор е во последно време и сигурноста, односно безбедноста на градот“ (29). Притоа, тенденцијата за внатрешни миграции е значително позастапена кај испитаниците во возрасните групи до 22 и од 23 до 35 години. Врз основа на анализата, мотивите за мигрирање еднакво зависат од материјално-економските потенцијали и регионалните развојни политики, но и од подобрите можности за образование (и покрај тоа што во

изминатите десет години беа отворени повеќе универзитети и во другите делови на земјата).

Кај испитаниците од возрасните групи од 36 до 46 и од 47 до 56 години е значително помал интересот за мигрирање во рамките на нашата земја, односно околу 60% од испитаниците не би мигрирале, додека оние што би сакале да мигрираат како услов ја истакнуваат претходно обезбедената работа што, покрај подобар материјален принос, би им овозможила и подобри можности за професионален развој од досегашното работно место. Но, она што е речиси идентично кај испитаниците од овие две возрасни групи е поддржување на опцијата за мигрирање на нивните деца во Скопје, пред сè поради подобрите можности во високото образование, а подоцна и вработување: „...се надевам дека моето дете ќе го продолжи образованието во Скопје“ (9, 17, 42); „Во нашата држава подобри можност за школување и вработување постојат единствено во главниот град, па претпоставувам дека за да се школуваат и за да најдат подобро вработување би требало да се преселат таму“ (51).

За дел од испитаниците формиравме и поткатегорија, во којашто беа опфатени дел од испитаниците од различни градови, кои во изминатите неколку години мигрирале во Скопје. Во оваа поткатегорија се застапени испитаници од речиси сите возрасни групи, при што дел од нив престојувале во Скопје уште за време на студирањето и останале да живеат таму, додека другите мигрирале подоцна. Идентично и во оваа поткатегорија, кај поголемиот дел од повозрасните испитаници не постои интерес за мигрирање во друга земја, но го поддржуваат мигрирањето во друга земја на нивните деца.

При анализата на одговорите од првиот дел на прашањата, кои се однесуваа на внатрешните миграции, дел од испитаниците веднаш ги изнесуваа нивните ставови за мигрирање во друга земја, што е значаен индикатор за нагласената тенденција за надворешни миграции: „...доколку нема можност за миграција надвор од државата, секако дека би продолжиле во Скопје, бидејќи во секој друг град не би можеле да просперираат“ (33).

### *Желба/потреба за мигрирање во друга земја*

Одговорите на вториот дел од прашалникот ја формираа оваа тема, која кај испитаниците поттикна значително поголем интерес, што се рефлектираше и во содржината на нивните одговори. Според возрасните групи, идентично како и во претходната тема, кај испитаниците од возрасните групи до 22 и од 23 до 35 години постои понагласена тенденција за мигрирање во друга земја. Притоа, кај овие групи на испитаници во голема мера се потенцира можноста за продолжување на образованието во друга земја, па потоа и вработување во неа, што укажува дека овие испитаници ги следат објавите и можностите за стипендирање на странските универзитети, како и миграциските политики на одредени земји како посакувани дестинации. И покрај тоа што помеѓу испитаниците од возрасните групи од 36 до 46 и од 47 до 57 години, во споредба со тенденцијата за внатрешни миграции, интересот за мигрирање во друга земја е значително повисок (околу 65% од

испитаниците би мигрирале во друга земја), карактеристично е драстичното зголемување на интересот и поддршката за мигрирање во друга земја на нивните деца (околу 92% од испитаниците би сакале нивните деца да мигрираат во друга земја или барем да се стекнат со високо образование во некоја од високоразвиените земји). Дел од нив, особено испитаниците од возрасната група од 36 до 46 години, истакнуваат дека би мигрирале во друга земја само поради подобрите можности за образование, а подоцна и вработување на нивните деца: „Најважен мотив би бил просперитет и успех на моите деца во поглед на образование, работа, финансиска стабилност и независност" (5); „...подобро образование и можности за децата, подобро здравство и живот без корупција, работата и кариерниот напредок за мене не се фактор што придонесува за донесување одлука за миграција во странство" (48). Покрај наведените повлечни фактори, како и најзастапените мотиви за стекнување на подобра материјална состојба и професионален развој, во голем дел од одговорите испитаниците се задржуваат на притисните фактори. Речиси кај сите нив е евидентно незадоволството од политизираноста и поларизираноста на македонското општество, нефункционалноста на правниот систем, високиот степен на корупција и непотизам, како и многубројните недостатоци на образовниот систем: „...корумпираното судство и судењето со двојни аршини, корумпираната полиција и непрофесионализмот во сите институции каде што вработените немаат ни основно образование, ни култура, криминалот во речиси сите државни институции" (25); „...конформизам, дволичност, непочитување на воспоставените норми и вредности, постојани обиди за манипулирање на системот, успех само преку активирање политички или преку пријателско-роднински конекции" (31). Исто така, потенциран е и недостигот од објективното вреднување на стекнатото знаење и работните способности од страна на работодавачите при вработување, како и во текот на работниот стаж: „Вработување според партиска определеност, а не според образование и квалитет, невреднување на трудот и недоволната платеност според работните обврски" (54).

Покрај прашањето за мигрирање во друга земја, на испитаниците им беше поставено и прашањето за поединечно или мигрирање заедно со семејството, при што речиси идентичен е бројот на испитаниците кои наведуваат дека привично би мигрирале поединечно, а подоцна би се приклучиле другите членови на семејството, со испитаниците кои би мигрирале заедно со семејството. Притоа, како главна причина за изборот на подоцнежно мигрирање на другите членови од семејството е обезбедувањето на соодветни услови за живот: „Подоцна би се приклучиле другите членови од семејството, додека не створам основни услови за нивно адаптирање во новата средина" (6, 11), но голем број од испитаниците истакнуваат и дека: „битно е семејството, сите членови да се заедно, за да се соочуваат заедно со сите предизвици што ги носи животот".

Тука беше поместено и прашањето за карактерот на миграциите според времетраењето, при што најголемиот број испитаници кои би мигрирале во друга земја би се одлучиле за трајно наспроти привремено иселување: „Би останал трајно, зашто не гледам сериозност и отпочнување за подобра

иднина во Македонија" (18); „...не би се вратил во Македонија во ниеден случај, што би се рекло, ни за арно ни за лошо. Доколку треба да живеам како странец, би одлучил да не бидам во мојата родна земја" (26).

***Услови за мигрирање во друг град од нашата земја или во друга земја***

Врз основа на анализата на одговорите на испитаниците за тенденциите кон внатрешни, како и надворешни миграции, беше развиена оваа тема. Притоа, беше евидентирана заситеност во одговорите кај повеќето од испитаниците, особено по прашањето за обезбедено сместување и работа, независно од видот на миграциите: „...во Скопје, доколку би имала работа и соодветно живеалиште за семејството" (34); „работа, сместување се секако услов за миграција" (2, 41); „би мигрирала во друга земја само ако претходно си обезбедам работа" (46). Ваквиот став за условите за мигрирање е сосема очекуван, имајќи ги предвид мотивите за мигрирање. Исто така, условите за обезбедена работа и сместување се особено нагласени кај испитаниците кои планираат да мигрираат заедно со своето семејство: „Најпрвин, би морале да имаме обезбедено работа со солидни примања, или јас или жена ми..." (36); „доколку е обезбедена работа со којашто би можело моето семејство нормално да живее" (15). Во концепирањето на интервјуто беше наведено и прашањето „доколку имате семејство, дали би мигрирале поединечно или заедно", при што како избор беше понудена и опцијата за подоцна да се приклучат другите членови од семејството. Кај испитаниците кои ја избраа оваа опција, во помала мера се потенцираат обезбедените сместување и работа, како услов за мигрирање: „Не би ми претставувале пречка сместување и обезбедена работа, според мене тоа лесно може да се обезбеди" (7). Доколку се има предвид претходно наведеното за нагласената разлика помеѓу тенденцијата на испитаниците кон надворешни миграции во споредба со тенденцијата кон внатрешни миграции, и нивните одговори во рамките на оваа тема беа повеќе насочени кон надворешните миграции. Притоа, дел од испитаниците на прашањата што се однесуваа на условите за мигрирање во друг град од нашата земја ги наведуваа условите што би требало да бидат исполнети за нивно мигрирање во друга земја. Ова претставува уште една потврда за сè поизразените тенденции за надворешни наспрема внатрешни миграции. Покрај наведените услови, на испитаниците им беше поставено и прашањето за видот на работа што се надеваат да ја обезбедат во земјата во којашто би мигрирале, односно видот на работно место што за нив би било прифатливо доколку нема можност за вработување соодветно на нивните образование и работно искуство. Од анализата на одговорите, кај испитаниците во возрасните групи од 23 до 35 и од 36 до 46 години доминира условот за обезбедена работа соодветна на нивното образование и на претходното работно искуство: „Би прифатил само работа слична или блиска на моето образование" (36, 44). Доколку се има предвид степенот на образование на испитаниците, како и најзастапените мотиви за мигрирање наведени при обработката на претходната тема, сосема очекуван е ваквиот нивен став.

Но, кај мал дел од испитаниците од овие возрасни групи и испитаниците од возрасната група до 22 години, од коишто сите беа со статус на студенти, беа забележани различни размислувања: „...ако постојат реални можности за соодветна преквалификација“ (20); „...каква и работа да се работи – ќе бидам достојно платен“ (3); „би почнал и на работа што можеби во моментот не соодветствува на моите образование, квалификации или работно искуство. Воопшто не се сомневам дека системот нуди можности за промена на работни места, па дури и професија...“ (16); „сместување и храна и пари ќе имам со стипендија и работа и од самата влада и универзитетот“ (32). Притоа, кај сите нив се евидентни нагласеното незадоволство и недовербата во државата, судството и др., како и необјективното вреднување на стекнатите знаења и работно искуство, наспрема нивната увереност во подобрите состојби во посакуваните земји на дестинација: „...нефункционални систем и институции, непостоење на систем на вредности и критериуми, поларизираност во општеството, доколку си политички неопределен, веројатноста за напредок е екстремно ограничена“ (12); „...земја каде што владее корупцијата, каде што со свој труд не можеш да се искачиш на заслужената позиција, каде што без партиска книшка и задоволување на туѓи интереси не се успева“ (3).

### *Поддршка за мигрирање на децата*

Во одговорите на речиси сите испитаници беа застапени ставовите и размислувањата што ја издиференцираа оваа тема. И во оваа тема, ставовите и размислувањата на испитаниците, во најголем број, се фокусирани кон надворешните миграции. Најголемиот број од испитаниците од сите возрасни групи, со исклучок на оние до 22 години (со оглед на возраста и статусот на студент), ги потенцираат интересот и потребата за мигрирање на нивните деца. Но, од анализата на нивните одговори беа формирани две категории, односно испитаници кои би ги поттикнале и поддржале нивните деца да мигрираат во друга земја за стекнување на високо образование и испитаници кои би ги поттикнале и поддржале нивните деца за продолжување на школувањето, како и нивно тамошно вработување и понатамошен живот. Кај испитаниците од двете категории е јасно истакната желбата нивните деца да мигрираат во друга земја, при што сите подразбираат мигрирање во некоја од групите на високоразвиени земји. Но, разликата во нивните ставови се однесува на карактерот на миграциите според нивното времетраење. Притоа, испитаниците од првата категорија јасно наведуваат дека би сакале и би ги поддржале нивните деца да мигрираат во друга земја, но со цел продолжување на школувањето, односно стекнување на високо образование: „...би сакала моето дете да го продолжи своето школување надвор од нашата земја. Сметам дека би добило подобро образование надвор од нашата земја“ (10); „би сакал, ама само за нивното школување, а не би сакал да останат во странство“ (23); „би сакал да продолжи со образование надвор од РСМ затоа што образовниот систем во државава е многу слаб и не нуди доволно знаење...“ (52). Во одговорите кај дел од испитаниците во оваа категорија се истакнува и дека по завршувањето на образованието на

нивните деца во странство би ги поддржале доколку одлучат да продолжат да живеат во таа или во друга земја: „Дефинитивно за време на студирање. Понатака останува на нив, со оглед на тоа дека веќе би биле зрели единки, способни за самостојно одлучување“ (4); „би сакал моите деца да добијат можност да го продолжат своето образование во друга земја, бидејќи стекнатата диплома во одредена напредна европска или друга земја се вреднува насекаде во светот, а по самото завршување ќе можат да изберат дали ќе се вратат во сопствената земја и да се трудат да успеат во областа во којашто вложиле труд и финансии или ќе ги прифатат сите бенефиции што ќе им бидат понудени од страна на земјата во којашто се образовале“ (38).

Кај испитаниците кои би ги поттикнале и поддржале нивните деца за продолжување на школувањето, но и нивно тамошно вработување и понатамошен живот, воочлива е тенденцијата за трајна миграција на нивните деца. И покрај тоа што идејата за мигрирање на нивните деца се поврзува со стекнувањето на високо образование, основниот мотив е нивно трајно населување во некоја од високоразвиените земји: „Доколку се школуваат во странство, би сакала и таму да се вработат“ (19); „и тоа не само за периодот на школување туку и за нивното вработување и продолжување на нивниот живот“ (5); „...за време на школување, вработување и понатамошен живот“ (40).

***Насоченост кон создавање на подобри услови за напредок и квалитет на живот во нашата земја***

И покрај нагласената тенденција за мигрирање, особено за мигрирање во друга земја, кај дел од испитаниците опстојуваат ставовите од коишто произлезе оваа тема. Притоа, тенденцијата за останување во нашата земја, односно надежта за подобрување на состојбите и можностите за напредок и подобар квалитет на живот, е застапена кај испитаниците од сите категории. Идентично со ставовите на испитаниците поврзани со темата за тенденции кон внатрешни миграции, ставовите за останување во нашата земја беа најзастапени кај испитаниците од возрасните групи од 36 до 46 и од 47 до 56 години. Доколку се има предвид дека сите испитаници од наведените возрасни групи се веќе вработени, не изненадуваат ваквите нивни ставови: „Моето моментално мислење и фокусот се на тоа да успеам овде, во мојата држава“ (8); „со моето образование не би просперирал надвор од нашата земја, од причина што тоа можам да го работам и да го искористам само во нашата земја“ (47). Исто така, ваквиот став беше застапен и во однос на прашањето за внатрешните миграции: „Сакам да живеам и творам во местото каде што сум се родил, каде што израснав и живеам“ (24); „со семејство не сакам да ја напуштам ниту Македонија, ниту родното место“ (30). Но, во понатамошната анализа на одговорите кај овие испитаници, јасно може да се воочи дека ваквиот став е променлив, особено доколку би се појавила добра понуда, односно можности за професионален развој и заработувачка: „Би мигрирал во друга земја по добиена понуда за подобра работа, професионален развој, со подобри услови и финансии, како и сѐ друго од тоа што го поседувам во нашата земја, како и, нормално, подобри

услови за мојата фамилија, образование, работа за мојата сопруга и за децата“ (47).

Сепак, кај голем дел од овие испитаници, и покрај тоа што постои незадоволство од функционирањето на институциите на државата, високата стапка на корупција, непотизмот и слично, сепак кај нив опстојува волјата за лично ангажирање во создавањето на подобри услови за живот и можност за личен напредок и развој, но истовремено и вложување напори за просперитет на целата земја: „Доколку сите би мигрирале, државата нема да има капацитет да опстане“ (39); „за да опстане државата, треба сите еднакво да се вложиме во развој на образованието, безбедноста и економијата“ (55); „иако ситуацијата во мојата држава е далеку од совршена... мислам дека треба сите да се бориме за да си го смениме општеството кон подобро... Треба да бидеме чесни и исправни, паметни и рационални и сето тоа сè уште верувам дека можеме да го направиме, затоа не размислувам на миграција“ (22).

Но, при анализата на одговорите, и покрај наведените ставови за мигрирање, кај голем дел од испитаниците беа јасно изразени желбата и поддршката на нивните деца за стекнување на високо образование во некоја од високоразвиените земји: „Доколку имаат можност за едукација во странство и доколку сакаат, би ги поддржала децата да мигрираат во странство“ (49); „би сакала моето дете да стекне високо образование надвор од нашата земја, во развиените земји би добило многу подобро образование“ (8); „би им помогнал на своите деца да се пронајдат себеси, и своите интереси, и би сакал да им овозможам школување и надградба во странство поради поголемите можности“ (22). Меѓутоа, речиси сите испитаници со ваков став наведуваат дека би сакале нивните деца да се вратат во нашата земја по завршување на школувањето и да вложат напори за креирање можности за напредок и развој во нашата земја.

## Дискусија и заклучок

Развојот на одредена земја е значајно детерминиран од специфичното влијание на миграциите. Миграциските трендови карактеристични за македонското општество дополнително ги обременуваат процесите насочени кон развој и издигнување на нашата земја. Конкурентноста на македонската економија и развојниот потенцијал се изложени на дополнителен ризик од моменталниот тренд и динамиката на надворешни миграции, кој е особено нагласен кај високообразованите млади луѓе. Ваквата карактеристика на миграциските трендови, надополнета со високата стапка на миграција, резултира со загуба на човечки капитал не само во сферата на економијата туку и во голем број на други сфери од општествениот живот чиј развој има особено значајна улога во севкупниот развој на нашата земја. Притоа, трендот на сè помал интерес за внатрешни наспрема надворешни миграции изминатите две децении се согледува и при анализата на тенденциите кон внатрешни миграции во оваа студија. Но, предимензионираниот развој на Скопје сè уште ја одржува неговата позиција како главна дестинација

на жителите од другите региони. Поаѓајќи од одговорите на голем број од испитаниците, неизбежен е заклучокот дека Скопје и понатаму ја симболизира можноста за стекнување на подобро образование, како и професионални напредок и развој. Ваквата перцепција опстојува и кај испитаниците кои живеат во градови што се седишта на универзитети.

Резултатите од оваа студија го потврдуваат трендот на насоченост кон надворешни миграции. Но, анализата на одговорите од интервјуата укажува дека незадоволството од функционирањето на државниот апарат, високиот степен на корупција, непотизам, како и разочараноста од сите досегашни политички иницијативи за само привидно подобрување на ваквите состојби го надминуваат влијанието на повлечните фактори, како подобри материјални можности, професионален развој и образование на децата. Поаѓајќи од образовната структура на испитаниците (66,7% со високо образование, 17,5% со магистратура и 3,5% со степен доктор на науки), која беше усогласена со фокусот на истражувањето, односно анализата на состојбите и идните тенденции во миграцијата на висококвалификувани работници, или „одливот на мозоци", претставените ставови во оваа студија во најголема мера се однесуваа на оваа категорија на граѓани. Нивната нагласена тенденција кон надворешни миграции, која во најголема мера произлегува од незадоволството од актуелните состојби во државата, не укажува на поволни промени во миграциските трендови во нашата земја. Дополнително што „одливот на мозоци" и развојната динамика на земјите од коишто потекнуваат мигрантите се два меѓусебно зависни процеса. Високата стапка на „одлив на мозоци" има негативен ефект врз развојот на земјата, додека, пак, нискиот економски раст, односно негативните состојби со севкупниот општествен развој претставуваат силен мотив за емигрирање на високообразованите кадри. Битно е да се истакне согледувањето дека најзначаен фактор што ги колеба испитаниците во нивните намери за мигрирање во друга земја е обезбедувањето работа соодветна на нивните образование и професионално искуство, што укажува дека доколку високоразвиените земји го сменат ставот или ги поедностават процедурите за признавање на нашите дипломи, може да се очекува пораст на стапката на емиграција на високообразовани кадри. И покрај задоцнетите иницијативи за усвојување на јавни политики за справување со миграциските предизвици, кои беа проследени со мал број на преземени конкретни мерки, најновите истражувања и извештаи поврзани со иселувањето на млади и високообразовани кадри упатуваат дека нема значителни промени во миграциските трендови кај оваа категорија на население.

Значајно согледување што произлезе од анализата на одговорите на испитаниците, а дополнително го намалува оптимизмот за промена на миграциските трендови, е високиот процент на испитаници кои би ги поттикнале и поддржале нивните деца да мигрираат во друга земја. Желбата на речиси сите испитаници за барем привремено мигрирање на нивните деца во друга држава, со цел стекнување на високо образование, укажува дека високата стапка на емиграција кај младите и високообразованите ќе опстојува и во иднина, односно на долг рок, па не треба да се очекува значителна промена на миграциските трендови во нашата држава.

Конечно, би истакнале дека миграциските трендови се симптом, а не причина за степенот на развој на одредено општество. Притоа, би посочиле дека почетно, за анулирање на негативните ефекти од миграциите, потребно е да се пристапи кон формирање на соодветна статистичка база на податоци за надворешни миграции, односно обезбедување податоци за обемот, полот и возраста на емигрантите, долговечноста на нивниот престој во странство и слично. Ова би претставувало почетна основа за надминување на тешкотиите при идентификувањето на краткорочното и долгорочното влијание на миграциите врз развојот на нашата земја.

**Референции**

Bastia T. & Skeldon R. *Routledge Handbook of Migration and Development*. Routledge, 2020.

Beine M., Docquier F. and Rapoport H. "Brain Drain and Human Capital Formation in Developing Countries: Winners and Losers". *Economic Journal*, 118, 2008.

Bell M. & Charles-Edwards E. "Cross-national comparisons of internal migration: An update of global patterns and trends". United Nations Department of Economic and Social Affairs, 2013. <https://www.un.org/en/development/desa/population/publications/pdf/technical/TP2013-1.pdf> (11.09.2020).

Bernard A., Bell M. and Cooper J. "Internal Migration and Education: A Cross-National Comparison". UNESCO, 2018. <https://www.researchgate.net/publication/329045421_Internal_Migration_and_Education_A_CrossNational_Comparison_Background_paper_for_The_UNESCO_Global_Education_Monitoring_Report_2019> (17.10.2020).

Борнарова С. и Јанеска В. „Општественото влијание на емиграцијата и рурално-урбаната миграција во Централна и Источна Европа: Извршно резиме ПЈРМ". European Commision, Directorate-General for Employment, social affairs and inclusion, 2012.

Брајман А. Методи на општественото истражување. УКЛО, 2015.

Braun V. and Clarke V. "Using Thematic Analysis in Psychology". *Qualitative Research in Psychology 3/2*, 2006.

Bruce S. and Yeardley S. *The Sage Dictionary of Sociology*. Sage Publications: London, 2006.

Carling J. "What is the meaning of 'migrants?". https://meaningofmigrants.org/ (01.10.2020).

Gallup's Migration Research Center. "Potential Net Migration Index". <https://news.gallup.com/migration/interactive.aspx> (07.10.2020).

Docquier F. “The brain drain from developing countries”. IZA World of Labor, 2014.

Docquier F. & Rapoport H. “Globalization, Brain Drain and Development”. IZA, 2011.

Docquier F. & Marfouk A. “International migration by educational attainment (1990-2000)”. In C. Ozden and M. Schi§ (eds). *International Migration, Remittances and Development*, Palgrave Macmillan, 2006.

Државен завод за статистика. „Мапа-9: Доселени и отселени граѓани во рамките на Република Македонија 2018“. Статистички годишник на Република Северна Македонија, 2019, стр. 126. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/SG2019/03-Naselenie-Population.pdf (07.08.2020).

Државен завод за статистика. „Северна Македонија во бројки“, 2020.

Државен завод за статистика. „Клучни показатели“. http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=2 (06.08.2020).

Dumitri S. “Skilled Migration: Who Should Pay for What? A Critique of the Bhagwati Tax”. In *Diversities*, Vol. 14, No. 1, UNESCO 2012. <www.unesco.org/shs/diversities/vol14/issue1/art1> (15.09.2020).

Food and Agriculture Organization of the United Nations. “The State of Food and Agriculture: Migration, agriculture, and rural development”, 2018.

Freitas A., Levatino A. & Pecoud A. “New Perspectives on Skilled Migration”. In *Diversities*, Vol. 14, No. 1, UNESCO 2012. <www.unesco.org/shs/diversities/vol14/issue1/art1> (15.09.2020).

International Organisation for Migration. “World Migration 2008: Managing Labor Mobility in the Evolving Economy”, 2008.

International Organization for Migration. “World Migration Report 2020”. <https://publications.iom.int/system/files/pdf/wmr_2020.pdf> (03.09.2020).

International Organization for Migration – UN Migration “Migration and the 2030 Agenda”.

Katseli L. T., Lucas R. E. B. & Xenogiani T. “Effects of Migration on Sending Countries: What do we know?”. Working Paper No. 250, OECD, 2006.

Keeley B. *International Migration: The human face of globalisation*. OECD publications, 2009.

Национална стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 година. diaspora.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/

StrategijaIOM_priprema_na_kniga_koregirana.pd„Резолуција за миграциската политика на Република Македонија 2015-2020".

Schwab K., ed. "The Global Competitiveness Report 2019". World Economic Forum, 2019.

Skeldon R. "Interlinkages between internal and international migration and development in the Asian region". *Population, Space and Place*, 12 (1): 15-30, 2006, преземено од: <https://onlinelibrary.wiley.com/doi/epdf/10.1002/psp.385> (23.10.2020).

Skeldon R. "International migration as a tool in development policy: a passing phase?". *Population and Development Review* 34(1), 2008.

Собрание на Република Македонија. Резолуцијата за миграциската политика на РМ за периодот од 2009 до 2014 година, декември 2008 година, достапно на: http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/REZOLUCIJA_MIGRACIONA_POLITIKA.doc.

Спасов А. и Зафиров Т. „Како да се справиме со демографската криза во Република Македонија: краток нацрт-документ за јавна политика". Институт за социјална демократија „Прогрес", 2018.

Strauss A. & Corbin J. *Basics of qualitative research.* 2nd ed. Sage: Newbury Park, CA, 1998.

Thomas D. "A General Inductive Approach for Qualitative Data Analysis". *American Journal of Evaluation*, June 2006, Vol. 27, No. 2.

UN, DESA. "International Migration 2019: Report".

UN, DESA. "Recommendations on Statistics of International Migration: Revision 1". New York, 1998. https://unstats.un.org/unsd/publication/SeriesM/SeriesM_58rev1E.pdf.

UN, DESA. "World Economic and Social Survey 2004: International Migration". UN Publications, 2004.

UNESCO. "Migration, displacement and education: Building bridges, not walls". Global Education Monitoring Report 2019.

Van Hear N. & Sørensen Nyberg N. "The Migration-Development Nexus". United Nations and the International Organization for Migration, 2003. <https://publications.iom.int/system/files/pdf/migration_dev_nexus.pdf> (09.10.2020).

World Bank Group. "Migration and Brain Drain: Europe and Central Asia Economic Update". International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank, 2019.

World Bank Group. “Migration and Brain Drain: Europe and Central Asia Economic Update”, 2019.

World Bank Group & Vienna Institute for International Economic Studies. “Western Balkans Labor Market Trends 2018”. <http://documents1.worldbank.org/curated/en/565231521435487923/pdf/124354-Western-Balkans-Labor-market-trends-2018-final.pdf> (15.10.2020).

World Bank. “Country Partnership Framework for the Republic of North Macedonia for the period January 2019 – June 2023”. <http://pubdocs.worldbank.org/en/705311555590000225/North-Macedonia-CPF-2019.pdf> (05.08.2020).

World Bank Group. „Економско и социјално влијание од КОВИД 19: Здравствени системи“. Редовен економски извештај за Западен Балкан бр. 17, 2020.

**Други извори**

„Да му се извиниме на народот за иселувањето“. „Дојче веле“, 25.11.2019, автор БГ. <https://p.dw.com/p/3ThM9> (05.08.2020).

Здружение на приватни лекари на Република Македонија. „Докторите заминуваат, кој ќе нè лекува?“. <https://www.zplrm.mk/?p=8912> (10.10.2020).

„Иселувањето на Македонците во Германија се засилува“. „Дојче веле“, 16.07.2019, автор БГ. <https://dw.com/mk/иселувањето-на-македонците-во-германија-се-засилува/а-49604583> (05.08.2020).

„Охрид – неславен рекордер по иселени граѓани од Македонија“. „Дојче веле“, автор МЈ. <https://dw.com/mk/> (05.08.2020).

“Skilled Migrants Would Have It Easier to Move to EU If New Migration Pact Is Approved”. <https://www.schengenvisainfo.com/news/skilled-migrants-would-have-it-easier-to-move-to-eu-if-new-migration-pact-is-approved/> (19.10.2020).

Statistics on migration, residence permits, citizenship and asylum for the enlargement countries, 2020 edition. <https://ec.europa.eu/eurostat/documents/4031688/10361659/KS-03-20-002-EN-N.pdf/26f0dc16-4a08-2707-f8d5-8b1b84794169> (08.08.2020).

The Economist. Macedonian emigrants estimated at more than 30% of population, 28.02.2017. <http://country.eiu.com/article.aspx?articleid=285169212&Country=Maced> (08.08.2020).

<http://www.slvesnik.com.mk/Issues/a6a5102d81704eb39305182674122cb8.pdf#page>

## ПРИЛОЗИ

Вкупно отселени граѓани од државата Република Македонија во странство

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Аеродром** | | 3 | | | | 3 |
| **Бутел** | | 1 | | | | 1 |
| **Гази Баба** | | 4 | | | | 4 |
| **Карпош** | | 4 | | | | 4 |
| **Кисела Вода** | | 8 | | | | 8 |
| **Сарај** | | 1 | | | | 1 |
| **Центар** | | 2 | | | | 2 |
| **Чаир** | | 4 | | | | 4 |
| **Шуто Оризари** | | 2 | 1 | - | - | 3 |
| **Богданци** | | | - | - | 2 | 2 |
| **Боговиње** | 14 | 15 | 1 | - | 3 | 33 |
| **Босилово** | | | - | - | 31 | 31 |
| **Брвеница** | 10 | 9 | 1 | - | 9 | 29 |
| **Валандово** | | | 1 | - | - | 1 |
| **Василево** | | | - | - | 21 | 21 |
| **Вевчани** | 1 | | | | | 1 |
| **Врапчиште** | | | 4 | 11 | 15 | 30 |
| **Гевгелија** | | | - | - | 15 | 15 |
| **Гостивар** | 2 | 8 | 39 | 80 | 80 | 209 |
| **Дебар** | 1 | | | | | 1 |
| **Дебарца** | | | - | - | 2 | 2 |
| **Делчево** | 29 | 19 | 23 | 27 | 127 | 225 |
| **Дојран** | | | - | - | 1 | 1 |
| **Желино** | 10 | 13 | 2 | - | 4 | 29 |
| **Јегуновце** | 67 | 70 | 24 | - | 7 | 168 |
| **Кичево** | | | - | - | 1 | 1 |
| **Крива Паланка** | | 6 | 3 | 4 | 2 | 15 |
| **Маврово и Ростуша** | | | 3 | 9 | 8 | 20 |
| **Македонска Каменица** | 11 | 5 | 6 | 12 | 26 | 60 |
| **Ново Село** | | | - | - | 16 | 16 |
| **Охрид** | 384 | 92 | - | - | 66 | 542 |
| **Петровец** | | 1 | | | | 1 |

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Радовиш** | | | - | - | 37 | 37 |
| **Ранковце** | | 1 | - | 1 | 2 | 4 |
| **Свети Николе** | 1 | | | | | 1 |
| **Струмица** | | | - | - | 89 | 89 |
| **Студеничани** | | 2 | | | | 2 |
| **Теарце** | 61 | 44 | 12 | - | 14 | 131 |
| **Тетово** | 142 | 114 | 21 | - | 34 | 311 |
| | 767 | 440 | 141 | 144 | 612 | 2.104 |

Извор на податоци: Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/.

# ПОЛИТИЧКИОТ КЛИЕНТЕЛИЗАМ КАКО БАРИЕРА ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УДК 343.353:304(497.7)"2006/2020"
343.353:338(497.7)"2006/2020"

*Асс. д-р Јован Близнаковски*

# ПОЛИТИЧКИОТ КЛИЕНТЕЛИЗАМ КАКО БАРИЕРА ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Политичкиот клиентелизам несомнено претставува една од најважните препреки за развој на современото македонско општество. Познато меѓу населението преку термините „купување и продавање гласови" и „партиска книшка за вработување", клиентелистичкото однесување е силно препознаено кај граѓан(к)ите, елитите и медиумите и е честа тема за дискусија во јавната и приватната сфера. Секој од нас барем еднаш посведочил или, пак, слушнал клиентелистичка „приказна", а значителен дел од граѓан(к)ите почувствувале клиентелистички притисок на своја кожа или се потпреле на клиентелистичките „правила на игра", со цел остварување на некаква лична корист или некаков личен интерес или, пак, за пристап до јавните услуги што според правната рамка треба да бидат еднакво достапни за секого.

Иако силното присуство на политичкиот клиентелизам не е воопшто оспорено во општеството (до степен ниту еден релевантен општествен и политички актер да не ја негира таквата состојба), лесно може да се констатира дека истражувањето на политичкиот клиентелизам не е во силен фокус на современата македонска општествена наука. Пребарувањето со термините „клиентелизам Македонија" (на македонски јазик) и „clientelism Macedonia" (на англиски јазик) на пребарувачот „Гугл сколар" (Google Scholar) враќа само 24 резултати за првиот термин и околу 3.160 резултати за вториот (состојба од 20 ноември 2020 година). За споредба, пребарувањето со термините „корупција Македонија" и „corruption Macedonia" враќа околу 2.250 резултати за првиот термин и околу 70.500 резултати за вториот, додека пребарувањето со термините „меѓуетнички односи Македонија" и „internethic relations Macedonia" враќа 232 и околу 14.500 резултати соодветно. Термините „ЕУ интеграција Македонија" и „EU integration Macedonia" се сепак најпопуларни во оваа конкуренција – пребарувањето на „Гугл сколар" враќа дури 4.840 резултати за првиот и 74.300 за вториот, многу над бројката на студии каде што термините „клиентелизам Македонија" и „clientelism Macedonia" се застапени. Овие податоци покажуваат дека иако несомнено широкораспространет, политичкиот клиентелизам не е особено

честа тема на интерес на научните студии што се подготвуваат во и/или за Република Северна Македонија.

Овој труд ќе се обиде да постави темели за понатамошно научно истражување на политичкиот клиентелизам во Северна Македонија. За таа цел, трудот ќе се осврне на политичкиот клиентелизам како бариера за општествениот развој на земјата. Во услови на недостиг на податоци по однос на ова прашање, трудот ќе се потпре на искуствата од други земји каде што тие податоци се достапни. Дополнително, трудот ќе претстави податоци за присуството на политичкиот клиентелизам во Северна Македонија. Овие податоци се извлечени од регионалниот истражувачки проект „Затворање на јазот меѓу формалните и неформалните институции на Балканот" (ИНФОРМ), во чии рамки во 2017 година е спроведено теренско истражување што содржи прашања преку коишто можеме да го процениме опсегот на клиентелизмот во земјата. Истражувањето е спроведено на репрезентативен примерок на ниво на земја со вкупно 6.040 испитаници/чки во целиот регион, од коишто 1.015 во Република Северна Македонија. Воедно, ќе се послужиме и со податоците од изборните мисии на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ-ОДИХР), кои се корисни за извлекување на иницијална слика за историското присуство на политичкиот клиентелизам во земјата. По проценката на присуството, трудот ќе се осврне на карактерот на политичкиот клиентелизам во Северна Македонија. Во тој дел, ги презентирам главните наоди добиени од мојата теренска работа, што вклучува интервјуа со 14 експерт(к)и (претставници/чки на политички партии и изборни мисии, новинар(к)и, како и експерт(к)и од академскиот и граѓанскиот сектор) спроведени на почетокот на 2019 година; како и десетдневно етнографско истражување од еден мал град лоциран во источниот дел на државата, спроведено непосредно пред локалните избори во 2017 година. Со оглед на тоа дека голем дел од овие квалитативни податоци се објавени во мојата докторска дисертација (Bliznakovski, 2020a), во оваа пригода ќе понудам само мал преглед на заклучоците од моето истражување за карактерот на политичкиот клиентелизам во Северна Македонија. Трудот завршува со предлози околу насоките за понатамошно истражување на политичкиот клиентелизам како значителна бариера за развој на современото македонско општество.

Земајќи предвид дека термините „клиентелизам" и „политички клиентелизам" се користат повеќезначно и опишуваат голем број на различни појави во општеството, првиот дел од овој труд е насочен кон дефинирање на појавата од интерес. Во литературата и во јавната сфера, терминот „клиентелизам" се користи за да се опишат односите меѓу политичките и економските елити, меѓу елитите и медиумите, како и меѓу гласач(к)ите и партиите. Последниот однос е тема на интерес на овој труд и со оглед на повеќезначноста во користењето, постои потреба јасно да се истакне што подразбираме под политички клиентелизам. Тоа ќе биде направено во следниот дел од овој труд, по што ќе се свртиме кон другите теми наведени во претходниот параграф.

## Што подразбираме под политички клиентелизам?

Во современата општествена наука, терминот „политички клиентелизам“ најчесто се користи за да се опише односот меѓу политичките партии и гласач(к)ите што, пред сè, се темели на размена на материјални добра за гласови на избори и политичка поддршка. Сепак, во литературата можат да се сретнат различни концептуализации на овој феномен што истакнуваат различни негови карактеристики. Една група на автор(к)и (Shefter, 1994; Stokes, 2007; Kopecký and Mair, 2012) го концептуализираат политичкиот клиентелизам како стратегија за политичка мобилизација спроведена од политичките партии со цел освојување и/или задржување на власта. Друга група на автор(к)и, пак, во своите концептуализации го вклучуваат и партиципативниот елемент на клиентелизмот, кој е релевантен од гледна точка на граѓан(к)ите. Во овие концептуализации, клиентелизмот претставува и една од стратегиите за политичка партиципација што се достапни за граѓан(к)ите со цел остварување на нивните лични и колективни интереси (види Piattoni, 2001; Auyero, 2001; Nichter, 2018). Тоа што е важно да се истакне во врска со овие две концептуализации е дека, без исклучок, на политичкиот клиентелизам се гледа како на форма на политичка мобилизација и партиципација што е непрограмска и идеално-типски се претставува како спротивставена на програмската форма на мобилизација и партиципација. Во оваа смисла, под програмската мобилизација и партиципација ги подразбираме оние форми во коишто партиите се натпреваруваат, а граѓан(к)ите учествуваат врз основа на определени програмски и идеолошки платформи. Спротивно на тоа, под непрограмска мобилизација и партиципација ги подразбираме оние форми во коишто програмата и идеологијата не играат значајна улога, а партиите и граѓан(к)ите се диференцираат врз база на дистрибуцијата на ресурси. Поради причини што ќе бидат објаснети во следниот дел од овој труд, програмската политичка мобилизација и партиципација се сметаат за пожелни во современите демократски општества, а непрограмските (меѓу коишто и политичкиот клиентелизам) за непожелни, штетни и недемократски.

Во современата литература, за политичкиот клиентелизам може да биде идентификувана и трета група на автор(к)и кои го концептуализираат феноменот, пред сè, преку елементот на размена, односно како однос меѓу партии и гласач(к)и што се темели на размена. За Китшелт и Вилкинсон (Kitschelt and Wilkinson, 2007) и за Хилгерс (Hilgers, 2012), како и за повеќе истражувачи на клиентелизмот во традиционалните општества (Powell, 1970; Lemarchand, 1972; Scott, 1972; Landé, 1973; Graziano, 1976), односите што се темелат на асиметрична размена на добра и услуги за лојалност (вклучително и политички добра, услуги и лојалност) можат да бидат опишани како клиентелистички. Во оваа концептуализација се истакнува дека патрон(к)ите дистрибуираат материјални добра и услуги кон клиент(к)ите, додека клиент(к)ите возвраќаат со демонстрација на лојалност и услуги што се корисни за патрон(к)ите.

Овој труд предлага своја концептуализација на политичкиот клиентелизам што е изведена земајќи ги предвид претходно опишаните три пристапи во литературата, но којашто истовремено се темели на емпириски наоди за карактерот на клиентелизмот во општествата од Западен Балкан (види Bliznakovski, 2020, 20-33). Прво и основно, како и во Македонија, така и во општествата од Западен Балкан, постои емпириска основа да гледаме на политичкиот клиентелизам истовремено како стратегија за мобилизација (користена од политичките партии) и како стратегија на партиципација [користена од граѓан(к)ите], пристап на концептуализација најјасно артикулиран од Пјатони (Piattoni, 2001, 2). Следно, се чини дека елементот на размена не може воопшто да се избегне при концептуализацијата на политичкиот клиентелизам и ова го претставува вториот елемент што е вклучен во дефиницијата што следува. Трето, патрон(к)ите и клиент(к)ите разменуваат голем број на различни материјални добра и услуги во современото македонско општество и во соседните земји од регионот на Западен Балкан и се чини дека е корисно и овој елемент да се истакне во следната концептуализација.

Во овој труд под политички клиентелизам ја подразбираме секоја размена на материјални придобивки (добра, услуги, информации и можности) од страна на политичките партии, со цел да се придобијат политички услуги од страна на граѓан(к)ите (гласање и учество на избори, вклученост во мобилизаторски активности и, општо земено, промоција на партиските интереси). Разбран од гледна точка на политичките партии, клиентелизмот претставува една од можните стратегии за политичка мобилизација при избори, како и за изградба и одржување на партиската организација. Разбран од гледна точка на граѓан(к)ите, пак, клиентелизмот претставува една од можните стратегии за политичка партиципација и исполнување на партикуларни интереси и потреби. На овој начин, повлекуваме јасна концептуална линија меѓу клиентелизмот како однос меѓу партиите и граѓан(к)ите и другите односи што често се опишуваат во јавната сфера како клиентелистички – на пример, односите меѓу политичките и економските елити, односите меѓу политичките елити и медиумите итн.

## Политичкиот клиентелизам како бариера за општествениот развој

Една од најважните причини поради којашто клиентелизмот треба да биде согледан како бариера за општествениот развој е поврзана со неговите ефекти во политиката, односно врз практикувањето на демократијата. Општо е прифатено дека клиентелизмот е демократски дефицитарен и дека значително отстапува од посакуваниот модел на практикување на демократијата – моделот на програмската политика.

Моделот на програмска политика претпоставува дека гласач(к)ите гласаат за политички партии чии програмски и идеолошки платформи најблиску ги одразуваат нивните ставови. Воедно, се претпоставува и дека политичките партии се стремат да создадат програмска и идеолошка понуда

што ќе одговори на ставовите и потребите на населението или на специфични негови сегменти. Понатаму, претпоставено е и дека рационалните гласач(к) и ќе ги евалуираат постигнувањата на политичките партии, согласно нивните програмски ветувања и идеолошки определби, и дека оваа евалуација ќе влијае при изборот на гласач(к)ите на следните избори. Кажано поедноставно, гласач(к)ите ги проценуваат не само програмските ветувања на политичките партии туку и нивните минати достигнувања и сегашни капацитети, односно проценуваат колку програмските ветувања се веродостојни и реални за остварување. Неостварувањето на програмските ветувања и идеолошките принципи, согласно моделот за програмска политика, ќе доведе до откажување на гласачката поддршка. Последново претставува клучен елемент во којшто овој модел се разликува од моделот на клиентелистичката политика – при практикување на програмска политика во демократските општества гласач(к)ите имаат можност да ги контролираат политичките партии, па дури и да ги „казнат" преку изборите. Следствено, во моделот на програмската политика, самиот однос меѓу гласач(к)ите и партиите стимулира отчетност на партиите, нивните кандидат(к)и и избраните функционер(к)и кон граѓаните.

Моделот на клиентелистичка политика е спротивен на претходната слика. Кога партиите и гласач(к)ите практикуваат клиентелизам, отчетноста тече во спротивна насока – од политичките партии, нивните кандидат(к)и и избраните функционер(к)и кон гласач(к)ите. Клиентелистичките политички партии внимателно следат дали нивните гласач(к)и ги исполнуваат ветувањата за политичка поддршка кон којашто се обврзале со цел остварување на материјалната придобивка. За разлика од моделот на програмска политика, во клиентелистичката политика партиите ги контролираат и, доколку е потребно, ги „казнуваат" гласач(к)ите и оваа контрола се остварува со откажување на ветените материјални придобивки што гласачот/ката цели да ги оствари преку клиентелистичкиот ангажман. За Китшелт и Вилкинсон, мониторингот кон гласач(к)ите и предвидливоста на нивното однесување се едни од клучните карактеристики преку коишто можат да се разликуваат клиентелистичката и програмската политика (Kitschelt and Wilkinson, 2007, 9-19). Стоукс оди и чекор понатаму, карактеризирајќи го односот меѓу политичките партии и гласач(к)ите во политичкиот клиентелизам како „перверзна отчетност" (Stokes, 2005), концепт што истакнува дека клиентелизмот ја превртува демократската отчетност наопаку.

Импликациите од клиентелистичката „перверзна отчетност" за демократскиот развој се очигледни. Неможноста за контрола на партиите, кандидат(к)ите и избраните функционер(к)и од страна на гласач(к)ите водат кон неодговорно однесување на функционер(к)ите, подоптимални политики, корупција и неказнивост кон неа. Феноменот на заробена држава во компетитивните демократски системи, според Гризмала-Бузе, се темели на политичкиот клиентелизам преку којшто владетелите ја обезбедуваат или, подобро речено, ја „купуваат" својата легитимација (Grzymala-Busse, 2008). Политичкиот клиентелизам може значително да придонесе кон поткопувањето на довербата на населението кон изборниот процес и демократијата воопшто, како и кон воспоставување на автократска власт

што повеќе ќе владее самоволно отколку во дослух со ставовите и потребите на населението. Општо е прифатено и дека политичкиот клиентелизам придонесува кон слабеење на демократските институции (види Graziano, 1973 и Putnam et al., 1993, каде што овој аргумент е применет на Италија по Втората светска војна), кои, наместо по универзалистички принципи на управување и работа, се вртат кон партикуларистички правила на игра што се дискриминаторски кон оние што се надвор од клиентелистичките мрежи.

Политичкиот клиентелизам сепак нема само негативни последици кон демократскиот политички развој. Негативните последици се многу посеопфатни и имаат влијание и врз функционирањето на економијата, јавната администрација и, воопшто, врз општествените односи. Општо прифатено е дека, со оглед на партикуларистичкиот карактер на клиентелистичката дистрибуција на ресурсите, политичкиот клиентелизам придонесува кон подоптимални економски перформанси во економските сектори каде што е присутен (види Hicken, 2011, 303). Самата клиентелистичка логика на дистрибуција на ресурсите го поткопува рационалното економско планирање и, следствено, економскиот развој на една земја. Исто така, се очекува дека земјите каде што политичкиот клиентелизам е значително присутен имаат поголема и поскапа јавна администрација, а овие очекувања се понекогаш поткрепени и со емпириски наоди (види Calvo and Murillo, 2004, 751-754 за Аргентина и O'Dwyer, 2006, за посткомунистичките Полска, Чешка и Словачка). Теоретски е оправдано да се очекува и дека вкоренетите клиентелистички системи што дистрибуираат кон едни општествени групи, а дискриминираат кон други, на долг рок ќе придонесат кон поларизација на населението, па дури и кон насилни или ненасилни конфликти што од своја страна претставуваат дополнителна бариера за општествен развој.

Откако ги поставивме основите на аргументот за политичкиот клиентелизам како значителна бариера за политичкиот, економскиот и општествениот развој во една земја, се вртиме кон достапните податоци за присуството и карактерот на политичкиот клиентелизам во Република Северна Македонија.

## Присуство на клиентелизмот во Македонија

Политичкиот клиентелизам, како и корупцијата, претставува општествено непосакувана појава. Луѓето кои учествувале во клиентелистички трансакции често ќе се воздржат да го откријат своето искуство пред истражувач(к)ите и ова претставува значителна пречка за сите обиди да се процени присуството на политичкиот клиентелизам преку теренските истражувања. Таквите обиди се сепак корисни до некоја мера, но треба да бидат примени со извесна резерва, затоа што истражувач(к)ите никогаш не можат да бидат задоволително сигурни дека испитаниците/чките навистина отворено ќе ја претстават својата перспектива. Сепак, прашања за клиентелистичкото искуство на популацијата се поставуваат во теренските истражувања насекаде низ светот и во недостиг на друг достапен метод претставуваат единствен начин за истражувач(к)ите да го проценат присуството на клиентелизмот во рамките на една заедница.

Теренските истражувања што се спроведуваат во Република Северна Македонија не поставуваат прашања што ќе ни овозможат да го процениме опсегот на клиентелизмот во земјата. Исклучок е истражувањето спроведено во рамките на проектот „Затворање на јазот меѓу формалните и неформалните институции на Балканот“ (ИНФОРМ). Ова истражување е корисно за овој труд и поради тоа што истовремено е спроведено во сите шест земји од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора) и како такво ни дава ретка можност да ги претставиме наодите од Северна Македонија во компаративна перспектива.

Теренското истражување на ИНФОРМ поставува четири прашања за искуството на испитаниците/чките со политичкиот клиентелизам. Првото прашање директно ги прашува испитаниците/чките дали некогаш им биле понудени пари или услуги во замена за нивниот глас на изборите, додека второто прашува за проактивноста на испитаниците/чките при барањето услуги од политичките партии. Преостанатите две прашања се однесуваат на клиентелистичкиот притисок на работното место: испитаниците/чките се прашани дали некогаш искусиле барање од претпоставените за учество во активности на политичка партија и дали некогаш им било кажано од претпоставените за која партија да го дадат својот глас на изборите.

Првото прашање, „Дали некогаш ви биле понудени пари или услуги во замена за вашиот глас на избори?“, е одговорено потврдно од 7,4% од испитаниците/чките во Македонија, наод што ја става земјата на последното место по овој негативен параметар меѓу другите земји од регионот на Западен Балкан и многу под регионалниот просек, кој изнесува 14,5% (види Графикон 1). За споредба, повеќе од една петтина од сите испитаници/чки во Црна Гора (22,5%) и Албанија (20,6%) одговориле потврдно на ова прашање, а истото го сториле и 15,4% од испитаниците/чките во Босна и Херцеговина, 12,5% од испитаниците/чките во Косово и 8,4% од испитаниците/чките во Србија. Овие наоди можеме да ги споредиме и со други достапни истражувања што поставуваат слично прашање. Во Бразил во 2002 година, околу 5% од испитаниците/чките одговориле дека добиле понуда за продажба на својот глас во претходната изборна кампања (види Hagopian, 2007, 594), а 15% од испитаниците/чките во Мексико во 2000 година (ибид.) и 7% од испитаниците/чките во Аргентина во 2001-2002 година одговориле потврдно дека добиле некаква материјална придобивка во замена за својот глас во текот на кампањата за претходните избори (види Brusco et al., 2004, 70). При споредувањето на овие податоци, читател(к)ите сепак треба да земат предвид дека овие истражувања не се разликуваат само во периодот и контекстот на спроведување туку и во формулацијата на прашањата. Во истражувањето во Бразил, испитаниците/чките се прашани дали добиле клиентелистичка понуда во текот на претходните избори, а во Мексико и Аргентина истражувач(к)ите ги прашале испитаниците/чките дали добиле некаква материјална придобивка поврзана со своето гласање во претходните избори. Прашањето од ИНФОРМ исто така ја мери понудата (како и во Бразил, но спротивно со Мексико и Аргентина, каде што во прашањето е вклучена и трансакцијата), но временскиот опсег на ИНФОРМ не е определен како што тоа е случај со преостанатите три истражувања, каде што испитаниците/

чките експлицитно се прашани само за нивното клиентелистичко искуство во рамките на последниот изборен циклус. Сепак, иако овие методолошки разлики меѓу трите истражувања се присутни, споредбата на податоците ни овозможува да креираме првична слика за присуството на купувањето гласови во Северна Македонија. Иницијално, можеме да заклучиме дека купувањето гласови е помалку застапено во Северна Македонија во споредба со другите земји од Западниот Балкан, но и дека ова присуство не е занемарливо со оглед на тоа што Бразил и Аргентина се сметаат за земји каде што клиентелизмот е вкоренет и широкораспространет.

Сепак, Северна Македонија предничи по друг клиентелистички индикатор во истражувањето на ИНФОРМ (види Графикон 1). Дури 14% од испитаниците/чките во Македонија одговориле потврдно на прашањето „Дали некогаш сте побарале помош од официјално или влијателно лице во политичка партија?“, наод што се наоѓа многу над регионалниот просек (9,4%). За споредба, само во Црна Гора е регистрирана приближно иста фреквенција на оваа појава (13%), додека во другите земји од Западен Балкан фреквенцијата е значително пониска: во Босна и Херцеговина изнесува 9,6%, во Косово 8,1%, во Србија 7,1%, а во Албанија само 4,5%. Во истражувањето спроведено во Аргентина во 2001-2002 година, поставено е слично прашање: испитаниците/чките се прашани дали во последната година побарале помош од партиски оперативец и околу 9% од аргентинските испитаници/чки одговориле потврдно на ова прашање (види Brusco et al., 2004, 70). Следствено, можеме да заклучиме дека Северна Македонија предничи во регионот, но и во споредба со Аргентина, по однос на проактивноста на граѓаните во нивните барања за клиентелистички бенефиции [при што читател(к)ите повторно треба да ги земат предвид разликите во формулацијата на прашањето во истражувањето на ИНФОРМ и во тоа од Аргентина].

Графикон 1. Искуство на граѓаните со политичкиот клиентелизам во Западен Балкан (податоците се изразени во проценти; извор: Bliznakovski et al., 2017, 9-12)



Следните две прашања од ИНФОРМ ја откриваат честотата на клиентелистичкиот притисок на работното место (Графикон 1, прашања: „Дали некогаш вашиот претпоставен побарал да учествувате во активностите на некоја политичка партија?“ и „Дали некогаш вашиот претпоставен побарал да гласате за некоја политичка партија?“). По однос на притисокот на работното место за учество во активностите на некоја политичка партија, Северна Македонија има најниска фреквенција во регионот (3,4%), заедно со Босна и Херцеговина (3,3%). Црна Гора, пак, предничи во регионот по овој негативен индикатор (7,5%), следена од Србија (6%), Албанија (5,6%) и Косово (5,1%), а регионалниот просек изнесува 5,2%. Дополнително, 6% од испитаниците/чките од Северна Македонија потврдиле дека нивниот претпоставен побарал од нив да гласаат за политичка партија, фреквенција што е на приближно ниво со просекот на Западен Балкан (6,3%), но е значително пониска од таа на Црна Гора (11,7%). Другите земји во регионот, Србија (5,2%), Косово (5,5%), Албанија (4,8%) и Босна и Херцеговина (4,5%), сепак имаат пониски фреквенции од Северна Македонија по однос на овој негативен индикатор. Овие податоци нѐ водат кон заклучок дека клиентелистичкиот притисок на работното место по однос на првиот индикатор (клиентелистички притисок да се учествува во партиски активности) е малку застапен споредено со другите земји во Западен Балкан, но е значително застапен по однос на вториот индикатор (клиентелистички притисок да се гласа за одредена партија).

Извештаите од набљудувачките изборни мисии на ОБСЕ-ОДИХР, спроведувани во континуитет од 1998 година, исто така откриваат серија наоди што се релевантни за проценка на присуството на политичкиот клиентелизам во Северна Македонија, но и за неговиот карактер. Табела 1 ги претставува негативните изборни појави што се поврзуваат со политичкиот клиентелизам нотирани од ОБСЕ-ОДИХР во нивните извештаи за сите парламентарни избори спроведени од 1998 година до денес (вкупно осум изборни циклуси, спроведени по редослед во 1998, 2002, 2006, 2008, 2011, 2014, 2016 и 2020 година).

Табела 1. Присуство на различни појави асоцирани со политичкиот клиентелизам во Република Северна Македонија според изборен циклус (извор: ОБСЕ-ОДИХР, извештаи за спроведување на парламентарни избори во земјата, достапни на: https://www.osce.org/odihr/elections/north-macedonia)

Објаснување: Појавата е означена (√) доколку е експлицитно нотирана во извештаите на изборните мисии

| | Купување гласови | Притисок врз вработените во јавниот сектор | Заплашување на гласач(к)и | Злоупотреба на државни ресурси за изборни цели | Групно гласање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1998 | √ | | √ | | √ |
| 2002 | | | √ | √ | √ |

| | Купување гласови | Притисок врз вработените во јавниот сектор | Заплашување на гласач(к)и | Злоупотреба на државни ресурси за изборни цели | Групно гласање |
|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2008 | | | √ | √ | √ |
| 2011 | | √ | √ | √ | √ |
| 2014 | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2016 | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2020 | √ | √ | √ | √ | |

Низ сите осум изборни циклуси, ОБСЕ-ОДИХР нотира присуство на појавата заплашување на гласач(к)и, која често (но не и ексклузивно) добива форма на закани кон економско-социјалната состојба на гласач(к)ите, појава често асоцирана со изборниот и политичкиот клиентелизам во целина (види Mares and Young, 2018). Мисиите на ОБСЕ-ОДИХР нотираат и злоупотреба на јавните и административните ресурси за изборни цели во сите наведени изборни циклуси, освен во 1998 година, како и притисок врз вработените од јавниот сектор низ сите изборни циклуси, освен во 1998 и 2008 година. Групното гласање, пак, е нотирано во сите изборни циклуси, со исклучок на последниот (2020 година). Групното гласање исто така може да биде асоцирано со политичкиот клиентелизам, бидејќи се смета дека претставува еден од начините преку коишто политичките партии значително можат да ги скратат трошоците и активностите за клиентелистички мониторинг (види Kitschelt and Wilkinson, 2007, 17-19). Теоретски, оправдано е да се очекува дека за политичките партии ќе биде поцелисходно да „купуваат“ гласови во блокови од гласач(к)и отколку по индивидуален глас, пристап што значително ќе го олесни следењето дали клиентелистичките гласач(к) и ги исполниле своите обврски. Најосновниот клиентелистички индикатор – купувањето гласови – е нотиран само во дел од изборните циклуси, во 1998, 2006, 2014, 2016 и 2020 година, но малку е веројатно дека воопшто не било присутно во изборите во 2002, 2008 и 2011 година, иако ОБСЕ-ОДИХР не го регистрира. Сепак, изборните мисии на ОБСЕ-ОДИХР не се спроведуваат според прецизно структурирана методологија, како што е актуелниот светски стандард за лонгитудиналните научни истражувања и, следствено, наодите понудени во Табела 1 треба да бидат читани само индикативно, како сигнал дека одредена негативна изборна појава поврзана со политичкиот клиентелизам е присутна во земјата.

### Карактер на клиентелизмот во Македонија

Низ многу земји ширум светот политичкиот клиентелизам е присутен на различни начини и низ различни општествени, политички и економски практики, но и исполнува различни функции за патрон(к)ите (политичките партии) и клиент(к)ите [граѓан(к)ите и гласач(к)ите] согласно нивните стратегии за политичка мобилизација и партиципација. Од неодамна, поделбата на изборниот и релацискиот клиентелизам (Gans-Morse et al., 2014) добива сè поголем интерес во општествената наука како основа за разликување на различни подвидови на клиентелистички трансакции. Под изборен клиентелизам ги подразбираме оние трансакции што ексклузивно се спроведуваат за време на изборните кампањи и во текот на изборниот ден и во коишто патрон(к)ите и клиент(к)ите разменуваат материјални придобивки за учеството на избори. Од друга страна, под релациски клиентелизам ги подразбираме оние трансакции што се спроведуваат постојано, а не само во текот на изборните кампањи, и коишто се повторливи, а во коишто патрон(к)ите и клиент(к)ите разменуваат материјални придобивки за учество што не е релевантно само за изборниот процес туку и како пошироко учество во партиските активности.

Во категоријата на изборен клиентелизам можеме да ги вклучиме практиките како купување и продавање гласови, купување и продавање на одѕивот на изборите и купување и продавање на апстиненцијата на изборите. Според Ганс-Морсе и соработниците, политичките партии купуваат гласови од оние клиент(к)и кои идеолошки и програмски се умерено спротивставени или индиферентни кон партијата, а купуваат одѕив и апстиненција од клиент(к)и кои се идеолошки наклонети кон партијата (во првиот случај) и силно спротивставени кон партијата (во вториот случај) (ибид.).

Од друга страна, во релацискиот клиентелизам, партиите не само што се стремат да обезбедат изборна поддршка туку и се потпираат врз своите клиен(к)ти за спроведување на различни партиски активности, вклучително организација и учество на митинзи, партиски состаноци и други партиски манифестации; како и во спроведување активности што се дел од партиските мобилизаторски активности, вклучително агитирање, спроведување кампањи „врата до врата“, изразување ставови на социјалните мрежи и сл. Релациските клиент(к)и кои се вработени во јавната администрација се задолжени да ги спроведуваат партиските интереси во рамките на нивниот делокруг на работа. Некои релациски клиент(к)и учествуваат и во подготовката на „списоци со сигурни гласачи“, метод за евидентирање и контрола на изборната поддршка што партиите го спроведуваат низ сите земји од Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија. Конечно, некои од релациските клиент(к)и можат да бидат вклучени и во типични клиентелистички активности, како што се евидентирање на одѕивот на избори, прибирање докази од гласач(к)ите за дадениот глас, дистрибуција на пари, храна, облека и други материјални придобивки кон изборните клиенти и сл. Кога релациските клиент(к)и извршуваат активности што опфаќаат дистрибуција на материјални придобивки, тие ефективно ја преземаат улогата на „мост“ меѓу дел од клиент(к)ите и партијата, односно стануваат

клиентелистички „брокери“ (за улогата на брокерите во политичкиот клиентелизам види Stokes et al., 2013 и Camp, 2015).

Кажано наједноставно, во изборниот клиентелизам, обврските на клиент(к)ите се ограничени на изборни услуги, додека во релацискиот клиентелизам клиент(к)ите остваруваат поширока група на услуги за политичките партии што го надминуваат (но и го подразбираат) учеството на избори. Дополнително, изборните клиент(к)и учествуваат само во трансакции што се поврзани со изборниот ден, додека релациските клиент(к)и се поврзани со политичката партија во една подолгорочна врска што подразбира повеќе трансакции во одреден временски период [клиент(к)ите во повеќе наврати можат да ја демонстрираат својата лојалност кон партијата, а партијата може во повеќе наврати да ги „награди“ со материјални придобивки].

При проценката на карактерот на политичкиот клиентелизам во Северна Македонија, корисно е да се разгледа присуството на двата горенаведени подвида во земјата. Мојата теренска работа ме води до заклучок дека и двата подвида – изборниот и релацискиот клиентелизам – се присутни, при што мојата претпоставка е дека и двата играат голема улога во формирањето на изборните и политичките ставови на гласачкото тело. Без соодветни податоци навистина е тешко да се процени кој од двата подвида е поприсутен, но доколку гиземеме предвид одговорите на прашањата достапни во Графикон 1, се чини дека е оправдано да се извлече претпоставка дека релацискиот клиентелизам е почесто присутен отколку изборниот. За потсетување, безмалку двојно повеќе испитаници/чки во истражувањето на ИНФОРМ потврдиле дека некогаш во животот се обратиле за услуга до политичките партии во споредба со оние испитаници/чки кои потврдиле дека некогаш добиле понуда составена од пари или услуги во замена на нивниот глас на избори.

Неодамнешното истражување на Јилдирим и Китшелт спроведено во 88 земји (меѓу коишто вклучена е и Северна Македонија) открива дека релацискиот клиентелизам е поприсутен (на сметка на изборниот клиентелизам) во земји со среден приход што истовремено негуваат некаква форма на програмска/идеолошка политика (Yıldırım and Kitschelt, 2020). Дополнителни фактори што го засилуваат релацискиот клиентелизам, според Јилдирим и Китшелт, се постоењето на силна партиска инфраструктура и поседувањето на власта на клиентелистичката партија. Северна Македонија е класифицирана од Светската банка како земја со среден приход. Дополнително, во последната деценија идеолошката поларизација меѓу населението се зголеми и кулминираше во текот на промената на власта во 2017 година, како и по постигнувањето на договорите со Бугарија и Грција во 2017 и 2018 година. Следствено, со оглед на неодамнешните политички настани, би било оправдано да заклучиме дека македонските политички партии негуваат некаква идеолошка политика што сепак е главно свртена кон крупните идентитетски и државотворни прашања. Следно, политичките партии во Северна Македонија (и особено двете најголеми политички партии) имаат развиено силна партиска инфраструктура, која во случајот на двете најголеми партии подразбира партиски организации во

сите градови и во поважните рурални места, а се чини дека сите поголеми партии спроведуваат клиентелистички трансакции кога располагаат со јавните и државните ресурси, односно, кога се на власт. Доколку ги следиме Јилдирим и Китшелт, значи, би очекувале релацискиот клиентелизам да биде поприсутен во Северна Македонија на сметка на изборниот и ова очекување делумно се потврдува и при преглед на податоците од ИНФОРМ, како и преку заклучоците од мојата теренска работа, каде што согледав многу повеќе примери на релациски клиентелизам отколку што тоа беше случај со изборниот клиентелизам.

Во текот на мојата теренска работа забележав и дека различни клиент(к)и во практиката добиваат различни материјални придобивки од политичките партии. Клиент(к)ите кои го продаваат својот глас на избори се чини дека почесто добиваат пари и други услуги пониски по вредност, како храна, облека, дрва за огрев, помали административни услуги и сл. Тарифата за продаден глас во Северна Македонија се движи од 500 денари до 1.000 денари и е пониска од таа во Албанија, Босна и Херцеговина и Црна Гора (податоци достапни кај Bliznakovski, 2020b). Оваа ниска вредност за продажбата на глас сугерира дека изборниот клиентелизам е поатрактивен за пониските социоекономски слоеви од населението.

Од друга страна, клиент(к)ите кои извршуваат повеќе активности за политичките партии, односно релациските клиент(к)и, се во позиција да добијат позначителни материјални придобивки, како што се: вработување (претежно во јавниот, но исто така и во приватниот сектор), позиции во управни одбори на јавни претпријатија, договори за јавни набавки, позначителни административни услуги и сл. Теоретски, согласно овие материјални придобивки, би требало да очекуваме дека релацискиот клиентелизам ќе биде поатрактивен и за повисоките социоекономски слоеви во населението, спротивно од очекувањето што го презентирав погоре во однос на изборниот клиентелизам.

Податоци за карактерот на политичкиот клиентелизам во Северна Македонија сепак не се широкодостапни и ќе треба да бидат предмет на други истражувања. Овој дел се обиде да ги сумира најзначајните наоди од мојата теренска работа, согласно главните теми во литературата, и може да послужи како основа за понатамошни истражувања на политичкиот клиентелизам во Северна Македонија.

## Заклучок и насоки за следни истражувања

Овој труд почна од констатацијата дека, иако широкораспространет, политичкиот клиентелизам не го добива соодветното научно внимание во Република Северна Македонија. Следствено, трудот се обиде да претстави што всушност знаеме за практикувањето на политичкиот клиентелизам во земјата, како и околу неговите можни ефекти кон целокупниот општествен развој. Ова беше направено преку преглед на достапни податоци, кои подоцна беа комбинирани со наодите од моето теренско истражување, со цел да се извлече посеопфатна слика за состојбата. Дополнително, трудот

се потпре на светската научна литература за последиците од политичкиот клиентелизам во обид да покаже зошто оваа појава претставува бариера за општествен развој што треба да се истражува и во Република Северна Македонија.

Прво и основно, постои извесен консензус во литературата дека политичкиот клиентелизам влијае негативно и, следствено, претставува препрека кон демократскиот политички развој на една земја. Клиентелизмот изразено негативно влијае кон воспоставување на демократска отчетност на избраните функционер(к)и и како таков може да претставува основа за развој на авторитарни тенденции, заробување на државните институции и губење на довербата на населението кон демократските и изборните институции. Второ, клиентелизмот претставува и препрека за економскиот развој – економските перформанси на секторите во коишто клиентелизмот е распространет се подоптимални, а клиентелистичката логика на дистрибуција тече спротивно од рационалното економско планирање, отежнувајќи го економскиот раст. Трето, беше истакнато дека клиентелизмот придонесува кон нерационално планирање во функционирањето на јавната администрација – државите каде што клиентелизмот е распространет имаат поголеми и поскапи администрации, состојба што од своја страна негативно влијае врз целокупната економска состојба во државата и врз целисходноста на државните трошоци. Конечно, клиентелизмот има и потенцијал да придонесе кон општествени судири затоа што фаворизира одредени индивидуи и групи на сметка на други, односно воспоставува дискриминација на партиска основа.

Овие неколку области во коишто клиентелизмот претставува бариера за развој се особено релевантни за Република Северна Македонија. Од својата независност, државата се соочува со демократски дефицити во практикувањето на власта, авторитарни тенденции од страна на политичките елити и обиди за заробување на државните институции од страна на партиите на власт, како и со недостатоци што оневозможуваат значителен економски раст. Општо, се смета дека државната администрација во земјата е силно партизирана и неефикасна, а дека постојаните реформи во оваа сфера не даваат значителни резултати. Поларизацијата на граѓан(к)ите на политичка основа и партиската дискриминација се исто така значително присутни и претставуваат основа за општествени поделби и судири што понекогаш имаат силни и долготрајни негативни ефекти кон општествената кохезија. Сепак, не можеме со сигурност да утврдиме во која мера политичкиот клиентелизам одиграл улога во овој неповолен развој за земјата, иако имаме теоретска основа да сметаме дека клиентелистичкиот ефект е присутен. Во таа смисла, овој труд повикува на зајакнато истражување на последиците од политичкиот клиентелизам во Република Северна Македонија. Идеално, ваквите истражувања треба да внимаваат да ги земат предвид истражувачките стратегии и методолошки приоди што се веќе имплементирани во истражувањата на други земји ширум светот (некои од овие истражувања беа наведени во овој труд). Имплементацијата на слични методологии ќе создаде основа за споредба меѓу состојбата во Република Северна Македонија со таа во други земји, а таквите компаративни наоди

можат само да придонесат кон поголема научна сигурност за ефектите на политичкиот клиентелизам за политичкиот, економскиот и општествениот развој, како во нашата земја, така и во другите земји низ светот.

Овој труд се обиде и да ги сублимира достапните податоци за рашireноста на клиентелизмот во Република Северна Македонија, како и за неговиот карактер, при што секундарните податоци беа вкрстени со моите сопствени заклучоци изведени од квалитативни податоци добиени со теренско истражување. Мојот личен заклучок е дека во Република Северна Македонија можат да се сретнат безмалку сите подвидови на клиентелистички трансакции идентификувани во литературата. Овие подвидови иницијално можат да бидат поделени во две категории – изборен и релациски клиентелизам. Однесувањето на патрон(к)ите и клиент(к)ите во двата подвида е значително различно, а истото важи и за нивните цели, стратегии и ресурси што ги мобилизираат во рамките на клиентелистичката трансакција. Доколку зборуваме за намалување на клиентелизмот во земјата, не би можеле да ги избегнеме овие два подвида – теоретски е оправдано да се очекува дека мерките промовирани за намалување на изборниот клиентелизам нема да бидат ефективни за намалување на релацискиот клиентелизам и обратно. Поради оваа причина, особено важно е да се определи присутноста на двата подвида во Република Северна Македонија и да се дизајнираат соодветни мерки согласно состојбата. Трудот се обиде да го истакне и овој истражувачки проблем како особено релевантен.

Земајќи севкупно, се чини дека две прашања се клучни кога се пристапува кон политичкиот клиентелизам како бариера за општествен развој. Првото е прашањето до која мера низ различни сектори клиентелизмот претставува таква бариера? Определувањето на секторите во коишто клиентелизмот претставува најголема закана за општествениот развој ќе ни помогне да ги идентификуваме секторите каде што е нужно да се направат најважните и најсложените интервенции. Второто прашање е поврзано со присутноста на разните подвидови на клиентелистички трансакции и со можноста за нивно искоренување: како се спроведува политичкиот клиентелизам во една земја и, следствено, кои се начините преку коишто може да се отежни спроведувањето на клиентелистички трансакции? Современата општествена наука може да понуди одговори на овие прашања и со тоа да придонесе кон дизајнирање на соодветни политики и општествени акции насочени кон елиминирање на клиентелизмот како бариера за општествен развој. Овој труд треба да претставува поттик за истражувачка работа во таа насока. Присуството на политичкиот клиентелизам во една земја не е конечно и може да биде намалено, па дури и искоренето, но за тоа е потребно јасно разбирање на факторите што ја (де)стимулираат оваа изразено негативна политичка и општествена појава.

## Референции

Auyero, J. (2001) *Poor People's Politics: Peronist Survival Networks and the Legacy of Evita.* Duke University Press. https://books.google.it/books?id=E1eyAAAAIAAJ.

Bliznakovski, J. (2020a) *Vote Selling, Party Serving and Clientelist Benefit-Seeking: Citizen Engagement in Political Clientelism in the Western Balkans.* PhD Thesis. Milan: University of Milan. https://doi.org/10.13140/RG.2.2.13224.32009.

Bliznakovski, J. (2020b) "Vote buying / Vote selling (Western Balkans)". The Global Encyclopaedia of Informality. https://www.in-formality.com/wiki/index.php?title=Vote_buying_/_Vote_selling_(Western_Balkans).

Bliznakovski, J., Gjuzelov, B., and Popovikj, M. (2017) "The Informal Life of Political Parties in the Western Balkan Societies". INFORM. https://www.ucl.ac.uk/ssees/sites/ssees/files/idscs-informal_life_of_political_parties-report-27092017.pdf.

Brusco, V., Nazareno, M., and Stokes, S. C. (2004) "Vote Buying in Argentina". *Latin American Research Review* 39 (2): 66-88. https://doi.org/10.1353/lar.2004.0022.

Calvo, E., and Murillo, M. V. (2004) "Who Delivers? Partisan Clients in the Argentine Electoral Market". *American Journal of Political Science* 48 (4): 742-57. https://doi.org/10.1111/j.0092-5853.2004.00099.x.

Camp, E. (2015) "Cultivating Effective Brokers: A Party Leader's Dilemma". *British Journal of Political Science* 47 (03): 521-43. https://doi.org/10.1017/S0007123415000411.

Gans-Morse, J., Mazzuca, S., and Nichter, S. (2014) "Varieties of Clientelism: Machine Politics during Elections". *American Journal of Political Science* 58 (2): 415-432. https://doi.org/10.1111/ajps.12058.

Graziano, L. (1973) "Patron-client relationships in southern Italy". *European Journal of Political Research* 1 (1): 3-34. https://doi.org/10.1111/j.1475-6765.1973.tb01281.x.

Graziano, L. (1976) "A Conceptual Framework for the Study of Clientelistic Behavior". *European Journal of Political Research* 4 (2): 149-74. https://doi.org/10.1111/j.1475-6765.1976.tb00526.x.

Grzymala-Busse, A. (2008) "Beyond Clientelism: Incumbent State Capture and State Formation". *Comparative Political Studies* 41 (4-5): 638-73. https://doi.org/10.1177/0010414007313118.

Hagopian, F. (2007) "Parties and voters in emerging democracies". In Boix, Carles, and Susan Carol Stokes, eds. 2007. *The Oxford Handbook of Comparative*

*Politics.* The Oxford Handbooks of Political Science. Oxford; New York: Oxford University Press. Pp. 582-603.

Hicken, A. (2011) "Clientelism". *Annual Review of Political Science* 14 (1): 289-310. https://doi.org/10.1146/annurev.polisci.031908.220508.

Hilgers, T. (2012) "Democratic Processes, Clientelistic Relationships, and the Material Goods Problem". In T. Hilgers, ed. 2012. *Clientelism in Everyday Latin American Politics.* New York: Palgrave Macmillan.

Kitschelt, H., and Wilkinson, S. I. (2007) "Citizen-politician linkages: an introduction". In Kitschelt, Herbert, and Steven Wilkinson, eds. 2007. *Patrons, Clients, and Policies: Patterns of Democratic Accountability and Political Competition.* Cambridge, UK; New York: Cambridge University Press.

Kopecký, P., and Mair, P. (2012) "Party Patronage as an Organizational Resource". In: Kopecký, Petr, Peter Mair, and Maria Spirova, eds. 2012. *Party Patronage and Party Government in European Democracies.* 1st ed. Comparative Politics. Oxford: Oxford University Press.

Landé, C. H. (1973) "Networks and Groups in Southeast Asia: Some Observations on the Group Theory of Politics". *American Political Science Review* 67 (1): 103-27. https://doi.org/10.2307/1958529.

Lemarchand, R. (1972) "Political Clientelism and Ethnicity in Tropical Africa: Competing Solidarities in Nation-Building". *American Political Science Review* 66 (01): 68-90. https://doi.org/10.2307/1959279.

Mares, I., and Young, L. E. (2018) "The Core Voter's Curse: Clientelistic Threats and Promises in Hungarian Elections". *Comparative Political Studies* 51 (11): 1441-71. https://doi.org/10.1177/0010414018758754.

Nichter, S. (2018) *Votes for Survival: Relational Clientelism in Latin America.* 1st ed. Cambridge University Press. https://doi.org/10.1017/9781316998014.

O'Dwyer, C. (2006) *Runaway State-Building: Patronage Politics and Democratic Development*. Baltimore, Md: Johns Hopkins University Press.

Piattoni, S. (2001) "Clientelism in Historical and Comparative Perspective". In S. Piattoni, ed. 2001. *Clientelism, Interests, and Democratic Representation: The European Experience in Historical and Comparative Perspective.* Cambridge Studies in Comparative Politics. Cambridge; New York: Cambridge University Press.

Powell, J. D. (1970) "Peasant Society and Clientelist Politics". *American Political Science Review* 64 (02): 411-25. https://doi.org/10.2307/1953841.

Putnam, R. D., Leonardi, R. and Nanetti, R. (1993) *Making Democracy Work: Civic Traditions in Modern Italy.* Princeton, N.J: Princeton University Press.

Scott, J. C. 1972. “Patron-Client Politics and Political Change in Southeast Asia”. *American Political Science Review* 66 (01): 91-113. https://doi.org/10.2307/1959280.

Shefter, M. (1994) *Political Parties and the State: The American Historical Experience.* Princeton Studies in American Politics. Princeton N.J: Princeton University Press.

Stokes, S. C. (2005) “Perverse Accountability: A Formal Model of Machine Politics with Evidence from Argentina”. *The American Political Science Review* 99 (3): 315-25.

Stokes, S. C. (2007) “Political clientelism”. In Boix, Carles, and Susan Carol Stokes, eds. 2007. *The Oxford Handbook of Comparative Politics.* The Oxford Handbooks of Political Science. Oxford; New York: Oxford University Press.

Stokes, S. C., Dunning, T., Nazareno, M., and Brusco, V. (2013) *Brokers, Voters, and Clientelism: The Puzzle of Distributive Politics.* Cambridge Studies in Comparative Politics. New York, N.Y: Cambridge University Press.

Yıldırım, K., and Kitschelt, H. (2020) “Analytical Perspectives on Varieties of Clientelism”. *Democratization* 27 (1): 20-43. https://doi.org/10.1080/13510347.2019.1641798.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА (КОНТРОВЕРЗИИ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ)

УДК 304-022.334(497.7)(062)(049.3)
338-022.334(497.7)(062)(049.3)

*Проф. д-р Панде Лазаревски*

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА (КОНТРОВЕРЗИИ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ)

Во текот на 2020 година, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања спроведе интердисциплинарен научно-истражувачки проект под наслов што ја одразуваше неговата комплексност, „Бариери на општествениот развој“. Истражувачкиот извештај беше подготвен како збирка од наодите во врска со неколку теми, реализирани од повеќе истражувачи, зависно од доменот на нивниот интерес. Затоа уште во воведот беше нагласено дека ова мултидисциплинарно истражување нема да ги опфати сите аспекти од значење за општествениот развој, а истражувачкиот пристап и примерокот беа приспособени на актуелните состојби, односно беа сообразени со реалните можности во услови на пандемија со КОВИД-19.

Само како потсетување, би упатил кои беа темите на коишто се работеше:

- Пандемијата со КОВИД-19 и предизвикот на калкулираниот ризик;
- Образованието како функција на општествениот развој – бариери и предизвици;
- Миграциските трендови во РСМ – предизвик на општествениот развој;
- Бариерите за раст и развој на малите и средните претпријатија, со неколку поттеми:
    - ◊ Бариерите на пазарното, конкурентското и финансиското опкружување на малите и средните бизниси;
    - ◊ Внатрешни бариери за развој на малите и средните бизниси;
    - ◊ Социјални бариери за развој на малите и средните бизниси;
    - ◊ Институционалните бариери со коишто се соочуваат малите и средните бизниси;
- Политичкиот клиентелизам како бариера на општествениот развој на РСМ.

Уште во апликацијата за средства за реализација на ваков научно-истражувачки проект беше нагласено дека се прави јасна дистинкција помеѓу општествениот развој и она што значи раст и нивните квалитативни и квантитативни атрибути. Или, како што наведуваат уште во воведот на овој истражувачки извештај, „економијата не е единствениот аспект што го детерминира развојот на одредена земја. Поаѓајќи од ваквото согледување,

во рамките на концептот на развојот, покрај квантитативните промени иницирани од економскиот раст, беа вклучени и квалитативните промени што произлегуваат од повеќе општествени сфери. Ваквото поимање на развојот ја истакна општествената наспроти економската димензија на развојот. Општествениот развој означува одреден вид на општествени промени што се одвиваат во насока што претпоставува нагорна линија на движење. Притоа, се мисли на квалитативно подобрување на условите за живеење".

Коректно упатувајќи на разликите (како што е цитирано погоре), истражувачите истакнаа дека комплексноста и мултидимензионалноста на општествениот развој во никој случај не можат да се сведат само на економските индикатори, упатувајќи на Индексот на човечкиот развој (Human Development Index) како релевантен инструмент за претставување на состојбата со општествениот развој, кој Обединетите нации го применуваат при изготвувањето на Извештајот за човечкиот развој (Human Development Report), каде што РСМ се наоѓа на 82. место од вкупно 189 земји и територии.

На ова место би потсетил на кажаното во воведот на овој труд (иако можеби повеќе соодветствува за завршна реченица на овие заклучни согледувања) дека идејата за еден ваков вид истражување е директно поврзана со запазувањето на тоа дека „и покрај големиот број на активности и развојни стратегии имплементирани во изминатиот период, РСМ сепак не успева да го постигне очекуваниот општествен развој".

Обидот на истражувачите да ги позиционираат бариерите на општествениот развој во РСМ, исклучително комплексни по својата природа, неминовно упати на испреплетеноста на економските, социјалните, политичките и други фактори (што не беа предмет на посебно внимание и анализа). Поконкретно, истражувачите своето внимание го насочија кон тоа да издиференцираат одредени општествени појави и состојби и ним својствените спреги на влијанија и процеси, во различни сфери на општественото живеење, кои имаат негативно влијание врз општествениот развој. Консеквентно на таквиот пристап, беа селектирани темите посочени погоре. Сепак, особено место му беше дадено на економскиот развој, од којшто, всушност, и зависи нивото на благосостојба што ја уживаат граѓаните. За жал, утврденото постоење на редица внатрешни, надворешни, институционални и финансиски бариери се посочува како значаен индикатор за негативните влијанија врз таквиот развој.

За да одиме систематично во сумирањето на истражувачките наоди, на ова место само би упатил на она што беше декларирано на самиот почеток, во проектната апликација, дека „предмет на истражување ќе претставуваат анализата и детектирањето на различни појави и фактори во општественото опкружување што имаат негативно влијание, односно го оневозможуваат општествениот развој". Затоа, од исклучително значење е кажаното, што некои би го квалификувале како „истражувачка скромност", дека самата „комплексна структура на општествениот развој прави оваа студија да нема за цел да ги детектира сите фактори што имаат негативно влијание врз истражуваната појава", ниту „да даде одговори на прашањата за спречување

на влијанието на тие фактори“. (Оттука, коректно кажаното од страна на истражувачкиот тим треба да се прифати како „насока и препорака за иницирање на понатамошни посеопфатни истражувања и анализи, кои би понудиле решенија за надминување на детектираните недостатоци што го оневозможуваат посакуваниот општествен развој“.)

Во врска со методолошкиот приод, соодветно на поставените истражувачки цели, проектните теми се реализираа преку квалитативна анализа на примарни емпириски бази, за чие обезбедување беше користен методот на интервјуирање, како и анализа на секундарни извори на податоци, и негова обработка и елаборација. Уште во проектната апликација беше нагласено дека проектот ќе се потпира врз квалитативна методологија, „со цел утврдување на дополнителни податоци за истражуваните појави што имаат негативно влијание врз општествениот развој“, а беше користено и полуструктурирано интервју соодветно на темите за истражување.

Од особено значење ја издвојувам констатацијата искажана во воведот дека „креирањето визија за општествениот развој, која би резултирала со создавање на нови, подобрени услови за живот, преку трансформација на економските, политичките и социокултурните услови, подразбира и добро осмислена стратегија за нејзино реализирање. Добро осмислената стратегија за општествен развој, покрај тоа што треба да ги идентификува целите што одредено општество сака да ги постигне, ги идентификува и пречките со коишто се соочува тоа општество при реализирањето на посакуваните цели“.

А сега би се задржале на заклучните согледувања на истражувачите за секоја од опфатените теми.

<u>Проф. Сасајковски</u>, осврнувајќи се на актуелните состојби предизвикани од пандемијата со КОВИД-19, основано упатува на тоа дека е предизвикан „целосен пресврт на глобалниот општествен живот“, дека е настаната состојба што заличува на воена, со „најтешки и најпогубни последици (...) на планот на економската општествена репродукција, на планот на создавањето на нова материјална општествена вредност, на планот на подигнувањето на нивото на вкупната општествена благосостојба“, што само дополнително ја исфрла во преден план „нееднаквата распределба на новосоздадената вредност (...) (и) нееднаквата распределба на националното богатство“. Притоа, продлабочувајќи го „јазот меѓу нивото на богатството и нивото на сиромаштијата и на планетарно рамниште и на национални рамништа“. Затоа, основано е неговото тврдење дека се „проблематизира и ултимативно се наметнува (...) проблемот на воспоставување рамнотежа меѓу (...) потребата да се зачува оптимумот на виталност и производен континуитет на создавањето/производството на нови економски добра, нови материјални добра“, заклучувајќи дека „тоа е калкулираниот ризик“ на којшто упатува уште во насловот или „балансирањето меѓу здравствено-епидемиолошкиот/јавно-здравствениот ризик и економско-репродуктивниот ризик“. Затоа, понатаму пласира теза, едновремено крајно провокативна, но и неспорно основана, дека „калкулацијата со здравствено-епидемиолошкиот ризик на почетокот на пандемијата, а на сметка на социјално-економскиот ризик, покажа дека цената социјално-економски ќе биде превисока, ќе биде

социјално-економски нерационална, ќе биде неподнослива од гледна точка на вкупниот општествен интерес, неприфатлива од гледна точка на нивото на цивилизациска благосостојба на општествената заедница. И дека мора да се калкулира и со социјално-економскиот ризик", проблематизирајќи го како фундаментален и особено значаен проблем на современото „општествено ткиво (...) на капиталната/капитал-однос репродукција" токму „изборот на т.н. нужните жртви".

Проф. Атанасов и проф. Заревски во фокусот на своето внимание го имаат образованието како функција на општествениот развој, истакнувајќи, уште на самиот почеток, дека „одржливиот долгорочен развој на едно општество е функционалниот образовен систем, кој овозможува интелектуално и културно оформување на граѓаните". Притоа, не испуштајќи да го нагласат значењето на усогласеноста на „понудата и побарувачката на пазарот на трудот, со што самиот образовен систем станува активен чинител на економскиот развој и на севкупниот општествен напредок и просперитет", за потоа дополнително да ги акцентираат „двете главни општествени улоги на образованието: придонесот на општа социјална инклузија на граѓаните и обезбедување на стручен кадар за пазарот на трудот".

Доследно на таквото тврдење, дополнително ја акцентираат улогата на образованието „навремено да ги предвиди и да ги антиципира општествено-економските трендови и да ги усогласи своите перформанси, наставни планови и програми со културно-цивилизациските потреби на општеството на иднината, а пред сѐ со барањата за соодветни стручни профили, знаења и вештини на пазарот на трудот".

Анализата на авторите на оваа проектна тема дава поразителна, но врз факти втемелена дијагноза дека „може да се констатира дека според побарувачката на пазарот на трудот образовната дејност и образовниот систем во државата не се во функција или не претставуваат двигател на економскиот развој и дека во стопанството не се создаваат доволно нови работни места за високообразовани и специјализирани образовни кадри", иако поинаква е сликата кога станува збор за „пониско квалификуваната работна сила, но и за голем број на работни места со средно образование (...) што непосредно влијае, во содејство со другите државни и јавни политики, за континуирано намалување на бројот на невработените", односно станува збор за „побарувачка за нископлатена работна сила (...) претежно со основно или средно стручно образование".

Дополнително воочен проблем на пазарот на трудот е и разликата во родовата застапеност, што е недвосмислено јасно презентирано во самиот труд. Исто така, внимание привлекува и констатацијата дека „доколку определено општество не најде во себе потенцијал континуирано да го менува образовниот систем согласно потребите и приоритетите што ги наметнува актуелниот миг, економијата на државата ќе се соочи со бариери и со забавен развој".

Освртот кон овој дел од збирниот проектен извештај ќе го завршиме со поентата на авторите дека основната идеја на нивниот труд „е да ја прикаже неусогласеноста на образовниот систем и пазарот на трудот во државата,

како една од бариерите за стабилен развој (...) што негативно влијае врз (нејзиниот) одржлив развој".

Трудот на проф. Цацаноска и доцент Блажевски фокусиран врз миграциските трендови во РСМ упатува на заемното влијание на миграциите и општествениот развој, нешто што е глобален феномен и што има силни реперкусии, внатрешно и надворешно, односно миграции што се случуваат внатре, во рамките на државата, и миграции што значат иселување од државата. Во овој контекст, исклучително значајна е нивната забелешка дека „миграциските трендови се симптом, а не причина за степенот на развој на одредено општество".

Осврнувајќи се на методолошкиот приод, вклучително и определувањето на примерокот на истражувањето врз коешто се темели трудот (анализата на миграциските трендови ја темелат врз примарни извори, односно пригоден стратификуван примерок на полуструктурирани интервјуа, како и анализа на секундарни бази на податоци, достапни од Заводот за статистика), авторите, поради фактот што последниот попис на населението е од 2002 година, користеа и проценки на населението, а податоците ги анализираа на национално, регионално и општинско ниво, бидејќи проценките се правени на тие нивоа. Интересно е и тоа што трудот делумно се потпира и врз тематски анализи достапни во медиумите што ја покриваат оваа проблематика, а емпирискиот дел, од разбирливи причини, не беше изведен врз репрезентативен примерок, туку врз „пригоден примерок на текстови што директно се однесуваат на темата".

Поаѓајќи од тезата дека „развојот на одредена земја е значајно детерминиран од специфичното влијание на миграциите", авторите упатуваат на тоа дека „конкурентноста на економијата и развојниот потенцијал на земјата се изложени на дополнителен ризик од моменталниот тренд и динамиката на надворешни миграции, кој е особено нагласен кај високообразованите млади луѓе", што имплицира „загуба на човечки капитал не само во сферата на економијата туку и во голем број на други сфери од општествениот живот чиј развој има особено значајна улога во севкупниот развој".

Дополнително, како на проблем посочуваат и на внатрешните миграции што резултираат со предимензионираност на главниот град и маргинализација на другите региони. Интересни се причините за овој феномен. Како што посочуваат авторите, повикувајќи се на одговорите на поголемиот број од испитаниците, „неизбежен е заклучокот дека Скопје и понатаму ја симболизира можноста за стекнување на подобро образование, како и професионални напредок и развој. Ваквата перцепција опстојува и кај испитаниците кои живеат во градови што се седишта на универзитети".

Сепак, особено внимание привлекуваат причините што испитаниците ги посочуваат како најчести за напуштање на земјата, односно за појавата и растот на феноменот на „надворешни миграции". Имено, како што посочуваат авторите, „анализата на одговорите од интервјуата укажува (...) (на) незадоволството од функционирањето на државниот апарат, високиот степен на корупција, непотизмот, како и разочараноста од сите досегашни политички иницијативи..." Значајно е што земјата се соочува,

пред сè, со миграцијата на висококвалификувани работници, односно со „одлив на мозоци“, поради што заклучуваат дека „нагласена(та) тенденција кон надворешни миграции, која во најголема мера произлегува од незадоволството од актуелните состојби во државата, не укажува на поволни промени во миграциските трендови во нашата земја. Дополнително што ’одливот на мозоци‘ и развојната динамика на земјите од коишто потекнуваат мигрантите се два меѓусебно зависни процеса. Високата стапка на ’одлив на мозоци‘ има негативен ефект врз развојот на земјата, додека, пак, нискиот економски раст, односно негативните состојби со севкупниот општествен развој претставуваат силен мотив за емигрирање на високообразованите кадри“, што уште повеќе би се интензивирал „доколку високоразвиените земји (...) ги поедностават процедурите за признавање на нашите дипломи...“ Во овој контекст е и запазувањето втемелено врз одговорите на испитаниците (а што „дополнително го намалува оптимизмот за промена на миграциските трендови“) дека е „висок процентот на испитаници кои би ги поттикнале и поддржале нивните деца да мигрираат во друга земја“, што значи дека „високата стапка на емиграција кај младите и високообразованите ќе опстојува и во иднина, односно на долг рок, па не треба да се очекува значителна промена на миграциските трендови“.

Под збирен наслов „Бариерите за раст и развој на малите и средните претпријатија“, со неколку поттеми: „Бариерите на пазарното, конкурентското и финансиското опкружување на малите и средните бизниси“ (проф. Борота-Поповска); „Внатрешни бариери за развој на малите и средните бизниси“ (проф. Топузовска-Латковиќ); „Социјални бариери за развој на малите и средните бизниси” (проф. Забијакин-Чатлеска) и „Институционалните бариери со коишто се соочуваат малите и средните бизниси“ (асс. м-р Јосифовски), направен е обид да се отсликаат реперкусиите на состојбите на планот на општествениот развој врз малите и средните бизниси, односно, како што во воведните напомени велат авторите на овој дел од збирната студија, „неповолни макроекономски услови, незадоволително ниво на продуктивност, ниска конкурентност, слаби институции и забавен раст на секторот на мали и средни претпријатија (МСП)“. Според нив, „поттикнувањето на економскиот развој претпоставува донесување политики и мерки во градење на институционално-базиран систем на поддршка на МСП и стимулативното деловно опкружување, кои се важни чинители на одржливоста и растот на претпријатијата“.

Пред да продолжиме со осврт кон секоја од четирите теми поединечно, збор-два за методолошкиот пристап заеднички за теми посочени погоре, чија заедничка цел е идентификување на бариерите за раст и развој на малите и средните претпријатија, и тоа институционалните, надворешните, внатрешните, финансиските и социјалните. Како што истакнуваат во збирниот вовед, според научната цел, истражувањето е експлоративно и дескриптивно, истражувачката стратегија е квалитативна, при што како истражувачка техника за собирање на податоците се користат длабинско, полуструктурирано интервју, анализа на содржина на релевантна национална/официјална документација, анализа на секундарни податоци/истражувачки извештаи, како и преглед на литература. Примерокот е

намерен, при што главни критериуми за идентификација и селекција на потенцијалните испитаници беа менаџери или сопственици во/на микро, мали и средни претпријатија. Што се однесува до анализата на податоците, таа е тематска и наративна, а за илустрација на ставовите и мислењата/примерите искажани од страна на испитаниците, претставени се и цитати од добиените одговори.

Од анализата на „Бариерите на пазарното, конкурентското и финансиското опкружување на малите и средните бизниси", проф. Борота-Поповска како битни ги издвојува следните наоди:

Македонскиот пазар е мал и неопходно е бизнисите да се ориентираат кон меѓународните пазари; неопходна е поддршката на владата; унапредување на политичката стабилност, отчетност, владеење на правото и намалување на корупцијата; надминување на ниското ниво на иновативност и воведување на нови технологии; надминување на проблемот на неконкурентност на пазарите надвор од земјата; развивање на сродни индустрии, како и спречување на чести случаи на нечесност, измама, недовербата кон снабдувачи, комитенти и дистрибутери; воспоставување канали на комуникација меѓу конкуренција – клиенти – комитенти (што сега се ограничени или воопшто ги нема); како и воспоставување на ефективен механизам за гаранција на наплата.

Позитивно е што постои свест кај испитаниците дека заостануваат од конкуренцијата што е во странство и дека треба да се работи на сопствено техничко-технолошко подобрување и подобрување на знаењето.

Поголем дел од приватниот сектор е оставен да се финансира од себеси, а поддршката од државните институции ја оценува како недоволна, нетранспарентна, многу комплицирана и со нејасен исход. (Бенефициите од државните институции за пазарен развој се оценети како ниски и недоволни... при што финансиската поддршка главно ја добиваат од комерцијалните банки.) Сето наведено, заедно со висината на каматите и строгите процедури, брзината на одобрување, резултира особено малите бизниси и микробизнисите да се решаваат да користат неформални извори на финансирање (сопствен капитал, заеми од роднини и пријатели).

При анализата на „Внатрешните бариери за развој на малите и средните бизниси", проф. Топузовска-Латковиќ како „најголема внатрешна бариера" го посочува недостигот на човечки ресурси, односно немање вработени кои се квалификувани и/или компетентни (...) што се поврзува со „ниската понуда на соодветна работна сила на моменталниот пазар на трудот, како и со континуираниот одлив на стручни и високообразовани кадри надвор од земјата".

Меѓутоа, како додадена вредност на истражувањето, се добива сознание дека нема доволна понуда и за нискоквалификуваните профили на работници, со образложение дека се заминати во странство или дека се незаинтересирани за работа, необучени, неизвршителни и непрофесионални. Посебно интересен во овој труд е наодот за недостиг од квалификувани менаџери, но и за недовербата кон надворешни лица за нивно ангажирање во својство на менаџери, проследено со резервираност во врска со цената за ангажирање на професионален менаџер. Што се однесува до отсуство на

деловни вештини во областа на маркетинг и бизнис-развој, се цени дека оваа бариера може да се надмине преку можностите што ги нуди неформалното и информалното учење (имајќи предвид обуки и содржина расположливи преку интернет).

Очекувано е запазувањето дека единици за менаџмент на човечки ресурси има единствено во претпријатијата со поголем број вработени (што е логично) и, следствено на тоа, како причини за непостоење на единица за ЧР се посочуваат финансиите, просторните капацитети и малиот обем на работа.

Во однос на условите за вработување и отпуштање вработени, повеќето од испитаниците се изјасниле позитивно, односно дека моменталната законска рамка е соодветна и лесно применлива.

Како „Социјални бариери за раст и развој на малите и средните претпријатија“, проф. Забијакин-Чатлеска упатува на силно изразен недостиг на доверба меѓу економските актери. Според авторот, „оваа појава е рефлексија на, генерално, ниската доверба во општеството, ниската доверба во институциите, но и ниската доверба во искрените намери на луѓето, ниската солидарност и ниското чувство за заедништво и соработка како основни елементи на социјалниот капитал. Недовербата се поврзува со … непочитување на пазарните принципи и законитости. Таа е резултат и на лошите искуства на менаџерите со институциите и организациите што преку своите активности креираат недоверба во начинот на којшто функционира економскиот систем“.

Клучно запазување на авторот е дека „ниската доверба е социјална бариера што директно ги намалува можностите на претпријатието за вмрежување, заедничко дејствување и окрупнување“ или, како што во продолжение вели, „подигнувањето на свеста на менаџерите за заедништво, солидарност и соработка претставува важен фактор за засилување на репрезентативноста и моќта на бизнис-асоцијациите и здруженијата за нивно сериозно влијание во креирањето на економските политики“.

Како дополнителен проблем го посочува недостигот на корисни информации за состојбите и тековите на националниот, регионалниот и глобалниот пазар; за можностите за пронаоѓање, вмрежување и соработка со бизнис-партнери од земјата и од странство; како и за можностите за соработка и поттикнување соработка со истражувачки институти и универзитети за потреби за едукација и за помош во развој на технологии и иновации. Исто, се запоставува потенцијално позитивната улога на локалните и регионалните агенции или други форми на институционална поддршка на малите и средните бизниси (особено кога станува збор за микрофирми и мали фирми).

Кога станува збор за утврдување и анализа на „Институционалните бариери со коишто се соочуваат малите и средните бизниси“, врз основа на секундарни податоци и интервјуата со претставници од МСП, асс. Јосифовски заклучува дека „бирократски процедури во однос на издавањето дозволи, различните трговски ограничување најчесто поврзани со царината, јавните набавки и сл. директно можат да се поврзат со корупцијата. Односно, многу често се создаваат нефункционални регулаторни решенија,

само за да се олесни или да се овозможи одредена коруптивна практика … нефункционалната бирократија може да се поврзе со ниските капацитети на јавната администрација“. Авторот решението на овој проблем го гледа во „создавањето на независно и ефикасно судство што (ќе) може да се смета за еден од столбовите за поволна бизнис-клима, ќе овозможи навремено да ги извршуваат договорите и да ги остваруваат своите права“.

Во трудот „Политичкиот клиентелизам како бариера за општествениот развој“, **асс. Близнаковски** ги претставува податоците за присуството на политичкиот клиентелизам (...) извлечени од регионалниот истражувачки проект „Затворање на јазот меѓу формалните и неформалните институции на Балканот“ (ИНФОРМ), во чии рамки во 2017 година било спроведено теренско истражување што содржело прашања преку коишто можел да се процени опсегот на клиентелизмот во земјата. Истражувањето било спроведено на репрезентативен примерок на ниво на земја со вкупно 6.040 испитаници/чки во целиот регион, од коишто 1.015 во РСМ.

Наведувајќи повеќе негативности што ги имплицира клиентелизмот [на пример, отсуство на демократска отчетност на избраните функционери и основа за развој на авторитарни тенденции, клиентелистичката логика (...) спротивна од рационалното економско планирање, нерационално планирање во функционирањето на јавната администрација...], авторот истакнува дека клиентелизмот има и потенцијал да придонесе кон општествени судири затоа што фаворизира одредени индивидуи и групи на сметка на други, односно воспоставува дискриминација.

Во таа смисла, авторот упатува на повеќе негативни околности, како што се „демократски дефицити во практикувањето на власта, авторитарни тенденции од страна на политичките елити и обиди за заробување на државните институции од страна на партиите на власт, како и со недостатоци што оневозможуваат значителен економски раст“.

Констатирајќи дека во земјава „можат да се сретнат безмалку сите подвидови на клиентелистички трансакции идентификувани во литературата“, авторот упатува дека „две прашања се клучни кога се пристапува кон политичкиот клиентелизам како бариера за општествен развој. Првото е прашањето до која мера низ различни сектори клиентелизмот претставува таква бариера? Второто прашање е поврзано со присутноста на разните подвидови на клиентелистички трансакции и со можноста за нивно искоренување: како се спроведува политичкиот клиентелизам во една земја и, следствено, кои се начините преку коишто може да се отежни спроведувањето на клиентелистички трансакции?“

* * *

Од презентираното се стекнува претстава за основните наоди до коишто истражувачите дојдоа во врска со селектираните поттеми во рамките на комплексниот истражувачки проект насловен „Бариери на општествениот развој“.

Она што за крај на овој прилог би можело и би требало да се актуализира се токму „Контроверзиите на општествениот развој“, како своевидна друга,

задна страна на она што беше квалификувано како „бариера“. Имено, тоа имплицира драматично пожестоки теми и неблагопријатни прашања. Би се задржал само на три горливи теми и неколку прашања врзани за секоја од нив, при што, секоја посебно и сите заедно, бараат целосна посветеност само на нив и суштинско отстапување од она што во духот на Орвеловата „1984“ би се нарекло „политички коректно“ квалификување на реалноста. Кои се тие теми?

Како прво, радикалното редефинирање на позициите на моќта во глобални рамки, односно воспоставувањето на постеднополарниот светски поредок со поинаков распоред од оној својствен на периодот по завршувањето на Студената војна од минатиот век.

Втората тема се однесува на новите атрибути на моќ што го карактеризираат постеднополарниот свет, вклучително и редефинирањето на атрибутите на државноста, што за последица ќе има соочување со реалноста дека многу т.н. „држави“ едноставно немаат капацитет да ги практикуваат атрибутите на државноста и се во вазален однос кон моќниците кои доминираат со регионот каде што физички се лоцирани и каде што на најконкретен начин се судираат концептот на глобализмот и концептот на „суверенизмот“.

Третата тема, што непосредно го засегнува овој регион, е како глобалните промени ќе се одразат регионално и локално и каде во сето тоа е РСМ.

Концептот и поимот „општествен развој“ неминовно ќе бараат редефинирање, а наодите презентирани во оваа збирна студија ќе мораат да се гледаат низ призмата на новата реалност што настапува. Повеќе од очигледно е дека стариот свет ја напушта „историската сцена“, а „породилните маки“ на новиот со секој ден добиваат на интензитет.